РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 1012
Скопје, 15 јули 2011 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

**Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ, генерален секретар**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

**Умножено на Универзитетот во Скопје**
**Тираж: 70 примероци**

**Содржина на Билтен број 1012 од 15 јули 2011 година**

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Управување со банките** (второ издание) од **проф. д-р Горан Петревски**, пријавен на Економскиот факултет во Скопје..........1-6

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на наставник во сите звања по наставната област продукција на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**м-р Игор Вецовски**)..........7-12
2. Реферат за избор на наставник во звањето вонреден професор по наставната дисциплина драматургија на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**м-р Маја Стевановиќ**)..........13-20

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Шумарскиот факултет во Скопје (**Бојан Симовски**)..........21

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје (**Васко Марковски, Елена Тримчевска, Жанина Стаменкова**).....22

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Евалуација на аналгетскиот ефект на мидазоламот користен при превентивна аналгезија (експериментално истражување на стаорци)**, изработена од **д-р Антигона Хасани**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје..........23-26

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Економскиот институт во Скопје (**м-р Николче Рунчев, м-р Оливер Филипоски, м-р Благица Јованова, м-р Татјана Несторовска, м-р Наташа Колевска**)..........24
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Марија Митевска Диневска, Ана Петровска, Маја Георгиевска, Јован Аврамоски, Фиснике Јусуфи, Илина Ристоска, Маја Здравковска, Александра Ризова, Никола Рупев, Сања Павлеска**)..........25-26

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите звања по наставниот предмет гитара на Факултетот за музичка уметност во Скопје, без засновање работен однос (**м-р Тања Јанкова**)..........27-33
2. **Приговор** на Рефератот за избор на еден наставник во сите звања по наставниот предмет корепетиција на Факултетот за музичка уметност во Скопје, објавен во Билтен бр. 1010 од 15.6.2011 година, поднесен од **м-р Марија Вршкова**..........34-36
3. **Одговор** на приговорот на Рефератот за избор на еден наставник во сите звања по наставниот предмет корепетиција на Факултетот за музичка уметност во Скопје, објавен во Билтен бр. 1010 од 15.6.2011 година..........37-38

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**Елена Митровска, Росица Темелковска, Милена Момировска, Кристина Јорданова, Патриција Рафаела Бикова, Маја Стојаноска, Весна Поповска, Александра Митевска, Весна Андреевска, Мики Стојчевски, Стефан Попоски, Олгица Танчева, Ивана Колевска, Магдалена Божинова, Маријана Миловска, Маја Грозданоска, Александра Ѓоргиовска, Станка Трајкова, Верица Петрова, Горјана Кузмановска, Сања Бозоска, Кристина Парцанова, Андреја Кнежевски, Милка Димова, Благоја Глигоров, Катерина Лефкова, Маја Димитрова, Александра Мацоска, Сандра Трајковска, Ивана Митова, Драгана Станковска, Марјана Поповска, Ана Петреска, Митко Пешев, Виолета Шаклева, Сања Ташкова, Наталија Кукоска, Љупчо Стојковски, Марија Дукоска, Марија Крстевска, Марија Карамитрова, Сања Игњатовска, Сашка Зенковиќ, Елена Ѓорѓиеска, Иван Атанасов, Стојанче Тодосовски, Душица Душановска, Елена Ристова, Александар Кузмановиќ, Јагода Спасевска, Урош Милошевски, Илина Стефановска, Елена Кичева, Армин Ибушоски, Ѓурѓица Савеска, Елена Златановска, Надица Јефремовска, Весна Пачемска, Ивана Велковска, Наталија Димоска, Крсте Митрески, Надежда Костовска, Мирјана Цаневска, Христина Мрческа, Маргарета Тасева, Бојана Петрова, Мартина Ацеска, Лилјана Тодорова, Весна Стефановска, Емилија Ѓоргоноска, Цветанка Јованоска, Лидија Тасеска, Арбнорс Елези, Кристина Милосова, Анета Стојанова, Благородна Јосифова, Васка Чурилинова, Ристе Тапаскоски, Милица Јовановска, Ивана Иванова, Александар Сотировски, Милица Дивна Трајчева, Самира Доко**)......39-45
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**м-р Билјана Каровска-Андоновска, м-р Драган Гоцевски, м-р Олга Ѓуркова**)......46

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**Мелита Јанчевска, Јаким Ристовски, Мирослав Стојмановски, Дејан Давидовиќ, Бојана Јованова, Ѓоргис Јанакопулос, Дејан Филиповски, АнкаЈордановска, Иванчо Ѓеорѓиев, Светлана Трифуноска, Лина Костовска, Игор Кујунџиски, Зоран Ѓорѓиоски, Маја Малепко, Александар Ѓорѓевски, Маријан Микески, Ана Марија Трајкоски, Слободан Паризоски, Александар Чеботарев, Александра Попоска, Лазар Ѓелов, Стево Димовски, Бобан Кузмановски, Љубе Димовски, Јован Таневски, Миле Грујовски, Оливера Котевска, Цветанка Атанасова, Љубица Колева, Ристе Иванов**)......47-50
2. Рецензија на учебното помагало **Збирка решени задачи од областа на линеарните дискретни динамички системи**, од авторите **д-р Елизабета Лазаревска** и **м-р Весна Ојлеска**, пријавено на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје......51-55

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на соработник-асистент по група предмети од областа на статистиката на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Марија Трпкова**)......56-63

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на урбанистичките планови на дисконтинуираната просторна транзиција на град Скопје во дваесеттиот век**, изработена од **м-р Дивна Пенчиќ**, пријавена на Архитектонскиот факултет во Скопје......64-74

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за повторен избор на еден асистент од областа на органската хемија и биохемија, на Институтот за хемија, при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**д-р Наташа Ристовска**)......75-81

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Реферат за избор во наставно-научно звање од областа на педагошките науки, по предметите: општа педагогија, методика на воспитната работа, историја на педагошките идеи и современи педагошки теории и концепции за групите предучилишно воспитание, одделенска настава и библиотекарство на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје (д-р **Розалина Попова-Коскарова**)......82-100

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Државната управа во системот на поделба на власта** изработена од **м-р Ивана Шумановска-Спасовска**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје......101-109

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Моделирање, анализа и валидација на генски регулаторни мрежи,** изработена од **м-р Благој Ристевски,** пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје......110-114
2. Рецензија на докторската дисертација **Генерички систем за содржински базирано пребарување на слики,** изработена од **м-р Ивица Димитровски,** пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје......115-121

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**м-р Иван Радевски, м-р Магдалена Костоска, м-р Сашко Ристов, м-р Фаик Алили**)......122
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**Весна Дејанова, Марјан Велковски, Дамјан Шушлевски, Олувер Тушевски, Билјана Талевска, Сандра Костеска, Марија Менкиноска, Христина Димеска, Васко Лазаревски, Благој Јанев, Ана Измирлиева-Шимбова, Маја Караманова, Елена Лазарева, Слободан Филиповски, Наташа Ставревска**)......123-124

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор во соработничко звање-асистент ма група наставна програма ботаника и дендрологија на Шумарскиот факултет во Скопје (**м-р Бојан Симовски**)......125-127

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор на научен соработник во Институтот за национална историја во Скопје (**д-р Мирјана Нинчовска**)......128-132

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**м-р Снежана Тиловска, м-р Елена Влахи-Ѓорѓиевска, м-р Југослав Ачковски, м-р Дејан Георгиев, м-р Димче Ристески, м-р Тони Малиновски, м-р Игор Бимбилоски**)......133

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**м-р Никола Адамов**)......134
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**Игор Џаџовски**)......135

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебното помагало под наслов **Практикум по физиологија за фармацевти**, подготвено од наставен кадар на Институтот за физиологија при Медицинскиот факултет во Скопје, наменето за студентите од студиската програма магистер по фармација....136-141

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за избор во звање-редовен професор во научната област економика на земјоделството и развој на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**д-р Ненад Георгиев**)....142-150
2. Реферат за избор во звање-редовен професор во научната област хемија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**д-р Биљана Петановска-Илиевска**)....151-159
3. Реферат за избор на редовен професор во научната област исхрана и диетика на животните на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**д-р Срећко Ѓорѓиевски**)....160-167
4. Реферат за избор на редовен професор во научната област овоштарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**д-р Марјан Кипријановски**)....168-176

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје (**Александар Симовски, Мартина Јанковиќ, Сашко Ѓорчевски, Оливер Сливоски, Катица Белческа Аризанкоска**)....177

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Европското приватно друштво (SPE) и неговото влијание врз промените на формите на друштва со ограничена одговорност** изработена од **м-р Даница Миладинова**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....178-190

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор во наставно-научното звање вонреден професор во наставно-научната област електроника на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**д-р Зоран Ивановски**)....191-201

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Претпоставки и можности за влез на Република Македонија во Европската монетарна унија,** изработена од **м-р Фадил Бајрами**, пријавена на Економскиот институт во Скопје....202-208

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**Маријана Стојковска, Никола Костоски, Ален Деребан, Игор Јовановски, Илчо Гавровски, Тања Лазеска, Марија Златановиќ, м-р Драги Рашковски, Ненад Савески, Емилија Атанасоска, Сандра Рилкова, Анета Антовска, Стане Исакоски, Јасмина Поповчевска, Андреј Гуџов, Кирил Кочоски, Кристина Милосова, Ана Дејановска, Љупка Караџовска, Александра Атанасова, Беса Садику, Душица Душановска, Елена Ристова, Александар Кузмановиќ**)....209-210
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**м-р Кристина Мишева, м-р Зендели Нагип, м-р Сања Пандеска, м-р Џемаил Саити, м-р Анета Мострова**)....211-212

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден соработник во соработничко звање-асистент во наставно-научната област што ја покрива Институтот за хидраулично инженерство и автоматика на Машинскиот факултет во Скопје (**м-р Виктор Илиев**)....213-217

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „УПРАВУВАЊЕ СО БАНКИТЕ" (ВТОРО ИЗДАНИЕ) ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ГОРАН ПЕТРЕВСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, донесена на седницата одржана на 24.6.2011 година, определен сум за рецензент на трудот „Управување со банките" (второ издание) од проф. д-р Горан Петревски. По читањето на трудот, имам задоволство пред членовите на Наставно-научниот совет да го поднесам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Трудот на проф. д-р Горан Петревски, под наслов „Управување со банките" (второ издание), е пишуван според наставната програма по предметот банкарски менаџмент, кој се изучува на Економскиот факултет во Скопје. Неговата цел е да претставува учебник кој ќе им помогне на студентите во изучувањето и во подготовката за полагање на испитот по овој предмет. Исто така, трудот можат да го користат и студентите на другите факултети на кои се изучуваат предмети од областа на банкарството. Сепак, треба да се забележи дека има малку трудови од оваа област, објавени на македонски јазик, така што трудот нема да служи само како учебник, туку може да има и поширока употреба.

### Кратка содржина на трудот

Трудот „Управување со банките" (второ издание) е напишан на вкупно 403 страници и се состои од дванаесет глави, кои покриваат различни области, вклучени во наставната програма по предметот банкарски менаџмент, кој се изучува на Економскиот факултет во Скопје.

Првите две глави претставуваат една заокружена целина, бидејќи во нив се обработени финансиските извештаи на банките и методологијата на оценување на работењето на банките. Притоа, авторот дава опсежен преглед на одделните групи средства и обврски на банките, како и основните категории на приходите и расходите. Со цел материјата да се приближи до студентите, овој дел од трудот изобилува со конкретни примери на финансиски извештаи. Во продолжение, приказот на финансиските извештаи на банките е надополнет со разработка на основната методологија за оцена на профитабилноста и ризичноста во работењето на банките.

Кредитирањето како една од двете традиционално најзначајни функции на банките е обработено во третата, четвртата и петтата глава. Притоа, авторот ги разгледува основните видови кредити, постапката за добивање кредит и управувањето со кредитниот ризик. На кредитирањето на претпријатијата му е посветена посебна глава, при што авторот го опишува целокупниот процес на одобрување кредити, заедно со методите на спроведување финансиска анализа. Слично на тоа, и кредитирањето на населението се обработува во посебна глава, во која се опфатени поважните

видови потрошувачки кредити, како и станбените кредити и методите за оцена на кредитните барања.

Шестата глава е посветена на управувањето со ликвидноста, прашање од пресудна важност за секојдневното работење на банките. Притоа, покрај обработката на понудата и побарувачката на ликвидност, централно место во оваа глава заземаат стратегиите за управување со ликвидноста.

Седмата глава се однесува на инвестициската функција на банките и на управувањето со инвестициското портфолио. Во таа смисла, авторот дава осврт на поставеноста на инвестициската функција, ризиците со кои се соочуваат банките во работењето со хартии од вредност, како и елементите на политиката на инвестирање.

Во осмата глава се обработуваат изворите на средства на банките. Притоа, авторот посветил соодветно внимание на поважните видови депозити и недепозитни извори на средства, кои се анализираат од аспект на трошоците и ризиците што ги предизвикуваат. Исто така, во оваа глава е применет интердисциплинарен пристап, бидејќи се прикажани основните елементи на маркетинг- стратегијата во депозитното работење на банките.

Деветтата глава е посветена на капиталот на банките, при што посебно е истакната неговата клучна улога во работењето на банките. Исто така, во овој дел се обработени основните елементи кои го сочинуваат капиталот на банките, и тоа од сметководствена и од регулаторна гледна точка. Централно место во оваа глава му е посветено на регулирањето на капиталот, со посебен осврт на Базелската спогодба за адекватноста и нејзината примена во Македонија. Најпосле, излагањето во оваа глава завршува со приказ на политиката на банките за обезбедување на потребниот капитал.

Во десеттата глава, авторот се фаќа во костец со управувањето со средствата и обврските и во тие рамки, опширно ги разработува методите за мерење на каматниот ризик, како и основните техники за управување со каматниот ризик, како што се: каматниот јаз, јазот на времетраењето и методот на симулација. Исто така, во оваа глава соодветно внимание им се посветува на дефанзивната и офанзивната стратегија за управување со средствата и обврските.

Последните две глави се посветени на вонбилансните активности и меѓународното банкарство - две подрачја, кои во последниве неколку децении заземаат сè позначајно место во работењето на банките.

**Оцена на трудот**

Врз основа на читањето на трудот, може да се забележи дека проф. д-р Горан Петревски го пишувал трудот „Управување со банките" (второ издание) користејќи ги најдобрите искуства од водечките учебници во светот. Евидентно е дека трудот ги покрива сите релевантни подрачја од оваа област, а исто така, тој е во согласност со наставната програма по предметот банкарски менаџмент. Притоа, авторот успеал не само да ги објасни темелните теоретски концепти, туку и нив да ги илустрира со помош на бројни примери од банкарската практика. Во тој поглед, вредно е да се

забележи дека секоја глава на трудот содржи најмалку една рамка, во која се дава осврт на некој случај од областа на банкарството во Македонија или во светот. Исто така, секоја глава на трудот започнува со дефинирање на целите, кои студентите треба да ги постигнат со изучување на материјата. Понатаму, секоја глава е заокружена со кус осврт на најважните заклучоци, како и со основните поими од одредена област. Најпосле, како важна педагошка алатка служат и бројните прашања, задачи и проблеми, кои треба да ги подготват студентите за полагање на испитите. Притоа, од една страна, авторот успеал да биде едноставен во презентацијата на материјата, а од друга страна, сепак го задржал потребното ниво во излагањето. Најпосле, при изработката на трудот, авторот користел современа и релевантна литература од оваа област.

**Предлог**

Врз основа на горните аргументи, нема сомнение дека трудот „Управување со банките" (второ издание) од проф. д-р Горан Петревски ќе им биде од голема помош на студентите во изучувањето на материјата по предметот банкарски менаџмент. Оттука, ми претставува задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да го одобри објавувањето на трудот како учебник по предметот банкарски менаџмент.

Скопје, 28.6.2011 год.

Рецензент

Проф. д-р Михаил Петковски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „УПРАВУВАЊЕ СО БАНКИТЕ" (ВТОРО ИЗДАНИЕ) ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ГОРАН ПЕТРЕВСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, донесена на седницата одржана на 24.6.2011 година, определен сум за рецензент на трудот „Управување со банките" (второ издание) од проф. д-р Горан Петревски. По читањето и проучувањето на трудот, ми претставува чест и задоволство пред членовите на Наставно-научниот совет да го поднесам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Трудот на проф. д-р Горан Петревски, насловен како „Управување со банките" (второ издание), е работен според наставната програма по предметот банкарски менаџмент, кој се изучува на Економскиот факултет во Скопје. Трудот е пишуван со цел да претставува учебник со кој ќе им се помогне на студентите во изучувањето на овој предмет и во подготовката за полагање на испитот. Но, имајќи предвид дека материјата обработена во трудот е многу малку сеопфатно проучувана и дека има малку публикации од оваа област, објавени на македонски јазик, сигурен сум дека трудот ќе има и поширока употреба, особено меѓу вработените во банкарските и воопшто, во финансиските институции.

### Кратка содржина на трудот

Трудот, кој има вкупно 403 страници, е поделен во шеснаесет глави, кои ја покриваат целокупната содржина од наставната програма по предметот банкарски менаџмент.

Во првата глава се обработени финансиските извештаи на банките и како логично продолжение на тоа, во втората глава е дадена оцената на работењето на банките, која главно произлегува од податоците во финансиските извештаи.

Третата, четвртата и петтата глава се посветени на една од најважните функции на банките – кредитирањето. Обработени се речиси сите видови кредити, постапката за добивање кредит, ризиците за банката во кредитната активност и слично. Посебно внимание е посветено на кредитирањето на претпријатијата (четврата глава) и кредитирањето на населението (петта глава).

Во шестата глава е обработена проблематиката на управувањето со ликвидноста. Во овој дел, посебно внимание е посветено на понудата и побарувачката на ликвидност и стратегиите за управување со ликвидноста.

Седмата глава се однесува на инвестициската функција на банките и на управувањето со инвестициското портфолио. Тука посебно внимание заслужува напорот на авторот да ги обработи во овој дел ризиците со кои се соочуваат банките во работењето со хартии од вредност.

Осмата глава е посветена на изворите на средствата на банките. Обработени се сите главни видови извори на средства и дадени се нивните карактеристики, особено од аспект на нивната стабилност. Посебна одлика во овој дел на трудот е тоа што е обработен ризикот, поврзан со секој вид извори на средства и нивното влијание врз вкупната ризичност во работењето на банките.

Во деветтата глава е обработена материјата на капиталот на банките, особено неговата улога во работењето на банките, видовите капитал и одредувањето на неговата пазарна вредност. Исто така, во овој дел е обработена и структурата на капиталот на банките во Македонија. Притоа, посебно внимание во овој дел на трудот заслужува напорот на авторот за обработка на сложената материја поврзана со Базелската спогодба за адекватноста на капиталот.

Десеттата глава се однесува на управувањето со средствата и обврските, значењето на каматниот ризик во работењето на банките, каматните стапки и нето-каматниот приход, каматниот јаз и неговото управување и слично.

Единаесеттата глава е посветена на вонбилансните активности на банките, кои во последниве години заземаат сè поголемо место во вкупното работење на банките.

Последната глава е посветена на меѓународното банкарство, работењето на банките на девизниот пазар, терминските договори, валутните фјучерси, опции и свопови, како и платниот промет со странство.

**Оцена на трудот**

Од содржината на трудот можеме да констатираме дека проф. д-р Горан Петревски успеал да изработи една заокружена целина во обласга на управувањето со банките. Трудот е пишуван по урнек на современите учебници по банкарство, кои се користат на најразвиените универзитети во светот. Секоја глава почнува со целта што сака да се постигне преку презентација на материјата во таа глава, а завршува со заклучок во кој се даваат најважните поенти, клучните поими, како и прашања и проблеми, како водич на студентите при подготовката на испитот. Посебна одлика на трудот е тоа што во секоја глава се дава посебен осврт на ситуацијата во таа област во банкарството во Македонија, со што им се овозможува не само на студентите, туку и на пошироката јавност во Македонија, да направат споредба на банкарството, во одделни сегменти и во целина, меѓу нашата земја и развиените земји.

Трудот е пишуван на начин и стил разбирлив за нивото на знаење на студентите, што е уште една посебна одлика на трудот. Имено, една извонредно сложена материја е презентирана на едноставен начин, што, верувам, ќе им ја олесни работата на студентите во подготовката на испитот по предметот банкарски менаџмент. Понатаму, трудот е илустриран со конкретни податоци од банки, таму каде што е можно, односно со податоци што се достапни за пошироката јавност. За оние податоци што претставуваат

деловна тајна и не можат јавно да се објавуваат и анализираат, авторот го употребил методот што често се користи во учебниците во светот, а тоа е земање пример на хипотетичка банка, со хипотетички финансиски податоци. Притоа, целта што се постигнува е иста како да се зема конкретна банка, со вистински податоци. Во трудот е користена најсовремена литература, главно од англиското говорно подрачје и употребени се најдобрите искуства од учебниците што се користат на најреномираните универзитети во светот.

Се разбира, трудот е пишуван во согласност со наставната програма на предметот банкарски менаџмент и ја покрива целата програма. Со тоа значително ќе им се помогне на студентите што ја изучуваат оваа наставна дисциплина, полесно да ја совладаат оваа, инаку многу сложена, проблематика од областа на банкарството.

**Предлог**

Имајќи ги предвид високиот квалитет на трудот „Управување со банките" (второ издание) од проф. д-р Горан Петревски, големата потреба од ваков учебник, како и тоа што неговото објавување ќе биде од особена корист не само за студентите на Економскиот факултет во Скопје, туку и за веќе дипломираните студенти, кои работат во банките, со големо задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да го одобри објавувањето на трудот како учебник по предметот банкарски менаџмент.

Скопје, 27.6.2011 год. Рецензент

Проф. д-р Љубе Трпески, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО НАСТАВНАТА ОБЛАСТ ПРОДУКЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје бр. 0202-241/2-8 од 12.5.2011 год., назначени сме за рецензенти за еден наставник во сите звања во наставната област продукција.

На конкурсот објавен во дневниот весник „Капитал" од 13.4.2011 година во определениот рок за избор на еден наставник во сите звања, во наставната област продукција, се пријави еден кандидат, ИГОР ВЕЦОВСКИ, насловен доцент по предметот продукција на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

## И З В Е Ш Т А Ј

**Игор Вецовски** е роден во Скопје на 21.11.1968 година. Дипломирал на Факултетот за драмски уметности, Оддел за организација, во 1994 година со просечна оценка 8,97 и се стекнал со звањето продуцент.

Вецовски е еден од најдобрите студенти во првата класа на Одделот за продукција. За време на школувањето се истакнуваше со сериозен пристап кон работата, учењето и вежбите. Со успех ги изршуваше практичните задачи: организација на „Скомрахи", ТВ-емисии на А-1, помошник во филмската екипа на „Светло сиво" и други.

Во периодот 1994-1995 работел во „Македонија филм" на проблематиката на дистрибуција и пласман на филмови.

Од 1996 до 1999 година работел како раководител на Одделот за маркетинг и промоција во македонското претставништво на една од водечките американски компании „Land O'Lakes". За неговото практично усовршување, посебно на полето на маркетингот, сведочат и неговите досегашни задачи: формулирање и развивање стратегија, план на комуникација, реализација и мониторинг на маркетинг-активностите, промотивни кампањи, соработка со медиумите, истражување на пазарот и сл.

Од 1999 година до денес работи на Факултетот за драмски уметности, прво како помлад-асистент, потоа како асистент, а денес како насловен доцент по предметот продукција.

Во овој перид тој активно се вклучува во работата на Факултетот, посебно во честите промени на наставните планови и редефинирањето на Катедрата за продукција, како и отворањето на втор наставен циклус на Факултетот за драмски уметности. Покажува успех во асистенцијата

на предавањата, а со посебен успех ги води вежбите и практичната работа на студентите. Од 2006 година, со добивањето на звањето насловен доцент, самостојно ги води предавањата, како на матичниот предмет продукција, така и на останатите катедри по предметот основи на продукција. Остварува одличен контакт со студентите, што говори за неговата спремност да се посвети на педагошката работа. Во тој контекст, асистира при изработката на дипломски работи на студентите, помагајќи им и кревајќи го нивото на самите завршни трудови.
Контактира со институциите од културата, медиумите и агенциите, со што придонесува за посодржинско одвивање на задолжителната практика на студентите.

Вецовски зема и активно учество во сите активност на Факултетот, им помага на студентите во реализација на Академската сцена, работи во комисии за унапредување на наставата и што подоследно применување на кредит-трансфер системот, во согласност со Болоњската декларација за работа на Универзитетот.

Во 2011 година магистрира на Економскиот факултет во Скопје, на тема: *,Комуникациски процес на градење бренд во непрофитниот сектор*, со што и формално-правно се стекнува со услови за напредување во наставната професија.

Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот и уметнички совет да му предложи, кандидатот **ИГОР ВЕЦОВСКИ** да биде избран за наставник по предметот продукција во звање **вонреден професор** на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Скопје, 27.6.2011. **Рецензентска комисија**

1. **Проф. Мартин Панчевски, с.р.**

2. **Проф. Димитар Грбевски, с.р.**

3. **Проф. м-р Русомир Богдановски, с.р.**

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Игор Благоја Вецовски**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за драмски уметности- Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **продукција**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Наставно-образовна дејност (период 2006-2011) | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Продукција 3 (I сем. 2006)- часа 6 x 15 x 0,04 | 3,6 |
| 2 | Продукција 4 (II сем. 2007)- часа 6 x 15 x 0,04 | 3,6 |
| 3 | Продукција 3 (I сем. 2006)- вежби 8 x 15 x 0,03 | 3,6 |
| 4 | Продукција 4 (II сем. 2007)- вежби 8 x 15 x 0,03 | 3,6 |
| 5 | Продукција 5 (I сем. 2007)- часа 6 x 15 x 0,04 | 3,6 |
| 6 | Продукција 6 (II сем. 2008)- часа 6 x 15 x 0,04 | 3,6 |
| 7 | Продукција 5 (I сем. 2007)- вежби 10 x 15 x 0,03 | 4,5 |
| 8 | Продукција 6 (II сем. 2008)- вежби 10 x 15 x 0,03 | 4,5 |
| 9 | Основи на филмска продукција 1 (I сем. 2008)- часа 2 x 15 x 0,04 | 1,2 |
| 10 | Основи на филмска продукција 2 (II сем. 2009)- часа 2 x 15 x 0,04 | 1,2 |
| 11 | Основи на театарска продукција 1 (I сем. 2008)- часа 2 x 15 x 0,04 | 1,2 |
| 12 | Основи на театарска продукција 2 (II сем. 2009)- часа 2 x 15 x 0,04 | 1,2 |
| 13 | Продукција 7 (I сем. 2008)- часа 6 x 15 x 0,04 | 3,6 |
| 14 | Продукција 8 (II сем. 2009)- часа 6 x 15 x 0,04 | 3,6 |
| 15 | Продукција 7 (I сем. 2008)- вежби 10 x 15 x 0,03 | 4,5 |
| 16 | Продукција 8 (II сем. 2009)- вежби 10 x 15 x 0,03 | 4,5 |
| 17 | Основи на филмска продукција 1 (I сем. 2009)- часа 2 x 15 x 0,04 | 1,2 |
| 18 | Основи на филмска продукција 2 (II сем. 2010)- часа 2 x 15 x 0,04 | 1.2 |
| 19 | Основи на театарска продукција 1 (I сем. 2009)- часа 2 x 15 x 0,04 | 1,2 |
| 20 | Основи на театарска продукција 2 (II сем. 2010)- часа 2 x 15 x 0,04 | 1,2 |
| 21 | Продукција 1 (I сем. 2009)- часа 6 x 15 x 0,04 | 3,6 |
| 22 | Продукција 2 (II сем. 2010)- часа 6 x 15 x 0,04 | 3,6 |
| 23 | Продукција 1 (I сем. 2009)- вежби 8 x 15 x 0,03 | 3,6 |
| 24 | Продукција 2 (II сем. 2010)- вежби 8 x 15 x 0,03 | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 25 | Продукција 3 (I сем. 2010)- часа 6 x 15 x 0,04 | 3,6 |
| 26 | Продукција 4 (II сем. 2011)- часа 6 x 15 x 0,04 | 3,6 |
| 27 | Продукција 3 (I сем. 2010)- вежби 8 x 15 x 0,03 | 3,6 |
| 28 | Продукција 4 (II сем. 2011)- часа 8 x 15 x 0,03 | 3,6 |
| 29 | Мулдимедија; Обука "Маркетинг во културата" за институции од културата во РМ, 2006 | 1,5 |
| | **Вкупно** | **86,7** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета магистерска работа:<br>Економски факултет-Скопје,2011.<br>Тема: „Комуникациски процес на градење бренд во непрофитен сектор". | 4,0 |
| | **Вкупно** | 4,0 |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста:<br>Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста- продукција/авторство на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело (1999-2011) | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Land O'Lakes, Inc.; стратешко планирање и реализација на комуникациски програми (вклучувајќи продукција на 8 ТВ-спотови); 1999-2005 | 8,0 |
| 2 | USAID Македонија; краток документарен филм-сценарио (видеопрезентација за меѓународна конференција на UN, Мексико, 2002) | 2,0 |
| 3 | USAID Македонија; краток документарен филм-продукција (видеопрезентација за меѓународна конференција на UN, Мексико, 2002) | 2,0 |
| 4 | USAID Македонија; документарен/промотивен филм "Вкусот на Македонија"- продукција; 2003 | 4,0 |
| 5 | Idea Plus/Државен завод за геодетски работи на РМ (проект на Светска банка); стратешко планирање и реализација на комуникациски програми (продукција на 2 ТВ-спота и краток информативен ТВ-филм); 2006 | 4,0 |
| 6 | Idea Plus/Пивара Скопје; стратешко планирање на комуникациска програма (косценарист/продукција на ТВ-спот); 2006 | 1,0 |
| 7 | Idea Plus/Министерство за труд и социјална политика на РМ (проект на Светска банка); стратешко планирање/реализација на комуникациска програма (продукција на ТВ-спот); 2006 | 2,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Idea Plus/National Democratic Institute (Free and Fair Democratic Elections Program); стратешко планирање на комуникациска програма (продукција на ТВ-спот); 2006 | 2,0 |
| 9 | Idea Plus/Sava Tabak Осигурување; стратешко планирање/реализација на комуникациска програма (продукција на 2 ТВ-спота); 2007 | 4,0 |
| 10 | Idea Plus/Министерство за здравство на Р. Србија; стратешко планирање на комуникациска програма (супервизија на креативен развој на 3 ТВ-спота); 2007 | 4,0 |
| 11 | Idea Plus/Swedmilk; стратешко планирање/реализација на комуникациска програма (косценарист на 3 ТВ-спота); 2007 | 1,0 |
| 12 | Idea Plus/Swedmilk; стратешко планирање/реализација на комуникациска програма (продукција на 3 ТВ-спота); 2007 | 2,0 |
| 13 | Taksirat; стратешко планирање на комуникациска програма (косценарист на ТВ-спот); 2008-2009 | 1,0 |
| 14 | Taksirat; стратешко планирање на комуникациска програма (продукција на ТВ-спот); 2008-2009 | 2,0 |
| 15 | Swedmilk; стратешко планирање на комуникациска програма (косценарист на 5 ТВ-спота); 2008 | 1,0 |
| 16 | Swedmilk; стратешко планирање на комуникациска програма (продукција на 5 ТВ-спота); 2008 | 4,0 |
| 17 | SEED Македонија; косценарист на едукативен/промотивен видеоматеријал, 2008 | 1,0 |
| 18 | SEED Македонија; продукција на едукативен/промотивен видеоматеријал, 2008 | 2,0 |
| 19 | Солопром; стратешко планирање/реализација на комуникациска програма (сценарио на ТВ-спот); 2009 | 2,0 |
| 20 | Солопром; стратешко планирање/реализација на комуникациска програма (продукција на ТВ-спот); 2009 | 2,0 |
| 21 | Еуролинк Осигурување; стратешко планирање/реализација на комуникациска програма (косценарист на 6 ТВ-спота); 2009-2010 | 2,0 |
| 22 | Еуролинк Осигурување; стратешко планирање/реализација на комуникациска програма (продукција на 6 ТВ-спота); 2009-2010 | 4,0 |
| | **Вкупно** | **57,00** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста:<br>Реализација на обуки | Поени |
|---|---|---|
| 1 | „Скомрахи", меѓународна конференција на тема: „Улога на продуцентите во продукцијата на институциите од областа на културата"- организатор и учесник, 2008. | 0,5 |

| **Дејности од поширок интерес**<br>Учество на неговите студенти во промотивни активности на Факултетот со испитни претстави | | |
|---|---|---|
| 1 | 200, Интернационален студентски фестивал „Скомрахи" (учество на негови студенти во промотивни активности на Факултетот со испитни претстави) | 0,50 |
| 2 | 2007, Интернационален студентски фестивал „Скомрахи" (учество на негови студенти во промотивни активности на Факултетот со испитни претстави) | 0,50 |
| 3 | 2008, Интернационален студентски фестивал „Скомрахи" (учество на негови студенти во промотивни активности на Факултетот со испитни претстави) | 0,50 |
| 4 | 2009, Интернационален студентски фестивал „Скомрахи" (учество на негови студенти во промотивни активности на Факултетот со испитни претстави) | 0,50 |
| 5 | 2010, Интернационален студентски фестивал „Скомрахи" (учество на негови студенти во промотивни активности на Факултетот со испитни претстави) | 0,50 |
| | **Вкупно** | **3,00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 86,70 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 4,00 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 57,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 3,00 |
| **Вкупно** | **150,70** |

**Членови на Комисијата**

1. **Проф. Мартин Панчевски, с.р.**

2. **Проф. Димитар Грбевски, с.р.**

3. **Проф.м-р Русомир Богдановски, с.р.**

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО НАСТАВНАТА ДИСЦИПЛИНА ДРАМАТУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на седницата одржана на 23.6.2011, со одлука бр. 0202-346/2-13 избра Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Русомир Богдановски, вонр. проф. д-р Сашко Насев и вонр. проф. м-р Лазар Секуловски за избор на еден наставник по предметот драматургија.

На конкурсот објавен во дневните весници „Капитал“ и „Факти“, на 16.6.2011 година, во определениот рок за избор на еден наставник во сите звања по предметот драматургија, се пријави само м-р Маја Стевановиќ, насловен доцент по предметот драматургија.

Врз основа на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

**Маја Стевановиќ** е родена во 1969 во Скопје, Република Македонија.

Во 1991 дипломирала на Одделот драматургија-режија, насока драматургија, на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Во 2011 се стекнува со звањето магистер на филозофски науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од 2003 работи како асистент на ФДУ во Скопје, на предметите *драматургија* и *филмско и ТВ-сценарио*, а од 2006 како насловен доцент на предметот *драматургија*.

Од 1992 до 2003 работела како драматург, уредник на емисии и уредник на Редакцијата за играна програма на МТВ.

УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Автор е на драмските текстови:

- „На трите вечери“, Народен театар-Битола (1989);

- „Смртта на Питија", Театар на народностите – Турска драма (1992);

- „Децата на Лилит", Универзална сала (2003) и

- „Сликата на Софија", МНТ (2007).

Со текстот „Сликата на Софија" учествувала на Меѓународниот фестивал на современ текст „ПреГлеј на Глас" во Љубљана, Република Словенија (2007), каде што тој е изведен и е објавен на словенечки, англиски и српски јазик.

Драматург е на претставите:

- „Слугинки" од Жан Жене, режија: Александра Ковачевиќ, Турска драма;

- „Три сестри" – кореодрама работена според истоимената драма на Чехов, кореограф: Јагода Сланева, Скопско лето;

- „Белите коњи" од Петре Бакевски, режија: Виолета Џолева, МНТ.

Автор на сценарио е за:

- ТВ-филмот „Кралицата на пеперутките", МТВ (1995);

- ТВ-серијата „Салон Хармони", МТВ (1998).

НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Автор е на следниве стручни трудови:

- „Поимот „театар" во теориите за неговото ритуално потекло" (магистерска работа), 2011;

- „Меѓународен фестивал на античка драма Стоби 2009: Претстави со безвремена порака" (есеј, Театарски гласник, 2009);

- „MEDITERRANEAN CREATIVITY OR CREATIVE MEDITERRANEAN: „SKOMRAHI"- an example for creative subversiveness as a meeting place" (стручен труд презентиран на меѓународната конференција под наслов „MEDITERANIAN CREATIVITY", BJCEM, Sarajevo, 2008);

- „СКОМАХИ" – карневалска форма на креативна субверзивност" (есеј, Театарски гласник, 2008);

- дел од монографија: "Pazi – drama!: analize, intervjui, refleksija v okviru 2. Edicije festival PreGlej na glas!", Ljubljana: AGRFT.-Ljubljana; Kulturno društvo Integrali; Javni sklad RS za kulturne dejavnosti; Gledališče Glej, 2008.

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Кандидатката м-р Маја Стевановиќ во својата работа како насловен доцент на Катедратата за драматургија, освен што ги извршувала своите обрски како асистент на Катедрата за драматургија, со особен успех држела предавања по предметот драматургија на катедрите за театарска режија, продукција, актерска игра, монтажа, камера и филмска режија. На своите студенти им ги пренесуваше знаењата од областа на драматургијата следејќи ги современите теориски сознанија и занаетските искуства за пишување драма.

М-р Маја Стевановиќ првпат е избрана во звањето насловен доцент во 2006 година.

## ЗАКЛУЧОК

Земајќи ги предвид ангажманите на м-р Маја Стевановиќ, како драмски автор и педагог, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, кандидатката м-р Маја Стевановиќ да биде избрана во звањето **вонреден професор** по предметот драматургија на Катедрата за драматургија.

**Членови на Комисијата**
**Проф. м-р Русомир Богдановски, с.р.**

**Вонр. проф. д-р Сашко Насев, с.р.**

**Вонр. проф. м-р Лазар Секуловски, с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Маја Србољуб Стевановиќ**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Факултет за драмски уметности - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: драматургија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Драматургија 7<br>(летен семестар 2006), часа 4 *15 * 0,04 | 2,40 |
| 2 | Драматургија 8<br>(зимски семестар 2006), часа 4 *15 * 0,04 | 2,40 |
| 3 | Драматургија 1<br>(летен семестар 2007), часа 6 *15 * 0,04 | 3,60 |
| 4 | Драматургија 2<br>(зимски семестар 2007) часа 6 *15 * 0,04 | 3,60 |
| 5 | Драматургија 3<br>(летен семестар 2008), часа 6 *15 * 0,04 | 3,60 |
| 6 | Драматургија 4<br>(зимски семестар 2008), часа 6 *15 * 0,04 | 3,60 |
| 7 | Драматургија 5<br>(летен семестар 2009), часа 6 *15 * 0,04 | 3,60 |
| 8 | Драматургија 6<br>(зимски семестар 2009), часа 6 *15 * 0,04 | 3,60 |
| 9 | Драматургија 7<br>(летен семестар 2010), часа 6 *15 * 0,04 | 3,60 |
| 10 | Драматургија 8<br>(зимски семестар 2010), часа 6 *15 * 0,04 | 3,60 |
| 11 | Драматургија 1<br>(летен семестар 2011), часа 6 *15 * 0,04 | 3,60 |
| 12 | Основи на драматургијата 1<br>(зимски семестар 2010), часа 8*15* 0,04 | 4,80 |
| 13 | Основи на драматургијата 2<br>(летен семестар 2010), часа 5*15* 0,04 | 2,40 |
| 14 | Основи на драматургијата 1 | |

| | | |
|---|---|---|
| | (зимски семестар 2006), часа 7*15* 0,04 | 4,20 |
| 15 | Основи на драматургијата 1 (летен семестар 2006), часа 4*15* 0,04 | 2,40 |
| 16 | Основи на драматургијата 2 (летен семестар 2007), часа 3*15* 0,04 | 1,80 |
| 17 | Основи на драматургијата 1 (зимски семестар 2008), часа 2*15* 0,04 | 1,20 |
| 18 | Основи на драматургијата 2 (летен семестар 2009), часа 2*15* 0,04 | 1,20 |
| 19 | Основи на драматургијата 2 (летен семестар 2011), часа 1*15* 0,04 | 1,20 |
| 20 | Драматургија 7 (летен семестар вежби 2006), часа 6 *15 * 0,03 | 2,70 |
| 21 | Драматургија 8 (зимски семестар вежби 2006), часа 6 *15 * 0,03 | 2,70 |
| 22 | Драматургија 1 (летен семестар вежби 2007), часа 4 *15 * 0,03 | 1,80 |
| 23 | Драматургија 2 (зимски семестар вежби 2007), часа 4 *15 * 0,03 | 1,80 |
| 24 | Драматургија 3 (летен семестар вежби 2008), часа 4 *15 * 0,03 | 1,80 |
| 25 | Драматургија 4 (зимски семестар вежби 2008), часа 4 *15 * 0,03 | 1,80 |
| 26 | Драматургија 5 (летен семестар вежби 2009), часа 4 *15 * 0,03 | 1,80 |
| 27 | Драматургија 6 (зимски семестар вежби 2009), часа 4 *15 * 0,03 | 1,80 |
| 28 | Драматургија 7 (летен семестар вежби 2010), часа 6 *15 * 0,03 | 2,70 |
| 29 | Драматургија 8 (зимски семестар вежби 2010), часа 6 *15 * 0,03 | 2,70 |
| 30 | Драматургија 1 (летен семестар вежби 2011), часа 4 *15 * 0,03 | 1,80 |
| 31 | Основи на драматургијата 7 (зимски семестар вежби 2006), часа 1*15* 0,03 | 0,45 |
| 32 | Основи на драматургијата 8 (летен семестар вежби 2007), часа 1*15* 0,03 | 0,45 |
| 33 | Основи на драматургијата 5 (зимски семестар вежби 2008), часа 1*15* 0,03 | 0,45 |
| 34 | Основи на драматургијата 6 (летен семестар вежби 2008),часа 1*15* 0,03 | 0,45 |
| 35 | Основи на драматургијата 7 (зимски семестар вежби 2010), часа 1*15* 0,03 | 0,45 |

| | | |
|---|---|---|
| 36 | Основи на драматургијата 8 (летен семестар вежби 2011), часа 1*15* 0,03 | 0,45 |
| | **Вкупно** | **82,50** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | „Поимот „театар" во теориите за неговото ритуално потекло" (магистерска работа), 2011. | 4,00 |
| 2 | „Меѓународен фестивал на античка драма Стоби 2009: Претстави со безвремена порака" (есеј, Театарски гласник, 2009) | 2,40 |
| 3 | „MEDITERRANEAN CREATIVITY OR CREATIVE MEDITERRANEAN: "SKOMRAHI"- an example for creative subversiveness as a meeting place" (стручен труд презентиран на меѓународната конференција под наслов "MEDITERANIAN CREATIVITY", BJCEM, Sarajevo, 2008) | 1,00 |
| 4 | „СКОМАХИ" – карневалска форма на креативна субверзивност" (есеј, Театарски гласник, 2008.) | 2,40 |
| 5 | Дел од монографија: „Pazi – drama!: analize, intervjui, refleksija v okviru 2. Edicije festival PreGlej na glas!", Ljubljana: AGRFT.-Ljubljana; Kulturno društvo Integrali; Javni sklad RS za kulturne dejavnosti; Gledališče Glej, 2008. | 6,00 |
| | **Вкупно** | **15,80** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста - театарски претстави, филм и телевизија, издадени драмски текстови ( 2006 - 2011) | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Сликата на Софија, Праизведба, Gledališče Glej и фестивал на современ драмски текст "PreGlej na glas!", Љубљана, 2007. | 8 |
| 2 | Сликата на Софија, премиера, МНТ, 2007. | 8 |
| 3 | „Софијина слика" (превод на српски језик), во збирката „Дај драму!: десет драмских текстова", Ljubljana: Kulturno društvo INTEGRAL: Pozorište Glej: JSKD; New York: Wax Factory, 2007. | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | „Sofijina slika" (превод на словенечки јазик), во збирката „Daj dramo!: deset dramskih besedil", Ljubljana: Kulturno društvo INTEGRAL: Pozorište Glej: JSKD; New York: Wax Factory, 2007. | 4 |
| 5 | „Sophie's Picture' (превод на англиски јазик), во збирката „DO Drama!: ten plays", Ljubljana: Kulturno društvo INTEGRAL: Pozorište Glej: JSKD; New York: Wax Factory, 2007. | 4 |
| 6 | „Сликата на Софија", објавено во електронската библиотека на Maison d'Europe et d'Orient, 2008. | 4 |
| | **Вкупно** | **32,00** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста:<br>Член на меѓународно и домашно жири | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Член на жири на Меѓународниот фестивал на античка драма „Стоби" - 2009. | 2,00 |
| 2 | Експерт за оценка на проекти на Конкурсот на Советот за радиодифузија за финансирање пректи од јавен интерес, 2006. | 1,00 |
| 3 | Член на жири за Оф-програма на Националниот театарски фестивал „Војдан Чернодрински", Прилеп, 2006. | 1,00 |
| 4 | Претседател на Издавачки совет на ФДУ, 2006. | 1,00 |
| 5 | Претседател на Издавачки совет на ФДУ, 2007. | 1,00 |
| 6 | Претседател на Издавачки совет на ФДУ, 2008. | 1,00 |
| 7 | Претседател на Издавачки совет на ФДУ, 2009. | 1,00 |
| 8 | Претседател на Издавачки совет на ФДУ, 2010. | 1,00 |
| 9 | Член на комисија за дипломски испит на Драгана Лукан, 2010. | 0,50 |
| 10 | Член на комисија за дипломски испит на Ева Камчевска, 2010. | 0,50 |
| 11 | Член на комисија за дипломски испит на Весна Куслеска, 2010. | 0,50 |
| 12 | Член на комисија за проверка на знаењето и умеењето на кандидатите, 2010 | 0,50 |
| 13 | Член на конкурсна комисија, 2005/6 | 0,50 |
| 14 | Член на конкурсна комисија, 2007/8 | 0,50 |
| 15 | Член на конкурсна комисија, 2008/9 | 0,50 |
| 16 | Член на конкурсна комисија, 2009/10 | 0,50 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Уредник на билтен на „Скомрахи“, 2006. | 2,00 |
| 2 | Уредник на билтен на „Скомрахи“, 2007. | 2,00 |
| 3 | Уредник на билтен на „Скомрахи“, 2008. | 2,00 |
| 4 | Уредник на билтен на „Скомрахи“, 2009. | 2,00 |
| 5 | Уредник на билтен на „Скомрахи“, 2010. | 2,00 |
| | **Вкупно** | **23,00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 82,50 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 15,80 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 32,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 23,00 |
| **Вкупно** | **153,30** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. м-р Русомир Богдановски, с.р.**

**Вонр. проф. д-р Сашко Насев, с.р.**

**Вонр. проф. м-р Лазар Секуловски, с.р.**

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени теми за изработка на магистерски труд**
**на Шумарскиот факултет во Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Бојан Симовски<br>Bojan Simovski | „Дендрофлористички карактеристики на Националниот парк „Маврово“<br>Dendrofloristic characteristics of the National Park Mavrovo | проф. д-р Јане Ацевски<br>Jane Acevski PhD |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

# ПРЕГЛЕД
на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје

на 377. седница на Наставно – научниот совет одржана на 01.07.2011 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Васко Марковски, дипл.град.инж. | Земјата како основен носив градежен материјал за еколошки објекти | Доц. д-р Тодорка Самарџиоска |
| 2 | Елена Тримчевска, дипл.град.инж. | Пожарна отпорност на континуирани армиранобетонски греди | Проф. д-р Мери Цветковска |
| 3 | Жанина Стаменкова, дипл.град.инж. | Методи за утврдување и подобрување на енергетската ефикасност на градежните објекти | Проф. д-р Мери Цветковска |

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА, „ЕВАЛУАЦИЈА НА АНАЛГЕТСКИОТ ЕФЕКТ НА МИДАЗОЛАМОТ КОРИСТЕН ПРИ ПРЕЕМПТИВНА АНАЛГЕЗИЈА (експериментално истражување на стаорци)", ИЗРАБОТЕНА ОД Д-Р АНТИГОНА ХАСАНИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот на високото образование и член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, Наставно-научниот совет на својата IX редовна седница одржана на 30.5.2011, а по предлог на Научниот одбор донесе одлука за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација изготвена од стана на докторантот д-р Антигона Хасани со наслов: „Евалуација на аналгетскиот ефект на мидазоламот користен при преемптивна аналгезија (експериментално истражување на стаорци)", во состав: проф. д-р Трајанка Трајанка, проф. д-р Ордан Нојков, проф. д-р Стојмир Петров. Комисијата ја разгледа докторската дисертација и го презентира следниов

### ИЗВЕШТАЈ

**Извештај за докторскета дисертација:**
Изработената докторска дисертација со наслов „Евалуација на аналгетскиот ефект на мидазоламот користен при преемптивна аналгезија (експериментално истражување на стаорци)" ги содржи потребните елементи на научноистражувачки проект. Докторскиот труд е претставен во книга од 157 страници во мек повез. Веднаш по почетната насловна страница следува содржина, листа на кратенки, резиме на македонски и англиски јазик како и деловите на самиот труд: вовед, цели на студијата, дизајн на студијата, резултати, дискусија, заклучоци и користена литература во која се цитирани 364 автори.
Начинот на експликацијата на проблемите и научната мисла на кандидатката се концизни, јасни и лесно разбирливи, така што може едноставно да се следи приложениот материјал.

**Извештај за одделни делови од докторскиот труд:**
**Воведниот дел** е напишан на 39 страници и го елаборира појдовниот проблем и завршува со појдовната хипотеза. Во воведот се зборува за неврофизиологијата на болката, за преемтивната аналгезија, за гама-аминопутерната киселина и нејзините рецептори, како и за фармаколошките и аналгетски својства на мидазоламот, морфинот и диклофенакот.
Во изработката на докторскиот труд кандидатката си поставува четири **цели:**

1. да се докаже дали мидазоламот даден преемптивно има аналгетски ефект;

2. да се одреди ефективната аналгетска доза на преемптивно дадениот мидазолам;
3. да се оцени дали постои интеракција меѓу мидазоламот и опиоидите како и меѓу мидазоламот и антиинфламаторните лекови користени при преемптивната аналгезија;
4. да се оцени времетраењето и квалитетот на постоперативниот аналгетски ефект на самиот мидазолам, негова комбинација со опиоиди и негова комбинација со антиинфламаторни нестероидни лекови.

**Третиот дел** на студијата е посветен на дизајнот на оваа екпериментална студија. Тој е поделен на материјал, метод и статистичка анализа. Материјалот го сочинуваат експерименталните животни стаорци. По одобрението на Институционалниот етички комитет (Institutional Ethics Committee), од видот Sprague Dawley, 240 машки стаорци со телесна тежина 250-300 грама (60-70 дена по раѓање) биле вклучени во студијата. Истражувањето се изведува во експерименталната лабораторија на Патофизиолошкиот институт на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Приштина, Р.Косово, под менторство на ментор од Катедрата за анестезија, реанимација и интензивно лекување на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот 'Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

Во студијата се вклучувани само здрави стаорци со нормално однесување и нормална моторна функција. Стаорците биле смирувани со инхалација на мала доза на етер во затворен сад. Презентирани се критериумите за вклучување (стаорците кои што не можат да се држат на задните нозе) и исклучување (стаорците кои се длабоко анестезирани и покажуваат појава на респираторна и циркулаторна инсуфициенција). Методологијата која е користена е испитување на ефектите на мидазоламот сам или во комбинација со диклофенак или морфин при предизвикана акутна термална болка добиена преку тестот со жешка плочка, како и преку формалинскиот тест кој предизвика штетен стимулус од хемиска природа. Тестот со жешка плочка се применуваше 10 минути пред и.п инјекција и 10, 30, 45, 60, 90, 120 минути по и.п. администрација на лекот. Бифазичниот ноцицептивен одговор предизвикан од формалинот се следеше преку ноцицептивното однесување (мерење на бројот на движења, отстапувања на шепата инјектирана со формалин) и опсервации за посакуваниот временски интервал за време на двете фази. Болката е испитувана во првата фаза 0-6 мин и во втората фаза 10-60 минути, со испитувања на секои 5 минути. Со горенаведените тестови се одредува степенот на аналгезија /хипералгезија. Стаорците се поделени во 5 групи, а 3 од нив се поделени во 4 подгрупи:

**I гр:** Група на мидазоламот (n=32), се дели на 4 подгрупи (n=8), каде што преку интраперитонеалните патишта се дава мидазоламот во дози од 0,1, 1, 5 и 10 мг/кг. Со помош на тестовите со жешката плочка и формалинскиот тест се предизвикува болката.

**II гр:** Група на морфинот (n=8), каде што преку интраперитонеалните патишта се дава морфин сулфатот од 10 мг/кг. Со помош на тестот со жешката плочка и формалинскиот тест се предизвикува болката.

**III гр:** Група на диклофенакот (n=8), каде што преку интраперитонеалните патишта се дава диклофенак натриумот од 10 мг/кг.Со помош на тестот со жешката плочка и формалинскиот тест се предизвикува болката.

**IV гр:** Групата на мидазоламот + морфинот (n=32) се дели на 4 подгрупи (n=8), каде преку интраперитонеалните патишта се дава мидазоламот во дози од 0,1, 1, 10 и 30 мг/кг и морфин сулфатот 10 мг/кг. Со помош на тестот со жешката плочка и формалинскиот тест се предизвикува болката.

**V гр:** Групата на мидазоламот + диклофенакот (n=32), се дели на 4 подгрупи (n=8), каде што преку интраперитонеалните патишта се дава мидазоламот во дози од 0,1, 1, 10 и 30 мг/кг и диклофенак натриумот од 10 мг/кг. Со помош на тестот со жешката плочка и формалинскиот тест се предизвикува болката.

Добиените **резултати** се систематизирани како резултати добиени со тестот со топла плоча и формалинскиот тест, по апликација на еден лек, мидазолам (во разни дози), морфин и диклофенак како и по апликација на комбинации мидазолам со морфин и мидазолам со диклофенак. Антиноцицептивниот ефект на мидазоламот спореден со ефектот во контролната група (физиолошки раствор) и различни дози на мидазоламот (0.1, 1, 5 and 10 mg/kg) дадени за време на 120 минути, со тестот со топла чинија се доби сигнификантно зголемување на времето на одговорот со дозите од 5 и 10 мг/кг ($P<0.01$; односно $P<0.001$) и 10,20,30,45,60,90 и 120 минути по и.п. администрација на мидазолам. Антиноцицептивниот ефект по апликација на 1мг/кг мидазолам се забележа само по 10, 20 и 30. минута ($P<0,05$). 50% ефективна доза ($ED_{50}$) на тестот со топла чинија е пресметан по 30 минути од и.п. апликација на мидазолам. $ED_{50}$ 2,82 mg/kg ($CI_{95\%}$ =-1,85-5,1 mg).

Антиноцицептивните ефекти на морфин сулфат во тестот со топла чинија се демонстрираше со зголемување на времето на одговорот споредено со контролната група (физиолошки раствор). Најсилен антиноцицептивен ефект на морфинот се забележа во 60. минута, додека на диклофенакот се забележа во 20. минута. Системски администриран мидазолам со морфин посредува антиноцицептивен ефект и на акутна термално индуцирана болка ( тест со топла чинија) и на инфламаторно индуцирана болка (формалински тест). Како и да е, антиноцицептивниот ефект на мидазоламот беше позначителен при инфламаторна болка. Системски администриран мидазолам заедно со диклофенак натриум посредува антиноцицептивен ефект и на акутна термално индуцирана болка ( тест со топла чинија) и на инфламаторно индуцирана болка (формалински тест).

Во продолжение е презентирана дискусијата на добиените резултати во која докторантката ги споредува добиените резултати со примери од литературата. Во студијата, преемптивните антиноцицептивни ефекти на мидазоламот во тестот со жешка плочка се демонстрирани со зголемување на времето на одговорот споредено со контролната група (физиолошки раствор). Сигнификантно зголемување на времето на одговорот е опсервирано со дози од 5 и 10 мг/кг ($P<0,01$; односно $P<0,001$), што корелира со наодите во литературата.

Врз основа на добиените резултати и приложената дискусија се изведени и заклучоците од докторскиот труд. Тие накусо се дека мидазоламот даден системски има антиноцицепотивен ефект, како и аналгетски ефект. Мидазоламот даден преемптивно има аналгетски ефект. Аналгетскиот ефект на мидазоламот се зголемува со опиоидите (морфин), како и со антиинфламаторните нестероидни лекови (диклофенак).
На крајот е приложена користената литература. Во прилогот се цитирани 364 референции, кои се коректно наведени, соодветно избрани и целосно ги опфаќаат подрачјата кои се опфатени во испитувањето со докторската дисертација.

## ЗАКЛУЧОК

Рецензентската комисија ги разгледа поднесениот материјал, приложените резултати и другите делови на докторскиот труд изготвен од страна на докторантката д-р Антигона Хасани со наслов: „Евалуација на аналгетскиот ефект на мидазоламот користен при преемптивна аналгезија (експериментално истражување на стаорци)", вработена во службата за анестезиологија на Медицинскиот факултет при Универзитетскиот клинички центар во Приштина, Р. Косово, позитивно го оценува докторскиот труд и му предлага на Наставно-научниот совет да овозможи понатамошна постапка за одбрана на докторската дисертација.

**Рецензентска комисија**

Проф. д-р Трајанка Трајанка, с.р.

Проф. д-р Ордан Нојков, с.р.

Проф. д-р Стојмир Петров, с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени теми за изработка на докторска дисертација**
**на Економскиот институт во Скопје**

| Реден број | Име на кандидат | Наслов на тема | Комисија за утврдување на подобност на кандидат и тема |
|---|---|---|---|
| 1. | М-р Николче Рунчев | "Влијанието на монетарната политика во формирањето и одржувањето на стабилноста на девизниот курс на денарот во Република Македонија" | 1.д-р Снежана Костадиноска-Милошеска<br>2.д-р Биљана Ангелова<br>3.д-р Климентина Попоска |
| 2. | М-р Оливер Филипоски | "Меѓународните стандард и нивната улога во развојот на услужниот сектор" | 1.д-р Марија Ацковска<br>2.д-р Силвана Мојсовска<br>3.д-р Неда Петроска-Ангеловска |
| 3. | М-р Благица Јованова | "Ревизорска етика и одговорност во современата професионална пракса на раководење со ревизијата" | 1.д-р Биљана Ангелова<br>2.д-р Татјана Петковска<br>3.д-р Неда Петроска-Ангеловска |
| 4. | 4.М-р Татјана Несторовска | "Примената на внатрешната финансиска ревизија и контрола во јавниот сектор на Република Македонија" | 1.д-р Биљана Ангелова<br>2.д-р Снежана Костадиноска-Милошеска<br>3.д-р Татјана Петковска |
| 5. | М-р Наташа Колевска | "Раст и развој на хотелските синџири и можни стратегии за влез на македонскиот пазар" | 1.д-р Марија Ацковска<br>2.д-р Татјана Петковска-Мирчевска<br>3.д-р Силвана Мојсовска |

# ПРЕГЛЕД
**на прифатени теми за изработка на докторска дисертација**
**на Економскиот институт во Скопје**

| Реден број | Име на кандидат | Наслов на тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Марија Митевска-Диневска | "Влијание на технологијата врз однесувањето на клиентите во банкарскиот сектор" | д-р Татјана Петковска |
| 2. | Ана Петровска | "Перспективи за формирање на мултилатерална рамка за политиката на конкуренција на глобално ниво" | д-р Силвана Мојсовска |
| 3. | Маја Георгиоска | "Значењето на интелектуалниот капитал за развој на туризмот, со посебен осврт на охридско-струшкиот регион" | д-р Верица Јанеска |
| 4. | Јован Аврамоски | "Странските директни инвестиции во банкарскиот сектор во Република Македонија-студија на случај "Охридска банка" | д-р Марија Ацковска |
| 5. | Фиснике Јусуфи | "Улогата на светската трговска организација во развојот на електронската трговија" | д-р Марија Ацковска |
| 6. | Илина Ристоска | "Факторингот" како алатка за зголемување на финансискиот успех на компаниите" | д-р Силвана Мојсовска |
| 7. | Маја Здравковска | "Идентификување и инкорпорирање на ризиците во кредитната анализа" | д-р Биљана Ангелова |
| 8. | Александра Ризова | "Методолошка постапка на ревизијата и професионалната етика во ревизирската професија | д-р Биљана Ангелова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Никола Рупев | "Примена на принципите и алатките на проектен менаџмент во случај на управување со капитални проекти | д-р Биљана Ангелова |
| 10. | Сања Павлеска | "Унапредување на банкарското работење преку примена на современи пристапи за креирање на банкарските производи и услуги" | д-р Силвана Мојсовска |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ГИТАРА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ, БЕЗ ЗАСНОВАЊЕ РАБОТЕН ОДНОС

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на својата седница одржана на 20.4.2011 година, донесе решение за формирање Рецензентска комисија во состав: проф.Велко Тодевски, проф.м-р Михаило Куфојанакис и вонр.проф.м-р Љубиша Кировски. На конкурсот за избор на еден наставник во сите звања по наставниот предмет гитара на Факултетот за музичка уметност во Скопје, без засновање работен однос, објавен на 16.4.2011 година во дневните весници „Дневник" и „Лајм", се пријави единствено кандидатката доц.м-р Тања Јанкова.

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

М-р Тања Јанкова е родена во Скопје во 1975 година. Дипломирала на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на проф.Вера Огризовиќ (Србија), а магистрирала во 2001 година на истиот Факултет во класата на проф.П.Барон (Шпанија). Во 1993 година освоила прва награда на Државниот натпревар за гитара во Скопје и втора за камерна музика.

Досега има реализирано повеќе концерти во Скопје и другите градови на Македонија, меѓу кои најначајни се: концерт во Музејот на град Скопје во рамките на „Скопско лето" (1995 год.), во Центарот за култура „Марко Цепенков", во Прилеп (1995), во Салон 19,19 при КИЦ со „Вечер на ренесансна и стара музика од В.Британија"- гитара и мецосопран Е.Ангеловска (2000) и во Центарот за култура „Трајко Прокопиев" и во Куманово со истиот концерт (2002), во Центарот за култура „Трајко Прокопиев" во Прилеп и Музејот од НОВ во Крушево – гитара и виолина со В.Адеми, на манифестацијата „Денови на македонска музика" (2008), на „Кривопаланечко културно лето" со солистички концерт (2009), на „Гевгелиска пролет", во Домот на културата во

Кавадарци и на „Кривопаланечко културно лето“ со концерт дуо гитара и флејта со С.Чулева (2010), солистички концерт во домовите за култура во Крива Паланка, Куманово, Виница и Велес (2011).

Реализирала бројни видеозаписи за МТВ и снимала во соработка со францускотo студио „Мјузик ентертејмент“.

Редовен член е на жири-комисии на Здружението на музички педагози на Македонија, на Интернационалниот натпревар во Приштина (Косово), Интернационалниот натпревар во Лесковац (Србија), на Интернационалниот натпревар во Велинград (Бугарија), како и на Државниот натпревар во Белград (Србија).

Се усовршувала на стручни семинари и едукативни часови кај професорите:

-Д.Богдановиќ во Белград(Србија);

-М.Социас,Т.Хопсток и Т.Милер Перинг во Нуртинген (Германија) ;

- С.Прието во Белград;

- В.Огризович во Струга(Македонија) ;

- С.Тошиќ и В.Петковиќ во Ниш (Србија).

Работи како професор по гитара во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“, а о д 200 6 год. м-р Тања Јан кова е избрана за наставник на Факултетот за музичка уметност по наставниот предмет гитара во звањето доцент.

**Концертна активност**

М-р Тања Јанкова е активна на концертниот подиум како солист и како камерен музичар. Позначајни концерти се:

- 31.3.2008 година, со настап на манифестацијата „Денови на македонска музика“, со дело за соло-гитара и три пиеси за виола, виолончело и гитара;

- 17.7.2009 година, со солистички концерт на „Кривопаланечко културно лето“;

- 27.4.2010 година, дуо флејта и гитара на „Гевгелиска пролет“;

-11.5.2010 година, дуо флејта и гитара во Домот на културата во Кавадарци;

- 22.7.2010 година, дуо флејта и гитара на „Кривопаланечко културно лето“;

- 16.3.2011 година, солистички комцерт во Домот на културата во Крива Паланка;

- 22.3.2011 година, солистички концерт во Домот на културата во Виница;

- 29.3.2011 година, солистички концерт во Центарот за култура во Куманово;

- 14.4.2011 година, солистички концерт во Ликовниот салон во Велес.

Во периодот од 2006 до 2011 година, Тања Јанкова учествувала на следниве позначајни семинари:

- 2007 година, „Guitar Art Festival“, во Белград (Србија);
- 2008 година, „Guitar Art Festival“, во Белград (Србија);
- 2009 година, „Guitar Art Festival“, во Белград (Србија);
- 2010 година, „Naissus Guitar Festival“, во Ниш (Србија).

**Педагошка дејност**

Во периодот од 2006 до 2011 година е евидентна активноста на студентите по гитара од класата на доц.м-р Тања Јанкова преку настапи на продукции, концерти на гудачката катедра при ФМУ, концерти на „Музика вива“ и други концерти:

- 23.3.2007 година, концерт на студентите по гитара од класата на „Гевгелиска пролет“;

- 19.12.2007 година, концерт на ,,Музика вива“, ФМУ, Скопје;

- 27.5.2008 година, настап на студентите Лазаревски Дејан и Чадиковски Владимир на концертот на гудачката катедра на Ф МУ, Скопје;

- 12.3.2009 година, концерт на студентите по гитара;

- 17.5.2010 година, настап на студенти на „Музика вива“ на концертот на Катедрата за гудачки инструменти.

Во класата на доц.м-р Тања Јанкова дипломирале тројца студенти, а магистрирал еден студент.

Освоени награди на студентите од класата на Тања Јанкова на Државниот натпревар за гитара во 2010 година во Скопје:

- Ѓорески Миле, I награда;
- Јанев Драган, II награда;
- Гажоски Бојан, III награда.

Тања Јанкова, како надворешен соработник и член на стручен тим, изработува наставна програма за III одделение на шестгодишно музичко образование на класична гитара.

**Стручно-апликативна дејност**

Значајни се учествата на доц.м-р Тања Јанкова како член на жири-комисии на следниве натпревари:

-2006 година, Интернационален натпревар во Приштина (Косово);

- 2007 година, Државен натпревар за ученици и студенти по музика во Битола;

- 2007 година, Интернационален натпревар за гитара во Приштина (Косово);

- 2008 година, Интернационален н атпревар за гитара во Лесковац(Србија);

- 2008 година, Интернационален натпревар во Приштина (Косово);

- 2009 година, Балкански натпревар за гитара во Велинград (Бугарија);

- 2010 година, Републички натпревар за гитара во Белград (Србија);

- 2010 година, Државен натпревар за гитара во Скопје;

- 2010 година, Државен натпревар на млади музичари во Скопје;

- 2011 година, Државен натпревар за камерна музика во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК

Ангажманот на доц. м-р Тања Јанкова на ФМУ во Скопје во наставниот процес по предметот гитара го реши проблемот на континуирана настава по овој предмет. Имајќи го предвид долгогодишниот проблем на ангажирање наставници од странство кои не можеа во целост да ја покријат наставата континуирано низ целата учебна година, со вклучувањето на м-р Тања Јанкова во педагошкиот процес на нашиот Факултет, студентите по гитара добија можност за стекнување знаења и искуства во текот на целата учебна година. Врз основа на доставената документација јасно се гледаат педагошките резултати на кандидатката преку настапите на нејзините студенти на продукции, концерти на Катедрата за гудачки инструменти и гитара при ФМУ во Скопје, „Музика вива", „Гевгелиска пролет" и награди на државни натпревари. Во стручно–апликативната дејност кандидатката стекнува професионални искуства со учество во жири - комисии на државни и меѓународни натпревари, а особено е значајно учеството на меѓународни семинари во Србија, за лично и професионално усовршување како концертен исполнител, за што сведочи доставената концертна програма.

Рецензентската комисија утврди дека кандидатката ги исполнува критериумите предвидени со распишаниот конкурс и едногласно предлага м-р Тања Јанкова да биде избрана за наставник по наставниот предмет гитара на Факултетот за музичка уметност во Скопје, без заснование работен однос, во звањето вонреден професор.

Рецензентска комисија

Проф. Велко Тодевски с.р.

Проф.м-р Михаило Куфојанакис с.р.

Вонр. проф.м-р Љубиша Кировски с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: м-р Тања Јанкова**
**Институција: Факултет за музичка уметност – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје**
**Научна област: гитара**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 2006-07 година, 9 студенти, 18 часа (прв циклус студии) | 21,6 |
| 2. | 2007-08 година, 3 студенти, 6 часа (прв циклус студии) | 7,2 |
| 3. | 2008-09 година, 6 студенти, 12 часа (прв циклус студии) | 14,4 |
| 4. | 2009-10 година, 7 студенти, 14 часа (прв циклус студии) | 16,8 |
| 5. | 2010-11 година, 7 студенти, 14 часа (прв циклус студии) | 16,8 |
| 6. | 2007-2010 година, 2 студенти, 4 часа (втор циклус студии) | 6 |
| 7. | Ментор на дипломска работа во периодот 2006-2011 година | 0,6 |
| 8. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура–1 студент | 0,3 |
| 9. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа-3 студенти | 0,3 |
| | **Вкупно** | **84** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на 4 студенти на втор циклус студии | 4 |
| | **Вкупно** | **4** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 17.7.2009 година, концерт на „Кривопаланечко културно лето" – Крива Паланка, соло – гитара | 8 |
| 2. | 16.3.2011 година, концерт во Домот за култура-Крива Паланка, соло – гитара | 8 |
| | **Вкупно** | **16** |

## СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на жири - комисија на Државен натпревар за гитара во Битола, 2007 | 1 |
| 2. | Член на жири - комисија на Интернационален натпревар за гитара во Приштина (Косово), 2006 | 2 |
| 3. | Член на жири - комисија на Интернационален натпревар за гитара во Приштина, 2007 | 2 |
| 4. | Член на жири - комисија на Интернационален натпревар за гитара во Лесковац (Србија), 2008 | 2 |
| 5. | Член на жири - комисија на Интернационален натпревар за гитара во Приштина, 2008 | 2 |
| 6. | Член на жири - комисија на балкански натпревар за гитара во Велинград, Бугарија, 2009 | 2 |
| 7. | Член на жири - комисија на Републички натпревар за гитара во Белград , Србија, 2010 | 1 |
| 8. | Член на жири - комисија на Државен натпревар за гитара во Скопје, 2010 | 1 |
| 9. | Член на Државен натпревар на млади музичари, 2010 | 1 |
| 10. | Член на Државен натпревар за камерна музика во Скопје, 2011 | |
| | **Вкупно** | **14** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | 84 |
| **Научноистражувачка дејност** | 4 |
| **Стручно-уметничка дејност** | 16 |
| **Стручно-апликативна дејност** | 14 |
| **Вкупно** | **118** |

**Рецензентска комисија**

**Проф. Велко Тодевски с.р.**

**Проф. м-р Михаило Куфојанакис с.р.**

**Вонр. проф. м-р Љубиша Кировски с.р.**

До: Факултет за музичка уметност
Скопје

Подносител: Марија Вршкова

**Предмет: ПРИГОВОР**

Во врска со конкурсот за избор на еден наставник во сите звања по наставниот предмет корепетиција на Факултетот за музичка уметност во Скопје, објавен на 16.4.2011 година во дневните весници "Дневник" и "Лајм", изнесен е реферат, извештај и донесен е заклучок објавен во Билтен бр.1010 од 15.6.2011 год.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставно - научни звања на УКИМ, го поднесувам следниов приговор:

Го оспорувам наведениот заклучок од неколку причини:

1. Во Рецензентската комисија нема член кој активно се занимава со корепетиција за која е распишан конкурсот, туку одлучуваат професори кои се занимаваат со сосема поинаква проблематика при својата настава иако во **Правилникот за критериумите и постапкате за избор во наставно –научни, научни, наставно–стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од 18.6.2009** точно е определено во **член 43,** кој гласи:

„Повеќе од половината од членовите на рецензентската комисија ја сочинуваат лица во наставно – научни звања од истото наставно-научно, односно уметничко подрачје во наставно-научната, односно уметничката област во која се избира кандидатот, а другите членови можат да бидат сродна наставно-научна, односно уметничка област."

2. Како второ би посочила дека во самата биографија е посочено дека кандидатот Т.Огнановска нема никаква педагошка дејност, наспроти мојата педагошката дејност.

3. Како трето би го додала уште и моето огромно разочарување кое го доживувам од скратувањето на можеби најважните соло–концерти и концерти со одредени оркестри и изведувачи кои се иземени од табелата на стручно-уметничката дејност, со што се смалува акцентот на мојата уметничка вредност.

Имено, сите претходно приложени концерти со самостојна моја лична селекција стигнаа до една завидна бројка на 664 поени кои ретко можат да се сретнат во други биографии.

4. Понатаму би се задржала на следнава реченица – цитирам:
- „Сепак, Комисијата при утврдувањето на предлогот ги зема предвид и високо ги ценеше квалификациите и звањата што Т.Огнановска ги стекнала на додипломските и на постдипломските студии, кои во целост ја потврдуваат потребната компетентност"?????

Се прашувам како студент на ФМУ во Скопје со оцена на дипломскиот труд **Cum laude**, доделена од професори кои работат на истоимената институција и со положен магистерски испит повторно во истата институција ФМУ–Скопје, далеку порано од другиот кандидат и потенцирам, на Катедрата за пијано, Рецензентската комисија не ги зема предвид и процени дека престижните мои оцени се далеку зад оценките на кандидатот Т.Огнановска?

И на ова уште би го додала фактот кој вас многу добро ви е познат, имено, професор по корепетиција е пред сè пијанист кој има соработувано не само со неколку инструменти, туку уметник кој точно ја знае проблематиката на повеќе од нив.

Во моето исто така долгогодишно искуство на ФМУ во Скопје сум соработувала во следниве класи:

-ТРУБА

-ТРОМБОН

-ФЛЕЈТА

-УДАРНИ ИНСТРУМЕНТИ

-ДИРИГИРАЊЕ

-ОПЕРСКО СТУДИО

-ВИОЛИНА

-ВИОЛА

-ВИОЛОНЧЕЛО

-ФЛЕЈТА

-КЛАРИНЕТ

-САКСОФОН

-СОЛО–ПЕЕЊЕ

-ФАГОТ

-КОНТРАБАС,

што од друга страна не може да се види кај другиот кандидат.

Почитувани, поради сето ова погоре изнесено барам повторно сериозно разгледување на извештајот за кандидатите затоа што моето мислење е дека не се рамноправно разгледувани квалификациите и достигнувањата.

ПОДНОСИТЕЛ НА ПРИГОВОРОТ:

22.6.2011 година, Скопје

_______________________

**Одговор на приговорот**
**на рефератот за избор на еден наставник по наставниот предмет корепетиција во сите звања на Факултетот за музичка уметност во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, бр.1010 од 15 јуни 2011 година**

Приговорот на рефератот за избор на еден наставник во сите звања по наставниот предмет корепетиција на Факултетот за музичка уметност во Скопје, поднесен од м-р Марија Вршкова на 23.6.2011 година, се одбива како неоснован од следниве причини:

**1.** Истакнуваме дека во Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната Фраскатиева класификација („Службен весник на Р.Македонија", бр.103/2010, во подрачјето хуманистички науки, поле музички уметности, посебна област корепетиција не е предвидена. Како и сите други инструменти, таки и пијаното (корепетицијата) припаѓа во областа број 60910 – видови инструменти.

Оттаму, а согласно со чл.43 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје („Универзитетски гласник" бр.136/200), повеќе од половината од членовите на Рецензентската комисија (проф.м-р Гордана Јосифова – Неделковска и вонр.проф.м-р Зоран Пехчевски) се избрани во наставно-научно звање од истата област во која се избира кандидатот (областа 60910 – видови инструменти).

Во Комисијата се вклучени наставници кои се истовремено и уметници со богато концертно искуство и кои во својата педагошка и уметничка практика, заради природата на дејноста, биле упатени на постојана соработка со корепетитори. Затоа, наставниците - членови на Комисијата, се потполно свесни за значењето и уделот што корепетиторите го имаат во исполнувањето на педагошките и уметничките замисли, така што се сосема компетентни за оцена на дејноста на кандидатите пријавени на конкурсот.

**2.** Неточен е наводот на приговарачот дека во биографијата на м-р Татјана Огнаноска не се наведени податоци за педагошката дејност. Имено, и на стр.164 и на стр.165 од рефератот се наведени податоци за кандидатката предложена за избор во наставник. Како што е наведено и во самиот реферат (стр.164), Татјана Огнаноска изведува педагошка дејност како уметнички соработник на Факултетот за музичка уметност во Скопје уште од 1.10.1990 година.

**3.** Комисијата, при утврдувањето на бодовите за стручно-уметничката дејност на пријавените кандидати, доделуваше по 8 бода на обата кандидата само за рециталите и за настапите како солисти на концерти со оркестар, согласно со член 4, Анекс 1 на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје („Универзитетски гласник" бр.136/200).

4. Во врска со сомневањата на приговарачот за наводната некомпетентност на м-р Татјана Огнаноска, Рецензентската комисија наведува дека предложената кандидатка завршила високо образование со специјалност - пијано на светски познатиот Конзерваториум "Николај Римски Корсаков" во Санкт Петербург, Русија, а со научниот степен магистер на музичка уметност, токму од областа на корепетицијата, се стекнала на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Рецензентска комисија

Проф.м-р Гордана Јосифова – Неделковска с.р.

Вонр.проф.м-р Зоран Пехчевски с.р.

Проф.м-р Биљана Јакимовска с.р.

201__ год.
СКОПЈЕ
39

# ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 27.06.2011 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Елена Митровска | Правната рамка за издавање на патни исправи во Република Македонија (1991-2011) | Д-р Борче Давитковски |
| Росица Темелковска | Организација и функции на Владата на Република Македонија | Д-р Борче Давитковски |
| Милена Момировска | Критериуми за утврдување на способност на економските оператори при доделување на договор за јавни набавки | Д-р Александар Климовски |
| Кристина Јорданова | Испитување на малолетник во казнената постапка | Д-р Гордан Калајџиев |
| Патриција Рафаела Бикова | Форма на арбитражна спогодба според Модел законот за меѓународна трговска арбитража на UNCITRAL од 2006 година | Д-р Тони Дескоски |
| Маја Стојаноска | Злоупотреба на поволностите од визната либерализација за државите од Западен Балкан | Д-р Сашо Георгиевски |
| Весна Поповска | Заштита на правото на живот при употреба на сила против современите закани од тероризмот | Д-р Сашо Георгиевски |
| Александра Митевска | Основите за жалба во практиката на Апелациониот суд во Скопје | Д-р Гордан Калајџиев |
| Весна Андреевска | Темна бројка на | Д-р Методија Каневчев |

| | | |
|---|---|---|
| | криминалитетот | |
| Мики Стојчевски | Споредни казни | Д-р Методија Каневчев |
| Стефан Попоски | Феноменологија и етиологија на педофилијата во Република Македонија и во светот | Д-р Методија Каневчев |
| Олгица Танчева | Казнената политика и сузбивањето на организираниот криминал во Република Македонија-практични аспекти | Д-р Никола Тупанчески |
| Ивана Колевска | Меѓународен казнен суд | Д-р Никола Тупанчески |
| Магдалена Божинова | Наведување и помагање во самоубиство | Д-р Никола Тупанчески |
| Маријана Миловска | Палермо Конвенцијата и нејзините импликации врз Македонското казнено законодавство-материјално правни аспекти | Д-р Никола Тупанчески |
| Маја Грозданоска | Трансфер на осудени лица | Д-р Никола Тупанчески |
| Александра Ѓоргиовска | Пенолошки аспекти на краткотрајната казна затвор | Д-р Никола Тупанчески |
| Станка Трајкова | Превенција на малолетничката деликвенција | Д-р Гордана Бужаровска |
| Верица Петрова | Причини и превенција на самоубиствата како социо-патолошка појава | Д-р Гордана Бужаровска |
| Горјана Кузмановска | Жалбата на пресудата во постапките пред Апелациониот суд во Битола во периодот 2006-1010 година | Д-р Гордана Бужаровска |
| Сања Бозоска | Стандардизирање на условите во полициските станици како начин за превенција на тортура | Д-р Гордан Калајџиев |

| | | |
|---|---|---|
| Кристина Парцанова | Увид на местото на настанот | Д-р Гордан Калајџиев |
| Андреја Кнежевски | Јавност на судење | Д-р Гордан Калајџиев |
| Милка Димова | Право на преведувач во кривичната постапка | Д-р Гордан Калајџиев |
| Благоја Глигоров | Полицијата во кривичната постапка | Д-р Гордан Калајџиев |
| Катерина Лефкова | Феноменолошки карактеристики на криминалитетот на насилство во Република Македонија | Д-р Александра Груевска-Дракулевски |
| Маја Димитрова | Пружање на постпенална помош на осудените лица по отпуштањето од установа од страна на Центарот за социјални работи во Скопје | Д-р Александра Груевска-Дракулевски |
| Александра Мацоска | Примена на мерката притвор пред Основниот суд во Струга | Д-р Гордан Калајџиев |
| Сандра Трајковска | Малолетничка деликвенција во Република Македонија | Д-р Методија Каневчев |
| Ивана Митова | Улогата на Бирото за јавни набавки во системот на јавни набавки во Република Македонија | Д-р Александар Климовски |
| Драгана Станковска | Државна регулација на фармацевтската професија | Д-р Димитар Гелев |
| Марјана Поповска | Заштитата на личните податоци во кривичната постапка | Д-р Гордан Калајџиев |
| Ана Петреска | Оддавање банкарска тајна во кривичната постапка | Д-р Гордан Калајџиев |
| Митко Пешев | Полициските овластувања со кои се ограничува личната слобода | Д-р Гордан Калајџиев |
| Виолета Шаклева | Казнено-правни | Д-р Никола Тупанчески |

| | | |
|---|---|---|
| | аспекти на злоупотребата на јавните набавки во Република Македонија | |
| Сања Ташкова | Судир на законите кај вондоговорната одговорност на производителот за штета од неговиот производ | Д-р Поликсена Гавроска |
| Наталија Кукоска | Помирувањето како дел од транзиционата правда и меѓународното право | Д-р Љубомир Фрчкоски |
| Љупчо Стојковски | Еволуцијата и перспективите на хуманитарната интервенција | Д-р Љубомир Фрчкоски |
| Марија Дукоска | Меѓународното право и заштитата на културното наследство | Д-р Татјана Петрушевска |
| Марија Крстевска | ЕВРОКОНТРОЛ и безбедност на воздушната навигација во Република Македонија | Д-р Татјана Петрушевска |
| | | |



Република Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 09-167
07 201_ год.
Скопје

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| **Марија Карамитрова** | **Гарантни шеми за осигурување** | **проф. д-р. Тито Беличанец** |
| **Сања Игњатовска** | **Плаќање на здравствените услуги** | **проф. д-р. Димитар Гелев** |
| **Сашка Зенковиќ,** | **Основање на акционерско друштво** | **проф. д-р. Димитар Гелев** |
| **Елена Ѓорѓиеска** | **Сличности и разлики во управувањето на трговските друштва и банките** | **проф. д-р. Димитар Гелев** |
| **Иван Атанасов** | **Заштита на малцинските акционери кај постапките на спојување или поделба на друштвото** | **проф. д-р. Димитар Гелев** |
| **Стојанче Тодосовски** | **Техники на превземање на акционерски друштва** | **проф. д-р. Димитар Гелев** |
| **Душица Душановска** | **Правна регулација на трансплантација на органи** | **проф. д-р. Димитар Гелев** |
| **Елена Ристова** | **Адвокатурата во РМ, нејзината денешна состојба, реформи и пропусти** | **проф. д-р. Димитар Гелев** |
| Александар Кузмановиќ | Правна регулација на етажната сопственост | **проф. д-р. Димитар Гелев** |
| Јагода Спасевска | Регулација на државната интервенција во медиумите | **проф. д-р. Димитар Гелев** |
| Урош Милошевски | Управните договори како механизам за приватизација на јавните служби | **проф. д-р. Ана Павловска Данева** |
| Илина Стефановска | Трошоци на арбитражната постапка | **доц. д-р. Татјана Зороска Камилоска** |
| Елена Кичева | Стечајната постапка како можност за продолжување на деловниот потфат или делумно намирување на доверителите | проф. д-р. Тито Беличанец |
| **Армин Ибушоски** | **Компаративна анализа на приватните инвестициски фондови во Република Македонија и хеџ фондовите** | **проф. д-р Тито Беличанец** |

| | | |
|---|---|---|
| | **(Hedge Funds) во САД** | |
| **Ѓурѓица Савеска** | **Финансиско правните елементи на капитално финансираното пензиско осигурување во Република Македонија** | **проф. д-р Весна Пендовска** |
| **Елена Златановска** | **Царински систем и царинска управа на Република Македонија на патот кон европското пристапување** | **проф. д-р Весна Пендовска** |
| **Надица Јефремовска** | **Постапка по правни лекови во даночното право** | **проф. д-р Весна Пендовска** |
| **Весна Пачемска,** | **Правна регулација на телекомуникациите** | **проф. д-р Димитар Гелев** |
| **Ивана Велковска** | **Правна регулација на брокерски друштва во Република Македонија** | **проф. д-р Димитар Гелев** |
| **Наталија Димоска** | **Видови обврзници** | **проф. д-р Димитар Гелев** |
| **Крсте Митрески** | **Регулација на работењето на брокерските друштва** | **проф. д-р Димитар Гелев** |
| **Надежда Костовска** | **Надзор врз работењето на инвестиционите фондови** | **проф. д-р Димитар Гелев** |
| **Мирјана Цаневска** | **Правна регулација на адвокатските друштва** | **проф. д-р Димитар Гелев** |
| **Христина Мрческа** | **Финансиско-правна контрола на буџетскиот процес во Република Македонија и во Европа** | **доц. д-р Александра Максимовска Велјановски** |
| Маргарета Тасева | Релацијата на правото на интелектуална сопственост и конкурентското право во позитивното право на Република Македонија | проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска. |
| Бојана Петрова | **Обештетната осигурителна политика за жртвите од прекуграничните сообраќајни незгоди во рамките на Европската Унија и во Република Македонија** | проф.д-р. Тито Беличанец |
| Мартина Ацеска. | **Повторување на парничната постапка** | доц.д-р. Татјана Зороска - Камиловска.. |
| Лилјана Тодорова | **Судско говорништво** | доц.д-р. Гоце Наумовски |
| Весна Стефановска | **Решавање на граѓански спорови по пат на медијација во практиката на Република Македонија”** | проф. д-р. Арсен Јаневски |
| Емилија Ѓоргоноска | **Првиот наследен ред во** | проф. д-р. Дејан |

| | | |
|---|---|---|
| | **македонското и споредбеното право** | Мицковиќ |
| Цветанка Јованоска | **Вонбрачната заедница во македонското и споредбеното право** | проф. д-р. Дејан Мицковиќ |
| Лидија Тасеска | **Новиот режим на доставување на писмена во парнична постапка според новелата на ЗПП од 2010 година** | доц. д-р. Татјана Зороска – Камиловска |
| Арбноре Елези | **Европска постапка за издавање на патен налог** | доц. д-р. Татјана Зороска - Камиловска |
| Кристина Милосова | **Начело на барање на вистината во парнична постапка** | проф. д-р. Арсен Јаневски |
| Анета Стојанова | **Начело на јавност во парничната постапка** | доц. д-р. Татјана Зороска - Камиловска |
| Благородна Јосифова | **Видови тестаменти во современите наследноправни системи** | проф. д-р. Дејан Мицковиќ |
| Васка Чурилинова | **Определување на легатот во современите наследно-правни системи** | проф. д-р. Дејан Мицковиќ |
| Ристе Танаскоски | **Правен режим на бесправно изградените објекти во Република Македонија** | проф. д-р. Родна Живковска |
| Милица Јовановска | **Матичната евиденција во правниот систем на Република Македонија** | доц. д-р. Тина Пржеска |
| Иванова Ивана | **Права на пациентите во случај на лекарска грешка** | проф. д-р. Јадранка Дабовиќ – Анастасовска |
| Александар Сотировски | **Гарантирање на правните својства кај Договорот за продажба во Република Македонија и споредбено** | проф. д-р. Јадранка Дабовиќ – Анастасовска |
| Милица Дивна Трајчева | **Форма на договорите** | проф. д-р. Јадранка Дабовиќ – Анастасовска |
| Самира Доко | **Пресуда поради изостанок во парнична постапка** | доц. д-р. Татјана Зороска – Камиловска. |

ДЕКАН

---------------------------

Проф.д-р Борче Давитковски

____________ 201_ год.
СКОПЈЕ

46

# ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 25.05.2011 година

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| М-р Билјана Каровска-Андоновска | Примена на меѓународните стандарди во заштита на правото на приватност во Република Македонија, со посебен осврт на тајноста на комуникацијата | Д-р Гордана Силјановска Давкова<br>Д-р Гордан Калајџиев<br>Д-р Рената Дескоска |
| М-р Драган Гоцевски | Ефективност на административни организации | Д-р Симеон Гелевски<br>Д-р Борче Давитковски<br>Д-р Ана Павловска Данева |
| М-р Олга Ѓуркова | Приватноста versus безбедноста во Европската унија согледана преку размената на податоци во кривичните предмети | Акад.д-р Владо Камбовски<br>Д-р Гордана Бужаровска<br>Д-р Гордан Калајџиев |
| | | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

# Преглед

на прифатени теми за изработка на магистерски труд
од наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје на седницата од 22.6.2011 г. на студиските програми

## 1. Интелигентни енергетски мрежи

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Мелита Јанчевска | Просторно мапирање на ветропаркови во Република Македонија од аспект на енергетски извори и енергетска ифраструктура | Spatial mapping of wind parks in Republic of Macedonia from aspect of power generation and connection to power grid | Проф. д-р Властимир Гламочанин |
| 2 | Јаким Ристовски | Интеграција на SCADA, DMS и GIS за управување со електроенергетски дистрибутивни мрежи | Integration of SCADA, DMS and GIS for management of electricity distribution networks | Проф. д-р Властимир Гламочанин |

## 2. Комуникациски и информациски технологии

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Мирослав Стојмановски | Анализа и моделирање на VBR видео сообраќај во IP мрежи | Analysis and modeling of VBR video traffic in IP networks | проф. д-р Тони Јаневски |

## 3. Компјутерско-системско инженерство и автоматика

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Давидовиќ Дејан | Напредни алгоритми за мапирање на простор и навигација | Advanced Environment Mapping and Navigation Algorithms | Проф. Миле Станковски |

## 4. Систем во чип

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Бојана Јованова | Web базиран компјутерски систем за надзор и управување со „паметен дом" | Web based computer system for monitoring and control of "smart home" | Проф. д-р Аристотел Тентов |
| 2 | Горгис Јанакопулос | Проектирање и практична реализација на управувачки систем за „паметен дом" | Design and practical realization of control system for "smart home" | Проф. д-р Аристотел Тентов |
| 3 | Дејан Филиповски | Примена на пресметковната моќ на графичките процесори во областа на бихевиористичката биометрика | Utilization of the graphics processing units' computing power in the field of behavioral biometrics | Проф. д-р Димитар Трајанов |

## 5. Софтерско инженерство

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Анка | Методи за откривање на | Suspicious financial | Доц. д-р |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Јордановска | сомнителни трансакции | transactions recognition methods | Слободан Калајџиски |
| 2 | Иванчо Ѓеорѓиев | Мултимодално пребарување на мултимедијални медицински податоци | Multimodal retrieval of medical multimedia data | Проф. д-р Сузана Лошковска |

## 6. Компјутерски мрежи и е-технологии

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Тина Гоцоска | Дизајнирање на паралелни алгоритами и структури за анализа на комплексни мрежи во хетерогени повеќејадрени процесорски системи | Designing parallel algorithms and structures for complex networks analysis in heterogeneous many-core processor systems | Вон. проф. д-р Димитар Трајанов |
| 2 | Светлана Трифуноска | Развој на софтверски решенија за интерактивна телевизија | Development of software solutions for interactive television | Доц. д-р Соња Филипоска |
| 3 | Лина Костовеска | Анализа на модели за Мобилно Банкарство и нивна примена во Македонија | Analysis of Mobile Banking models and their application in Macedonia | Вон. проф. д-р Димитар Трајанов |
| 4 | Игор Кујунџиски | Модели и апликации за мобилни плаќања | Models and applications of mobile payments | Вон. проф. д-р Димитар Трајанов |
| 5 | Зоран Ѓорѓиоски | Максимизирање на ширењето на влијание во рамките на социјална мрежа | Maximizing the spread of influence through a social network | Академик проф. д-р Љупчо Коцарев |
| 6 | Маја Маленко | Развој и интегрирање на ново криптографско јадро во Leon3 процесор | Development and integration of new cryptographic core within Leon3 processor | проф. д-р Аристотел Тентов |
| 7 | Александар Ѓорѓевски | Модификација на процесор LEON 3 и проширување со дополнително јадро | Modification of LEON 3 processor and expansion with additional core | проф. д-р Аристотел Тентов |
| 8 | Маријан Микески | Разгледување на перформанси на виртуелни машини во гроздови | Examining the performance of virtual machines in clusters | проф. д-р Аристотел Тентов |

## 7. Проектен менаџмент

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ана Марија Трајкоски | Стандарди и процедури за обезбедување на параметрите на проектниот менаџмент во институционални ИКТ проекти | Standards and procedures for provision of project management parameters in institutional ICT projects | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |

## 8. Обновливи извори на енергија

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Слободан Паризоски | Проектирање и оптимизација на хибриден ветерно-фотоволтаичен изолиран систем за осветлување на тунел | Design and Optimisation of Hybrid Wind-Photovoltaic Standalone System for Tunel Lighting | Проф. д-р Златко Стоилков |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Александар Чеботарев | Планирање и дизајн на фотоволтаична електрична централа со инсталирана моќност од 1MW во Македонија | Planing and design of photovoltaic power plant with 1MW installed power in Macedonia | Проф. д-р Христина Спасевска |
| 3 | Александра Попоска | Примена на ветро-соларни хибридни електрични системи при наводнување во земјоделството | Application of wind-solar hybrid systems for agriculture irrigation | Проф. д-р Влатко Стоилков |

**9. Електроенергетски системи**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Лазар Ѓелов | Компјутерски ориентирана постапка за димензионирање на радијалните дистрибутивни мрежи | Computer oriented procedure for radial distribution network design | Проф. д-р Ристо Ачковски |
| 2 | Стево Димовски | Примена на симулациони методи за проценка на загубите во дистрибутивните мрежи | Simulation methods application for assessment the losses in distribution networks | Проф. д-р Ристо Ачковски |

**10. Електроенергетика**

| ред. бр. | Студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Бобан Кузмановски | Методи за оптимален избор на современи решенија на релејната заштита на електроенергетски објекти | Methods for optimal selection of modern solutions of relay protection of power systems | проф.д-р Мито Златаноски |
| 2 | Љубе Димовски | Оптимално ангажирање на хидроагрегатите во сложен електроенергетски систем | Optimal Hydro Unit Commitment in Complex Power System | проф. д-р Атанас Илиев |

**11. Биоинформатика**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јован Таневски | Апроксимативно Баесово одредување на параметри на динамички системи | Approximate Bayesian parameter inference in dynamical systems | проф. д-р Љупчо Коцарев |

**12. Интелигентни информациони системи**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Миле Грујовски | Интерактивна визуелизација на стенографски белешки. Нов начин на преглед на стенографски белешки од пленарни седници на Собранието на Р. Македонија | Interactive transcript visualization. A new way of presentation of transcripts from plenary sessions of Assembly of Republic of Macedonia | вон. проф. д-р Владимир Трајковиќ |
| 2 | Оливера Котевска | Користење на персонални безжични сензорски мрежи во здравствената заштита | Application of wireless sensor networks in healthcare | вон. проф. д-р Владимир Трајковиќ |
| 3 | Цветанка Атанасова | Одредување на функционални групи на протеини преку Bond Energy Algorithm | Determination of functional protein groups by using the Bond Energy | доц. д-р Слободан Калајџиски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Algorithm | |

## 13. Дигитално процесирање на сигнали

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Љубица Колева | Банки на филтри за анализа на квалитетот на електричната енергија | Filter banks for power quality analysis | Вон проф. д-р ДимитарТашковски |

## 14. Електрични машини и автоматизација

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ристе Иванов | Модернизација за подобрување на енергетската ефикасност на системот за управување на мостна дигалка | Modernisation for energy efficiency improvement of overhead crane control system | Вон. проф. д-р Гога Цветковски |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО „ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ОД ОБЛАСТА НА ЛИНЕАРНИТЕ ДИСКРЕТНИ ДИНАМИЧКИ СИСТЕМИ" ОД АВТОРИТЕ Д-Р ЕЛИЗАБЕТА ЛАЗАРЕВСКА И М-Р ВЕСНА ОЈЛЕСКА

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата редовна седница одржана на 22.12.2010 год., донесе одлука, заведена под бр.02-3617/47, за избор на двајца рецензенти за рецензирање на учебното помагало со наслов „**Збирка решени задачи од областа на линеарните дискретни динамички системи**" од авторите д-р Елизабета Лазаревска и м-р Весна Ојлеска.

Со оваа одлука за рецензенти се определени проф. д-р Татјана Колемишевска-Гугуловска и проф. д-р Стојче Десковски. Во својство на еден од рецензентите, го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Трудот содржи 321 нумерирана страница А4 - формат со текст напишан со кирилично писмо, подготвен на компјутер, со 141 слика распределени во соодветни поглавја. Изложениот материјал е организиран во пооделни тематски целини, со вклучена содржина и литература како единствен список на користени наслови за презентираните тематски поглавја.

Бидејќи ова учебно помагало првенствено е наменето за потребите од вежби кои се изведуваат по предметот **линеарни динамички системи**, кој пак го слушаат студентите на насоката компјутерско-системско инженерство и автоматика – КСИА во IV семестар на студии, сметам дека е неопходна потребата од едно вакво учебно помагало за да се зголеми ефикасноста и да се олесни совладувањето на материјата предвидена со студиската програма по наведениот предмет.

Со оглед на тоа што авторите на трудот, вонр.проф. д-р Елизабета Лазаревска и ас.м-р Весна Ојлеска, се реализатори на програмата по предметот **линеарни динамички системи**, ракописот на учебното помагало произлезе како резултат на подготовките за предавања и вежби по овој предмет во изминатите години, па со сигурност можам да кажам дека решените задачи се коректни и повеќекратно проверени.

Решените задачи, главно, се проблеми од програмската содржина на предметот **линеарни динамички системи**. Авторите се потрудиле на еден педагошки начин да ја изнесат обработената материја, се со цел да му се олесни на читателот следењето и учењето на предметната материја. Задачите се квалитетно обработени со комплетни решенија, објаснувања и соодветна графичка презентација. Сликите и дијаграмите се јасни и добро прикажани. Задачите се тематски организирани во пет поглавја, што го олеснува пребарувањето на решен проблем од определена тема. Сметам дека бројот на решени задачи е доволен за да се научат, разберат и одговорат прашањата поврзани со анализата на линеарните дискретни динамички системи.

Ова учебно помагало со својата содржина и форма сигурно ги задоволува потребите за реализација на програмата по предметот линеарни динамички системи. Меѓутоа, може да се користи и во наставата по други предмети на студиската програма

КСИА, како и на другите студиски програми на ФЕИТ. Освен тоа,учебното помагало може да биде користено и од студенти на другите технички факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и на останатите универзитети во Република Македонија. Според претходно изнесеното, слободна сум да го дадам следниов

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот за учебно помагало под наслов „**Збирка решени задачи од областа на линеарните дискретни динамички системи**“ од д-р Елизабета Лазаревска и м-р Весна Ојлеска ги задоволува потребите за изведување на вежбите по предметот **линеарни динамички системи**. Ова учебно помагало може да се користи и во наставата по други сродни предмети на ФЕИТ, како и на други факултети на универзитетите во Република Македонија. Неговото издавање е корисно и потребно бидејќи литературата од овој тип на македонски јазик е оскудна или не постои, а на студентите им се ускратени можностите за поефикасно совладување на предметните содржини по наведените и сродни предмети.

Според тоа, со задоволство можам да му предложам на ННС да го прифати овој извештај и трудот под наслов „**Збирка решени задачи од областа на линеарните дискретни динамички системи**“ од авторите д-р Елизабета Лазаревска и м-р Весна Ојлеска да биде издаден како учебно помагало.

Скопје, 15.6.2011

**Рецензент**

Ред. проф. д-р Татјана Колемишевска-Гугуловска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО „ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ОД ОБЛАСТА НА ЛИНЕАРНИТЕ ДИСКРЕТНИ ДИНАМИЧКИ СИСТЕМИ“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА ЛАЗАРЕВСКА И М-Р ВЕСНА ОЈЛЕСКА

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата редовна седница одржана на ден 22.12.2010 год., донесе одлука заведена под број 02-3617/47, за избор на двајца рецензенти за рецензирање на материјалот за учебно помагало под наслов **„Збирка решени задачи од областа на линеарните дискретни динамички системи“** од авторите проф. д-р Елизабета Лазаревска и м-р Весна Ојлеска.

Со оваа одлука за рецензенти се одредени проф. д-р Татјана Колемишевска-Гугуловска и проф. д-р Стојче Десковски. Секој од рецензентите, според одлуката, треба да напише посебна рецензија за трудот и да ја достави до Наставно-научниот совет на ФЕИТ во рок од 2 месеца од денот кога одлуката им е доставена на рецензентите.

По прегледот на доставениот материјал за учебно помагало под наслов **„Збирка решени задачи од областа на линеарните дискретни динамички системи“**, јас, проф. д-р Стојче Десковски, во својство на еден од рецензентите, го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Текстот на поднесениот ракопис за учебно помагало е кириличен, подготвен на компјутер, содржи 321 нумерирана страница А4-формат со 141 слика, инкорпорирани во соодветните поглавја. Трудот има содржина во која се наведени, покрај предговорот, пет нумерирани наслови во кои се обработува предметната материја, прилози и литература.

Учебното помагало под наслов **„Збирка решени задачи од областа на линеарните дискретни динамички системи“** е подготвено за потребите на вежбите по предметот **линеарни динамички системи,** кој го слушаат студентите на насоката компјутерско системско инженерство и автоматика – КСИА во IV семестар на студии (2. година).

Авторите на трудот проф. д-р Елизабета Лазаревска и м-р Весна Ојлеска се реализатори (наставник и асистент) на програмата по предметот **линеарни динамички системи**, па оттаму и ракописот на учебното помагало е настанат како резултат на подготовките за предавања и вежби по овој предмет во минатите години, што упатува на фактот дека решените задачи се повеќекратно проверени и коректни.

Материјалот за учебно помагало главно содржи решени задачи кои се коректно изработени, а опфатот на решените проблеми во поголем дел ги покрива програмските содржини од предметната програма на предметот **Линеарни динамички системи.**

Обработката на задачите е квалитетно направена при што, покрај дефиницијата на задачите и нивните решенија кои се целосно изведени, дадени се и неопходни

објаснувања, а каде што било потребно дадени се соодветни слики и графички прикази на решенијата.

При прегледот на материјалот воочени се одредени грешки со чија корекција ќе се подобри квалитетот на учебното помагало. Забелешките на текстот и воочените грешки кои се од **технички и методолошки карактер** се нотирани во добиениот материјал или им се соопштени на авторите во посебна форма.

Содржината и формата во која е изработен материјалот за учебно помагало сигурно ги задоволува потребите за реализација на програмата по предметот **линеарни динамички системи.** Ова учебно помагало може да се користи и во наставата по други предмети на ФЕИТ, како на пример *теорија на системи, системи на автоматско управување* итн. Освен тоа, учебното помагало може да биде корисно и за студентите на други технички факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како и на останатите универзитети во Република Македонија.

Поаѓајќи од оваа поширока цел и од фактот дека издавањето на учебното помагало е во надлежност на Универзитетот, потребно е материјалот да биде квалитетно изработен како во стручна така и во техничка и методолошка смисла. Затоа се предлага авторите да ги погледнат забелешките и предлозите дадени во Прилог 1 на овој извештај и да направат одредени корекции на текстот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот за учебно помагало под наслов **„Збирка решени задачи од областа на линеарните дискретни динамички системи"** од проф. д-р Елизабета Лазаревска и м-р Весна Ојлеска ги задоволува потребите на вежбите по предметот **линеарни динамички системи,** кој го слушаат студентите на насоката компјутерско системско инженерство и автоматика – КСИА во IV семестар на студии. Ова учебно помагало може да се користи и во наставата по други сродни предмети на ФЕИТ, како и на други факултети на универзитетите во Република Македонија. Неговото издавање е корисно и потребно бидејќи литературата од овој тип на македонски јазик е оскудна или не постои, а на студентите им се ускратени можностите за поефикасно совладување на предметните содржини по наведените и сродни предмети.

Имајќи го предвид изложеното, со задоволство можам да предложам доставениот материјал под наслов **„Збирка решени задачи од областа на линеарните дискретни динамички системи"** од авторите проф. д-р Елизабета Лазаревска и м-р Весна Ојлеска, по отклонувањето на дадените забелешки во Прилог 1, да се издаде како учебно помагало за предметот **линеарни динамички системи** кој го слушаат студентите на насоката компјутерско системско инженерство и автоматика на ФЕИТ, како и за поширока употреба за други предмети и на други факултети на универзитетите во Република Македонија.

Скопје, 9. 6.2011

**Рецензент**

Ред. проф. д-р Стојче Десковски с.р.

**ПРИЛОГ 1**

## ЗАБЕЛЕШКИ И ПРЕДЛОЗИ

**за подобрување на квалитетот на ракописот за учебно помагало под наслов „Збирка решени задачи од областа на линеарните дискретни динамички системи“ од авторите проф. д-р Елизабета Лазаревска и м-р Весна Ојлеска**

1. Предговорот не е напишан иако е наведен во содржината.
2. Во содржината на учебното помагало не е предвиден **Вовед.** Воведот е важен елемент во секоја книга и корисно би било да го има. Воведот вообичаено се нумерира како прва глава (поглавје) во секоја книга.
3. Во содржината, нумерацијата на насловите не е коректна (постојат два наслова нумерирани со ист број 5).
4. Нумерацијата на формулите е на левата страна, а вообичаено и подобро е да се користи нумерација на десната страна на страниците.
5. Формулите треба да се центрираат по средината на страниците
6. Сликите да се центрираат по средина
7. Текстот под сликите исто така треба да биде центриран по средина
8. Стручната терминологија која се користи во текстот е коректна. Има термини кои можат да се коментираат, но во услови кога не постои стандардизирана стручна терминологија на македонски јазик тешко е да се зборува за тоа дали некој термин е коректен или не е.

   На пример:

   **диферентна равенка** или **диференцна равенка**, ако претходно зборуваме за **конечни разлики** или **диференции.**

Скопје, 09.06.2011

**Рецензент**

Ред. проф. д-р Стојче Десковски с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК - АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА СТАТИСТИКАТА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 24.6.2011 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на соработник - асистент по група предмети од областа на статистиката.

На конкурсот објавен во „Утрински весник" на 14.6.2011 година (вторник), се пријави само кандидатката Марија Трпкова, досегашен помлад асистент по група предмети од областа на статистиката на Економскиот факултет во Скопје. На конкурсот не пристигнаа документи од други кандидати.

По проучувањето на поднесената документација, како членови на Рецензентската комисија, чест ни е и задоволство да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Биографски податоци

Кандидатката **Марија Трпкова** е родена на 22.2.1981 година во Скопје. Основното и средното образование ги завршила во Скопје со континуиран одличен успех. Во учебната 1999/2000 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје, каде што студиите ги завршила во 2003 година, на департманот сметководство и ревизија, со просечна оценка на положени испити 9,45 и се стекнала со звањето **дипломиран економист**. За време на студиите била ангажирана како демонстратор по предметите статистика за бизнис (2001-2003 година) и основи на сметководството (2003 година).

Во периодот мај 2004 – декември 2006 година работела во Т-Мобиле Македонија АД - Скопје, како **маркетинг аналитичар** во Секторот за маркетинг. На 22.9.2006 година е избрана за помлад асистент по група предмети од областа на статистиката, на кое работно место работи почнувајќи од 15.12.2006 година, па с# до денес.

Кандидатката Марија Трпкова била запишана на постдипломски студии на Економскиот факултет, Универзитет во Белград, на отсекот Статистичка анализа, каде што предвидените десет испити ги положила во рок од јуни 2007 до септември 2008 година со просечен успех 9,78. Во јули 2010 година успешно го одбранила магистерскиот труд со наслов „Класификациони процедури во мултиваријационата статистичка анализа", со што се стекнала со звањето **магистер на статистички науки**.

## 2. Наставно-образовна и научно-стручна дејност

Кандидатката Марија Трпкова, во периодот од нејзиниот избор за помлад асистент до денес, покажа забележителна активност на полето на наставно-образовната дејност. Притоа, особено внимание заслужуваат нејзините ангажмани во:

1. **изведувањето на вежби по предметот статистика за бизнис и економија;**
2. **активното учество во спроведувањето на наставата по предметот демографија;**
3. **активното учество во спроведувањето на наставата и изведувањето на вежби по предметот анализа на временски серии кој на Економскиот факултет во Скопје за прв пат е воведен во учебната 2010 / 2011 година.**

Студентите се особено задоволни од нејзините наставни активности и од поддршката која им ја дава при подготвувањето на испитите. Во прилог на ова зборуваат и направените анкети за самоевалуација на Факултетот.

Кандидатката е учесник во проектот на Министерството за образование и наука со наслов **„Анализа на економската одржливост на концептот Овластен економски оператор (ОЕО) во Република Македонија според правилата на Светската трговска организација (СТО)"**. Проектот е започнат во 2010 година.

Со цел приближување на статистичките методи и техники во решавањето на сложените деловни проблеми во бизнис – секторот и во невладиниот сектор, кандидатката учествуваше во организација и реализација на две стручни обуки и во изработка на стручно истражување:

1. **Обука „Основи на макроекономија"** за вработени во T-Home и T-Mobile Македонија. Обуката била спроведена во периодот декември 2010 година, во просториите на Т-Хоме Македонија. Целта на обуката била запознавање со макроекономските и статистичките показатели кои ги објавуваат овластените национални институции (Државен завод за статистика, Народна банка на Република Македонија).
2. **„Статистичка едукација на вработени во Т-Мобиле Македонија"**. Обуката била спроведена во периодот декември 2009 година, во статистичката лабораторија на Економскиот факултет. Со обуката било опфатено спроведување на основна статистичка анализа со користење на статистичкиот софтвер СПСС.
3. **Стручно истражување „Можности и капацитети на субјектите кои се дирекно вклучени во системот на управување со кризи на локално ниво"**. Организатори на истражувањето биле UNDP и Црвен крст на Република Македонија, а било спроведено во јули 2009 година.

Во овој извештај мора да се истакне и оспособеноста на кандидатката за изработка на солидни квантитативни анализи. Таа одлично ги познава **статистичките софтверски пакети SPSS** и **Minitab**, како и **економетрискиот софтвер E-Views**. Покрај нив, таа одлично работи со **Microsoft Office** програмите. Има солидни познавања од **Oracle 9i Data Warehouse (user version)**, програма за работа со бази на податоци и креирање извештаи, како и графичката програма **Photoshop**.

Кандидатката се има стекнато со сертификат за успешно завршена обука на тема **„Претпристапни фондови на ЕУ, Програми на заедницата и основи**

**за пишување на предлог - проекти"** во организација на Стопанската комора на Македонија во периодот јануари 2010 година.

Во периодот од повторниот избор во звањето помлад асистент до денес, кандидатката Марија Трпкова ги има објавено следниве **11 научни и стручни трудови**:

**2010**

- **„Determinants of economic growth in South East Europe: A panel data approach"** – Perspectives of Innovations, Economics and Business, Volume 7, 2011. Издавач: Prague Development Center, Czech Republic. Коавтор: Билјана Ташевска (помлад асистент на Економскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
- **„ Strategic planning practice in transition economies: empirical evidence from the Macedonian context"** – Business and Economic Horizons, Volume 4, 2011. Издавач: Prague Development Center, Czech Republic. Коавтор: Стојан Дебарлиев (доцент на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје).
- **„Примена на Kruskal – Wallis – овиот тест во анализа на демографските миграциони фактори во Република Македонија"**, Годишник на Економскиот факултет, Том 45, Скопје, 2010 година.
- **„Применета дискриминациона анализа во оценка на потенцијалните ЕУ членови"** – The Young Economists Yournal, Year VIII, No. 15, November 2010. Издавач: University of Craiova, Faculty of Economics and Business Administration, Romania. Коавтор: Драган Тевдовски (доцент на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје).
- **„Светската економска криза и нејзиното влијание на пазарите на труд при земјите од западниот Балкан"** – The Young Economists Yournal, Year VIII, Special Issue November 2010. Издавач: University of Craiova, Faculty of Economics and Business Administration, Romania. Коавтор: Славе Ристески (редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје).

**2009**

- **„Двостепена кластер анализа: Сегментација на најголемите македонски компании"** – Зборник на трудови од меѓународната научна конференција, „Предизвици за анализа на економијата, бизнисот и општествениот развој", Сегед (Унгарија), 2009 година. Коавтор: Драган Тевдовски (доцент на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје).
- **„Моделирање на волатилноста на Македонската берза"** – Зборник на трудови од меѓународната научна конференција „Предизвици за анализа на економијата, бизнисот и општествениот развој", Сегед (Унгарија), 2009 година. Коавтор: Драган Тевдовски (доцент на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје).
- **„Детерминанти на странските директни инвестиции во земјите од југоисточна Европа"** – Зборник на трудови од Третата меѓународна научна конференција: „Регионална соработка и економско интегрирање – предизвици и можности", Економски факултет – Скопје во соработка со Царинската управа на Република Македонија, Скопје, 2009 година. Коавтор: Билјана Ташевска (помлад асистент на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје).

- **„Влијанието на глобалната рецесија и одговорот на економската политка – случај со македонската економија"**, Монографија, Том 1, од меѓународната научна конференција „Економска политика и глобална рецесија", Економски факултет – Белград, 2009 година. Коавтори: Леонид Наков (доцент на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Драган Тевдовски (доцент на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје).
- **„Хиерархиска кластер анализа: Потенцијали за развој на туризмот на слабо развиените општини во Република Македонија"** – Зборник на трудови, 26. Симпозиум за операциони истражувања SYM-OP-IS 2009, Ивањица, 2009 година. Коавтор: Владимир Васиќ (доцент на Економскиот факултет при Универзитетот во Белград).
- **„Моделирање на неформалната економија во ЕУ: Метод на структурни равенки"**, Годишник на Економскиот факултет, Том 44, Скопје, 2009 година.

Во овој дел од рефератот ќе биде даден краток осврт на објавените трудови на кандидатката.

- **„Determinants of economic growth in South East Europe: A panel data approach".**

Целта на овој труд е да ги идентификува основните детерминанти на економскиот раст во земјите од Југоисточна Европа. Процентуалната промена на бруто домашниот производ претставува променлива со која се апроксимира економскиот раст во анализата. Се користи економетриски модел кој користи панел од податоци за осум земји со слични економски, политички и културни карактеристики: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Македонија, Црна Гора, Романија и Србија. Разгледуваниот период е 1995 – 2008 година. Тестови на единечен корен се користат за сите променливи во моделот. Некои од променливите се диференцираат за да станат стационарни, со што се подобрува моделот. Емпириските резултати покажуваат дека индустриското производство, надворешната трговија, намалувањето на корупцијата, фискалната слобода, приватизацијата на големите компании, работната сила, производството на електричната енергија и индексот на економската слобода се некои од основните фактори на кои креаторите на политиките од земјите од Југоисточна Европа треба да се фокусираат со цел да се достигне значајно зголемување на економскиот раст.

- **„ Strategic planning practice in transition economies: empirical evidence from the Macedonian context".**

Целта на оваа студија е да истражи поопсежна листа на фактори за кои се претпоставува дека имаат влијание на стратегиското планирање. Вкупно 212 прашалници се реализирани во компании во Република Македонија, различни по големина, старост, вид на дејност со која се занимаваат и вид на сопственост. Со цел да се анализираат променливите кои се детерминант на стратегиското планирање, се користи повеќекратна праволиниска регресија. Големината на бизнисот, контролата во бизнисот, спремноста за промени во операциите, флексибилноста на бизнисот и природата на организациската структура се многу важни фактори во претпријатијата кои имаат значајна корелација со појавата на стратегиското планирање. Практичната примена на оваа студија е да придонесе менаџерите на различно ниво подобро да ја разберат природата и улогата на стратегиското планирање во нивните организации, а со тоа и да влијаат на некои фактори на менаџмент структурата со цел да ја подобрат практиката на стратегиското планирање во своите компании и воопшто, подобрување на организациската конкурентност и ефективност.

- **„Примена на Kruskal – Wallis – овиот тест во анализа на демографските миграциони фактори во Република Македонија".**

Учеството на мигрантското население во вкупното население во Република Македонија во последните неколку децении бележи значителен пораст. Сè поголемата емиграција, пред сè на младото работоспособно население, значително ја менува демографската структура, го забрзува процесот на демографско стареење на популацијата и индиректно има негативно влијание врз економскиот раст на земјата. Со цел да се влијае на миграционите движења, тие треба да бидат детално анализирани за да се откријат нивните демографски, економски и останати детерминанти. Целта на овој труд е да ги идентификува основните демографски фактори со успешна примена на непараметарскиот тест Kruskal - Wallis .

- **„Применета дискриминациона анализа во оценка на потенцијалните ЕУ членови".**

Целта на овој истражувачки труд е да открие кои земји од европскиот контитент се најпогодни за влез во Европската унија со користење на мултиваријационот метод – дискриминациона анализа. Дискриминационата анализа е корисна за изградба на модел за одвојување на групи на припадност врз основа на разгледуваните карактеристики за секоја земја. Оваа анализа се користи за да се моделира вредноста на зависната прекината (категоричка) променлива „ЕУ членство" врз основа на нејзиниот однос со седум независни променливи кои се важни за членството во Европската унија. Добиените резултати покажуваат дека сите земји од ЕУ точно се класифицирани како членки на ЕУ. Од друга страна, Хрватска, Норвешка, Србија, Швајцарија, Турција и Украина не се членки на ЕУ, но според резултатите, тие би требало да бидат. Бидејќи Норвешка и Швајцарија не се членки од неекономски причини, анализата укажува дека Хрватска, Србија, Турција и Украина се најпогодни кандидати за нивна интеграција во ЕУ.

- **„Светската економска криза и нејзиното влијание на пазарите на труд при земјите од Западниот Балкан".**

Глобалната финансиска и економска криза има сериозно влијание на земјите од Западниот Балкан. Во овој труд фокусот е на пазарот на работна сила и решенијата кои ги нудат макроекономските политики. Невработеноста расте во две земји каде што влијанието е најголемо, Србија и Хрватска, додека таа е помала, иако на високо ниво, во Босна и Херцеговина. Во другите земји од Западниот Балкан, ефектот на кризата врз пазарот на работна сила е помал. Се разгледуваат четири групи на макроекономски одговори на кризата: монетарни политики, фискални политики, антикризни пакети и мерки за пазарот на работна сила и мерки на социјалната политика. Заклучокот е дека монетарните и фискалните политики на земјите од Западниот Балкан имаат регресивен ефект на дистрибуцијата и сиромаштијата. Владите користат социјални мерки да ги амортизираат нивните негативни ефекти.

- **„Двостепена кластер анализа: Сегментација на најголемите македонски компании".**

Целта на овој труд е да се прикаже примената на двостепената кластер анализа во сегментацијата на македонските компании. Со цел да се открие нивната структура, се користат следните непрекинати (континуирани) променливи: вкупен приход на компанијата во 2007 година, вкупен приход на компанијата во 2006 година, профит пред оданочување во 2007 година, раст на приходот во 2007 година во однос на 2006 година и број на вработени. Една прекината (категоричка) променлива е вклучена, вид на дејност. Добиеното решение предлага четири групи или кластери на компании. Првиот кластер ги опфаќа најуспешните компании со

високи приходи, висок профит и стабилен раст. Ова се компании кои се занимаваат со комуникации, електрична енергија и производство и тие апсобираат значаен дел од работната сила. Вториот тип претставуваат компании со помали приходи и профит во однос на првиот кластер, но сепак поголеми во однос на просекот. Ова се компании кои се занимаваат со производство и имаат стабилен раст. Третата група има компании со незначително помали приходи и профит од втората група, но разликата е во тоа што овие компании имаат висока стапка на раст на приходите, односно компании кои имаат потенцијал. Дејностите со кои тие се занимаваат се услуги, телекомуникации и транспорт. Четвртиот кластер ги содржи најмалите компании со најмали приходи, профит и број на вработени. Овие компании ќе се развиваат и понатаму, но со многу помала стапка од оние во третата група. Овие компании се занимаваат со трговија на големо и трговија на мало. Резултатите од овој труд се корисни бидејќи тие ја прикажуваат основната структура на најголемите македонски компании. За потенцијалните инвеститори оваа анализа е информација за најпрофитабилните дејности во земјата. За владата, резултатите од анализата кажуваат кои индустрии доминираат во најуспешните компании, така што владата може да придонесе кон нивниот развој преку изградба на инфраструктура, факултетско образование, даночно олеснување и низа други мерки.

- **„Моделирање на волатилноста на Македонската берза".**

Овој труд го истражува однесувањето на приносот на акциите на новите берзи, поточно на Македонската берза. Фокусот е на односот помеѓу приносот и условната волатилност на македонскиот берзански индекс (МБИ10). Се тестира теоријата која вели дека негативниот шок на финансиските временски серии многу веројатно може да предизвика раст на волатилноста многу повеќе од позитивен шок со иста големина. На крајот на овој труд се истражува точноста на предвидувањата спроведени во анализата.

- **„Детерминанти на странските директни инвестиции во земјите од Југоисточна Европа".**

Способноста да се привлече странскиот капитал носи потенцијални користи за земјите во развој. Целта на овој труд е да ги открие главните детерминанти на странските директни инвестиции во земјите од Југоисточна Европа. Спроведен е економетриски модел со панел анализа на податоци за осум земји: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Македонија, Црна Гора, Романија и Србија. Спроведени се тестови на единечен корен и доколку е потребно, диференцирање на променливите. Емпириските резултати укажуваат дека фискалната слобода, растот на стапката на бруто домашниот производ, популацијата, девизниот курс, тековната сметка како процент од бруто домашниот производ, индексот на деловна слобода и правата на сопственост се фактори кои креаторите на политики во земјите од Југосточна Европа треба да ги земаат предвид при привлекување на странските директни инвестиции.

- **„Влијанието на глобалната рецесија и одговорот на економската политка – случај со македонската економија".**

Целта на овој труд е да го прикаже влијанието на светската криза во Република Македонија и решенијата кои ги нуди економската политика. Ефектите на глобалната рецесија се чувствуваат во речиси сите сектори во земјата. Кај финансискиот сектор, ефектот најдобро се согледува на берзата каде што берзанскиот индекс бележи пад од над 80% во периодот септември 2008 - мај 2009 година. Овој тренд главно е резултат на намалување на портфолио инфестициите. Банкарскиот сектор остана стабилен. Комерцијалните банки се покажаа отпорни на првите удари на кризата, главно поради конзервативниот банкарски модел.

Кредитите се главно финансирани од депозити. Коефициентот кредити во однос на депозити изнесува 88%. Инвестиционото банкарство речиси и да не постои. Ефектите на реалниот сектор се трансферираат преку намалената побарувачка за извозни добра. Индустриското производство се намалува за 10,8% во првиот квартал од 2009 година во однос на истиот период во 2008 година. Како резултат на тоа, се зголемува стапката на невработеност. Земјата се соочува со силен рецесионен притисок и ризик. Дефицитот на тековната сметка е основниот ризик за макроекономската стабилност и раст на македонската економија. Растот на дефицитот е голем, во 2008 година тој изнесува 12,7% од бруто домашниот производ на Македонија, додека во 2006 година тој изнесувал 0,9% од националниот бруто домашен производ. Причините за овој раст се лоцирани кај трговската размена. Дополнително, приватните трансфери веќе не покриваат значаен дел од трговскиот дефицит. Со ова, потребата за екстерно финансирање е на високо ниво. Народната банка на Република Македонија е посветена на одржување на макроекономската стабилност на земјата. Монетарната политика е одговор на експанзивната фискална политика. Владата ја охрабрува фискалната експанзија. На крајот на овој труд се предложуваат антикризни мерки за македонската економија.

- **„Хиерархиска кластер анализа: Потенцијали за развој на туризмот на слабо развиените општини во Република Македонија".**

Една од поважните процедури за сегментација и класификација на општините е хиеархиската кластер анализа. Врз основа на оваа анализа се извршува поделба на општините на неколку хомогени кластери, со што значајно се поедноставува проблемот на стратегиите за развој на слаборазвиените општини. Проблемот на слаборазвиените општини е големата невработеност на работоспособното население, така што со развојот на трудоинтензивните дејности (туризмот), проблемот на невработеност значајно се решава. Хиеарахиската кластер анализа овозможува согледување кои општини припаѓаат на формираните хомогени кластери, како и кои се нивните предности за развој на дадената економска дејност.

- **„Моделирање на неформалната економија во ЕУ: Метод на структурни равенки".**

Целта на овој труд е моделирање и оцена на неформалната економија во земјите од Европската унија со користење на моделот на повеќекратни индикатори и повеќекратни причинители (MIMIC – Multiple Indicators and Multiple causes). Моделот ги вклучува индексите на потрошувачките цени, девизниот курс, државната потрошувачка, краткорочните каматни стапки, долгорочните каматни стапки, стапката на невработености, даночните приходи и наемнините како причинители на сивата економија. Бруто домашниот производ, монетарниот агрегат M1 и монетарниот агрегат M3 претставуваат индикатори на неформалната економија. Резултатите покажуваат дека главните причинители на сивата економија во ЕУ се државната потрошувачка, инфлацијата и девизниот курс, како и потврди позитивна врска помеѓу неформалната економија и монетарниот агрегат M1. За креирање на моделот и оцената на параметрите се користи софтверот за структурни равенки LISREL (Linear structural equations). При анализата на нестационарност на променливите се користи економетрискиот софтвер E - Views.

Кандидатката е еден од авторите (заедно со проф. д – р Славе Ристески и доц. д – р Драган Тевдовски) на универзитетскиот учебник со работен наслов „Анализа на економски временски серии", кој би требало да излезе во печат во текот на 2011 година.

### 3. Заклучок и предлог

Од претходно изнесеното произлегува дека кандидатката помл. ас. м – р Марија Трпкова продолжила да ја развива својата наставна, стручна и научна дејност и по нејзиниот избор во звањето помлад асистент на Економскиот факултет во Скопје. Поради тоа, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, м – р Марија Трпкова да ја избере за асистент по група предмети од областа на статистиката.

Скопје, 1.7.2011 година

Членови на Комисијата

1. Проф. д - р Славе Ристески, с.р.

2. Проф. д - р Драге Јанев, с.р.

3. Проф. д - р Весна Буцевска, с.р.

# Рецензија

**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ВЛИЈАНИЕТО НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПЛАНОВИ НА ДИСКОНТИНУИРАНАТА ПРОСТОРНА ТРАНЗИЦИЈА НА ГРАДОТ СКОПЈЕ ВО ДВАЕСЕТТИОТ ВЕК", ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р ДИВНА ПЕНЧИЌ, ДИПЛ.ИНЖ.АРХ., ПРИЈАВЕНА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ, ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**

Со одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методија" во Скопје, бр. 08 – 6/52 од 30.6.2011, избрани сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов „Влијанието на урбанистичките планови на дисконтинуираната просторна транзиција на градот Скопје во дваесеттиот век", од кандидатот м-р Дивна Пенчиќ, дипл.инж.арх. Докторската дисертација е пријавена во 2008 година и одобрена за изработка согласно со Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Извештајот бр. 07-207/2 од 11.11.2008 год. од Комисијата за утврдување подобност на темата и кандидатот за научна работа и одлуката на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје бр. 28/72 од 31.12.2008 год. Дисертацијата е предадена во архивата на Архитектонскиот факултет на 13.6.2011 година и е заведена под архивскиот број 07 - 188/1.

За да се утврди веродостојноста на научниот придонес и стручните податоци преку запознавање на стручната и научната професионална јавност, апстрактот од докторската дисертација беше испратен до Друштвото за урбанизам, архитектура и инженеринг „ЗУАС" од Скопје, Секторот за планирање и уредување на просторот на градот Скопје, проф. д-р Михаило Зиков од Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во состав на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј " во Скопје, Агенцијата за планирање на простор на Република Македонија, ИН-ПУМА Институтот за урбанизам, сообраќај и екологија од Скопје и доц. д-р Љиљана М. Василевска од

Катедрата за урбанизам и просторно планирање при Градежно-архитектонскиот факултет од Ниш. Сите пристигнати мислења се едногласни во афирмирањето на оригиналниот научен придонес на докторската дисертација и на исклучителната полза која урбанистичката научна професионална заедница ќе ја има од систематизацијата на историската граѓа, собраната и анализираната планерска документација, како и графичката и нумеричката анализа и обработка на урбанистичките решенија и нивните структурални елементи.

Комисијата ги зеде предвид сите пристигнати стручни мислења, ја прегледа доставената докторска дисертација и го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Трудот е презентиран на 226 страници со 187 илустрации, 36 табели, 32 графикони, 51 фуснота и 126 библиографски единици. Во дополнението се дадени и прилози кои опфаќаат илустрации, дијаграми, табели и графикони, планови и графички анализи.

Дисертацијата е содржински структурирана во четири основни поглавја и тоа:

Првото поглавје, насловено како **Воведни разгледи**, е обработено на 20 страници и е поделено на шест дела:

1.1. Воведни напомени

1.2. Проблемска област и предмет на истражувањето

1.3. Цели на истражувањето

1.4. Методологија и документациона основа

1.5. Појдовни хипотези

1.6. Истражувачки резултати.

Второто поглавје, насловено **Планирање на урбаната структура на Скопје: аналитички приказ на генералните урбанистички планови од 1914 до 1985 и некои**

**аспекти од процесот на нивното спроведување**, е обработено на 112 страници и е поделено на два дела:

2.1. Првите урбанистички идеи: деотоманизација и воспоставување на визија за европски град

2.2. Идеите на повоениот модернизам и формулација на ново Скопје: зонирање и воспоставување на визија за социјалистички град.

Третото поглавје, насловено **Просторна транзиција на градот Скопје од 1914 до 1985 година: анализа на влијанијата на урбанистичките планови на континуитетот на просторниот развој на градот**, е обработено на 57 страници и е поделено на четири дела:

3.1. Структурална анализа на степенот и природата на планираните промени: од постојна состојба до планско решение

3.2. Структурална анализа на континуитетот на планските концепти: од планско решение до планско решение

3.3. Структурална анализа на степенот на реализацијата на плановите: од планско решение до реализација во просторот

3.4. Структурална анализа на степенот и природата на реалниот просторен развој на градот: од постојна состојба до постојана состојба

И четвртото поглавје, насловено **Заклучни согледувања**, е обработено на 37 страници и е поделено на три дела:

4.1. Влијанија на урбанистичките планови на просторниот развој на градот Скопје

4.2. Степен на дисконтинуитетот во просторната транзиција на градот

4.3. Принципи на континуитетот во планирањето и насоки за идниот просторен развој на градот

Во воведното поглавје се образложуваат основните поими на кои се темели истражувањето, се дефинира проблемската област која е во фокусот на истражувачкиот интерес, потесно се дефинира проблемот на дисконтинуитетот на

просторнофизичкиот развој на градот и се воспоставува методолошката и теориската основа врз која се темели поспецифичната структурална анализа на планските концепти, урбанистичките решенија и просторнофизичките состојби и градителските реализации во урбаната транзиција на градот Скопје.

Во ова истражување се поаѓа од премисата дека во просторната транзиција на Скопје, урбанистичките планови имаат големо влијание врз дисконтинуитетот на изградената физичка структура на градот. Имено, во транзицијата на градот, урбанистичките планови се сублимиран одраз на променливите општествено-политички услови, територијалната организација на градот, неговото значење како центар на одредена административна територијална единица или главен град, и , на крајот, тие се одраз на професионалната и националната потрага кон сопствениот идентитет која секогаш претставува егзистенцијална борба за место во космосот, но и креативна авантура во усвојувањето на сопствениот светоглед и на професионалната урбанистичка планерска мапа на обрасци и концепти. Трансформацијата на градот е поттикната во целиот век од низа промени на светогледи кои се реализирале и во планерската област со готови одлуки кои се спроведувале од горе надолу, со наметнати идеолошки и планерски концепти, кои во ниту еден случај не воделе голема грижа за затекнатите и претходните состојби на градот.

Во второто поглавје е спроведен аналитички приказ на генералните урбанистички планови до 1914 до 1985 година и некои аспекти од процесот на нивното спроведување. Во анализата се препознаваат два плански периоди според основните и концептуалните карактеристики на плановите кои се класифицирани како:

- период на првите урбанистички идеи за Скопје, односно период на деотоманизација и воспоставување на европски град, претставени преку конкурсниот труд на српскиот арх. Димитрије Т. Леко од 1914 и Генералниот регулационен план за град Скопје од арх. Јосиф Михајловиќ од 1929, и
- вториот период на повоениот модернизам и формулацијата на ново Скопје, период на прифаќање на идеите на CIAM и воспоставување на социјалистички град, претставен преку Генералниот регулационен план на град Скопје од чехословачкиот архитект Лудек Кубеш од 1948, постземјотресниот Основен урбанистички план на Скопје, изработен од Полсервис Варшава, Доксијадис

Атина и Завод за урбанизам и архитектура на Скопје од 1965, и Основниот урбанистички план на град Скопје - изменување и дополнување од Завод за урбанизам на Скопје од 1985 год.

Истражувањето на овие клучни урбанистички планови и нивното влијание врз просторната транзиција на градот Скопје се однесува на препознавање на условите под кои овие планови настанале и какви се последиците во просторниот развој на градот кои тие ги предизвикуваат. Од условите во кои настанале урбанистичките планови во истражувањето се третирани: историскиот период и општествено-политичките услови, легислативните рамки во кои настанувале плановите, карактеристиките на планерскиот пристап, авторскиот израз, усвоените планерски парадигми и затекнатата состојба на градот во смисла на изградените физички структури. Последиците во просторниот развој на градот кои ги предизвикува спроведувањето на урбанистичките планови се проследуваат во поглавјето преку реализацијата (или отсуството на реализација) на планираните инфраструктури, на поголеми урбани зафати и на важните јавни објекти.

Во третото поглавје се извршени конкретни анализи на фактичкото влијание на урбанистичките планови на континуитетот на просторниот развој на градот Скопје, со цел да се детектираат точките на дисконтинуитет во просторниот развој, односно транзицијата, да се пондерира степенот, односно магнитудата на овие појави и да се утврди под кои услови тие настануваат. Спроведена е структурална анализа на: степенот и природата на планираните промени - од постојните состојби до планските решенија, континуитетот на планските концепти - од планско решение до планско решение, степенот на реализација на плановите - од планско решение до реализација на просторот, и, степенот и природата на реалниот просторен развој на градот - од постојна состојба до постојана состојба. Анализата е направена со помош на неколку препознатливи методолошки техники оригинално и ефикасно применети низ графичка апстракција. Тоа се јукстапозицијата или додавањето на новите плански одредени површини, инфраструктури или солитерни објекти, нивна суперпозиција или преклопување како техника за истакнување на разликите, супституција или замена кога се работи за целосно негирање на затекнатото и екстракција или одземање. Овие техники се употребуваат за контрастирање на неколкуте појави на континуитет или дисконтинуитет на карактеристичните елементи на физичката структура на градот, како

што се границата на градот и подрачјето на планскиот опфат, регулационата структура на градските блокови, просторната диспозиција на јавните објекти и структурата на уличните мрежи.

Во заклучното поглавје е направено сублимирање на сознанијата од спроведениот аналитички приказ на генералните урбанистички планови на градот Скопје од 1914 до 1985 година и анализата на влијанијата на овие планови на континуитетот на просторниот развој на градот. Во последното поглавје се изнесени следниве заклучни согледувања:

- Имајќи ги предвид сите пет разгледувани планови, може да се заклучи дека станува збор за пет различни општествено-политички опкружувања, кои претставуваат историски дисконтинуитети кои ја условуваа просторната транизиција на градот;
- Од аспект на легислативната рамка во која настанувале плановите, евидентирани се пресврти во правилата на игра како во областа на прометот и администрирањето со градежното земјиште, сопственоста на недвижнините, носителите на планирањето, до градителското законодавство и регулатива со кои се реализираат плановите;
- Карактеристиките на планерскиот пристап, авторскиот израз, усвоените планерски парадигми, можеби се еден од најкарактеристичните аспекти кои вилијаат на дисконтинуитетот во просторната транзиција на градот. Особено проблематично е што најпознатите автори на плановите имале мала врска со градот, па малку или воопшто не го познавале;
- Концептуалните решенија, настанати под влијание на претходно назначените услови, сепак се аспектот преку кој најмногу се отчитува дисконтинуитетот во просторната транзиција на градот Скопје. Во загрижувачки голем број на планови се евидентирани радикални промени во усвоените решенија и во однос на претходниот просторен концепт. Следење на концептуалното решение од претходниот план е забележано во планот од 1929 и најмногу во планот од 1985, додека останатите нудат комплетно различно концептуално решение од претходното;

- Анализата на транзициската линија „од состојба кон план" недвосмислено го покажува односот на планот, а со тоа на планираниот развој, кон затечената изградена структура на градот. Направената компарација покажува во сите случаи на воспоставување нова визија, разлики и во обем и во облик по сите планерски развојни принципи. Во разгледувањето по однос на вклучувањето на постојната физичка структура, претставена преку зафатената територија, изградените блокови и уличната мрежа, јасно се гледа дека таа многу малку се зема предвид и не се продолжува со надградување. Но, најголеми разидувања се појавуваат кога станува збор за јавните објекти и уличната мрежа. Причините за ваквите дисконтинуитети се детектираат во проблемот со несоодветно изработените снимки на затечената состојба, но и кога станува збор за професионално изработени подлоги, тие малку се земаат предвид при исцртувањето на новите визии. Друга причина за појавата на дисконтинуитет е секако и промената на парадигмите според кои се планира градот.
- Анализата на транзициската линија „од план во план" недвосмислено го покажува односот на плановите кон претходните идеи и визии за развој на градот. Направената компарација покажува дека во сите случаи во кои се воспоставува нова визија, постојат големи квалитативни и квантитативни по сите планерски развојни принципи. Во разгледувањето на вклучувањето на претходно планираната физичка структура во новите планови, претставено преку суперпозиција на зафатената територија, изградените блокови и уличната мрежа, јасно се гледа дека таа многу малку се зема предвид и не се продолжува со надоградување. Големи разидувања се појавуваат и кога станува збор за јавните објекти, секако како последица на различните методологии на изработка на планови, но и како последица на различните планерски концепти. Причините за ваквите недоследности и дисконтинуитети се детектираат во постојаното менување на општествено-политичките услови и желбата секој да остави свој белег врз градот.
- Анализата на транзициската линија „од план во реализација" го покажува вистинското влијание на самите планови на транзицијата на урбаното ткаење и структуралните елементи на градот - оваа анализа го прави очигледно она што останува од затечениот град по донесените плански визии за развој. Направената компарација покажува во сите случаи без исклучок нецелосно реализирана изградба. Од разгледувањето на реализацијата на планираната физичка структура,

јасно се гледа дека изградбата на градот во ниту еден случај не оди според зацртаните визии. Реализацијата на предвидените објекти е во уште помал обем, што се должи на дискрепанцата помеѓу амбициозните планови и слабите можности. Поради овие факти, просторниот развој на градот најчесто бил сведен на изградба на нови празни локации, кои биле полесни за експропријација, но поради кои градот постојано се ширел кон околното висококвалитетно обработливо земјоделско земјиште, и тоа со арбитрерни граници со неправилна форма и со празнини.

- Анализата на транзициската линија „од состојба во состојба" го покажува фактичкиот развој на градот, вистинските чекори во просторното ширење во разгледуваните временски секвенци помеѓу две снимени состојби на транзиција. Направената компарација покажува нелинеарна реализација на планираното – пунктуална или неправилна површинска изградба, но и стагнација па дури и смалување на територијата во некои екстреми.
- Воспоставувањето на плаузибилни насоки за идниот развој на градот Скопје, може да се базира на три клучни премиси. Првата е градот по себе, односно потребата да се прочита и претпостави што градот поседува како физичка, социјална, економска и културна матрица, и кој и колкав дел од оваа посебност треба да биде инваријантна во планирањето на развојот. Втората премиса е изборот на соодветен систем на планирање кој генерира плаузибилни обрасци на просторниот развој, а третата се самите планови, како документи во кои се прикажуваат поставените цели, задачи и упатства за изградба, кои мораат да го обезбедуваат вкупниот концептуален, урбанистички, планерски и градителски континуитет на градот. Имајќи предвид дека клучен аспект кој се разгледува во овој труд се вилијанијата кои плановите ги вршат на просторната транзиција на градот, акцентот на истражувањето е ставен повеќе на самите урбанистички планови кои се основните алатки преку кои се креира идниот развој.
- Анализата резултира со заклучок дека основна карактеристика на просторниот развој на Скопје е концептуалниот и функционалниот дисконтинуитет и фрагментацијата во конфигурацијата на физичките структури на градот, како последица на начинот на неговото планирање и влијанието кое го имаат урбанистичките планови.

- Имајќи ги предвид базичните услови во кои плановите настануваат, кои во трудот се идентификувани како историски, општествено-политички услови, легислативни, планерски, авторски, парадигматични и затечени, препораките и насоките во заклучокот на дисертацијата се однесуваат токму на нив.
- Суштината на вака посочените насоки за иден развој и основите врз кој може да се изработи иден плаузибилен генерален урбанистички план на градот Скопје е во обезбедувањето сериозен холистички пристап кон сите системски процеси на градскиот развој кои се дијахронични по својата природа, еден посеопфатен третман на урбаните тразиции кој ќе овозможи почитување и одржување на структуралниот и процесниот континуитет на структуралните елементи на градот. Овој пристап на одржување на континуитетот на сите нишки од просторната транзиција на градот би овозможил соодветно користење на вистинскиот развоен потенцијал што градот го има како изградена средина, општествен ресурс и општо добро, во просторнофизичка но и во духовна смисла.

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација со наслов „Влијанието на урбанистичките планови на дисконтинуираната просторна транзиција на градот Скопје во дваесеттиот век“ во фокусот на научниот интерес го има генералното урбанистичко планирање на градот Скопје во изминатиот век, во кое најверојатно се кријат суштинските карактеристики на просторнофизичкиот развој или, како што е дефинирано во образложението на тезата, на урбанистичкото, структуралното и морфолошкото поместување или транзиција на градот. Предмет на нејзиниот интерес е влијанието на урбанистичките планови на дисконтинуираната просторна транзиција на морфолошките, структуралните и функционалните елементи на градот Скопје, како и последиците кои тоа ги остава врз урбаната морфологија и вкупниот просторнофизички развој на градот.

Преку историска, структурална и урбанистичка анализа на релевантните фази на планирањето и изградбата на градот Скопје, во временскиот период кој се

истражува, во трудот се елаборира, се анализира и се презентира каде се точките, линиите и површините на развојниот дисконтинуитет во просторно временската транзиција на градот. Во трудот е направен сериозен научен обид да се одговори на прашањата за природата на овие планерски, концептуални но и развојни, просторнофизички дисконтинуитети, која е нивната содржина и вредност во синтаксичката и функционалната мапа на градот, под кои услови настануваат и кои се нивните последици. Во истражувањето се детектира и степенот на тој дискунтинуитет и тоа низ иновативни графички анализи на картите на градот: суперпозиција, јукстапозиција и екстракција на урбанистичките планови, геодетските карти на градот и неговите структурални елементи. Оваа анализа ги открива точките, јазлите, линиите и површините на дисконтинуалниот развој, било да се тие од концептуална планерска или од фактичка физичка природа. Професионалната заедница ќе има исклучителна научна полза од овој докторски труд, а особено од графичките и нумеричките податоци од компаративната структуралистичка анализа во трудот.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација високо го оцени квалитетот на докторската дисертација, акрибичноста во обработката на обемниот фактографски материјал и апликативноста на компаративните анализи од овој обемен научноистражувачки труд, и зазема едногласен став со задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет да ја прифати докторската дисертација со наслов „Влијанието на урбанистичките планови на дисконтинуираната просторна транзиција на градот Скопје во дваесеттиот век", од кандидатката м-р Дивна Пенчиќ, дипл.инж.арх., и да ја закаже нејзината јавна одбрана.

Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација

_________________________________

Проф. д-р Влатко П. Коробар, претседател с.р

_________________________________

Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, член с.р

_________________________________

Проф. д-р Зорица Блажевска, член с.р

_________________________________

Проф. д-р Стефанка Хаџи-Пецова, член с.р

_________________________________

Проф. д-р Мирослав Грчев, ментор с.р

Скопје, 4 јули 2011 година

РЕФЕРАТ
ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ОРГАНСКАТА ХЕМИЈА И БИОХЕМИЈА, НА ИНСТИТУТОТ ЗА ХЕМИЈА, ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр.07-142/2 од 24 февруари 2011 година, избрани сме за рецензенти по пријавата на д-р Наташа Ристовска, асистент во Заводот за органска хемија и биохемија, на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет, на објавениот конкурс во весниците „Дневник" и „Коха" на 26 јануари 2011 година за избор/преизбор на еден асистент од областа на органската хемија и биохемија, на Институтот за хемија при ПМФ. По прегледот на доставената документација, а и врз основа на личното познавање на кандидатот, чест ни е да го поднесеме следниов

ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Наташа Ристовска е родена на 1 декември 1969 година во Котор, Црна Гора. Средното образование го завршила во училиштето за средно образование „Гоце Делчев", насока: биотехнологија, во Куманово, постигнувајќи континуиран одличен успех. Во академската 1988 година се запишала на студии по хемија, препаративна насока. Како студент била вклучена во научно-истражувачката работа во рамките на макропроектот: „Употреба на талиумови минерали како детектори на неутриното со потекло од Сонцето". На собирот на студентите на природно-математичкте факултети од Југославија одржан во Тиват 1991 година, го освоила првото место за презентација на трудот под наслов Н.Гочева, М.Најдоски, Т.Стафилов, „Екстракција на сребро со дифенилтиокарбамид во n-бутилацетат и негово определување со електротермичка атомска апсорпциона спектрометрија". Дипломирала во 1992 година во Заводот за органска хемија и биохемија со одбрана на дипломската работа под менторство на д-р Богдан Богданов, постигнувајќи среден успех на студиите 9,58 (како втор по успех студент од генерацијата на Природно-математичкиот факултет во Скопје). Предвидените испити од постдипломските студии на Институтот за хемија при ПМФ во Скопје ги завршила во 1995 година со среден успех 10. Магистерскиот труд „СИНТЕЗА, РЕАКЦИИ И СТУКТУРНИ ИСПИТУВАЊА НА 3-АЦЕТОКСИ-4'-СУПСТИТУИРАНИ БЕНЗАНИЛИДИ И ТИОБЕНЗАНИЛИДИ", под менторство на д-р Лилјана Јовевска, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, го одбранила во 1999 година. Кандидатката во јануари 2008 година ја одбранила докторската дисертација со наслов „ОКСИДАЦИЈА НА ТИОАМИДИ СО Cr(VI) РЕАГЕНСИ", под менторство на д-р Фроса Анастасова, вонреден професор на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, со што се стекнала со научниот степен доктор по хемиски науки.

Веднаш по дипломирањето започнала волонтерски да изведува вежби по предметите на Заводот за органска хемија и биохемија, а во 1993 година била примена на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје

како стручен соработник. За помлад асистент била избрана во 1996 година, а за асистент во 1999 година, во кое звање е преизбирана.

***Наставно-педагошка дејност***

Во преизборниот период од студиските 2008/2009, 2009/2010 и 2010/2011 година, д-р Наташа Ристовска изведувала предавања под менторство на проф. д-р Фроса Анастасова и активно учествувала во оформувањето на наставата по предметот експериментална биохемија за студентите по хемија, насока: аналитичка биохемија. Во извештајниот период, за одбележување е активноста на кандидатката во поглед на воведувањето нови лабораториски вежби по споменатиот предмет и преводот на Rodney Boyer, Modern Experimental Biochemistry, 2000, 3$^{rd}$ ed, Benjamin Cummings, од што произлегува интерна скрипта за предавања и интерен практикум каде што се јавува како коавтор.

Како асистент, д-р Наташа Ристовска била вклучена во практичната настава на Заводот за органска хемија и биохемија со седмична ангажираност од преку дваесет часа, изведувајќи лабораториски и теоретски вежби по предметите: органска хемија за биохемичари I, органска хемија за биохемичари II, органска хемија I А ниво, органска хемија II А ниво, хемија на природни производи, хемија на природни производи I, хемија на природни производи II, експериментална биохемија, биохемија I, биохемија за хемичари I, органска хемија (биохемиско-физиолошка) и основи на органска хемија (еколошка и наставна насока) за студентите по биологија.

Д-р Наташа Ристовска активно учествувала во организирањето и осовременувањето на практичната настава преку изготвување упатства за работа, воведување на нови лабораториски и демонстрациски вежби од споменатите практикуми и изготвување на семинарски работи.

Како асистент, д-р Наташа Ристовска се одликува со одговорен пристап кон наставните задолженија, кои секогаш ги извршувала со ентузијазам и успех, како и со коректен и одговорен однос кон студентите и своите колеги асистенти и наставници.

Во извештајниот период д-р Наташа Ристовска била коментор на 11 одбранети дипломски работи од областа на органската синтеза и анализа, експерименталната биохемија и хемија на храна, пренесувајќи го своето теоретско и практично искуство. Значаен е придонесот и активноста во севкупната реализација на одбранетата специјалистичка работа под наслов „Оксидација на тиобензамид со Cr(VI) реагенси и следење на текот на реакцијата", од Аксу Самет, дипломиран инженер и професор по хемија во ПСУ „Јахја Кемаил". Активно била вклучена во изработката на магистерска работа со наслов „Компаративни хемиски анализи за квалитетните својства на суровината и соларно сушените домати од одделни сорти", одбранета на Факултетот за земјоделски науки и храна од страна на дипл. проф. по хемија Весна Богдановска-Мирческа.

*Научноистражувачка работа*

Научното поле на интерес на кандидатката е органската синтеза и анализа, особено изучувањето на условите при кои се одвива оксидацијата на синтетизираните тиобензамиди како моделни соединенија, како и следењето на текот на реакцијата со погодни методи и нивно оптимизирање. Во извештајниот период, д-р Наташа Ристовска посвети големо внимание на биохемијата на храна, давајќи решенија за проблемите преку модификација на методи за анализи во ниски концентрациски подрачја, кои можат да најдат широка примена поради достапноста на хемиските агенси, едноставната лабораториска апаратура, точноста и репродуцибилноста. Резултатите од научноистражувачката работа во реизборниот период, ас. д-р Наташа Ристовска пред научната јавност ги претставила преку три труда прифатени за печат и соопштенија на научни собири и манифестации.

**I. Список на печатени трудови во периодот од последниот преизбор за асистент**

1. Anastasova F., Ristovska N., Juranić I., "QSAR study and cytotoxic action of isatin derivatives", Proceedings of the fourth International scientific conference 8-11.06.2011 Blagoevgrad, vol.2 (во печат).
2. Ristovska N., Bogdanovska-Mirčeska V., "Determination of sugars in some ripe and dehydrated tomato varieties", Proceedings of the fourth International scientific conference 8-11.06.2011 Blagoevgrad, vol. 2 (во печат).
3. Ristovska N., Bogdanovska-Mirčeska V., Quality characterization and processing of some tomato varieties", EHEDG Journal, (во печат).

**II. Список на презентирани трудови на научни манифестации во периодот од последниот реизбор**

1. Самет А., Ристовска Н., „Оксидација на тиобензамид со $H_2O_2$ и следење на текот на реакцијата", Книга на апстракти од VIII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), 1-2, 8-10 октомври 2009, Технолошко-металуршки факултет, Скопје.
2. Богдановска-Мирческа В., Каракашова Љ., Ристовска Н., „Испитување на хемискиот состав на свежи и соларно сушени одделни сорти домати", Книга на апстракти од VIII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), 53-54, 8-10 октомври 2009, Технолошко-металуршки факултет, Скопје.
3. Милосковска Ж., Ружојчиќ Ј., Ристовска Н., „Квантитативна анализа на јаглехидрати во мед според Luff-Schoorl–овата метода", Книга на апстракти од VIII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), 107-108, 8-10 октомври 2009, Технолошко-металуршки факултет, Скопје.
4. Anastasova F., Ristovska N., Juranić I, "QSAR study and cytotoxic action of isatin derivatives", Fourth International Scientific Conference 8-11.06.2011 Blagoevgrad.

5. Ristovska N., Bogdanovska-Mirčeska V., "Determination of sugars in some ripe and dehydrated tomato varieties", Fourth International Scientific Conference 8-11.06.2011 Blagoevgrad.

***Анализа на научната активност во извештајниот период***

Добивањето на супстанци со тиоамидна група како главна фармакофора претставува еден од современите трендови во фармацевтската хемија. Научноистражувачката работа на кандидатката д-р Наташа Ристовска веќе подолго време е насочена кон оваа проблематика, преку изработката на магистерската работа, докторската дисертација и трудовите што произлегле од нив. Во извештајниот период (труд II.1.) ја изучува оксидацијата на тиобензамидот како моделно соединение за следење на метаболичкиот процес на овие супстанци со помош на хроматографски и спектрофотометриски методи. Стандарди за следење на текот на оксидацијата на тиобензамид се аналитички чистите супстанци: бензамид, тиобензамид-*S*-оксид и 3,5-дифенил-1,2,4-тиадиазол, добиени со помош на еднозначни синтези, пречистени со прекристализација и колонска хроматографија. Со цел да се изолира тиобензамид-*S*-оксид, користен е метанолен раствор на $H_2O_2$ и фосфатен пуфер со pH=7,0. При испитување на некои параметри на реакцијата е утврдено дека оптимални услови за овој вид на реакција се температура од 20 °C, додавање на 1 ml аликвот од окидациското средство во текот на 10 минути и одвивање на реакцијата во текот на 70 минути. При оксидација на тиобензамид со $H_2O_2$ во базна средина (пиридин) е добиен тиобензамид-*S*-оксид, кој под дејство на вишокот оксидациско средство се разложува до бензамид и бензонитрил. Во кисела средина, оксидацијата на тиобензамид е проследена со интра и интермолекуларна циклизација, при што е добиен 3,5-дифенил-1,2,4-тиадиазол.

Трудовите I.1. и II.4. се однесуваат на *in vitro* изучување на антипролиферативното дејство на серија од седум деривати на изатин: 5-флуороизаин, 5-хлороизатин, 5-бромоизатин, 5-јодоизатин, 5-метилизатин, *N*-метилизатин и *N*-етилизатин во однос на двете неопластични клеточни линии HeLa (human cervix carcinoma) и Fem-x (human malignant melanoma). Целните клетки се насеани на соодветни хранителни подлоги, а дваесет часа подоцна се додавани испитуваните агенси со пет различни коцентрации. По 48 часа од дејството на дериватите на изатин, бројот на преживеани клетки е определуван со помош на MTT - тест и NR - тест. При тоа е утврдено дека сите анализирани соединенија покажуваат антипролиферативно дејство. Морфолошките истражувања на третираните клетки покажуваат дека халогените деривати на изатин индуцираат фргментација на клетките на HeLa. *N*-алкил дериватите на изатин предизвикуваат Fem-x клеточна вакуолизација и клеточна некроза. Сите соединенија покажуваат значителна зависност од типот на Hansch помеѓу вредностите на IC50 и молекулските параметри на липофилноста и стерниот ефект на супституентот.

Во трудовите I.2. и II.5., кандидатката д-р Наташа Ристовска успешно ја разработила и модифицирала Loof-Schoorl-овата талжно-волуметриска метода, која ја применила за детектирање и квантитативно определување на шеќерите во

примероци од зрел и дехидриран домат, како една од карактеристиките кои се однесуваат на квалитетот на продуктот, неговиот вкус и текстура. Поголема точност и репродуцибилност на методата е постигната со отстранување на нерастворливите во вода цврсти честички, деактивирање на ензимите и таложење на протеините од примероците домати. Добиените вредности за содржината на редуцирачки шеќери во пулпата од зрелиот домат се движат од 1,51% (w/w) кај сортата Arizona во 2009 и 1,78 % (w/w) во 2010; до 3,02 % (w/w) кај сортата Rio Grande во 2009 и 3,21 % (w/w) во 2010. Отсуството на сахароза во анализираните примероци се објаснува преку добиените идентични резултати за содржината на редуцирачки шеќери пред и по инверзија. Според добиените резултати за дехидрираните продукти, при соларно сушење на доматите се добива производ со подобрен нутритивен квалитет и содржина на шеќери, што најверојатно се должи на ефектот на концентрирање (намалување на содржината на вода). Од ова изучување може да се заклучи дека Luff-Schoorl-овата метода се одликува со висока точност и репродуцибилност при определувањето во областа на ниски концентрации на редуцирачки шеќери, а добиените резултати се споредливи со резултатите од другите современи и автоматизирани методи. Предноста, пак, во однос на другите волуметриски методи се должи на специфичноста на реагенсот кон редуцирачките шеќери (кој не стапува во реакција со алдехидите) и слабо алкалната средина. Со тоа е овозможено реверзибилно отворање на полуацеталната форма во отворена низа, трансформација на фруктозата во алдоза преку серија кето-енолни тавтомерни претворби и стабилност и непроменливост на сахарозата.

Кандидатката д-р Наташа Ристовска успешно ја применила методата според Loof-Schoorl и при испитување на квалитетот на некои примероци мед со географско потекло од различни региони на Македонија: Велес, Крива Паланка, Демир Хисар, Богомила и Крушево (II.3.). Според добиените резултати од квантитативната анализа на јаглехидратите, природниот мед е класифициран на ливадски, шумски или мешан. Содржината на редуцирачки шеќери пред инверзија, содржината на редуцирачки шеќери по инверзија и содржината на сахароза укажуваат на фалсификуван мед кај еден од примероците. Имено, поради неискуството на пчеларот, пчелите во кошниците биле неправилно прихранувани со шеќерен сируп, поради што е поголем масениот удел на сахароза во испитуваниот мед од дозволеното.

Во трудовите I.3. и II.2. се изучувани физичко-хемиските својства на следниве сорти домати: Arizona, Aleksandar F1, Florida 47 F1, Rio Grande and Pik Ripe 748 Imp LSL F1, со цел преку соодветни хемиски анализи да се утврди дали анализираните сорти домати се погодни за преработка со соларно сушење во Ерменската соларна сушница и која е оптималната сорта. Определувани се неопходните хемиски параметри за карактеризирање на сортата домати со највисок квалитет, и тоа: содржината на вкупни суви материи, титрирани киселини, односот меѓу вкупни растворливи материи и титрирани киселини, вкупни шеќери и индексот на сласт. Покрај тоа, анализирани се промените на pH, содржината на вкупни растворливи супстанци, протеини и влага во примероци од зрел и дехидриран продукт. Направена е споредба меѓу различните видови примероци. Добиени се следниве резултати: влага 94,4-95,25% и 12,0-17,65%; вкупни органски киселини 0,21-0,37% и 3,30-6,56%; pH 4,28-4,56 и 4,01-4,39; витамин С 20,28-25,29

mg% и 36,92-48,60 mg% и протеини 0,55-1,17 % и 8,34-17,63% за свеж и сушен домат, соодветно. Вкупните суви материи растворливи во вода изнесуваат 3,80-4,90% во зависност од испитуваната сорта. Најквалитетните сорти на домати, според направените анализи, се препорачуваат за понатамошна преработка со соларно сушење. Според добиените резултати, преработката на доматите до дехидриран продукт го подобрува нутритивниот карактер главно како производ на ефектот на концентрирање.

***Стручно-апликативна активност***

Во рамките на ТЕМПУС - проектот "Reforms and Upgrade of Chemistry Undergraduate Studies in Macedonia" JEP-41144-2006, кандидатката реализирала едномесечен престој на Факултетот за хемија и минерологија во Лајпциг, Р. Германија, во јануари 2009 година. Искуството од овој престој и овозможи на д-р Наташа Ристовска да придонесе кон изготвувањето на наставните планови за додипломски студии по хемија на шесте предложени модули, а особено во оформувањето на наставните содржини по голем број предмети од областа на органската хемија и биохемијата, како и хемија на храна.

Во рамките на проектот на Владата на Република Македонија за превод на светски учебници, учествувала во преводот на „Општа хемија" кој се однесува на делот од областа на органската хемија, биохемија и медицинска хемија.

Во изминатиот период, д-р Наташа Ристовска креирала две методи за анализа на протеини во соино брашно и анализа на јаглехидрати во мед за потребите на Царинската управа и учествувала во изработката на неколку анализи.

Во извештајниот период д-р Наташа Ристовска активно е вклучена во негувањето и изградбата на средношколскиот подмладок преку учество во Комисијата за спроведување на натпреварите по органска хемија, во рамките на Смотрата на млади истражувачи од Република Македонија во организација на Народна техника на Република Македонија, чиј претседател била во 2011.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката д-р Наташа Ристовска, според приложените материјали, како и според личните сознанија на членовите на Рецензентската комисија, во реизборниот период покажала солидни резулати како на наставен, така и на научен план. Постојано била ангажирана со обемни наставни задолженија од повеќе предмети од областа на органската хемија и биохемија и секогаш одржувањето на вежбите и работата со студентите биле на високо академско ниво. Особено треба да се истакне дека д-р Наташа Ристовска несебично се залага за воведување современи лабораториски методи, со цел подобра едукација на студентите при работата во лабораторијата за екпериментална биохемија. Затоа, Институтот за хемија веќе четврти пат и ја доделува наставата по предметот експериментална биохемија, под менторство на предметниот наставник. За таа цел се подговени пригодни материјали за поедноставно совладување на градивото, а студентите

секогаш биле добредојдени за консултации и дискусии. Нејзиниот научен интерес во подолг пеиод е од областа на органската синтеза и анализа, а во изминатиот тригодишен период се повеќе се ангажира и во областа на експерименталната биохемија на храна. Под нејзино раководство изработени се експерименталниот дел на една специјалистичка работа и еден магистерски труд. Своите научни достигања ги има презентирано на домашни и меѓународни научни собири (5 соопштенија), а три научни труда се во печат. Покрај своите наставни и научни задолженија, кандидатката активно учествува во ширењето и афирмацијата на науката меѓу младите генерации.

Врз основа на претходно наведените факти, Рецензентската комисија заклучува дека д-р Наташа Ристовска во целост ги исполнува потребните услови за повторен избор во звањето асистент, како и условите за избор во повисоко звање. Затоа, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје повторно да ја избере во звањето асистент од областа на органската хемија и биохемија.

Рецензентска комисија

Д-р Фроса Анастасова, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Емил Поповски, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Марина Стефова, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО –НАУЧНО ЗВАЊЕ ОД ОБЛАСТА НА ПЕДАГОШКИТЕ НАУКИ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ОПШТА ПЕДАГОГИЈА, МЕТОДИКА НА ВОСПИТНАТА РАБОТА,ИСТОРИЈА НА ПЕДАГОШКИТЕ ИДЕИ И СОВРЕМЕНИ ПЕДАГОШКИ ТЕОРИИ И КОНЦЕПЦИИ ЗА ГРУПИТЕ ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И БИБЛИОТЕКАРСТВО НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 02-305/3 на Наставно-научниот свет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, на својата редовна седница одржана на 21.6.2011 година, назначени сме за Рецензентска комисија за изготвување реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на педагошките науки, по предметите: општа педагогија, методика на воспитната работа, историја на педагошките идеи (изборен предмет) и современи педагошки теории и концепции (изборен предмет) за групите одделенска настава, предучилишно воспитание и библиотекарство на македонски наставен јазик.

На распишаниот конкурсот од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", објавен во весникот „Дневник“ на 29.5.2011 година се пријавила само кандидатката **д-р Розалина Попова-Коскарова,** вонреден професор на Педагошкиот факултет Св. Климент Охридски во Скопје.

По разгледувањето на доставената документација, Рецензентската комисија во состав: проф.д-р Џеладин Мурати, проф. д-р Снежана Адмаческа и проф. д-р Мирослава Николоска, има чест до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. **Биографски податоци**:

### 1.1. Образование и кариера

Розалина Попова- Коскарова е родена на 16.2.1966 год. во Кавадарци .

Основно и средно образование завршила во родниот град. Со високо образование се стекнала на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата за педагогија. Студиите ги завршила во рекордно време, со просечен успех 9, 52. Во учебната 1989/90 год. се запишала на постдипломски студии на Филозофскиот

факултет во Белград, кои ги продолжила следната година на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за педагогија.

**Магистрира во 1993** година на Филозофскиот факултет во Скопје, на тема : *Третманот на општото образование во средните училишта во Р.Македонија (1974-1990)*

**Во јули 2001** год. на Филозофскиот факултет во Скопје ја одбранила докторската дисертација со наслов: *Теоретските проблеми во конципирањето на современото интелектуално воспитание,* со што се стекнала со научен степен **доктор на педагошки науки.**

**На 11.3. 1996 год.** е избрана за **асистент** на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски" во Скопје по предметите општа педагогија и методика на воспитната работа

**На 20.2. 2002** год. е избрана за **доцент** на Педагошкиот факултет Св.Климент Охридски" во Скопје по истите предмети.

**На 29.11.2006** год. е избрана за **вонреден професор** на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски" во Скопје по предметите **општа педагогија, методика на воспитната работа и историја на педагошките идеи.**

**Во 2007 год.** е избрана за **визитинг професор** на **Факултетот за туризам во Скопје** по предметот **деловна комуникација.**

**Во 1999 год.** остварила тримесечен студиски престој во **Малме, Шведска,** реализиран преку Темпус-Фаре -проект.

**Во 2002 год.** реализирала двонеделен студиски престој на Факултетот за учители, во Малме, Шведска, како резултат на учество во Темпус-фаре проектот.

## 2. Наставна дејност

Во првиот циклус на студии, д-р Розалина Попова-Коскарова е носител на предметите: општа педагогија, методика на воспитната работа, историја на педагошките идеи и современи педагошки теории и концепции.

На вториот цилклус на студии на насоката за одделенска настава д-р Розалина Попова-Коскарова е носител на предметите: современи едукативни тенденции во одделенската настава, алтернативни училишта, водење на група и групна динамика. На насоката за предучилишно водпитание е носител на предметот интеркултурно образование и недискриминаторско дејствување.

Досега успешно менторирала завиден број на дипломски работи, а е член на комисија за оцена и одбрана на неколку докторски дисертации не само во Р.М, туку и на Филозофскиот факултет во Ниш, Р. Србија.

Д-р Розалина Попова- Коскарова покажува посебно одговорен однос во извршувањето на работните задачи, како и висока професионалност во работата со студентите. Посебно доаѓа до израз нејзината успешна и отворена комуникација не само со студентите, туку и со колегите.

Активно се служи со англискиот и српскиот јазик.

## 3. Научноистражувачка дејност

**Од последниот избор за вонреден проф. Розалина Попова-Коскарова ги има објавено сл. трудови:**

### 3.1. Учебници и стручни книги

- Комуникација во туризмот, ( општа и деловна комуникација) Факултет затуризам, Скопје, 2007;
- Стратегии, модели и техники за успешно менацирање на одделението и класот; Јофи-скен, Скопје, 2008;
- Општа педагогија (со практикум) , 2011 ( универзитетско издание во печат).

### 3.2 Статии во списанија, годишни зборници и зборници од научни собири, симпозиуми и конгреси

- *Европскиот кредит трансфер систем и неговите импликации во високото образование во Р.Македонија со посебен акцент на едукативниот процес на педагошките факултети*, Педагошка практика, Педагошки факултет, Скопје, бр.1-2 2006;
- *Воспитна функција-состојби, перспективи и светски искуства,* Просветно дело, Скопје бр.3,2009 (UDK -37-ISSN 0350-6711 (37-45);
- *Реалитетната терпија( Гласеров модел) и нејзината примена во едукативниот процес процес* Педагошка ревија, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", бр.1. 2010 УДК 37 ИССН 1857-7105 ( 36-42);
- *Современа програма за стручно усовршување на наставничкиот и воспитувачкиот кадар во организација на Педагошкиот факултет во Скопје,* Педагошка ревија, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", бр.2/ 2010;
- *Квалитетно и ефективно ОУ- неминовност на денешницата,* објавен во зборникот „Воспитно-образовните функции на предучилишното и на основното образование во современи услови ", Педагошки факултет, Скопје, 2006;
- *Образованието за мир во функција на разрешување на насилството во училиштата,* објавен во зборникот од тркалезната маса „Omladina Balkana izmegu nasiljai culture mira", Filozofski fakultet, Nis, 2007;
- *Supporting Diversities as a value Through Upbringing-Educational Process,* ( Collected papers of Fourth Balkan Congress, Education, Balkans, Europe) Stara Zagora, Bulgaria, 2007 ( со меѓународен уредувачки одбор);
- *Наставникот и воспитната улога на училиштето,* објавен во зборникот Наставникот и квалитетот на образованието, Дом на просветните работници на Македонија, Скопје, 2007:
- *Компетенциите на наставникот-услов за квалитет* објавен во зборникот со меѓународно учество *Совремни тенденции во формирањето на наставниот кадар за предучилишно воспитание и одделенска настава,* Педагошки факултет Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј", 2007;

- *Приоритети на современото училиште од воспитен аспект,* објавен во зборникот од мегународен научен симпозиум:Современи тенденции во образованието, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, 2008;
- *Влијанието на меѓукултурните разлики во комуникацијата и туризмот,* објавен во зборникот од меѓународниот симпозиум „Туризмот во 21 век", Факултет за туризам, Скопје, 2008;
- *Characteristics Of The Contemporary Primary schools,* објавен во зборник со меѓународен уредувачки одбор Second scientific research symposium, Pedagogy and the knowledge society, Uciteljski fakultet, Sveuciliste u Zagrebu, 2008;
- *The School and The Ethical Development of The Students,* Научен скуп,Етичка димензија образовања, Педагошки факултет, Јагодина, 2008;
- *Some experiences in the intercultural education in Macedonia and in the world,* II Балканска конфернция „Науката,образованието и културата през 21-век", Югозападен университет „Неофит Рилски" Благоевград, 2008;
- *Training For classroom management* Megunarodna konferencija, Kurikulum ranog obrazovanja I obaveznog obrazovanja, Ucitelski fakultet Zagreb, 2009;
- *Changes in the concept for primary education in R.M as a part of general tendencies in the education process,* објавен во зборникот од The 5-th International Balcan Education and Science congress Education in Balcans today, Edirne, Turkie, 2009, Volumen 1 ( (со меѓународен уредувачки одбор);
- *The specifics of the new conception for primary education in the Republic of Macedonia* објавен во Годишен зборник за педагогија на Универзитетот во Ниш, Филозофски факултет-UDK 37 ,бр. 1 , 2010 ( 133-140);
- *Overcoming of The stereotypes and prejudieces for Roma students and their integration in school),* US-China Education Review, David Publishing Company, Vol.7 N-8, (73-77), 2010 рефер. списание;
- (коавтор со Аријана Коскарова) *Developing Student`s Tourist Experts communicative Skills* објавен во Годишник Науката, Образованието и изкуството през 21 ви век,Съюз на учените в България клон Благоевград, годишник, том IV,2010 (265-269);
- *Peace education in Macedonia and all over the world,* објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор: The 5th scientific congress "Education for a human society", Охрид (2010) (во печат).

## 4. Учество на домашни и меѓународни научни собири, симпозиуми и конгреси

Д-р Розалина Попова- Коскарова има учествувано на бројни симпозиуми, конгреси, тркалезни маси, меѓународни конференции, научни расправи и сл. во земјава и во странство ( Бугарија, Турција, Хрватска, Србија и др.) За активното учество има добиено и поголем број сертификати.

Била модератор на секции на научни симпозиуми и конгреси како во земјата, така и во странство.

5. **Учество во домашни и странски проекти :**

- раководител на научен проект: Улогата на наставникот во реализацијата на воспитната функција во современи услови на живеење , носител: Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“- Скопје, (2010);
- раководител на проект: Унапредување на воспитно-образовната дејност во училиштата со посебен акцент на засилување на воспитната функција, носител: Совет на Општина Карпош, ноември 2010;
- учесник во национален научен проект: Перманентното образование на наставниците-состојби и перспективи, Педагошки факултет Св. Климент Охридски ( носител) Универзитет Св. Кирил и Методиј- Скопје;
- учесник во национален научен проект: Проект за модернизација на образованието во Република Македонија, носител ФОН универзитет (2009);
- учесник во меѓународен научен проект: Provedba Hrvatskog kvalifikaciskog okvira ( HKO) I razvoj kompetencija za cjelozivotno ucenje strucnih djelatnika odgojno-obrazovne ustanove, Agencija za odgoj I obrazovanje u saradnji s Ministarstvom znanosti obrazovanja I sporta Republike Hrvatske, 2010.

6. **Учество во телевизиски емисии**

Д-р Розалина Попова- Коскарова со свои научни и стручни видувања има учествувано и на повеќе телевизиски емисии со следниве теми:

- Унапредување на образованието во Општина Карпош преку проектот засилување на воспитната функција - Sky net телевизија, (март, 2011) ;
- Насилството кај младите – А1 телевизија ( мај, 2011):

7. **Други активности (одржани предавања во воспитно-образовни институции во земјата и во странство)**

Д-р Розалина Попова-Коскарова во изминатиот период има одржано бројни стручно-научни предавања во воспитно-образовни институции ( предучилишни установи, основни и средни училишта). Во тој контекст, се издвојуваат следниве стручни предавања:

**7.1. Стручни предавања во Р. М**

- одржано предавање за потребите на предучилишната установа „Рада Поцева“- Кавадарци на тема *„Системот на предучилишно воспитание во Шведска “*, на 10.1.2008. год.;
- ОУ „11 Октомври“ Скопје, *Улогата на курикулумот во развојот на клучните компетенции за доживотно учење;*
- ОУ „Аврам Писевски“ с.Бардовци, ОУ. „Војдан Чернодрински“, ОУ.„ Х.Т. Карпош“, ОУ „Ј.А Коменски“ и ОУ „Братство“, едукативно предавање со работилница на тема: *Унапредување на воспитно образовната работа во училиштата со посебен акцент на засилување на воспитната функција.*

### 7.2. Стручни предавања во странство

- Europski kvalifikacijski okvir i uloga kurikuluma u razvoja kljucnih kompetencija za dozivotno ucenje на покана на Agencija za odgoj I obrazovanje i Ministarstvo znanosti obrazovanja I sporta Republike Hrvatske, Zagreb, 2010.

## 8. Анализа на позначајните трудови:

**8.1.** Во рамките на учебникот ***Општа педагогија*** поместени се повеќе поглавја кои претставуваат една логичка заокружена целина која се однесува на основните постулати на педагошката наука. Во целина гледано, изборот на поглавјата кои се поместени во ракописот и начинот на кој се тие обработени и презентирани во целост соодветствува на длабочината и обемот во кој се проучува основата на педагошката наука за профилите за кои е наменет учебникот. Тоа значи дека студентите ќе добијат можност да навлезат во педагошката наука и да ги постават основите на стручните предмети од педагошкото подрачје кои во курикулумот се предвидени за подоцнежното изучување. Истовремено, изборот на содржини овозможува во рамките на специфичните методики да се операционализираат педагошките прашања и проблеми.

Имено, учебникот е структуриран во 2 дела: **Во првиот дел** се обработуваат основните педагошки прашања, кои претставуваат база за понатамошно проучување на педагошката наука. Во тој контекс спаѓаат: научно определување на педагогијата, односно предметот и задачите, системот на педагошки дисциплини, педагогијата и др. науки, развој на педагошката мисла, конституирање на педагошката наука, определување на педагошки поими, воспитната цел и сл. Тоа се всушност теми кои спаѓаат во доменот на најосновните педагошки прашања кои ги третира општата педагогија.

**Во вториот дел** се обработуваат проблемите на развојот на личноста, низ призмата на: интелектуалниот, естетскиот, етичкиот, физичкиот и работно-техничкиот развој. Современиот третман на педагогијата како наука за воспитанието кое се опсервира како општествена појава, систем и процес е застапен во предложениот ракопис. При ова, третманот на воспитанието како систем претставува заокружена целина со тоа што училишниот, односно образовниот систем се анализира преку определувањето како систем, неговите принципи, карактеристики, како и појаснувањето на начинот на кој тоа е организирано во систем и како функционира. Во контекст на ова е даден и еден современ европски образовен систем- шведскиот.

**8.2.** Трудот **Концепциските промени во основното образование како дел од генералните залагања во образованието** ги прикажува најзначајните и најсуштествените концепциски промени во основното образование, што во Република Македонија започна да се реализираат од учебната 2007 година.

Имено, авторката ги објаснува најновите измени кои ја зафатија концепциската структура на основното образование и опфатија повеќе аспекти. Според авторката, најзначајните промени се однесуваа на продолжување на времетраењето на основното

образование од 8 на 9- годишно школување.На тој начин и Р.Македонија се вброи во земјите со поголемо времетраење на основното образование. Во тој контекст и возраста за поаѓање на училиште од 7 години, се спушти на 6 години, односно во училиште може да се запише дете со навршени 5 години и 8 месеци. Другите суштински измени се поврзани со промените на концепциската структура на наставниот план од 1 до 9 одд., како и со измени во оценувањето на знаењата и напредувањето на учениците. Наместо дотогашното единствено бројчано оценување,воведено е описно оценување во определени периоди од основното образование.

**8.3.** Во трудот **The school and The ethical development of Students** се нагласува значењето што го има влијанието на училиштето врз етичкиот развој на учениците. Имено, иако училиштето не е единствениот фактор кој влијае на етичкиот развој на поединецот, бидејќи е силно изразено влијанието на семејството, социјалната средина, врсниците и слично, сепак, несомнено е дека тој процес може особено да биде ефективен низ воспитно-образовниот процес. Во овој контекст, авторката укажува на сознанието дека наставникот има многу важна улога во моралното формирање на личноста, особено поради фактот што учениците се идентификуваат со него и неговите постапки.

**8.4.** Во трудот **Characteristics Of The Contemporary Primary school curriculum** се обработуваат најкарактеристичните специфики на современиот курикулум, како неминовност на современото училиште.

Како основни претпоставки врз кои треба да се заснова еден современ курикулум во училиштата денес, авторката ги издвојува следниве:

- Образованието да се сфати како континуирана активност која не завршува со школувањето. Со др. зборови, училиштето треба да обезбеди што поголем континуитет меѓу тн. учење во училница и перманентното образование.
- Курикулумот треба да нуди можност да се излезе од стереотипниот начин на образовниот процес и да овозможи учениците да доаѓаат до знаењата со самостојна работа и по пат на самообразование. Имено, курикулумот треба да овозможи знаењата да се стекнуваат преку личната ангажираност на учениците, односно повеќе самостојно учење и мотивираност во воспитно-образованиот процес.
- На училиштата денес им недостигаат стратегии од типот на решавање на проблеми и проблемски засновано учење. Оваа стратегија ги воведува учениците во самостојната работа и се карактеризира со холистички пристап. Ги поттикнува и ги мотивира учениците да креираат и да изнаоѓаат солуции релевантни за одреден проблем.
- Едукаторите, односно наставниците се во најдобра позиција да овозможат промените во курикулумот да ги одразат претходно наведените карактеристики.

**8.5.** Во трудот **Воспитната функција на училиштата-состојби, искуства и перспективи** се обработуваат најзначајните аспекти во поглед на состојбите и перспективите во врска со воспитнта функција на училиштата кај нас.

Суптилноста на воспитната функција налага зголемена потреба од нејзина реафирмација во современото живеење исполнето со турболенции од најразлична природа. Според укажувањата на авторката, училиштето станува с`е понемо́кно да се справи со зачестените воспитни проблеми и како резултат на тоа се многубројните насилни и агресивни однесувања на учениците, големата нетрпеливост, нетолеранцијата и слично.

Како да се надмине таквата состојба, односно каде се перспективите на воспитната функција и како таа да се реафирмира и ревитализира и да стане во вистинска смисла на зборот интегрален дел од воспитно-образовниот процес.Во тој контекст, авторката препорачува дека неминовно е да се искористат и светските искуства.

**8.6.** Во трудот **Педагогијата на заедништво во функција на разрешување на насилството во училиштата** се потенцира значењето на педагогијата на заедништво, која може успешно да се стави во функција на разрешување на насилството кое е с`е позачестено во нашите училишта , а и речиси секаде во светот.

Педагогијата на заедништво треба да помогне да се развиваат механизмите на групен живот и работа, а особено: солидарност, слобода, мир, меѓузависност и слично, како содржини во чие средиште се наоѓа човекот, како суштество кое е способно да гради меѓучовечки односи независно од различностите. Сето тоа придонесува за развивање на просоцијалната страна на личноста, а посебно взаемноста, праведноста, демократичноста, достоинството на човекот и друго.

**8.7.** Во трудот **Overcoming of The stereotypes and prejudieces for Roma students and their integration in school** се обработуваат најзначајните аспекти на надминување на стереотипите и предрасудите во воспитно-образовниот систем во однос на ромските деца.

Стереотипите и предрасудите се формираат врз основа на полот, возраста, етничките разлики, способностите или тешкотиите за учење и сл. Стереотипите и предрасудите најчесто се формираат под влијание на традицијата, семејната средина, групата врсници и др. Круцијално прашање што го поставува авторката е како тие да се надминат?

Во прилог на изнесеното, посочени се неколку истражувања кои говорат за начинот на кој ромските ученици се интегрирани и социјализирани во училиштето и поконкретно во одделението.Во тој контекст, дадени се и оценките, но во исто време и визиите на ромските ученици за создавање поволна атмосфера во која тие би биле мотивирани за да покажат најоптимални училишни резултати, како и поддржување и охрабрување за нивна поголема активност, мотивираност и иницијативност во рамките на училиштето. Авторот истакнува дека сето тоа пак, ќе придонесе за значително надминување на стереотипите и предрасудите во рамките на воспитно-образовниот систем.

**8.8.** Во трудот **РАЗВИВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ КАЈ СТУДЕНТИТЕ - ТУРИЗМОЛОЗИ** се обработуваат најзначајните аспекти на поддржувањето и развивањето комуникациски вештини кај студентите кои се определуваат да бидат идни туризмолози.

Вештините за комуницирање претставуваат општи компетенции кои треба да ги поседува секој што се стекнал со универзитетска диплома, но посебно се значајни за определени префесии, како што е професијата туризмолог. Имено, комункациските вештини опфаќаат интерперсонални вештини, кои треба да се развиваат кај секоја личност, посебно кај идните туризмолози, а во тие рамки посебно се значајни неколку аспекти: оспособување за водење на успешна и квалитетна комуникација, умешност да се слуша другиот, оспособување за адекватно разрешување на конфликти, познавање на бон-тонот и сл.

**8.9.** Во трудот **Образованието за мир во светот и кај нас,** акцентот се става на значењето на образованието за мир , со презентирање на светските и домашните искуства.

Училиштето, но и целокупниот воспитно-образовен процес е потребно да развива позитивни емоции, поврзаност, морални чувства, другарство, солидарност, толеранција, космополитско чувство, емпатија и сл. Најдобриот начин да се покаже тоа е низ конкретни активности, процеси и функции. Само практичните дејствувања можат да овозможат морален развој на личноста. Во тој контекст, образованието за мир ги промовира хуманите вредности и бара истите да се практикуваат во училницата. Авторката ја истакнува потребата да се воведе образование за мир во училиштата како посебен предмет, или пак како дел од програмските содржини.

**9.10.** Во трудот **Training for classroom management** се обработуваат најзначајните аспекти на оспособување на идните наставници за одделенска настава на Педагошкиот факултет Св.Климент Охридски“ во Скопје, за успешно остварување на воспитната функција. Имено, во рамките на професионалните компетенции кои треба да ги поседуваат студентите кои се оспособуваат за наставници во првиот и вториот воспитно-образовен период (одделенска настава),значајно место заземаат компетенциите за воспитната функција и нејзиното реализирање во рамките на училиштето.
Во тој контекст, во рамките на иницијалното образование на идните наставници авторката се залага за соодветна обука на наставниците и нивно оспособување за успешно реализирање на воспитната функција, но и вреднување не само на знаењето, туку и на целокупното однесување на учениците.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, како и врз основа на анализата на објавените трудови од д-р Розалина Попова-Коскарова, може да се констатира дека кандидатката храбро чекори во научните достигнувања од педагошката наука, одликувајќи се притоа со висок професионален и академски дигнитет. Притоа, евидентно е дека кандидатката поседува извонредно богат творечки и креативен дух, како и солидни научни и наставни

компетенции кои во целост ја афирмираат нејзината личност. Очигледен е придонесот што таа го дава првенствено за развој на педагошката наука, но и пошироко.

Од предложениот табеларен приказ на Образецот кој е прилог на овој реферат, посебно од стекнатите поени (**вкупно 261,45**) по сите основи: наставно-образовна дејност (99,80), научноистражувачка дејност (105,05), како и стручно-апликативна дејност (56,60), евидентно е дека кандидатката д-р Розалина Попова-Коскарова вонр. проф. неколку пати повеќе ги има надминато основните бодови предвидени според Критериумите за избор во повисоко наставно-научно звање ( Универзитетски гласник бр.138/2009), што ни дава за право како Рецензентска комисија да изразиме задоволство од извонредната успешност на кандидатката.

**Предлог:**

Предлагаме, Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент **Охридски" во Скопје да ја избере вонр.проф. д-р Розалина Попова-Коскарова** во звањето **редовен професор по предметите:** општа педагогија, методика на воспитната работа, историја на педагошките идеи и современи педагошки теории и концепции на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски "во Скопје.

**Прилог 4. Анекс 2 кон извештајот**

АНЕКС 2

## ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: д-р Розалина Ристо Попова-Коскарова**

**Институција: Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје**

**Научна област: педагошки науки**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава I циклус студии: општа педагогија за одделенска настава (4+2) (4 семестри, 4 часа неделно, 15 недели) | 2,4 |
| 2. | Настава I циклус студии: општа педагогија за одделенска настава (3+2) (1 семестар, 3 часа неделно, 15 недели) | 1,8 |
| 3. | Настава I циклус студии: општа педагогија за предучилишно воспитание (4+2) (4 семестри 4 часа неделно, 15 недели) | 2,4 |
| 4. | Настава I циклус студии: општа педагогија предучилишно воспитание (3+2) ( еден семестар, 3 часа неделно 15 недели) | 1.8 |
| 5. | Настава I циклус студии: методика на воспитна работа (2+2) (5 семестри, 2 часа неделно, 15 недели) | 1,2 |
| 6. | Настава I циклус студии: методика на воспитна работа (2+2) (5 семестри, 2 часа неделно, 15 недели), изборен за предучилишно воспитание | 1,2 |
| 7. | Настава I циклус студии историја на педагошките идеи (2+2) (5 семестри, 2 часа неделно, 15 недели), изборен за одделенска настава | 1,2 |
| 8. | Настава I циклус студии историја на педагошките идеи (2+2) (5 семестри, 2 часа неделно, 15 недели), изборен за предучилишно воспитание | 1,2 |
| 9. | Настава II циклус на студии современи едукативни тенденции во одделенската настава ( 3+3), 15 недели | 2,25 |
| 10. | Настава II циклус на студии алтернативни училишта одделенска настава изборен предмет (3+3), 15 недели | 2,25 |
| 11. | Настава II циклус на студии интеркултурно образование (предучилишно воспитание) (3+3), 15 недели | 2,25 |
| 12. | Вежби I циклус студии: општа педагогија за предучилишно воспитание(4+2) (4 семестри, 2 часа неделно, 15 недели), две групи | 0,9 |
| 13. | Вежби I циклус на студии општа педагогија за предучилишно воспитание (3+2) (еден семестар 2 часа неделно ), една група | 0,9 |
| 14. | Вежби I циклус студии: општа педагогија за одделенска настава (4+2) (4 семестри, 4+2 часа неделно (две групи), 15 недели | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 15. | Вежби I циклус студии: општа педагогија за одделенска настава (3+2) (1 семестар 2+2 часа неделно (две групи), 15 недели | 1,8 |
| 16. | Вежби Iциклус студии методика на воспитна работа (2+2) (5 семестри, 2часа неделно, 15 недели), одделенска настава | 1,8 |
| 17. | Вежби I циклус студии: методика на воспитна работа (2+2) (5 семестри, 2 часа неделно, 15 недели),предучилишно воспитание | 0,9 |
| 18. | Вежби циклус на студии историја на педагошките идеи (2+2) ( 2 часа неделно, 15 недели, една група) | 0,9 |
| 19. | Вежби I циклус студии: историја на педагошките идеи (2+2) ( 2 часа неделно, 15 недели, една група) | 0,9 |
| 20. | Вежби II циклус на студии современи едукативни тенденции во одделенската настава ( 3 часа неделно, 15 недели) | 1,35 |
| 21. | Вежби II циклус на студии алтернативни училишта одделенска настава ( 3 часа неделно, 15 недели) | 1,35 |
| 22. | Вежби II циклус на студии интеркултурно образование, предучилишно воспитание ( 3 часа неделно, 15 недели) | 1,35 |
| 20. | Консултации со вкупно 2098 студенти ( прв и втор циклус на студии) | 4,20 |
| 21. | Ментор на 145 дипломски работи ( 2006-2011) | 29 |
| 22. | Член на комисија за оцена и одбрана на 202 дипломски работа (период 2006-2011) | 20.2 |
| 23. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторска дисертација 3 кандидати ( Азис Шен, Наташа Нагорни Петров и Данијела Стојановиќ) | 1,5 |
| 24. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник по општа педагогија ( Билтен бр. 1004 , 15 март 2011 ) | 4 |
| 25. | Позитивно рецензиран практикум за вежби Општа педагогија | 4 |
| 26. | Труд објавен во стручно-методско списание: *Европскиот кредит трансфер систем и неговите импликации во високото образование во Р.Македонија со посебен акцент на едукативниот процес на педагошките факултети*, Педагошка практика, Педагошки факултет, Скопје, 2006, бр.1-2. | 1 |
| 27. | Труд објавен во стручно методско списание *Реалитетната терпија (Гласеров модел) и нејзината примена во едукативниот процес процес* Педагошка ревија, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, бр.1. 2010 УДК 37 ИССН 1857-7105 ( 36-42). | 1 |
| 28. | Труд (во печат) во стручно-методско списание: *Современа програма за стручно усовршување на наставничкиот и воспитувачкиот кадар во организација на Педагошкиот факултет во Скопје,* Педагошка ревија, Педагошки факултет “Св. Климент Охридски“, бр.2/ 2010. | 1 |
| | **Вкупно** | 99,80 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Раководител на научен проект: Улогата на наставникот во реализацијата на воспитната функција во современи услови на живеење (носител) ( одлука 03-60/2) | 6 |
| 2. | Раководител на проект: Унапредување на воспитно-образовната дејност во училиштата со посебен осврт на засилување на воспитната функција, Совет на Општина Карпош, ноември 2010 (носител) | 6 |
| 3. | Учесник во национален научен проект: Перманентното образование на наставниците-состојби и перспективи | 3 |
| 4. | Учесник во национален научен проект: Проект за модернизација на образованието во Република Македонија | 3 |
| 5. | Учесник во меѓународен научен проект Provedba Hrvatskog kvalifikaciskog okvira ( HKO) I razvoj kompetencija za cjelozivotno ucenje strucnih djelatnika odgojno-obrazovne ustanove, Agencija za odgoj I obrazovanje u saradnji s Ministarstvom znanosti obrazovanja I sporta Republike Hrvatske, 2010 | 5 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати: *Воспитна функција на училиштата-состојби, искуства и перспективи* објавен во научно списание „Просветно дело", бр.3 2009 ( 37-46), УДК 371.017.7 | 4 |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати: *Квалитетно и ефективно ОУ- неминовност на денешницата,* објавен во зборникот „Воспитно-образовните функции на предучилишното и на основното образование во современи услови", Педагошки факултет, Скопје, 2006. | 2 |
| 8. | Труд со оригинални научни резултати: *Образованието за мир во функција на разрешување на насилството во училиштата,* објавен во зборникот од тркалезната маса „Omladina Balkana izmegu nasilja i culture mira", Filozofski fakultet, Nis, 2007. | 2 |
| 9. | Труд со оригинални научни резултати: *Supporting Diversities as a value Through Upbringing-Educational Process,* ( Collected papers of Fourth Balkan Congress, Education, Balkans, Europe) Stara Zagora, Bulgaria, 2007 ( со меѓународен уредувачки одбор). | 3 |
| 10. | Труд со оригинални научни резултати: *Наставникот и воспитната улога на училиштето,* објавен во зборникот „Наставникот и квалитетот на образованието", Дом на просветните работници на Македонија, Скопје, 2007. | 2 |
| 11. | Труд со оригинални научни резултати: *Компетенциите на наставникот-услов за квалитет,* објавен во зборникот со меѓународно учество *Современи тенденции во формирањето на наставниот кадар за предучилишно воспитание и одделенска настава,* Педагошки факултет Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј", 2007. | 2 |
| 12. | Труд со оригинални научни резултати: *Приоритети на современото училиште од воспитен аспект,* објавен во зборникот од меѓународен научен симпозиум:Современи | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | тенденции во образованието, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, 2008. | |
| 13. | Труд со оригинални научни резултати: *Влијанието на меѓукултурните разлики во комуникацијата и туризмот,* објавен во зборникот од меѓународниот симпозиум „Туризмот во 21 век", Факултет за туризам, Скопје, 2008. | 2 |
| 14. | Труд со оригинални научни резултати: *Specific Characteristics Of The Contemporary Primary schools*, објавен во зборник со меѓународен уредувачки одбор Second scientific research symposium, Pedagogy and the knowledge society, Uciteljski fakultet, Sveuciliste u Zagrebu, 2008. | 3 |
| 15. | Труд со оригинални научни резултати: *The School and The Ethical Development of The Students,* Научен скуп, Етичка димензија образовања, Педагошки факултет, Јагодина, 2008. | 2 |
| 16. | Труд објавен во зборник на трудови од Балканска конференција: *Some experiences in the intercultural education in Macedonia and in the world*, II Балканска конфернция „Науката,образованието и културата през 21-век", Югозападен университет „Неофит Рилски" Благоевград, 2008. | 2 |
| 17. | Труд со оригинални научни резултати: *Training For classroom management* Megunarodna konferencija, Kurikulum ranog obrazovanja I obaveznog obrazovanja, Ucitelski fakultet Zagreb, 2009. | 3 |
| 18. | Труд со оригинални научни резултати: *Changes in the concept for primary education in R.M as a part of general tendencies in the education process,* објавен во зборникот **од** The 5-th International Balcan Education and Science congress, Education in Balcans today, Edirne, Turkie, 2009, Volumen 1 (со меѓународен уредувачки одбор). | 3 |
| 19. | Труд со оригинални научни резултати: *The specifics of the new conception for primary education in the Republic of Macedonia* објавен во Годишен зборник за педагогија на Универзитетот во Ниш, Филозофски факултет-UDK 37 ,бр. 1 , 2010 ( 133-140). | 3 |
| 20. | Труд со оригинални научни резултати:*Overcoming of The stereotypes and prejudieces for Roma students and their integration in school),* US-China Education Review, David Publishing Company, Vol.7 N-8, (73-77), 2010, рефер. списание. | 6 |
| 21. | Труд со оригинални научни резултати: (коавтор со Аријана Коскарова) *Developing Student`s Tourist Experts communicative Skills,* објавен во Годишник Науката, Образованието и изкуството през 21 ви век,Съюз на учените в България клон Благоевград, годишник, том IV,2010 (265-269). | 2 |
| 22. | Труд со оригинални научни резултати: *Peace education in Macedonia and all over the world,* објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор: The 5th scientific congress "Education for a human society", Охрид (2010) (во печат). | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 23. | Секциско предавање: *Supporting Diversities as a value Through Upbringing-Educational Process,* на меѓународен научен собир The Fourth Balkan Congress, (Education, Balkans, Europe) Stara Zagora, Bulgaria, 2007. | 2 |
| 24. | Секциско предавање: *Наставникот и воспитната улога на училиштето,* на научниот собир „Наставникот и квалитетот на образованието", Дом на просветните работници на Македонија, Скопје, 2007. | 1 |
| 25. | Секциско предавање: *Компетенциите на наставникот-услов за квалитет* на научен собир со меѓународно учество „Севремни тенденции во формирањето на наставниот кадар за предучилишно воспитание и одделенска настава", Струга, 2007. | 2 |
| 26. | Секциско предавање: *Приоритети на современото училиште од воспитен аспект,* на меѓународниот научен симпозиум, Современи тенденции во образованието,Охрид, 2008. | 2 |
| 27. | Секциско предавање: *Влијанието на меѓукултурните разлики во комуникацијата и туризмот,* на научен собир со меѓународно учество „Туризмот во 21 век", Факултет за туризам, Скопје, 2008. | 2 |
| 28. | Секциско предавање: *Specific Characteristics Of The Contemporary Primary schools,* на научен собир со меѓународно учество, Second scientific research symposium, Pedagogy and the knowledge society, Zadar, 2008. | 2 |
| 29. | Секциско предавање: *Some experiences in the intercultural education in Macedonia and in the world,* II Балканска конферниция „Науката,образованието и културата през 21-век", Югозападен университет „Неофит Рилски" Благоевград, 2008. | 2 |
| 30. | Секциско предавање: *Changes in the concept for primary education in R.M as a part of general tendencies in the education process,* на научен собир со меѓународно учество The 5-th International Balcan Education and Science congress, Education in Balcans today, Edirne, Turkie, 2009. | 2 |
| 31. | Пленарно предавање: *Воспитна функција-состојби, перспективи и светски искуства* научен симпозиум „Реафирмација на воспитната улога на училиштето", Сојуз на просветните работници на РМ, Научно друштво за педагогија и образование, Педагошки факултет, Скопје, 2009. | 2 |
| 32. | Секциско предавање: *Развивање на комуникациските вештини кај студентите туризмолози,* Меѓународен конгрес за туризам и менаџмент „Предизвици и перспективи на туризмот и менаџментот", Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, 2009. | 2 |
| 33. | Секциско предавање: *Overcoming of the stereotypes and predjudice of Roma students and their integrations in the school,* 12 International conference „Inclusive education in the Balkan countries-policy and practice", Organized by Balkan society for Pedagogy and Education, SS Ciril and Methodius University, Faculty of Filosophy, Ohrid, 2009. | 2 |
| 34. | Секциско предавање :*Peace education in Macedonia and all over the world,* меѓународен научен конгрес The 5th scientific congress "Education for a human society", Охрид (2010). | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 35. | Секциско предавање: *Key Europian competences for life long learning and Human development of personality* научен собир со меѓународно учество, Филозофски факултет, Ниш, Србија, 2010 | 2 |
| 36. | Секциско предавање: *Some experiences from Macedonia in adition to lifelong education for teachers* на меѓународна интердисциплинарна стручно-научна конференција III International Interdisciplinary Professional Scientific Conference Cultural & Educational Horizons Васпитно-образовни хоризонти, Суботица, 2010. | 2 |
| 37. | Секциско предавање: *Education at intersection between tradition and modernization* на научна конференција „Место традиције и модернизације у различитим концепцијама и стратегијама развоја земаља у транзицији", Филозофски факултет Ниш, 2011. | 1 |
| 38. | Одржано предавање за потребите на предучилишната установа „Рада Поцева"-Кавадарци на тема *Системот на предучилишно воспитание во Шведска*, на 10.1.2008. год. | 0,5 |
| 39. | Одржано стручно предавање на тема: „Europski kvalifikacijski okvir i uloga kurikuluma u razvoja kljucnih kompetencija za dozivotno ucenje на покана на Agencija za odgoj I obrazovanje i Ministarstvo znanosti obrazovanja I sporta Republike Hrvatske, Zagreb, 2010. | 1 |
| 40. | Одржано стручно предавање за потребите на СУГС „Ѓорѓи Димитров" ,на тема *Клучните европски компетенции и развојот на курикулумот* , Скопје, 3.10.2010. | 0,5 |
| 41. | Одржано стручно предавање за потребите на ОУ „11 Октомври" Скопје, на тема: *Улогата на курикулумот во развојот на клучните компетенции за доживотно учење*, февруари, 2011. | 0,5 |
| 42. | Одржано стручно предавање за потребите на Општина Карпош во ОУ „Аврам Писевски" с.Бардовци на тема: *Унапредување на воспитно-образовната работа во училиштата со посебен акцент на засилување на воспитната функција* на 2.3.2011. | 0,5 |
| 43. | Одржано стручно предавање со одделенските наставници за потребите на Општина Карпош ОУ „Војдан Чернодрински" Скопје на тема: *Унапредување на воспитно-образовната работа во училиштата со посебен акцент на засилување на воспитната функција* на 4.3.2011. | 0,5 |
| 44. | Одржано стручно предавање со предметните наставници за потребите на Општина Карпош во ОУ „Војдан Чернодрински" Скопје на тема: *Унапредување на воспитно-образовната работа во училиштата со посебен акцент на засилување на воспитната функција* на 12.3.2011. | 0,5 |
| 45. | Одржано стручно предавање со одделенските наставници за потребите на Општина Карпош во ОУ „Х.Т.Карпош" Скопје на тема: *Унапредување на воспитно- образовната работа во училиштата со посебен акцент на засилување на воспитната функција* на 9.03.2011. | 0,5 |
| 46. | Одржано стручно предавање со предметните наставници за потребите на Општина Карпош во ОУ „Х.Т.Карпош" Скопје на тема: *Унапредување на воспитно- образовната работа во училиштата со посебен акцент на засилување на воспитната* | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | *функција* на 23.3.2011. | |
| 47. | Одржано стручно предавање со наставници за потребите на Општина Карпош во ОУ „Ј.А.Коменски“ Скопје на тема: *Унапредување на воспитно-образовната работа во училиштата со посебен акцент на засилување на воспитната функција* на 6..4.2011. | 0,5 |
| 48. | Одржано стручно предавање со наставници за потребите на Општина Карпош во ОУ „Братство“ Скопје на тема: *Унапредување на воспитно-образовната работа во училиштата со посебен акцент на засилување на воспитната функција* на 15.4.2011. | 0,5 |
| 49. | Учество во работилница „International Reading Association”-Skopje, 15.1.2010. | 1 |
| 50. | Учество на семинар за имплементација на болоњскиот процес на Факултетот за туризам, Скопје, предавач: проф. З. Ивановиќ, Опатија, Р. Хрватска, 2009. | 1 |
| 51. | Учество во дебата „Мојата идна професија“ гимназија „Добри Даскалов“- Кавадарци ( промотивни активности за Факултетот) 12. мај 2010. | 0,5 |
| 52. | Учество на конференција: Предизвиците на наставничката професија во рамките на проектот *Креативна настава и учење* (ФИООМ/УСАИД), (12-13 април 2007 г.), Скопје, Македонија | 1 |
| 53. | Учество на семинар за модернизација на програмите за иницијална обука на наставници во рамките на проектот *Креативна настава и учење* (ФИООМ/УСАИД), (14 април 2007 г.), Скопје, Македонија, со power point презентација | 2 |
| 54. | Учество во проект за зајакнување на граѓанското општество Центар за Балканска соработка- Лоја ( позиција на експерт за изработка на програма), 2007 | 1 |
| | **ВКУПНО:** | 105,05 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Автор на книга од стручна област: *„Стратегии, модели и техники за успешно менаџирање со одделението или класот“* Јофи скен,Скопје, 2008. | 8 |
| 2. | Автор на книга од стручна област: *Комуникација во туризмот (општа и деловна комуникација),* Скопје, 2007 . | 8 |
| 3. | Рецензент на монографијата *Дисконтинуитет у васпитању између вртића и школе* на д-р Зорица Станисавлевиќ Петровиќ-Филозофски факултет Ниш, Р.Србија ( одлука бр. 56/1-12-2-01) | 1 |
| 4. | Рецензент на 4 ракописи за Годишниот зборник на трудови на Учителскиот факултет во Врање, Србија | 4 |
| 5. | Мислење за 4 авторезимеа за докторски дисертации на Филозофскиот факултет во Скопје | 4 |
| 5. | Супервизор на 7 учебници по предметот запознавање на | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| | околината за I, II и III одд. во комисија од МОН (2010) | |
| 6. | Рецензент на 4 предлог-научноистражувачки проекти од Министерството за образование и наука за 2010 година | 4 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 7. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание: Педагошка практика и Педагошка ревија | 1 |
| 8. | Член на организационен одбор за организирање на III научен собир со меѓународно учество, 2006 | 1 |
| 9. | Член на организационен одбор за организирање на IV научен собир со меѓународно учество, 2008 | 1 |
| 10. | Член на организационен одбор за организирање на V научен собир со меѓународно учество, 2010 | 1 |
| 11. | Член на Сојузот на учените на Бугарија ( Union of scientists in Bulgaria) од 2009 ( Membership card No-13405) | 2 |
| 12. | Претседател на факултетска комисија за изработка на Елаборат за центарот за перманентно образование (одлука бр. 02-148/1) | 0,5 |
| 13. | Член на факултетска комисија за изработка на предлог-елаборат за трет циклус докторски студии на Педагошкиот факултет (одлука бр. 02-244/1) | 0,5 |
| 14. | Член на факултетска комисија за натамошен развој на Факултетот и изнаоѓање на нови проекти (одлука бр. 02-149/1) | 0,5 |
| 15. | Член на комисија за изготвување на Елаборат за постдипломски студии на Педагошкиот факултет ( одлука бр. 02-597/1) | 0,5 |
| 16. | Член на факултетска комисија за изработка на елаборат за втор циклус-постдипломски студии на Педагошкиот факултет во Скопје (од.бр.02-522/4) | 0,5 |
| 17. | Член на факултетска комисија за преиспитување и доуредување на Правилникот за дипломски работи (одлука бр. 276/1) | 0,5 |
| 18. | Член на комисија за усогласување на наставните планови и програми на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски" во Скопје со концепцијата за деветгодишно основно образование (одлука бр. 02-416/1) | 0,5 |
| 19. | Член на комисија за дополнување и промена на студиските програми на Факултетот ( одлука бр. 02-596/1) | 0,5 |
| 20. | Член на факултетска комисија за изработка на елаборат за педагошка доквалификација на Педагошкиот факултет-2009 | 0,5 |
| 21. | Претседател на комисија за изработка на елаборат за модули на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје (одлука.бр. 02-417/1) | 0,5 |
| 22. | Член на комисија за избор во соработничко и наставно звање за 3 кандидати ( одлука бр. 0503-101/) и (одлука бр. 02-342/1) | 0,60 |
| 23. | Раководител на група за изработка на компетенции за одделенски наставник | 0.5 |
| 24. | Член на матична комисија за основање на Универзитет за туризам и менаџмент- Скопје (одлука вр. 03-10/1) | 1 |
| 25. | Модератор во петта секција на Петтиот интернационален балкански конгрес во Едрене, Р.Турција (2009) | 1 |
| 26. | Модератор во втора секција на Четвртиот интернационален научен конгрес со меѓународно учество во Охрид (2009) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 27. | Модератор во трета секција на Петтиот интернационален научен конгрес со меѓународно учество во Охрид (2010) | 1 |
| 28. | Член на Научното друштво за педагогија на РМ | 1 |
| 29. | Изготвување и пријавување на научен образовен проект: Улогата на наставникот во реализацијата на воспитната функција во современи услови на живеење (носител) (одлука 03-60/2) | 1 |
| 30. | Изготвување и пријавување на образовен проект: Унапредување на воспитно-образовната работа на училиштата со посебен аспект на засилување на воспитната функција ( носител) | 1 |
| 31. | Изготвување и пријавување на научен образовен проект: Перманентното образование на одделенските наставници, состојби и перспективи( одлука 03-212) (соработник) | 0,5 |
| | **Вкупно** | 56,60 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 99,80 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 105,05 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 56,60 |
| **Вкупно** | 261,45 |

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Целадин Мурати с.р.
2. Проф. д-р Снежана Адамческа с.р.
3. Проф. д-р Мрослава Николоска с.р.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет „Јустинијан Први"
03-1103/1
8-7-2011 год.
СКОПЈЕ



РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ДРЖАВНАТА УПРАВА ВО СИСТЕМОТ НА ПОДЕЛБА НА ВЛАСТА“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ИВАНА ШУМАНОВСКА-СПАСОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата седница одржана на 21 април 2011 година, по предлог на Институтот за правно-политички науки, формираше Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Ивана Шумановска-Спасовска** под наслов **„Државната управа во системот на поделба на власта“**, во состав: проф. д-р Симеон Гелевски, редовен професор-ментор, проф.д-р Саво Климовски, редовен професор -член, проф.д-р Борче Давитковски, редовен професор - член, проф.д-р Рената Дескоска, вонреден професор-член и проф.д-р Ана Павловска-Данева, вонреден професор-член.

Комисијата за оцена на докторската дисертација во наведениот состав со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје со задоволство му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Приказ на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ивана Шумановска-Спасовска под наслов „Државната управа во системот на поделба на власта“ содржи 276 страници компјутерски отчукан текст, 344 фусноти, 168 библиографски единици користена литература и 31 законски и други прописи.

Трудот се состои од вовед, три посебни дела, заклучна анализа и заклучок.

Во *воведниот дел* кандидатката ги изнесува причините поради кои се одлучила за изработка на оваа докторската дисертација и кои се целите на истражувањето. Наведувајќи дека со Уставот на Република Македонија од 1991 година, Република Македонија прифаќа нов концепт на државно уредување заснован на принципот на поделба на власта, кандидатката како основна цел на истражувањето го наведува влијанието на ова уставно начело за статусот на државната управа. Кандидатката како основна хипотеза го поставува влијанието на ова начело на државната управа во остварувањето на државната власт и нејзиниот придонес кон одржувањето на еквилибрумот помеѓу носителите на власта. Авторката се прашува дали со оглед на овластувањата кои ги поседува државната управа (согласно со легислативата), нејзината улога се маргинализира и треба да се смета само како збир на органи кои извршуваат закони или, пак, нејзините основни обележја – компетентноста, постојаноста и професионалноста, говорат за определување на нејзин посебен идентитет кој има сé поголемо значење како за остварувањето на утврдената политика, така и за севкупниот општествен и економски развиток.

Во овој дел од трудот е изложен и преглед на методите на истражување користени при изработката на трудот, како што се правно-аналитичкиот, историскиот, дескриптивниот и компаративниот метод. Овие методи ѝ послужиле на кандидатката за солиден научен пристап во истражувањето.

*Првиот дел* на докторската дисертација, насловен како **„Теоретско определување на поимот на државната управа“**, започнува со дефинирањето на државната управа. Кандидатката забележува дека поимот на државната управа не е еднаш засекогаш дадена категорија, затоа што новите општествени и економски случувања директно се одразуваат и на државната управа. Имено, од самиот развој до денес може да се забележат три главни концепти низ кои се појавува државната управа, и кои ги обележуваат различни нејзини дефинирања застапени во теоријата од соодветни претставници. Првиот концепт опстојува најдолго, односно од појавувањето на управата, па во некои држави скоро до крајот на 20 век, а негово есенцијално обележје е дефинирањето

на државната управа како власт – кога управата се смета како синоним за империум, со моќ да се наметне некое поведение или однесување, истакнувајќи ги дејностите на управата од авторитативен карактер. Вториот концепт, карактеристичен за welfare state или држава на благосостојба, при дефинирањето на државната управа тргнува од нејзините социјални функции и управата ја дефинира како сервис или јавна служба. Современиот концепт во себе вклучува сосема нови елементи како што се конкурентноста, го воведува менаџерскиот пристап во работењето на управата, споредувајќи ја со приватниот сектор, а при сето тоа како основна цел ја зема ефикасноста на државната управа, сметајќи дека државната управа на себе презема премногу дејности, кои се одразиле на зголемување на бројот на институциите, а сето тоа, пак, доведува до неефикасно спроведување на основните управни дејности. Сето ова упатува на тоа дека поимот на управата е во зависност од одреден политички систем, односно тој е специфичен за секоја земја и за одредено време.

Поимот на управата зависи и од критериумот од кој се тргнува при неговото дефинирање, односно дали е тоа организациониот, со кој всушност се врши диференцирање на органите на државната управа од другите носители на власта (судовите, законодавното тело и Владата). Во овој дел, кандидатката укажува на тоа дека особено при спроведување на одредена реформа во државната или јавната администрација треба да се внимава и на бројот на управните институции, односно која бројка треба да биде оптимална, затоа што во спротивно се зголемува можноста од зголемено трошење на буџетските средства, што секако не е од корист за државата. Кандидатката посебно ги истакнува обележјата на управните органи како што се хиерархиската организација, најчесто инокосниот начин на одлучување и етаблирање на орган за одреден ресор или според природата на работата, кои исто така го истакнуваат посебниот ентитет на државната управа поразличен од судството, владата и собранието. При дефинирањето на управата во функционална смисла, предвид се земаат авторитативните и неавторитативните дејности на управата, при чие

спроведување до израз доаѓаат нејзините нормативни, контролни, организациони и оперативни овластувања.

Посебно внимание во овој дел на тезата е посветено на дефинирањето на државната управа како јавна служба, со цел да се прикаже сé поголемото значење кое го има државната управа во однос на социјалната регулација. Исто така, нотиран е фактот дека одредени дејности само ја оптоваруваат државната управа, а далеку поопортуно тие би можеле да се остваруваат од страна на други недржавни субјекти на кои со закон ќе им се додели јавно овластување за нивното спроведување. Ако се земе како основа функционалниот критерим за дефинирање на управата тогаш, може да се забележи дека терминот државна управа е претесен и затоа сé поприсутен е терминот јавна управа, кој во себе ги инкорпорира не само органите на државната управа туку и другите субјекти во чија основна преокупација не е вршење на управни дејности, освен кога им се доделува јавно овластување.

*Во вториот централен дел* на докторската дисертација насловен како **„Државната управа во системот на поделба на власта“**, истражувањето на кандидатката е насочено кон примената на начелото на поделба на власта во различни системи, како што се претседателскиот, парламентарниот и мешовитиот систем. Најнапред, авторката во одделна глава го изложува теоретскиот осврт за развојот на начелото на поделба на власта. Во овој дел, таа ги разгледува позитивните и негативните ефекти од примената на овој принцип со кои се соочуваат овие системи, доаѓајќи притоа и до сопствени заклучоци. Во прилог на ова е извршена конкретна анализа на односите што ги воспоставува државната управа спрема законодавната, судската и извршната функција во секој од овие системи поодделно. Сето ова е со цел да се прикаже каква е организационата и функционалната поставеност на државната управа vis-à-vis другите носители на власта, односно кои се спецификите кои ги има државната управа во секој од овие системи или како одредени прашања слични по својата природа различно се уредуваат.

Во таа насока е изложен приказ на државната управа со законодавната, извршната и судската власт, најнапред во собранискиот систем, кој се заснова на принципот на единство на власта, а потоа и во парламентарните демократии во кои е воведено начелото на поделба на власта. За истражувањето на системот на единство на власта е прикажан системот во Швајцарија како прототип, напоменувајќи дека ваквиот начин на организација на власта се почесто се напушта.

Како основно обележје на собранискиот систем е наведена концентрацијата на моќ во еден орган, односно законодавното тело кое ги извршува трите државни функции, што е окарактеризирано како надмоќ, наместо еквилибрум. Ваквата поставеност влијае и над положбата и улогата на државната управа, при што се забележува нејзина организациона и функционална зависност од собранието. Во таа насока се надоврзува и подреденоста на државната управа спрема собранието, која доаѓа до израз при формирањето на органите, овластувањата и спроведувањето контрола.

Поинаква ситуација се констатира во проучувањето на системите на организација на власта во САД, Велика Британија и Франција кои го инаугурирале начелото на поделба на власт со цел да се стави крај на апсолутната власт и воведување дисперзија на моќ на повеќе носители, односно да не постои суперматија на една власт, туку да се воспостави рамнотежа помеѓу властите. Во овие земји се укажува на подредената улога на државната управа во нејзината организациона и функционална смисла, каде што зависноста на државната управа е поизразена во однос на извршната власт, отколку со претставничкото тело. Посебен акцент е ставен на утврдувањето на положбата и улогата на државната управа во претседателскиот систем, посебно во парламентарниот и на крај во мешовитиот систем, кои и покрај тоа што го имаат прифатено начелото на поделба на власта како уставно и организациона начело, сепак секој од нив има посебни модалитети на остварување, посебни елементи кои го детерминираат системот како својствен сам за себе. Тоа всушност и го прави да биде прототип за определен систем на организација на власта. Значајно за ова истражување е што

ваквата поставеност на носителите на власта директно се одразува и на државната управа, при што се забележува нејзино поблиско врзување или со претседателот на државата или со владата. Тоа, пак, влијае на статусот, организацијата и овластувањата на државната управа и односите што ќе ги воспоставува со другите носители на власта.

Анализата извршена во *третиот дел* е насловена како **„Државната управа во политичкиот систем на Република Македонија“** . Во рамките на овој дел се анализирани факторите кои ја определуваат положбата и улогата на државната управа (како што се организацијата на власта, организационата поставеност на државната управа, обемот на надлежности кои треба да ги остварува, ефикасноста на механизмите за остварување на политичка одговорност и влијанието на политичките партии).

При посебното истражување на корелативните односи на државната управа спрема трите носители на државната власта, кандидатката констатира постоење на индиректен однос помеѓу Собранието и државната управа, непосреден однос со Владата на Република Македонија (како еден од носителите на извршната власт) и однос на заемна соработка со судските органи. Собранието влијае врз управата по пат на својата легислативна дејност, односно ја нормира организационата, функционалната и финансиската поставеност на државната управа и спроведува политичка контрола над управата. Наспроти тоа, државната управа претставува стручна служба која на Собранието му ги обезбедува соодветните информации неопходни за неговото работење. Тоа управата треба да го прави на ефикасен, квалитетен и професионален начин. Во однос на Владата, се констатира директна организациона и функционална подреденост на управата, што е одраз на новиот систем во кој управата се пооддалечува од Собранието и се врзува за Владата. Предлогот на авторката е дека улогата на управата треба да се потенцира како постојан, неполитички, стручен, професионален и оперативен дел на извршната власт и со тоа да се направи поостра дистинкција со Владата како политички дел од извршната власт. Кандидатката, вусшност, смета дека на тој начин ќе се

осигура професионална и деполитизирана управа, која ќе остане квалитетен сервис како за Владата и Собранието, така и за граѓаните.

Во односот со судството, кандидатката ја истакнува организационата и функционалната одвоеност, односно самостојност. Судските органи ги задржуваат своите контролни овластувања, обезбедувајќи ја на тој начин примената на начелото на законитоста на работењето на управата, додека управата од своја страна обезбедува непречен увид во работите и извршување на судските одлуки.

**Во заклучната анализа** кандидатката забележува дека она што ја издвојува и прави посебна државната управа спрема другите носители на власта се секако нејзините овластувања во поглед на заштитата на јавниот интерес и на остварувањата на правата, обврските и правните интереси на правните и физичките лица. Овие свои овластувања таа ги остварува преку управната функција која ја имплементира најчесто по пат на донесување на управните акти кои се нејзиното есенцијално обележје, со кое се разликува од актите кои ги донесуваат законодавниот дом и судските органи, како и по пат на спроведувањето на нормативната дејност чија цел е презицирање и остварување на законите.

Ставот на авторката е дека она што влијае на зголемувањето на значењето на улогата на државната управа се пред се нејзините сервисни и советодавни дејности кои ги врши како за Владата, така и за Собранието, но и за граѓаните.

Во заклучните констатации се истакнува дека начелото на поделба на власта ја остварува својата цел, односно ја спречува надмоќта на секој од носителите на државната власт и го обезбедува нивното меѓусебно ограничување. Сепак, треба да се внимава на тоа дека не само односот помеѓу носителите на власта влијае на неговата правилна примена, бидејќи на тој план сé поприсутно е влијанието на политичката култута, политичките партии и изборниот систем кои исто така влијаат врз еквилибрумот помеѓу легислативата, легислатурата и егзекутивата.

## Оцена на трудот

Докторската дисертација „Државната управа во системот на поделба на власта“ на кандидатката м-р Ивана Шумановска-Спасовска обработува мошне актуелна, но недоволно проучувана и истражувана тема во научната област. Од тука ова истражување со сериозност на докторска дисертација претставува пионерски потфат во обработката на оваа тема.

Во погоре изложената содржина на докторската теза ние ги презентиравме ставовите и резултатите до кои дошла кандидатката во истражувањето околу определувањето на местото и улогата на државната управа во системот на поделба на власта - теориските, практичните, компаративните и современите аспекти на управата во системот на поделба на власта.

Генерална оцена за докторската дисертација: „Државната управа во системот на поделба на власта“ на кандидатката м-р Ивана Шумановска-Спасовска е позитивна, бидејќи трудот претставува сериозен научен придонес во изучувањето и во објаснувањето на современата позиција на државната управа во системот на поделба на власта. А тоа е организационата, персоналната, функционалната и финансиската зависност од парламентот со политичка одговорност пред законодавниот дом; управата е дел од извршната власт при што политичкиот сегмент го врши владата, а административниот сегмент- управата; и управата е одвоена од судството, но тоа е контролор на нејзиното законско постапување и ја цени законитоста на нејзините акти. Управата е воедно власт, но и сервис и стручна служба, заштитник на јавниот интерес, подложна на постојани промени во зависност од општествено-политичките и економски односи, од демократските процеси и воопшто од нивото на политичката култура. Сето тоа, во системот на поделба на власта и нејзиното место и улога во таквиот систем.

Трудот претставува самостоен научен труд во кој авторката покажува способност за теориска и позитивно правна анализа и со способност за

синтетизирано воопштување и објаснување на државната управа во системот на поделба на власта.

Во своите заклучоци во завршната анализа, кандидатката укажува на најновите аспекти на феноменот на државната управа во системот на поделба на власта воопшто, компаративно, но и во Република Македонија.

При изработката на дисертацијата кандидатката се користела со обемна научна и стручна литература, законски и други правни прописи – што претставува солидна основа за сериозна анализа и успешно воопштување.

## IV Заклучоци и предлог

Врз основа на сето што беше презентирано, но и констатирано во овој извештај, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да го усвои извештајот со позитивна оцена дадена во него и да ѝ овозможи на кандидатката да пристапи кон јавна одбрана на дисертацијата.

Скопје, 27 јуни 2011 година

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Симеон Гелевски, редовен професор с.р.
2. Д-р Саво Климовски, редовен професор с.р.
3. Д-р Борче Давитковски, редовен професор с.р.
4. Д-р Рената Дескоска, вонреден професор с.р.
5. Д-р Ана Павловска-Данева, вонреден професор с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МОДЕЛИРАЊЕ, АНАЛИЗА И ВАЛИДАЦИЈА НА ГЕНСКИ РЕГУЛАТОРНИ МРЕЖИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р БЛАГОЈ РИСТЕВСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, донесена на седницата одржана на 22.VI 2011 година, одредени сме за членови на Комисијата за одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Благој Ристевски, со наслов **„Моделирање, анализа и валидација на генски регулаторни мрежи"**.

По извршениот преглед на докторската дисертација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, го поднесуваме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. Општи податоци за докторската дисертација

Докторската дисертација со наслов „Моделирање, анализа и валидација на генски регулаторни мрежи" изработена од м-р Благој Ристевски, има вкупно 158 страници, организирани во 7 поглавја и два додатока. Излагањето во дисертацијата е илустрирано со 30 слики и 8 табели. На крајот на докторската дисертација се приложени листа на користена литература во која има 104 референци и листа на објавени трудови.

## 2. Предмет на докторската дисертација

Инструкциите за синтетизирањето на протеините се наоѓаат во сегменти на дезоксирибонуклеинската киселина (ДНК) кои се нарекуваат гени. Регулацијата на изразеноста на гените е од големо значење при синтезата на протеините. Протеините учествуваат во биохемиските процеси во клетките при ензимските и биохемиските реакции, трансмисијата на сигнали, како структурни компоненти во клетките и во регулирањето на транскрипцијата на гените. Гените, протеините, метаболитите и нивните комплекси се во меѓусебни интеракции, така што формираат комплексни генски регулаторни мрежи. Целта на реконструкцијата на генските регулаторни мрежи е добивање на јасна претстава за регулаторните механизми што влијаат врз изразеноста на гените, а со тоа и врз синтезата на протеините.

Недостатокот на соодветни експериментални податоци бил главна причина за ограничениот напредок во проучувањето на генските регулаторни мрежи неколку децении по нивното воведување. Со појавата на експериментални техники за проучување на механизмите што ја регулираат генската изразеност како што се технологиите на ДНК-микрорешетки, ChIP-chip и ChIP-Seq, на располагање стојат големи количества на податоци од кои можат да се реконструираат генски регулаторни мрежи.

Во изминатите десетина години се развиени повеќе модели за реконструкција на генски регулаторни мрежи, базирани на основните модели за реверзен инженеринг. Кај Буловите мрежи на пример, двониовската дискретизација на генски изразените податоци доведува до загуба на информации за

регулаторните мехнизми, а Баесовите мрежи не можат да работат со временски серии податоци, ниту пак да ги изведат повратните врски кои се јавуваат при генската регулација. Кај графичките Гаусови модели, гранките во изведените мрежи зависат од поставениот праг.

Наведените недостатоци кај најчесто применуваните модели претставуваат мотив за развивање на нов модел кој ќе може да вклучи а' priori знаење и ќе може да интегрира повеќе модели, со цел добивање на генски регулаторни мрежи кои поточно ја одразуваат генската регулација.

Предмет на оваа докторска дисертација е развој на нов модел кој ги интегрира генски изразените податоци со а' priori знаење. За реверзен инженеринг и валидација на предложениот модел, како влезни податоци се искористени симулирани и експериментални множества од временски серии на генски изразени податоци за различен број на гени, добиени во различен број на временски моменти. Покрај моделирањето и анализирањето на генските регулаторни мрежи, извршена е валидација на изведените мрежи и направена е споредба на резултатите добиени со примена на неколку модели за реконструкција.

### 3. Анализа на трудот

Воведната глава на дисертацијата содржи опис на основните поими за кои станува збор во текстот и истражувањето. Во оваа глава е образложена мотивацијата за развој на модел за изведување на генски регулаторни мрежи и даден е преглед на дисертацијата по поглавја.

Во втората глава се опишани составот, структурата и карактеристиките на ДНК, протеините, транскрипциските фактори и генските регулаторни мрежи. Во оваа глава е прикажан и начинот на кој се добиваат генски изразени податоци со технологијата на ДНК-микрорешетки, како и ChIP-chip и ChIP-Seq технологиите со кои се добиваат податоци за одредување на интеракциите меѓу транскрипциските фактори и соодветните поврзувачки места на ДНК-секвенците. Како важен сегмент во процесот на генската регулација, опишана е микро-РНК и нејзината регулаторна улога, како и потребата за користење на компјутерски методи за изведување на генски регулаторни мрежи.

Во третата глава е даден преглед на компјутерските методи за реконструкција на генските регулаторни мрежи и нивните предности и недостатоци. Опишани се основните модели како што се Буловите мрежи, Баесовите и динамичките Баесови мрежи, асоцијативните мрежи и графичките Гаусови модели и нивната примена за реконструкција на генски регулаторни мрежи врз основа на генски изразените податоци. Исто така, опишани се и моделите што се базираат на системи диференцијални и диференцни равенки, Петри мрежи и други методи изведени врз основа на споменатите основни модели. По реконструкцијата на генските регулаторни мрежи, потребно е да се изврши валидација на добиените резултати. Методите за валидација како што се ROC-кривите и AUC-вредностите за оценување на изведените гранки од реконструираните мрежи се опишани исто така во оваа глава.

Во четвртата глава е опишана методологијата на новиот предложен модел за изведување на генски регулаторни мрежи кој се извршува во две фази. Во првата фаза, како влезно множество се применуваат генски изразени податоци што се однесуваат на повеќе експериментални услови или временски серии. Целта на првата фаза од предложениот модел е да се добие матрица на а' priori знаење *Gprior* врз основа на парцијалните корелациски коефици-

енти, добиени со графичките Гаусови модели. За интегрирање на а' priori знаењето добиено од првата фаза на предложениот метод, во втората фаза од изведувањето на генските регулаторни мрежи се дефинира функција *Gprior'* како мерка за совпаѓањето меѓу дадена мрежа *G* и достапното а' priori знаење *Gprior*. Интегрирањето на а' priori знаењето е според априорната распределба на структурата на мрежата *G*, која ја следи Гибсовата распределба, од каде што со Баесовото структурно учење и извршување на Маркови вериги – Монте Карло симулации, се добиваат изведите генски регулаторни мрежи.

Генерирањето на генски изразените податоци, како и добивањето и трансформацијата на експерименталните генски изразени податоци за колоректален канцер се прикажани во петтата глава. За валидација на предложениот модел и споредба со Буловите мрежи, динамичките Баесови мрежи и графичките Гаусови модели се генерираат два вида множества на временски серии на генски изразени податоци за 5, 10 и 15 гени и за 5, 10 и 50 временски моменти. Првиот вид на симулирани податоци се Гаусови податоци, додека вториот вид на податоци се симулирани со SynTReN – генератор на синтетички генски изразени податоци. Од експерименталното множество на генски изразените податоци за експериметот E-MEXP-390, врз основа на достапните знаења за гените што се вклучени во колоректалниот канцер, се селектирани подмножество генски изразени податоци составени од 13 гени.

Покрај реконструкцијата на генските регулаторни мрежи од генски изразените податоци, извршена е и валидација на добиените резултати со примена на предложениот модел за реконструкција на регулаторните мрежи и резултатите се споредени со другите модели за реконструкција и тоа со динамичките Баесови мрежи, графичките Гаусови модели и Буловите мрежи.

Во шестата глава се анализирани добиените резултати од предложениот модел. Реконструираните генски регулаторни мрежи, добиените ROC-криви и AUC-вредностите покажаа дека предложениот модел има значително подобрени перформанси за реконструкција, споредено со изведените мрежи со Булови мрежи, динамичките Баесови мрежи и графичките Гаусови модели.

Во последната глава се дадени идните препораки и насоки за понатамошно истражување и развивање на модели од областа на реверзниот инженеринг на генските регулаторни мрежи.

Во додаток I се опишани структурното и параметарското учење кај Баесовите мрежи. Целта на параметарското учење е да се одредат оптималните параметри што одговараат на условните веројатности меѓу јазлите од апостериорната распределба на параметрите за одреден оптимален модел, додека со структурното учење се прави избор на онаа мрежа од сите можни мрежи што има оптимална структура.

Во додаток II се објаснети Маркови вериги – Монте Карло симулациите.

## 4. Верификација на докторската дисертација

Резултатите од истражувањата на проблематиката од докторската дисертација, м-р Благој Ристевски успешно ги презентирал и ги публикувал на меѓународни конференции. Кандидатот е автор или коавтор на следниве трудови:

[1] B. Ristevski and S. Loshkovska: *A Comparison of Models for Gene Regulatory Networks Inference*, $2^{th}$ International Conference ICT Innovations 2010, Ohrid, R. Macedonia, 2010, pp. 59–68.

[2] B. Ristevski and S. Loskovska, *Bayesian Networks Application for Representation and Structure Learning of Gene Regulatory Networks*, 12th International Conference on Computer and Information Technology, ICCIT, Bangladesh, 2009, pp. 609–613.

[3] B. Ristevski and S. Loskovska, *ROC Curves Comparison of Inferred Gene Regulatory Networks*, 13th International Multiconference Information Society 2010, Intelligent Systems, Ljubljana, Slovenia, 2010, pp. 39–42.

[4] B. Ristevski and S. Loskovska, *Gene Regulatory Networks Inference Using Graphical Gaussian Models*, 12th International Multiconference Information Society 2009, Intelligent Systems, Ljubljana, Slovenia, 2009, pp. 62–65.

[5] B. Ristevski, S. Loskovska, *Bayesian Networks Application for Visualization and Structure Learning of Gene Regulatory Networks*, IX National Conference with International Participation ETAI 2009, Ohrid, Macedonia, I5-5.

[6] B. Ristevski, S. Loskovska, *Visualization and Structure Learning of Gene Regulatory Networks using Bayesian Networks*, XLIV International Scientific Conference on Information, Communication and Energy Systems and Technologies, ICEST 2009, Veliko Tarnovo, Bulgaria, pp. 297–300.

[7] B. Ristevski, S. Loskovska, *Modeling of Gene Regulatory Networks by Boolean Networks*, Proceedings of the 11th International Multiconference Information Society IS 2008, Vol. **A**, pp 97–100.

[8] B. Ristevski, S. Loshkovska, S. Dzeroski, I. Slavkov, *A Comparison of Validation Indices for Evaluation of Clustering Results of DNA Microarray data*, IEEE Conference Proceedings of The 2nd International Conference on Bioinformatics and Biomedical Engineering, 2008. ICBBE 2008, Shangai, China, pp. 587–591.

[9] B. Ristevski, S. Loskovska, *Validation Indices and Quality Estimation of the Clustering Results of DNA Microarrays Data*, VIII National Conference with International Participation ETAI 2007, Ohrid, Macedonia, I5-6.

[10] B. Ristevski, S. Loskovska, *A Survey of Clustering Algorithms of Microarray Gene Expression Data Analysis*, Proceedings of the 10th International Multiconference Information Society – IS 2007, Ljubljana, Slovenia, 2007, pp 52–55.

**5. Придонеси на дисертацијата**

Главните придонеси од докторската дисертација, искажани и во публикуваните трудови, се следниве:

- опишани се биолошките основи на генската регулација и даден е опсежен преглед и споредба на досега применуваните компјутерски методи за реконструкција на генските регулаторни мрежи;
- даден е преглед на предностите и недостатоците на постоечките модели за изведување на генски регулаторни мрежи;
- предложен е нов модел за изведување на генски регулаторни мрежи кој го интегрира изведеното а' priori знаење со генски изразените податоци;
- извршено е изведување на генски регулаторни мрежи и валидација на изведените мрежи со предложениот модел и со други најчесто применувани модели;
- предложениот модел во најголем дел од случаите покажа подобри перформанси за изведување, независно од бројот на гени и од големината на временските серии.

## Заклучок и предлог

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека во докторската дисертација „Моделирање, анализа и валидацијана генски регулаторни мрежи", изработена од кандидатот м-р Благој Ристевски, е даден научен придонес во областа на биоинформатиката и примената на компјутерската техника и информатиката во реверзниот инженеринг на генски регулаторни мрежи. Предложен е модел за изведување на генски регулаторни мрежи и направена е валидација и споредба на изведените генски регулаторни мрежи со предложениот модел и со најчесто применуваните модели: Булови мрежи, Баесови мрежи и графички Гаусови модели. Изведувањето на генските регулаторни мрежи и валидацијата на предложениот модел е направена за симулирани множества на генски изразени податоци и за експериментални генски изразени податоци добиени со технологијата на микрорешетки.

Со постигнатите резултати, кандидатот м-р Благој Ристевски покажа темелно познавање на проблематика на дисертацијата и истражувачки дух. Воведениот нов модел за изведување на генски регулаторни мрежи покажа значително подобри изведувачки карактеристики, во споредба со изведувањето со Буловите мрежи, Баесовите мрежи и графичките Гаусови модели. Ова резултира со научен придонес во областа на биоинформатиката и примената на компјутерската техника и информатиката во изведувањето на генските регулаторни мрежи, што е видливо од резултатите од работата на докторската дисертација кои се публикувани во 10 научни трудови, од кои 8 се на меѓународни конференции, а 2 се на национални конференции.

Врз основа на изложената анализа, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го прифати овој извештај и на кандидатот м-р Благој Ристевски да му одобри јавна одбрана на докторската дисертација под наслов „Моделирање, анализа и валидација на генски регулаторни мрежи".

**К о м и с и ј а**

1. Проф. д-р Драган Михајлов, претседател, с.р.
   Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје
2. Проф. д-р Сузана Лошковска, ментор, с.р.
   Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје
3. Вонр. проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ, член, с.р.
   Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје
4. Проф. д-р Анета Бучковска, член, с.р.
   Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје
5. Доц. д-р Калајџиски Слободан, член, с.р.
   Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ГЕНЕРИЧКИ СИСТЕМ ЗА СОДРЖИНСКИ БАЗИРАНО ПРЕБАРУВАЊЕ НА СЛИКИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ИВИЦА ДИМИТРОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, донесена на седницата одржана на 22.VI 2011 година, одредени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Ивица Димитровски, со наслов „Генерички систем за содржински базирано пребарување на слики".

По извршениот преглед на докторската дисертација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, го поднесуваме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи податоци за докторската дисертација

Докторската дисертација со наслов „Генерички систем за содржински базирано пребарување на слики" од м-р Ивица Димитровски е распределена на 140 страници организирани во 7 поглавја. Дисертацијата содржи и список на литература и додаток со табеларени анализи. Во докторатот има 36 слики, 18 табели и 190 референции. Од референциите 11 му припаѓаат на авторот.

### 2. Предмет на докторската дисертација

Истражувањата поврзани со пребарување на мултимедијалните бази добиваат се поголем интензитет и значење. Во последно време се прават амбициозни чекори и напори да се овозможи компјутерите да ги разберат, да научат и да ги индексираат сликите преку информациите кои се автоматски извлечени од мултимедијалните содржини. Тоа доведе до пробивање на идејата за развој на системи за пребарување на слики по содржина. Системите за пребарување на слики по содржина (Content-based Image Retrieval – CBIR), на начинот на кој денес се развиени, претставуваат технологија што овозможува организирање на архиви со дигитални слики според нивната содржина. Содржински базираното пребарување на слики ја отстранува потребата од користење на експлицитно асоцирани клучни зборови и текстуални ознаки за сликите.

Главно се разликуваат два апликативни контекста на содржински базираното пребарување на слики: класично пребарување на информации/слики со задавање на прашање-слика и семантичка класификација. Првиот апликативен контекст ја поддржува парадигмата на пребарување на слики со задавање на примерок слика (или дел од слика) и прикажување на сликите кои визуелно одговараат на зададе-

ната слика. Вториот апликативен контекст опфаќа фаза на учење на семантичките категории со користење на множество слики за обучување и фаза на класификација во која сликите од базата се класифицираат во претходно научените семантички концепти. Овој вид се нарекува и семантичко пребарување, бидејќи овозможува пребарување на концепти/објекти определени во процесот на класификација со задавање на семантички опис (пример за ваков вид на пребарување е: „слики од превозни средства").

Целта на оваа докторска дисертација е имплементација на генерички систем за содржински базирано пребарување на слики. За оваа цел да ја постигнеме, ги имплементиравме концептуалните компоненти на моќен и генерички систем, кој овозможува семантичка класификација, опишување и пребарување на слики.

## 3. Анализа на трудот

Во воведната глава на дисертацијата се опишуваат основните поими за кои станува збор во текстот и истражувањето. Дадена е мотивацијата за градењето на генеричкиот систем за содржински базирано пребарување, наведени се основните рамки на истражувањето, начинот на работа и добиените резултати.

Во втората глава од докторската дисертација е даден опширен преглед на постојните техники за содржински базирано пребарување на слики со посебен осврт на нивните недостатоци, отворените предизвици и потребата од вклучување на семантичко пребарување. Анализирани се начините на пребарување во CBIR-системите, како и техниките за оптимизација во насока на подобрување на скалабилноста на пребарувањето. Направен е преглед на најчесто користените дескриптори во CBIR-системите, со посебен акцент на локалните дескриптори и техниките на креирање на визуелен речник и визуелни зборови. На крајот од оваа глава се претставени основната архитектура и концептуалните делови на развиениот генерички систем за содржински базирано пребарување на слики.

Третата глава содржи опис на базите со слики и метриките што се користени за евалуација на перформансите на систем за класификација и содржински базирано пребарување на слики. Во првиот дел се опишани базите за евалуација на алгоритми за автоматска класификација/анотација на слики, додека во вториот дел се опишани базите за евалуација на алгоритмите за скалабилно содржински базирано пребарување на слики. На крајот од главата се опишани евалуациските метрики кои се користат за тестирање на развиените алгоритми.

Во четвртата глава, на почетокот е дадена дефиниција на повеќецелна класификација и хиерархиска повеќецелна класификација. Во вториот дел се опишани дрвата за предиктивно кластерирање и начинот на кој може да се инстанцираат за различни класификациски проблеми. На крајот од оваа глава се дадени најчесто користените техники за учење на ансамбли од класификатори што се користени при имплементација на генеричкиот систем за содржински базирано пребарување на слики.

Во петтата глава, акцентот е ставен на хиерархиска повеќецелна класификација во контекст на автоматско означување на слики според претходно дефинирана хиерархиска структура на семантички концепти. Со користење на state-of-the-

art дескриптори направена е опсежна евалуација на ансамбли од дрва за предиктивно кластерирање за повеќецелна класификација како основни класификатори во три апликативни домени за автоматско означување/класификација на слики. Првиот апликативен домен опфаќа автоматско опишување на медицински рендгенски слики според повеќенивовски хиерархиски код. За потврда на општоста на пристапот, тој е применет за автоматско опишување на фотографии (општи слики) според однапред дефинирана хиерархиска структура на визуелни и апстрактни концепти, како и за автоматска класификација на слики од дијатомеи според дефинирана таксономија. Направените анализи јасно покажуваат дека предложениот пристап е супериорен (споредено со моментално најдобри резултати) во однос на прецизноста и ефикасноста (како при обучување така и во фазата на тестирање/предикција). Исто така, пристапот е општ и лесно применлив за хиерархиска класификација на слики од различни апликативни домени.

Во шестата глава од докторската дисертација во детали е опишана техниката – речник од визуелни зборови за опишување на содржината на слики. Направен е широк преглед на сите постојни техники за генерирање на визуелниот речник со посебен акцент на сите нивни предности и недостатоци. Од оваа анализа како најголеми проблеми се посочени времето потребно да се генерира визуелниот речник, но и неговата способност за генерализација особено ако се применува во контекст на автоматско означување на слики со концепти кои вклучуваат апстрактни и општи поими. Со цел да се задржи и дополнително да се подобри способноста за генерализација на визуелниот речник, а во исто време екстремно да се намали потребното време за негово креирање, предложено е искористување на дадените ознаки/лабели на сликите од множеството за обука. Ознаките се користат како целни атрибути во дрвата за предиктивно кластерирање за повеќецелна класификација. Листовите од изградените дрва ги дефинираат зборовите во визуелниот речник. Предложениот пристап за генерирање на визуелен речник, споредн со најчесто користениот (примена на k-means алгоритамот за кластерирање) дава добри резултати во однос на прецизност и време на генерирање применет над три state-of-the-art повеќецелни класификациски проблеми со различен број на ознаки/лабели по слика како и вкупен број на ознаки/лабели. Во вториот дел од оваа глава во детали е разгледан проблемот на скалабилност во постојните системи за содржински базирано пребарување на слики. Направена е дискусија за ефектот од користењето на големи визуелни речници (речник со многу визуелни зборови) на перформансите при пребарувањето. Со користење на техниката за генерирање на визуелен речник и примена на tf-idf тежини имплементиран е систем за содржински базирано пребарување на слики кој лесно може да се скалира на екстремно големи бази на слики со 1M слики. Корисничкиот интерфејс овозможува пребарување со задавање на цела примерок слика или дел/регион од интерес од примерок сликата.

Во седмата глава е даден заклучокот до кој е дојдено врз основа на искуствата при анализите, програмирањето и експерименталните резултати. Наведени се насоките за идните истражувања и идеи за понатамошни подобрување на системите за семантичка класификација, пребарување и организација на слики.

### 4. Верификација на докторската дисертација

Резултатите од истражувањата на проблематиката од докторската дисертација, м-р Ивица Димитровски успешно ги презентирал и ги публикувал на меѓународни конференции, покането поглавје во книга и во меѓународно списание. Кандидатот е автор или коавтор на следниве трудови:

1. **I. Dimitrovski**, D. Kocev, S. Loskovska, S. Dzeroski, Hierarchical Annotation of Medical Images, *Pattern Recognition*, 44, 10–11, 2011, pp. 2436–2449, JCR IF=2.554.
2. **I. Dimitrovski**, S. Loskovska, Content-based medical image retrieval system, *Physioacta*, 4, 1, 2010, pp. 79–94.
3. **I. Dimitrovski**, S. Loskovska, Feature Evaluation and Classification for Content-Based Medical Image Retrieval System, invited chapter in book *Ubiquitous Health and Medical Informatics: The Ubiquity 2.0 Trend and Beyond*, Edited by: Sabah Mohammed and Jinan Fiaidhi, ISBN13 9781615207770, Publisher: IGI Global, Publication date: June 2010.
4. **I. Dimitrovski**, D. Kocev, S. Loskovska, S. Dzeroski, Detection of Visual Concepts and Annotation of Images using Ensembles of Trees for Hierarchical Multi-label Classification, *Recognizing Patterns in Signals, Speech, Images and Videos*, Proceedings of the ICPR 2010 Contests, Lecture Notes in Computer Science, Springer, 2010.
5. **I. Dimitrovski**, D. Kocev, S. Loskovska, S. Dzeroski, Detection of Visual Concepts and Annotation of Images Using Predictive Clustering Trees, *CLEF 2010 LABs and Workshops*, Notebook Papers, 22–23 September 2010, Padua, Italy. 2010, ISBN 978-88-904810-0-0.
6. **I. Dimitrovski**, D. Kocev, S. Loskovska and S. Dzeroski, ImageCLEF 2009 Medical Image Annotation Task: PCTs for Hierarchical Multi-Label Classification. In *Multilingual Information Access Evaluation* Vol. II Multimedia Experiments -- Proceedings of the 10th Workshop of the Cross-Language Evaluation Forum (CLEF 2009), Revised Selected Papers, Lecture Notes in Computer Science, pp. 231–238 Springer, 2010.
7. **I. Dimitrovski**, S. Loskovska and I. Chorbev, Efficient Content-based Image Retrieval using Support Vector Machines for Feature Aggregation. Innovations in Computing Sciences and Software Engineering, Proceedings of the 2009 *International Conference on Systems, Computing Sciences and Software Engineering (SCSS)*, pp. 319–324, Bridgeport, CT, USA, December 4–12, Springer 2009.
8. **I. Dimitrovski**, P. Guguljanov, S. Loskovska, Implementation of Web-based Medical Image Retrieval System in Oracle, *2nd IEEE International Conference on Adaptive Science & Technology*, 14–16 December 2009, Accra, Ghana, pp. 192–197.

9. **I. Dimitrovski**, S. Loskovska, Content-based Retrieval System for X-ray images, *2nd International Congress on Image and Signal Processing* (*CISP'09*), 17–19 October 2009, Tianjin, China, pp. 2236–2240.

10. K. Trojacanec, **I. Dimitrovski**, S. Loskovska, Content Based Image Retrieval In Medical Applications: An Improvement Of The Two-Level Architecture, *IEEE Region 8 Eurocon 2009 Conference*, 18–23 May 2009 St. Petersburg, Russia, pp. 138–141.

11. G. Madzarov, D. Gjorgjevikj, **I. Dimitrovski**, A multi-class SVM classifier utilizing binary decision tree, *Proceedings of the 11th International Multiconference, Information Society – IS 2008*, Data Mining and Data Warehouses, Oct. 2008 Ljubljana, Slovenia, pp. 81–85.

## 5. Оригинални придонеси на дисертацијата

Главните придонеси од докторската дисертација, искажани и во публикуваните трудови, можат да се групираат во три целини, придонеси во подрачјето на класификација на слики, развој на ефикасен алгоритам за генерирање на речник од визуелни зборови за опишување на содржината на сликите и имплементација на скалабилен алгоритам за содржински базирано пребарување на слики.

1. Во контекст на класификација на слики:
   - развиен е систем за класификација на слики базиран на ансамбли од дрва за предиктивно кластерирање за хиерархиска повеќецелна класификација;
   - системот е евалуиран на неколку различни апликации и бази со слики: означување/класификација на медицински слики и општи слики според зададена хиерархија на семантички концепти/ознаки, класификација на слики од дијатомеи според зададена таксономија;
   - добиените резултати покажуваат супериорност на системот во однос на перформансите и ефикасноста споредено со другите state-of-the-art пристапи.
2. За речникот од визуелни зборови:
   - имплементирана е техника за ефикасно и брзо креирање на визуелен речник со помош на дрва за предиктивно кластерирање за повеќецелна класификација во кои ознаките/лабелите на сликите од множеството за обука се користат како целни атрибути;
   - како влезни атрибути во дрвата за кластерирање се употребени локалните SIFT-дескриптори од сликите во базата. Листовите од изградените дрва што всушност претставуваат кластер/група од SIFT-дескриптори ги дефинираат зборовите во визуелниот речник.
   - добиениот речник од визуелни зборови е со подобрена способноста за генерализација, а во исто време екстремно е намалено времето потребно за негово генерирање;

- имплементираниот визуелен речник, спореден со најчесто користениот (примена на *k*-means алгоритамот за кластерирање), дава подобри резултати во однос на перформанси и време на генерирање применет над три state-of-the-art повеќецелни класификациски проблеми со различен број на ознаки/лабели по слика како и вкупен број на ознаки/лабели.

3. Резултатите во контекст на скалабилно пребарување на слики вклучуваат:
   - ефикасниот алгоритам за генерирање на визуелен речник овозможува лесна адаптацијата на техниките и методите од текстуалното пребарување во контекст на содржински базирано пребарување, имено текстуалните зборови се заменуваат со „визуелни зборови", додека документите се заменуваат со слики;
   - имајќи ја предвид оваа еквиваленција, може да се искористи стандардната tf-idf (term frequency-inverse document frequency) шема за утежнување и инвертиран индекс (inverted index) за пребарување;
   - корисничкиот интерфејс на системот овозможува пребарување со задавање на цела примерок-слика или дел/регион од интерес од примерок-сликата;
   - скалабилноста на пристапот е потврдена при пребарување на слики во екстремно голема база со слики со што, исто така, е потврдено дека тој може да се примени за скалабилно пребарување на слики на интернет.

## Заклучок и предлог

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека во докторската дисертација „Генерички систем за содржински базирано пребарување на слики", на кандидатот м-р Ивица Димитровски, е даден научен придонес во областа на содржински базираното пребарување на слики. Дадени се придонеси во развојот на нови алгоритми за класификација на слики кои даваат state-of-the-art резултати применети на неколку апликативни области: автоматско означување на медицински слики, автоматско означување на слики од дијатомеи и автоматска детекција на визуелни концепти во општи слики (фотографии). Развиена е ефикасна техника за генерирање на речник од визуелни зборови со кој може да се опише визуелната содржина на сликите. Исто така, во рамките на докторската дисертација е даден придонес за решавање на проблемот со скалабилноста во системите за содржински базирано пребарување на слики, имено имплементираниот алгоритам овозможува пребарување во големи бази на слики.

Со постигнатите резултати кандидатот м-р Ивица Димитровски покажал длабоко познавање на проблематиката на дисертацијата и истражувачки дух, што резултира со научен придонес во областа на содржински базираното пребарување на слики. Резултатите од работата на докторската дисертација се публикувани во 11 научни трудови на меѓународни конференции, во книга и во меѓународно списание.

Врз основа на изложената анализа, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го прифати овој извештај и на кандидатот м-р Ивица Димитровски да му одобри јавна одбрана на докторската дисертација „Генерички систем за содржински базирано пребарување на слики“.

**Комисија**

1. Проф. д-р Драган Михајлов, претседател, с.р.
   Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје, Р. Македонија
2. Проф. д-р Сузана Лошковска, ментор, с.р.
   Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје, Р. Македонија
3. Проф. д-р Сашо Џероски, коментор, с.р.
   Институт Јожеф Стефан – Љубљана, Р. Словенија
4. Вонр. проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ, член, с.р.
   Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје, Р. Македонија
5. Доц. д-р Иван Чорбев, член, с.р.
   Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје, Р. Македонија

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 23.06.2011 година**

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| Иван Радевски, магистер на географски науки | „ХИДРОЛОГИЈА И ВОДОСТОПАНСКИ ПРОБЛЕМИ ВО СЛИВОТ НА КРИВА РЕКА" | - д-р Драган Василески, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Михаило Зиков, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Жанета Попеска, ред. проф.на ПМФ – Скопје |
| Магдалена Костоска, магистер на информатички науки од областа на софтверското инженерство | „ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТ НА СОФТВЕР КАКО СЕРВИС ВО ПРЕСМЕТУВАЊЕ ВО ОБЛАК" | - д-р Марјан Гушев, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Љупчо Антовски, доцент на ПМФ – Скопје<br>- д-р Гоце Арменски, доцент на ПМФ – Скопје |
| Сашко Ристов, магистер по електротехника од областа на компјутерска техника и информатик | „ПЕРФОРМАНСИ И БЕЗБЕДНОСТ КАЈ ПРЕСМЕТУВАЊЕ ВО ОБЛАК" | - д-р Марјан Гушев, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Анастас Мишев, доцент на ПМФ – Скопје<br>- д-р Дејан Спасов, доцент на ПМФ - Скопје |
| Фаик Алили, магистер на хемиски науки | „МОДЕЛИ ЗА НАСТАВНИ ЧАСОВИ ПО ХЕМИЈА СО ПРИМЕНА НА КОНСТРУКТИВИСТИЧКИ ПРИОД НА УЧЕЊЕ" | - д-р Слоботка Алексовска, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Марина Стефова, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Вера Стојановска, вонр. проф. на Филозофвски факултет – Скопје |

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 23.06.2011 година**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Весна Дејанова, дипломиран инженер по биологија | „СЕРОПРЕВАЛЕНЦА НА ХЕПАТИТИС *C* КАЈ ДОБРОВОЛНИ КРВОДАРИТЕЛИ ОД ИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ | - д-р Ицко Ѓоргоски, ред. проф. на ПМФ – Скопје |
| Марјан Велковски, дипломиран инженер по биологија | „ВЛИЈАНИЕ НА ТОПЛОТНИОТ СТРЕС И НИКОТИНАМИДОТ ВРЗ ИНДУКЦИЈАТА НА HSP72 mRNA ВО СРЦЕ КАЈ ДИЈАБЕТИЧНИ СТАОРЦИ “ | - д-р Биљана Миова, доцент на ПМФ – Скопје |
| Дамјан Шушлески, дипломиран инженер по биологија | „ЕФЕКТИ НА АКУТНАТА ХИПЕРТЕРМИЈА И НИКОТИНАМИДОТ ВРЗ ОКСИДАТИВНИОТ СТРЕС КАЈ ДИЈАБЕТИЧНИ СТАОРЦИ“ | - д-р Сузана Диневска-Ќовкаровска, ред. проф. на ПМФ – Скопје |
| Оливер Тушевски, дипломиран инженер по биологија | „ГЕНЕТСКА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА HYPERICUM PERFORATUM L. CO AGROBACTERIUM RHIZOGENES A4 И ПРОДУКЦИЈА НА ФЕНИЛПРОПАНОИДИ КАЈ ТРАНСГЕНИ КУЛТУРИ ВО IN VITRO УСЛОВИ“, | - д-р Соња Гацовска-Симиќ, доцент на ПМФ – Скопје |
| Билјана Талевска, дипломиран професор по биологија | „ВЛИЈАНИЕТО НА ТИРОИДНИТЕ ХОРМОНИ ВРЗ КАРДИОВАСКУЛАРНИОТ СИСТЕМ ПРЕКУ СЛЕДЕЊЕ НА НЕКОИ ПАРАМЕТРИ НА ЛИПОПРОТЕИНСКИОТ МЕТАБОЛИЗАМ“ | - д-р Ицко Ѓоргоски, ред. проф. на ПМФ – Скопје |
| Сандра Костеска, дипломиран инженер по биологија | „ЕФЕКТОТ НА ВИТАМИНОТ *E* ВРЗ МАРКЕРИТЕ НА ОКСИДАТИВНИОТ СТРЕС ВО ЦРНИОТ ДРОБ ВО ЗАВИСНОСТ ОД ВОЗРАСТА КАЈ БЕЛИОТ ЛАБОРАТОРИСКИ СТАОРЕЦ“ | - д-р Ицко Ѓоргоски, ред. проф. на ПМФ – Скопје |
| Марија Менкиноска, специјалист по биолошки науки | „ЕФЕКТИТЕ ОД ТРЕТМАНОТ СО ФОРТИФИЦИРАН ЛЕБ ВРЗ ЕРИТРОПОЕЗАТА КАЈ WISTAR СТАОРЦИ“ | - д-р Ицко Ѓоргоски, ред. проф. на ПМФ – Скопје |
| Билјана Савеска-Андоновска, дипломиран инженер по хемија | „ВЛИЈАНИЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ СТРЕС ВРЗ БИОХЕМИСКИТЕ ПАРАМЕТРИ КАЈ ПИЛОТИ“ | - д-р Елисавета Стикова, ред. проф. на Медицински факултет - Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| Христина Димеска, дипломиран професор по географија | „МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО МАРИОВО“ | - д-р Ристо Мијалов, ред. проф. на ПМФ – Скопје |
| Васко Лазаревски, дипломиран професор по географија | „ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ДЕЛ НА СКОПСКАТА КОТЛИНА КАКО ЗНАЧАЕН ТУРИСТИЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛ“ | - д-р Никола Панов, ред. проф. на ПМФ – Скопје |
| Благој Јанев, дипломиран инженер по информатика | „АНАЛИЗА НА ПОДОБРУВАЊАТА ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ПАРАДИГМАТА ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА КОМАНДИ И ИЗВЕШТАИ КАЈ СТУДЕНТСКИ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМ“ | - д-р Невена Ацковска, доцент на ПМФ – Скопје |
| Ана Измирлиева-Шимбова, дипломиран инженер по електротехника | „УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПОДАТОЧНИ СИСТЕМИ ПРЕКУ МЕТОДИ НА МАШИНСКОТО УЧЕЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСЕН ИНФОРМАЦИСКИ МЕНАЏМЕНТ СИСТЕМ“ | - д-р Ана Мадевска-Богданова, вонр. проф. на ПМФ – Скопје |
| Маја Караманова, дипломиран професор по математика | „ТЕОРЕМА ЗА СПЕКТРАЛНА ДЕКОМПОЗИЦИЈА НА НЕКОИ КЛАСИ ОД ОПЕРАТОРИ НА ХИЛБЕРТОВИ ПРОСТОРИ“ | - д-р Марија Оровчанец, ред. проф. на ПМФ – Скопје |
| Елена Лазарева, дипломиран професор по математика | „ГРАНИЧНО ОДНЕСУВАЊЕ НА ХАРМОНИСКИ ФУНКЦИИ“ | - д-р Весна Манова-Ераковиќ, вонр. проф. на ПМФ – Скопје |
| Слободан Филиповски, дипломиран математичар | „РЕФЛЕКСИВНИ АЛГЕБРИ ОД ОПЕРАТОРИ“ | - д-р Марија Оровчанец, ред. проф. на ПМФ – Скопје |
| Наташа Ставревска, дипоper инженер по хемија | „ЕКСПЕРИМЕНТИ ВО НОВО РУВО“ | - д-р Владимир Петрушевски, ред. проф. на ПМФ – Скопје |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ НА ГРУПА НАСТАВНА ПРОГРАМА БОТАНИКА И ДЕНДРОЛОГИЈА НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ) во Скопје, на IX седница одржана на 27.VI 2011 година, донесе одлука број 0201-21/IX-2 со која избра Рецензентска комисија за оцена на пријавениот кандидат за избор во соработничко звање - асистент на група наставна програма ботаника и дендрологија, во состав: д-р Јане Ацевски, редовен професор, д-р Никола Николов, редовен професор и д-р Коле Василевски, редовен професор, сите од Шумарскиот факултет во Скопје.

Согласно со конкурсот распишан од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје по предлог на Шумарскиот факултет во Скопје, објавен на 16.VI 2011 година во дневните весници „Време“ и „Коха е ре“, се пријави само кандидатот м-р Бојан Симовски, помлад асистент на Шумарскиот факултет во Скопје, за избор во соработничко звање - асистент на група наставна програма ботаника и дендрологија, на предметите ботаника, дендрологија, фитоценологија и урбана дендрологија.

По разгледувањето на поднесената пријава и придружните документи, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Кандидатот м-р Бојан Симовски е роден на 4.X 1982 година во Скопје, каде што ги завршил основното и средното образование. Во учебната 2001/2002 година се запишал на Шумарскиот факултет во Скопје, на насоката озеленување и унапредување на животната средина. На 3.V 2007 година дипломирал со среден успех на студии 9,02 како најдобар студент на Шумарскиот факултет во Скопје во учебната 2006/2007 година и се стекнал со звањето дипломиран инженер по озеленување и унапредување на животната средина. Добитник е на пофалница/награда од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и на признанието „Инженерски прстен“ од Инженерската институција на Македонија за постигнатиот најдобар успех во студирањето на Шумарскиот факултет во Скопје во академската 2006/2007 година. Во летниот семестар 2006/2007 година е демонстратор по предметот дендрологија, а од октомври 2007 година е помлад асистент-приправник на наставната програма ботаника и дендрологија. Во учебната 2007/2008 година се запишал на постдипломски студии на Шумарскиот факултет во Скопје, на научната област дендрологија и фитоценологија. Од септември 2009 година е помлад асистент на наставната програма ботаника и дендрологија. Со академско звање магистер на шумарски науки се стекнал на 16.V 2011 година со јавна одбрана на магистерската работа со наслов „Дендрофлористички карактеристики на Националниот парк ‘Маврово’“, со среден просек на студии 10,00.

Неговата досегашна работа во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност се посочени при

неговиот избор во соработничко звање - помлад асистент-приправник и помлад асистент во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр.922 од 15 јуни 2007 година и бр.965 од 1 јули 2009 година, како и во Анекс 2, прилог кон извештајот за избор во соработничко звање. Кандидатот самостојно или со други автори учествувал во подготвувањето и изработката на повеќе наставно-образовни, научноистражувачки и стручно-апликативни активности, како и активно учество во национални и меѓународни проекти, семинари, симпозиуми, работилници и обуки.

Учествувал во повеќе комисии на Шумарскиот факултет во Скопје и во комисии и тела од стручната област во други организации.

Кандидатот активно го познава англискиот јазик, пасивно германскиот јазик, има основни познавања од албанскиот јазик, а во рамките на наставно-научната дејност се служи и со латинскиот јазик. Исто така, одлично се користи со современи компјутерски вештини, Microsoft office пакетот и интернет, како и Corel Draw.

**Наставно-образовна дејност**

Досега, кандидатот м-р Бојан Симовски успешно ја изведува наставно-образовната дејност на додипломските студии на Шумарскиот факултет во Скопје, на студиските програми озеленување и унапредување на животната средина (ОУЖС) и шумарство по предметите ботаника, дендрологија и фитоценологија, на студиската програма ОУЖС по предметот урбана дендрологија, а на студиските програми проектирање и технологија на мебел и ентериер и механичка технологија на дрвото по предметот основи на дендрологија (заклучно со зимскиот семестар во учебната 2010/2011 година).

Од 2010 година е ангажиран и како соработник на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и на дисперзираните студии во Струмица, на студиската програма градинарство и цвеќарство, по предметот декоративни растенија.

Досега, кандидатот остварил голем број на консултации со студенти, подготвил пакет материјали по предметите дендрологија, основи на дендрологија и фитоценологија, а бил и стручен редактор на македонски превод на книга со наслов „Шумски дрвја – водич за источниот дел на Соединетите Американски Држави". Исто така, кандидатот е коавтор на една брошура и објавил 4 научно-популарни статии во стручно списание.

Наставата ја изведувал на завидно педагошко рамниште, ползувајќи ги стекнатите искуства во научноистражувачката и апликативната работа и бројните контакти што ги остварил кај нас и во меѓународни рамки. Притоа, со дел од стручните лица извел и повеќе заеднички часови, претставувајќи им ги на неговите студенти успешните професионалци.

Досегашната ангажираност на кандидатот како помлад асистент на наставната програма ботаника и дендрологија се огледа во трудољубивоста и целосната посветеност кон студентите и истражувањата, како и во солидната подготовка и презентација на наставната материја. Кандидатот е поттикнувач на повеќе иницијативи за соодветно спроведување на европскиот кредит-трансфер систем во наставата.

**Научноистражувачка дејност**

М-р Бојан Симовски изготвил како соработник со други автори вкупно 4 меѓународни и национални научни и стручни трудови. Кандидатот е учесник во пет меѓународни и национални проекти, а раководител бил на еден од нив.

**Стручно-апликативна дејност**

Кандидатот м-р Бојан Симовски досега изготвил самостојно или како соработник со други автори вкупно 11 стручно-апликативни трудови, односно студии, елаборати, проекти, програми, стручни рецензии и решенија.

Исто така, за одбележување се и неговите промотивни активности на Факултетот.

Во однос на неговата дејност од поширок интерес, за истакнување се активностите поврзани со струката, поточно организациски, фотографски и техничко/технолошки активности, како и членства во тела на струкови организации.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Комисијата со внимание ги разгледа пријавата и приложените документи на кандидатот. Врз основа на погоре изнесеното, односно стручно-научните и педагошки квалитети, Рецензентската комисија констатира дека м-р Бојан Симовски ги исполнува сите услови за стекнување на соработничко звање - асистент на група наставна програма ботаника и дендрологија.

Согласно со тоа, членовите на Комисијата имаат чест да му предложат на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет при УКИМ во Скопје на својата наредна седница да го промовира во соработничко звање - АСИСТЕНТ кандидатот М-Р БОЈАН СИМОВСКИ.

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Јане Ацевски, редовен професор, с.р.
2. Д-р Никола Николов, редовен професор, с.р.
3. Д-р Коле Василевски, редовен професор, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Врз основа на конкурсот за избор во звање објавен на 24.12.2010 во весникот „Дневник" и одлуката на Советот на Институтот за национална историја во Скопје број 02-356/6 од 16.2.2011 година, формирана е Рецензентска комисија за избор во звањето научен соработник, во состав: проф. д-р Зоран Тодоровски, проф. д-р Вера Гошева и доц. Д-р Наташа Котлар-Трајкова.

По разгледувањето на доставениот материјал, Комисијата, до Советот на Институтот за национална историја во Скопје, го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци за д-р Мирјана Нинчовска**

Д-р Мирјана Нинчовска е родена во Берово во 1965 година. Основно и средно образование завршила во родниот град. Образованието го продолжила на Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". По дипломирањето се запишала на постдипломски студии на истиот Институт. Во 2003 година, по одбранетиот магистерски труд на тема „Серските револуционери - серчани меѓу двете светски војни" се стекнала со научното звање магистер на историски науки. Во јуни 2010 година ја одбранила докторската дисертација на тема „Македонската емигрантска федеративна организација меѓу двете светски војни" и се стекнала со научното звање доктор на историски науки.

Во текот на научното усовршување, д-р Мирјана Нинчовска вршела научни истражувања во институции во Република Македонија, Р. Бугарија и Р. Србија. Од 1995 година се вработила во Научна установа Музеј на Македонија, на работното место кустос за национално-револуционерно движење. Во 2004 била избрана во стручното звање виш кустос, а од 2010 година е избрана во стручното звање кустос- советник (Решение бр. 28-13262/4). Д-р Мирјана Нинчовска учествувала во работата на неколку научни конференции со меѓународен карактер, во научни и

организациони одбори на научни конференции и редакции на стручно-научни зборници, била автор и коавтор на неколку прилози во стручно-научни зборници и каталози од изложби, рецензент за книгата на м-р Димитар Манчев, *Критички осврт на позначајни судски процеси низ историјата*, Кавадарци, 2009.

II. Научноистражувачка дејност

Во текот на својата работна активност кандидатката учествувала и подготвила повеќе музејски-изложбени проекти. Како носител на самостоен проект се јавува два пати, во изложбените проекти: *Војводата Ильо Марков Малешевски* и *Македонската емигрантска федеративна организација меѓу двете светски војни.* Како коносител на проект фигурира на Постојаната поставка *Македонија во словенско-византискиот период (6-14 век)*, 2005 година, и на два изложбени проекта ( *Од Кресна до Илинден*, 2003 година и *Систематизација и документација на музејски материјал во Историскиот оддел*, 2005 година. Во изложбените проекти: *Кратово низ вековите*, *Војводата Славчо Абазов* и *Павел Шатев* се јавува како учесник и коавтор.

Д-р М. Нинчовска има објавено повеќе научни статии во домашни и странски научни списанија и зборници. Во нив обработува теми и личности од македонското револуционерно движење. Во овој контекст ги евидентираме следниве наслови: *Група музејски предмети како материјално сведоштво за времето на војводата Ильо Марков Малешевски*, *Војводата Ильо Марков Малешевски и неговото време*, Прилози од научниот собир со меѓународно учество одржан на 6 и 7 мај 2000 година во Берово, Берово, 2002, 225-230; *Малешевци во Ќустендил и Ќустендилско*, Известия на Исторически музей Кюстендил, том XI, Кюстендил 2005, 89-96 (како коавтор); *Печати и меморандуми од трговското семејство Генови*, Музејски гласник, г.4, бр. 4, Кратово 2008, 247-257; *Серските револуционери серчани во македонското революционерно движење од 1919 до 1924 година*, 60 Години Институт за историја, Меѓународна научна конференција *Македонија и соседите*, Скопје 8-9.12.2006 година, 281-289; *Кратово низ вековите*, Кратово, 2009 (како коавтор на каталогот); *Револуционерното дело на војводата Славчо Абазов*, Музејски гласник, г. 5, бр. 5, Кратово 2009, 147-163; *Подготовките за Илинденското востание во Кајларско осведочени од едно знаме*, Гласник

Историја, бр. 3, НУ Музеј на Македонија, Скопје 2009, 21-30. Доследна на својата научна определба, кандидатката останува и при изработката на каталозите: - *Војводата Славчо Абазов*, Кочани 2010 (како коавтор на каталогот) и *Павел Шатев (1882-1951), живот посветен на Македонија*, Кратово, 2011 (како коавтор на каталогот). Стручна и каталошка обработка на фотографии има изработено во *Албум Илинденци*, Музеј на Македонија, Скопје, 2000.

Д-р М. Нинчовска има изработено и неколку прикази: Орде Ивановски, *Димо Хаџи Димов, Живот и дело,* Архив на Македонија, Матица македонска, Скопје, 1995, 190, Историја, XXXI/XXXII, бр 1-4, Скопје, 1995/1996, 188-192; *Преглед на организираните тематски изложби од Одделот за историја при Музејот на Македонија (1976-2000)*, Зборник Историја, бр. 2, Музеј на Македонија, Скопје, 2001, 140-148.

Д-р М. Нинчовска била автор на две изложбени поставки: *Ильо Марков Малешевски* во манастирскиот комплекс „Св. Архангел Михаил" во Берово, 2001 година и Војводата Дедо Ильо Малешевски, отворена на 24 јануари 2008 година во Музејот на Македонија. Во 5 изложбени поставки учествува како коавтор: *Гоце Делчев* во ОУ „Гоце Делчев", Скопје, 2000 година, *Кратово низ вековите*, отворена во јуни 2007 година во Саат кулата во Кратово; *Кратово низ вековите*, отворена во мај 2008 во Музеј на град Кратово; *Војводата Славчо Абазов*, отворена на 16 март 2009 година во Центарот за култура во Кочани; и *Павел Шатев, (1882-1951), живот посветен на Македонија.* На изложбата *MAIL ART*, отворена во манастирот „Св. Архангел Михаил" во Берово на 28 август 2004 година, д-р М. Нинчовска била научен комесар, а на тематската јубилејна изложба *Кресна-Илинден-АСНОМ-Самостојност,* 2003, во Музеј на Македонија била стручен соработник.

Во разгледуваниот период, д-р М. Нинчовска учествувала на шест научни конференции и симпозиуми во земјата и во странство, во работата на повеќе работни тела во Музејот на Македонија, други музејски и научни институции, Министерството за култура и др.

Рецензентската комисија високо ја вреднува научноистражувачката работа на д-р М. Нинчовска и смета дека ги поседува сите потребни атрибути на сериозен

и кавлитетен научен работник. Од тие причини, имаме особена чест и задоволство на Советот на Институтот за национална историја во Скопје да му препорачаме д-р Мирјана Нинчовска да биде избрана во звањето научен соработник.

Комосија,

Скопје, 1.3.2011

Проф. д-р Зоран Тодоровски с.р.

Проф. д-р Вера Гошева с.р.

Доц. д-р Наташа Котлар-Трајкова с.р.

# ПРИЛОГ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Мирјана Нинчовска**

Инситутција: НУ Музеј на Македонија - Скопје

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

| Реден број | Назив на активноста | поени |
|---|---|---|
| 1 | Монографија или научна книга | 21.6 |
| 2 | Раководител на национален научен проект | 30 |
| 3 | Одбранета докторска теза | 8 |
| 4 | Одбранета магистерска работа | 4 |
| 5 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество | 2 |
| 6 | Учество на научни собири | 5 |
| 7 | Дел од монографија | 4 |
| 8 | Прегледен напис во научно списание | 15.8 |
| | **Вкупно (НИ+НН)** | 90.4 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВКА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ

| Реден број | Назив на активноста | поени |
|---|---|---|
| 1 | Стручна монографија | 36.8 |
| 2 | Коавтор на поглавје во книга | 6 |
| 3 | Стручна ревизија на музејска збирка | 1 |
| 4 | Директор | 6 |
| 5 | Член на организационен одбор на меѓународен научен/стручен собир | 1 |
| 6 | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание | 1.5 |
| | **Вкупно (СА+ОР)** | 52,3 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | поени |
|---|---|
| | |
| НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ | **90,4** |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | **52,3** |
| **Вкупно** | **142,7** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

**ПРЕГЛЕД**
на теми за изработка на докторска дисертација на
Факултет за електротехника и информациски технологии во Скопје
прифатени на седниците на Наставно-научниот совет одржни на

1. **27.4.2011** година

| Ред. бр. | кандидат | тема | ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Снежана Тиловска | ***Анализа и моделирање на себесличности на сообраќајот во реални мрежи*** | Проф. д-р Аристотел Тентов |

2. **1.6.2011** година

| Ред. бр. | кандидат | тема | ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | м-р Елена Влаху-Ѓорѓиевска | ***Колаборативен модел на информациски систем за здравствена заштита*** | Проф. д-р Владимир Трајковиќ |
| 2. | м-р Југослав Ачковски | ***Примена на сервисно ориентирана архитектура за развој на прототип на информациски систем за разузнавање*** | Проф. д-р Владимир Трајковиќ |
| 3. | м-р Дејан Георгиев | ***Проектирање и реализација на системи за откривање и спречување на мрежни упади со подобрени перформанси*** | Проф. д-р Аристотел Тентов |

3. **22.6.2011** година

| Ред. бр. | кандидат | тема | ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | м-р Димче Ристески | ***Предвидување на берзански финансиски временски серии*** | Проф. д-р Данчо Давчев |
| 2. | м-р Тони Малиновски | ***Моделирање на образованието преку далечина со цел за подобрување на квалитет на искуство кај студентите при образовниот процес*** | Проф. д-р Владимир Трајковиќ |
| 3. | м-р Игор Бимбилоски | ***Модел на информациско-телекумуникациски систем за подобрување на енергетска ефикасност*** | Проф. д-р Александар Ристески |

# ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Факултетот за ветеринарна медицина** во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Комисија* |
|---|---|---|---|
| *1.* | м-р Никола Адамов | Детекција на наследни заболувања (BLAD и CVM) и генотипизација на к - казеинскиот локус кај холштајн - фризиската популација говеда во Р. Македонија | 1. Проф. д-р Дине Митров<br>2. Доц. д-р Славчо Мреношки<br>3. Проф. д-р Влатко Илиески |

# ПРЕГЛЕД
**на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Игор Џаџовски<br>Igor Dzadzovski | „Серопреваленца на лентивирусите кај мали преживари во Република Македонија<br>Seroprevalence of lentivirusesin small rumminants in Republica Macedonie | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ПО ФИЗИОЛОГИЈА ЗА ФАРМАЦЕВТИ", ПОДГОТВЕНО ОД НАСТАВЕН КАДАР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЗОЛОГИЈА ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, НАМЕНЕТО ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД СТУДИСКАТА ПРОГРАМА МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА

Со одлука бр. 02-2288/4 од 3.6.2011 година, врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на УКИМ во Скопје, а во врска со член 15 до член 19 од Правилникот за организирање на издавачка дејност на УКИМ во Скопје, Наставно-научниот совет, постапувајќи по предлог од Одборот за издавачка дејност на Факултетот, на својата IX редовна седница одржана на 30.5.2011, донесе одлука за одредување на рецензенти за пишување на рецензија за печатење на учебното помагало под наслов „Практикум по физиологија за фармацевти", напишано од авторите д-р Сунчица Петровска, редовен професор, и соработниците: д-р Весела Малеска-Ивановска, редовен професор, д-р Весна Антевска, редовен професор, д-р Бети Дејанова, вонреден професор, д-р Лидија Тодоровска, вонреден професор, д-р Људмила Ефремовска, научен соработник, д-р Слободан Николиќ, научен соработник, д-р Сања Манчевска, асистент, д-р Јасмина Плунцевиќ-Глигороска, асистент, д-р Елизабета Сивевска-Смилевска, асистент, д-р Ели Ханџиска, помлад асистент и д-р Иванка Караѓозова.

По прегледот на доставениот материјал, рецензентите проф. д-р Соња Алабаковска и проф. д-р Кристина Младеновска го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Учебното помагало под наслов „Практикум по физиологија за фармацевти" е наменето за студентите од Фармацевтскиот факултет запишани на студиската програма од прв и втор интегриран циклус магистер по фармација и ја опфаќа содржината на предметот анатомија и физиологија во областа физиологија. Предметот анатомија со физиологија се изучува во четвртиот семестар и наставната содржина е опфатена со 10 ЕКТС-кредити, при што областа физиологија се изучува со број на часови кои соодветствуваат на 7,5 ЕКТС-кредити. Учебното помагало се издава за прв пат и претставува прво учебно помагало од оваа област за студентите на споменатата студиска програма.

Текстот на ракописот е подготвен на компјутер, содржи 123 страници, со бројни слики (цртежи и графици), табели и задачи во 11 одбрани практични методски единици – вежби кои се предвидени со теоретската и практичната наставна програма по предметот анатомија со физиологија во областа физиологија. Методските единици се напишани систематски и на осмислен начин, а темите се организирани во 11 вежби во кои најпрво претходат воведни

објаснувања, а потоа следува практична работа. Секоја методска единица претставува посебна целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за практична настава по предметот анатомија со физиологија во областа физиологија. Авторите ја изнесуваат материјата концизно, стручно и разбирливо. На почетокот е даден кус вовед во објектите и методите на истражување во физиологијата, а потоа следат методски единици кои ги опфаќаат кардиоваскуларниот систем, респираторниот систем, дигестивниот систем, физологијата на бубрезите, физиологијата на крвта, периферниот и централниот нервен систем, физиологијата на анализаторите и ендокринологијата. На крајот од Практикумот е даден преглед на користената литература. Во текот на вежбите, студентот добива задачи, при што потребната опрема и постапките за извршување на задачите се детално опишани, разбирливи и прегледни за работа. По секоја зададена задача, студентот ги внесува резултатите што ги добива со самостојно работење, а потоа следува толкување на резултатите. Оттука, Практикумот има двојна практична намена: се користи како учебно помагало и како дневник за работа што го олеснува совладувањето на методските единици.

На почетокот, во воведната вежба, е даден кус вовед за значењето и предметот на изучување на физиологијата, основните цели за нејзино изучување и кус преглед на објектите и методите за истражување во оваа област. Во однос на објектите на истражување, даден е поопширен опис на особините на одредени експериментални животни кои најчесто се користат за изведување на вежбите по физиологија. Потоа, следува преглед на методите на испитување во физиологијата, набљудувањето и експериментот, како и преглед на најчестите методи кои се применуваат во изведување на експериментите. Дадена е и поделба на експериментите во однос на времетраењето и условите во кои се изведуваат. Исто така, истакната е потребата од примена на физиолошки раствори во испитување на функцијата на изолирани ткива и наведени се физиолошките раствори кои за таа цел се применуваат. На крајот од воведната вежба, студентите се запознаваат со општите карактеристики на општата и локалната анестезија, видот и механизмот на дејствување на наркотичните средства и патот по кој се внесуваат во оганизмот. Притоа, студентот добива задача да го докаже дејството на наркотичното средство така што ќе изврши етерна наркоза на жаба.

Во втората вежба во која е обработена физиологијата на жабешкото срце, опфатени се: анатомските карактеристики на срцето, начинот на кој се испитува неговата функција, начинот на кој се регистрираат срцевите контракции (*in situ*), Николаевиот обид, регулацијата на работата на срцето и дејството на температурата и јоните над работата на срцето. Студентот добива задачи да ја регистрира нормалната срцева контракција кај жабешкото срце со цел да се покаже кардиограмот и неговите делови, потоа, да го изведе Николаевиот обид, т.е. да го докаже движењето на препарираното жабешко срце *in vitro* околу својата надолжна оска, да регистрира и да анализира спонтана систола и екстрасистола при дразнење на жабешко срце *in situ* со цел да ја докаже (не)надразливоста на срцето во период на апсолутна, односно релативна рефракторност, да го покаже ефектот на локалните температурни промени над венозниот синус со цел да го докаже постоењето на срцев предводник и неговата локализација и да го третира

изолираното жабешко срце со разни електролитни раствори со цел да го докаже дејството на калиум, натриум и калциум над работата на срцето.

Во третата вежба е опфатен кардиоваскуларниот систем, со приказ на срцевиот циклус, механизмот на создавање на пулсниот бран и крвниот притисок. Студентот добива задача да аускултира срцеви тонови, да го определи квалитетот на пулсот и да го совлада методот на индиректно мерење на крвниот притисок кој се користи во медицинската практика.

Четвртата вежба ја опфаќа физиологијата на крвта и нејзините функции во одржувањето на хомеостазата. Студентот добива информации за начинот и видот на крвните садови од кои се земаат примероци крв, за видот на податоци кои може да ги добие од соодветниот примерок на крв, како и за начинот на обработка на крвта со цел да се добие плазма, односно серум. Притоа, тој/таа добива задача да земе крв од капиларен и од венски крвен сад и соодветно да ја обработи со цел да добие плазма, односно серум. Даден е детален опис и редослед на манипулациите во текот на венепункцијата. Понатаму, наведено е значењето на хематокритот, прикажани се неговите нормални вредности и наведени се најчестите состојби при кои доаѓа до негова промена. Во овој контекст, даден е и кус опис на макрохематокритскиот и автоматскиот метод за определување на хематокритот, при што студентот добива задача да го одреди хематокритот според првиот метод. Во продолжение се опишани градбата, создавањето и функцијата на хемоглобинот во организмот, процесот на хемолиза и можните причини за хемолиза. Студентот добива задача да го одреди количеството на хемоглобин, колориметриски по методот на Сали. Наведени се и општите карактеристики на оформените крвни клетки и даден е опис на автоматските методи за нивно броење, со осврт на еден од најчесто користените апарати, т.е. Coulter-бројачот. Притоа, студентот добива задача да го одреди бројот на оформените крвни елементи, а по кусиот преглед на значењето и на факторите кои влијаат на брзината на седиментација, студентот добива задача да ја определи брзината на седиментација на еритроцитите. Во продолжение на вежбата наведено е значењето на антигените од системот АВО и резус во однос на трансфузија на крвта и карактеристиките на крвните групи од АВО-системот и *Rh*-факторот. Студентот добива задача да ја одреди крвната група од АВО-системот и да го определи *Rh*-факторот. На крајот од вежбата се опишани фазите на процесот хемостаза, дадена е номенклатурата на коагулациските фактори и приказ на каскадната реакција на активирање на коагулациските фактори преку надворешниот и внатрешниот пат на хемостазата. Даден е и опис на тестовите за определување на време на крварење и време на коагулација, при што студентот добива задача да го одреди времето на крварење според методите на Duke и Ivy, како и времето на коагулација според Lee-White и Fonio.

Во петтата вежба е обработен респираторниот систем, при што на почетокот се опишани физолошките функции на белите дробови, со особен осврт на процесот на дишење и неговите функции. Наведено е значењето на белодробната вентилација и процесите кои ја карактеризираат, инспирацијата и експирацијата. Прикажана е и механиката на белодробната вентилација и респираторните мускули, како и опис на статичните и динамичните тестовите кои се користат за испитување на белодробната вентилација. Особен осврт е даден на статичните

белодробни тестови за одредувањето на белодробните волумени и капацитети, со детален опис на спирометријата како метод за нивно одредување. Наведени се различните типови на спирометри, при што детално е опишан водениот спирометар, како и неговите можности за регистрирање на соодветни волумени, односно капацитети. На крајот од вежбата, студентот добива задача да ја покаже улогата на меѓуребрените мускули во белодробното дишење со помош на Хамбургеров модел и на препарирани мускули на жаба.

Шестата вежба е посветена на дигестивниот систем со осврт на составот и значењето на плунката, како и варењето на храната во желудникот и тенкото црево. Наведени се ензимите кои учествуваат во хидролиза на хранливите материи и хормоните кои ја стимулираат нивната секреција. Теоретскиот дел е поткрепен со практична работа на студентите со која тие треба да ја докажат екскреционата улога на плунката преку докажување на роданиди и нејзиниот состав преку докажување на муцини и амилаза. Исто така, преку одредување на ацидитетот на желудникот и докажување на дејството на химозинот и панкреасната амилаза, студентите се запознаваат со механизмите на разложување на храната.

Во седмата вежба е обработена физиологијата на бубрезите, како екскреторен орган, нивното учество во конзервацијата на супстанциите и регулација на ацидобазната рамнотежа и нивната ендокрина улога. Исто така, даден е опис на урината како биолошка течност и начинот на собирање на примерок за анализирање. За функционално испитување на бубрезите предвидено е студентите да направат физикален преглед на урината преку одредување на диуреза, изглед, боја, мирис, специфична тежина и pH-вредност. Хемискиот состав на урината се одредува со примена на универзални тест-ленти. Освен тоа, предвидено е студентите да ја проценат функцијата на бубрезите преку пресметување клиренс на кретаинин и уреа, со дадени нумерички податоци. Протокот на плазма и крв низ бубрезите, како и фракцијата на филтрација се пресметуваат преку клиренсот на параамино хипурна киселина.

Осмата вежба е посветена на периферниот нервен систем со посебен осврт на мембранскиот потенцијал во услови на мирување и промените на мембранскиот потенцијал при кои се пренесуваат нервни сигнали, односно стадиумите на акцискиот потенцијал. Објаснет е начинот на генерирање на акциски потенцијал во периферните нервни влакна во лабораториски услови, а објаснето е и индиректното и директното дразнење на мембраната на мускулот. За изучување на надразливоста на ексцитабилните ткива (мускули и нерви) се користат два типа невромускулни препарати, m.gastrocnemius-n.ischiadicus и галваноскопска нога. На вежбата е предвидено да се препарира жаба за добивање на двата невромускулни препарати и испитување на дејството на механичка, хемиска и електрична дразба за да се докаже ексцитабилноста на нервите.

Во деветтата вежба во првиот дел се обработени рефлексите. Опишана е анатомско-физиолошката подлога на рефлексите, односно рефлексниот лак, поделбата на рефлексите и опис на рефлексните лаци на клинички важните рефлекси. Во практичниот дел од вежбата е предвидено студентот да ги испита клинички важните рефлекси, и тоа: површни, длабоки и вегетативни рефлекси.

Од површните рефлекси се опфатени кожните (стомачни рефлекси и плантарен рефлекс) и слузокожните рефлекси (корнеален рефлекс). Од длабоките мускулни рефлекси студентите треба да ги испитаат рефлексите на m.biceps brachii, m.triceps brachii, m.quadriceps femoris и m triceps sure. Од вегетативните рефлекси опишан е пупиларниот рефлекс и начинот на негови испитување. Вториот дел од вежбата се осврнува на улогата на 'рбетниот мозок како посредник помеѓу перифениот нервен систем и вишите делови на централниот нервен систем (ЦНС). За анализирање на автономната функција на 'рбетниот мозок се користи моделот на одвојување на врските помеѓу 'рбетниот можок и кранијалниот дел на ЦНС. На вежбата е предвидено да се предизвика спинален шок кај спинална жаба. Понатаму, да се определи рефлексното време и рефлекс на бришење со примена на 0,5 % сулфурна киселина кај спинална жаба. Исто така, студентите имаат задача да докажат појава на ширење на рефлексот под дејство на раствори со различни концентрации на сулфурна киселина. На крајот студентите треба да ја докажат појавата на сумација на дразбите со биостимулатор и појавата на инхибиција кај спиналните рефлекси.

Десеттата вежба е посветена на физиологијата на сетилата. Теоретски се обработени анатомските и функционални делови на сетилата и нивната поделба според улогата што ја вршат, според природата на дразбата за која се осетливи, според оддалеченоста на изворот на дразба. Детално и на разбирлив начин се обработени механорецептивните сетила, сетилото за вкус, сетилото за мирис, сетилото за слух, сетилото за рамнотежа и сетилото за вид. Во делот за практична работа е предвидено студентите да ги испитаат овие сетила. Од механорецептивните сетила се испитува сетилото за допир преку одредување на распоредот на точките за допир и тоа нивниот среден број со помош на естезиометар на различни делови на дланката и нивната минимална раздалеченост. Исто така, студентите треба да ги одредат точките за ладно и топло со термоестезиометар. Сетилото за вкус се испитува со одредување на локализацијата на различни видови густативни рецептори на јазикот со помош на 4 различни раствори (натриум хлорид, сахароза, кинин и хлороводородна киселина). За испитување на сетилото за мирис предвидено е да се одреди осетливоста за различни мирисни материи со помош на олфактометар по Zwardemaker. Осетливоста на сетилото за слух се испитува преку одредување на локализацијата на звучниот извор, а за одредување на коскеното и воздушно спроведување на звучните бранови се користат тестовите на Webwer, Rinne и Schwabach. Надразливоста на сетилото за рамнотежа се испитува со Барниево столче, а способноста за одржување на рамнотежа на телото со Ромбергов тест. За испитување на сетилото за вид е предвидено студентите да го докажат постоењето на слепа точка на ретината со Мариотов обид, да ја одредат широчината на видното поле со помош на периметар и испитување на диоптриската способност на окото со помош на оптотип, растурни и собирни леќи.

Во последната вежба е даден осврт на жлездите кои влегуваат во состав на ендокриниот систем и функцијата и структурата на хормоните како хемиски медијатори преку кои ендокриниот систем ги регулира функциите во човечкиот организам. Од ендокрините жлезди е опфатен ендокриниот панкреас со двата клучни хормона кои учествуваат во регулацијата на гликемијата. Студентите

преку практична работа имаат задача да го испитаат ефектот на инсулинот врз гликемијата на стаорец кој гладувал 24-72 часа. Улогата на тироидните хормони кои се лачат од тироидната жлезда се испитува преку нивниот ефект врз потрошувачката на кислород кај стаорци. Половите жлезди се испитуваат преку одредување на фазите на полниот циклус кај женските стаорци.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот текст може да се констатира дека опфатените методски единици се во согласност со практичната и теоретската наставна програма за предметот анатомија со физиологија, во областа физиологија, за студентите од студиската програма магистер по фармација. За изведување на вежбите се користат актуелни методи и современа опрема. Предвидено е студентите да работат самостојно. Добиените резултати и изведените заклучоци, студентите ги запишуваат во Практикумот, што му дава двојна практична примена: да биде користен како учебно помагало и истовремено да претставува дневник за изработените вежби во кој асистентот ќе ги верифицира резултатите и изведените заклучоци.

Рецензентите се задоволни од предложениот текст и од начинот на презентација на содржините. Со овој Практикум, студентите од студиската програма магистер по фармација добиваат мошне корисно учебно помагало кое ќе им го олесни следењето и изведувањето на практичните вежби по предметот анатомија со физиологија во областа физиологија.

На Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му препорачуваме овој ракопис да го одобри како постојан практикум по предметот анатомија со физиологија за студентите од студиската програма магистер по фармација.

Р Е Ц Е Н З Е Н Т И

Проф. д-р Соња Алабаковска, с.р.

Проф. д-р Кристина Младеновска, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РАЗВОЈ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје од XXXI седница и решение бр. 02-1383/2 од 4.VII 2011 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Веџија Усалески, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Миле Пешевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и д-р Драган Ѓошевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со задача да изврши преглед и оцена на наставно-образовните, научно-стручните и другите остварувања на кандидатот кој се пријави за избор во звањето редовен професор.

Комисијата, откако ги прегледа поднесените документи во врска со конкурсот на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во дневните весници „Дневник"од 28. VI 2011 и „Koha" 28. VI 2011 год., констатира дека за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област економика на земјоделството и развој се пријавил само кандидатот д-р Ненад Георгиев, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

По прегледот на доставената документација и другите податоци, релевантни за избор на кандидатот, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Ненад Георгиев, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, е роден на 25.VIII 1960 год. во Призрен. Основно и средно образование завршил во Призрен. Дипломирал на Земјоделскиот факултет во Скопје со среден успех 8,52 на лозаро-овоштарската насока, во 1985 година.

На Земјоделскиот факултет во Скопје се вработил во 1987 год. како помлад асистент по предметот калкулации. Во учебната 1988/89 год. се запишал на постдипломските студии на групата агроекономика. Предвидените испити од постдипломските студии ги положил со среден успех 9,12, а магистерскиот труд со наслов „Анализа на трошоците и производно - економските ефекти во производството на грозје во ЗИК 'Црвена Ѕвезда' - Штип во период 1982-1991 година" го одбранил на 21.X 1994 год.

Докторската дисертација со наслов „Пазар на вино во Европска унија и можности за пласман на Македонските квалитетни вина", кандидатот ја одбранил на Земјоделскиот факултет во Скопје на 14. XII 2001 год.

Во наставно-научното звање доцент на Земјоделскиот факултет во Скопје, кандидатот е избран на 22. III 2002 год., додека во наставно-научното звање вонреден професор е избран на 15. XII 2006 год.

Кандидатот остварил повеќе кратки престои на неколку странски универзитети (Земјоделскиот универзитет во Упсала – Шведска, Универзитетот Хохенхајм – Германија, Биотехничкиот факултет во Љубљана – Словенија и др.), а во насока на негово усовршување и размена на наставните и научно-стручните знаења. Д-р Ненад Георгиев учествувал и на повеќе научни и стручни конференции, симпозиуми и други собири во земјата и во странство. Кандидатот е член на: Европската асоцијација на агроекономисти, Балканската асоцијација на

агроекономисти, Регионалното здружение за менаџмент на пазарот на земјоделски производи и агротуризам и на Здружението на агроекономистите на Република Македонија.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик. Ја користи компјутерската техника и владее со современи програмски пакети, за агроекономски истражувања.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА И ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Д-р Ненад Георгиев во досегашниот период успешно ја изведува наставата на додипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на повеќе наставни дисциплини:

- модели и анализи во земјоделството на додипломските студии, студиска програма: агроекономика;
- основи на агромаркетинг на прв циклус универзитетски студии, студиска програма: агроекономика;
- маркетинг на земјоделски производи на прв циклус универзитетски студии, студиска програма: агроекономика;

Кандидатот д-р Ненад Георгиев со успех учествува и во реализацијата на наставата на вториот циклус универзитетски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на студиската програма агроекономика, каде што ја изведува наставата по предметните програми: Пазар, цени и маркетинг на земјоделски производи и Калкулации со финансиска анализа на работењето на земјоделските претпријатија. Од учебната 2009/2010 година по акредитацијата на меѓународните постдипломски студии на студиската програма агробизнис, д-р Ненад Георгиев ја предава предметната програма: Маркетинг на животната средина и општествената одговорност.

Од изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот бил ментор на повеќе дипломски работи и член во комисии за одбрана на многу повеќе дипломски работи. Во овој период кандидатот остварил голем број консултации со студенти на додипломските и постдипломските студии. Кандидатот бил и рецензент на еден универзитетски учебник.

Кандидатот д-р Ненад Георгиев бил ментор на еден специјалистички труд.

Д-р Ненад Георгиев бил ментор на четири магистерски трудови и член во комисија за одбрана на 8 магистерски трудови.

Наставно-образовниот процес на додипломските и постдипломските студии, кандидатот д-р Ненад Георгиев го релизира на завидно педагошко ниво. Во наставно-образовниот процес вклучува интерактивна настава, семинарски работи, како и внесување на позитивни искуства во наставниот процес стекнати со бројните контакти во сродни институции кои ги остварил во земјата и во странство. Исто така, во наставно-образовниот процес кандидатот внесува искуства стекнати со научно-истражувачката и апликативната работа, како и практични искуства стекнати од соработката остварена со стопанските субјекти и институциите во Р. Македонија.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Д-р Ненад Георгиев, во периодот од изборот во наставно-научното звање вонреден професор, сам или во соработка со други автори има изготвено 17 научни труда. Дел од трудовите се публикувани во домашни и странски научни и стручни списанија, а дел се презентирани на домашни и странски конференции и симпозиуми. Кандидатот, во периодот по изборот за вонреден професор раководел со еден меѓународен научноистражувачки проект и бил национален

координатор на еден проект од TEMPUS–програмата на ЕУ. Д-р Ненад Георгиев бил учесник во четири меѓународни проекти, како и учесник во еден билатерален проект финансиран од Министерството за образование и наука.

Од приложената документација се констатира дека во научно-истражувачката работа кандидатот се занимава со истражување на проблемите од научната област економика на земјоделството и развој.

Кандидатот д-р Ненад Георгиев својата научноистражувачка работа ја презентирал во различни списанија во земјата и во странство, како и на различни конференции и симпозиуми, со цел да ја запознае домашната и меѓународната стручна јавност со постигнатите резултати од истражувањата.

Научноистражувачка работа кандидатот ја пренесува и на помладите генерации преку менторство на докторски дисертации (две во изработка), како и членство во комисии за оцена и одбрана на две докторски дисертации.

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Кандидатот д-р Ненад Георгиев, од изборот во наставно-научното звање вонреден професор, самостојно или во соработка со други автори има изготвено и објавено 5 стручни труда, како и повеќе обуки, предавања и семинари од областа на агроекономиката.

Во периодот по изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот вршел различни дејности од поширок интерес за Факултетот. Тој учествувал во работата на различни комисии и тела на Факултетот за земјоделски науки и храна. Исто така, кандидатот бил член на различни комисии, научни одбори и тела во други институции во земјата и во странство.

## 5. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОГ

Во периодот од изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот д-р Ненад Георгиев ги продолжил и поинтензивно ги развивал активностите во наставно-образовната дејност и ја интензивирал научноистражувачката и стручно-апликативната работа. За тоа најдобро зборува фактот што кандидатот успешно ја изведува наставата на повеќе предмети на додипломските и постдипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и во интерната евалуација високо е оценет од страна на студентите. Исто така, публикуваните научни и стручни трудови, раководењето и учеството во меѓународните и домашните научноистражувачки проекти, менторството и оцената на докторските дисертации го претставуваат како солиден научен работник кој со сигурност владее со методите на научно-истражувачката работа во научната област економика на земјоделството и развој.

Поаѓајќи од изнесеното во извештајот, посебно на оцените за наставно-образовната и педагошката дејност, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и другите активности од поширок интерес, сметаме дека кандидатот достигнал зрелост по сите компоненти и барања за повисоко универзитетско звање. Во досегашното работење, кандидатот покажал забележителни резултати, што дава основа за претпоставка дека и понатаму успешно ќе твори во полето на биотехничките науки, а посебно во областа на економиката на земјоделството и развој. Бројните публикации, настапите на научни конференции и симпозиуми во земјата и надвор од неа укажуваат дека д-р д-р Ненад Георгиев, досегашен вонреден професор, поседува квалитетни атрибути

кои гарантираат дека со успех ќе ги извршува сите задачи што произлегуваат од работното место.

Врз основа на изложеното и оцената на активностите од последниот избор, а според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, чест ни е и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Ненад Георгиев, вонреден професор на истиот Факултет, да биде избран за наставник во научната област економика на земјоделството и развој, во звањето редовен професор.

Рецензентска комисија

1. Д-р Вецијa Усалески, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

2. Д-р Миле Пешевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

3. Д-р Драган Ѓошевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат: **Ненад Ристо Георгиев**
(име, татково име и презиме)

Институција: **Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: **економика на земјоделството и развој**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активностите | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Модели и анализи (2+2), летен 2006/2007 | 1,2 |
| 2 | Маркетинг на земјоделски производи (5+3), летен 2006/2007 | 3 |
| 3 | Трошоци и калкулации (2+2), летен 2006/2007 | 1,2 |
| 4 | Трошоци и калкулации (3+2), летен 2006/2007 | 1,8 |
| 5 | Трошоци и калкулации (2+2), летен 2006/2007 | 1,2 |
| 6 | Трошоци и калкулации (2+1), летен 2006/2007 | 1,2 |
| 7 | Таксации во земјоделството (3+2), летен 2006/2007 | 1,8 |
| 8 | Анализа на работење (4+3), летен 2006/2007 | 2,4 |
| 9 | Трошоци и калкулации (2+1), зимски 2007/2008 | 1,2 |
| 10 | Основи на агромаркетинг (3+2), зимски 2007/2008 | 1,8 |
| 11 | Модели и анализи (2+2), летен 2007/2008 | 1,2 |
| 12 | Маркетинг на земјоделски производи (5+3), летен 2007/2008 | 3 |
| 13 | Основи на агромаркетинг (3+2), зимски 2008/2009 | 1,8 |
| 14 | Модели и анализи (2+2), летен 2008/2009 | 1,2 |
| 15 | Маркетинг на земјоделски производи (5+3), летен 2008/2009 | 3 |
| 16 | Основи на агромаркетинг (3+2), зимски 2009/2010 | 1,8 |
| 17 | Модели и анализи (2+2), летен 2009/2010 | 1,2 |
| 18 | Маркетинг на земјоделски производи (5+3), летен 2009/2010 | 3 |
| 19 | Основи на агромаркетинг (3+2), зимски 2010/2011 | 1,8 |
| 20 | Модели и анализи (2+2), летен 2010/2011 | 1,2 |
| 21 | Маркетинг на земјоделски производи (5+3), летен 2010/2011 | 3 |
| 22 | Маркетинг и синџир на снабдување (3+0), зимски 2010/2011 | 2,25 |
| 23 | Пазар, цени и маркетинг на земјоделски производи (3+0), летен 2006/2007 | 2,25 |
| 24 | Пазар, цени и маркетинг на земјоделски производи (3+0), летен 2007/2008 | 2,25 |
| 25 | Пазар, цени и маркетинг на земјоделски производи (3+0),летен 2008/2009 | 2,25 |
| 26 | Пазар, цени и маркетинг на земјоделски производи (3+0), летен 2009/2010 | 2,25 |
| 27 | Пазар, цени и маркетинг на земјоделски производи (3+0), летен 2010/2011 | 2,25 |
| 28 | Калкулации со финансиска анализа на работење на земојделски стопанства (3+0), зимски 2006/2007 | 2,25 |
| 29 | Калкулации со финансиска анализа на работење на земојделски стопанства (3+0), зимски 2007/2008 | 2,25 |
| 30 | Калкулации со финансиска анализа на работење на земојделски стопанства (3+0), зимски 2008/2009 | 2,25 |
| 31 | Калкулации со финансиска анализа на работење на земојделски стопанства (3+0), зимски 2009/2010 | 2,25 |
| 32 | Калкулации со финансиска анализа на работење на земојделски стопанства (3+0), зимски 2010/2011 | 2,25 |
| 33 | Маркетинг на животна средина и социјална одговорност (меѓународни последипломски студии по Агробизнис) (3+0), летен 2009/2010 | 2,25 |
| 34 | Маркетинг на животна средина и социјална одговорност (меѓународни последипломски студии по Агробизнис) (3+0), летен 2010/2011 | 2,25 |

| | | |
|---|---|---|
| 35 | Задругарство и маркетинг во земјоделството (меѓународни последипломски студии по Агробизнис) (3+0), зимски 2010/2011 | 0,45 |
| 36 | Земјоделска политика и трговија (меѓународни последипломски студии по Агробизнис) (3+0), зимски 2010/2012 | 0,45 |
| 37 | Агромаркетинг (3+0), летен 2010/2011 | 2,25 |
| 38 | Консултации со студенти, 2006/2007 (253 студенти) | 0,5 |
| 39 | Консултации со студенти, 2007/2008 (114 студенти) | 0,2 |
| 40 | Консултации со студенти, 2008/2009 (139 студенти) | 0,3 |
| 41 | Консултации со студенти, 2009/2010 (170 студенти) | 0,3 |
| 42 | Консултации со студенти, 2010/2011 (160 студенти) | 0,3 |
| 43 | Ментор на дипломска работа (x7) | 1,4 |
| 44 | Член на Комисија за оцена или одбрана на докторска дисертација под наслов „Трошоците и калкулациите во функција на сметководствениот и информациониот систем на индивидуалните земјоделски стопанства" изработена од Александра Мартиновска Стојческа, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранета на 29.6.2007. | 0,5 |
| 45 | Член на Комисија за оцена или одбрана на докторска дисертација под наслов „Модел за парцијална рамнотежа за екс-анте анализа на пазарот на одделни земјоделски производи во Република Македонија", изработена од Ана В. Котевска, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранета на 14.10.2010. | 0,5 |
| | Член на Комисија (коментор) за оцена или одбрана на докторска дисертација под наслов „The modernisation of the dairy indusrty in FYROM - Organisation, Networks and Transaction Costs", изработена од Емељ Туна, пријавена на Department of Economics, SLU Uppsala (неодбранета). | 0,5 |
| 46 | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерски труд под наслов „Методолошка постапка за примена на статички и динамички методи во оценување на инвестиционите програми на „ИПАРД", изработен од Драган Ѓ. Чунгурски, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет на 16.1.2009. | 0,3 |
| 47 | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерски труд под наслов „Влијание на кредитната политика во земјоделството врз комерцијализацијата и специјализацијата на семејните земјоделски стопанства во Република Македонија", изработен од Лазо Димитров, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет на 30.12.2009. | 0,3 |
| 48 | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерски труд под наслов „Утврдување на оптимална структура на примарното земјоделско производство во АК Џумајлија", изработен од Ванчо Димитриев, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет на 5.11.2010. | 0,3 |
| 49 | Член на Комисија (коментор) за оцена и одбрана на магистерски труд под наслов: „Macedonian dairy farmers and their choice of buyers - A transaction cost approach" Master thesis. Swedish Agricultural University - SLU, 507, ISSN 1401-4084. Uppsala, Ана Крстевска, одбранета 13.03.2008 | 0,3 |
| 50 | Член на Комисија (коментор) за оцена и одбрана на магистерски труд под наслов:„The influence of international agricultural market prices on Macedonian domestic agricultural market - Tomato case". Master thesis. Swedish Agricultural University - SLU, 620, ISSN 1401-4084. Uppsala, Блаже Јорданов, одбранет на 1.6.2010. | 0,3 |
| 51 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (x23) | 2,3 |
| 52 | Член на Рецензентска комисија на универзитетски учебник: „Таксации во земјоделството" | 1 |
| | **Вкупно** | **80,77** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред.број | Назив на активностите | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на докторска дисертација под наслов: „Формирање на паушални цени на пазарот на живиот добиток во Република Македонија", изработена од Константин Коцев, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (неодбранета). | 3 |
| 1 | Ментор на докторска дисертација под наслов: „Анализа на маркетинг синџирот на дивите прехранбени плодови во Република Македонија", изработена од Миле Јакимовски, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (неодбранета). | 3 |
| 2 | Ментор на магистерски труд под наслов: „Значење на маркетингот на земјоделско-прехранбените производи во системот на продавници Мецик", изработен од Снежана К. Велјановска, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет на 18.12.2008. | 1 |
| | Ментор на магистерски труд под наслов: „Цените во маркетинг-синџирот на домати во Република Македонија", изработен од Ивана Јанеска Стаменковска, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет на 30.11.2009. | 1 |
| 3 | Ментор на магистерски труд под наслов „Можности за намалување на увозната зависност на сточарскиот комплекс во Република Македонија" изработен од Серафим А. Анастасовски, пријавен на Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет на 4.12.2009 | 1 |
| 4 | Ментор на магистерски труд под наслов: „Маркетинг и конкурентност на виното од Република Македонија од аспект на индустриската сопственост", изработен од Марина Нацка, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет на 6.7.2011. | 1 |
| 5 | Национален координатор на меѓународен научен проект: Tempus JEP-19027-2004 "Balkan Agri-Sector Initiative for Capacity Building (BASIC)" (2004- 2007). | 6 |
| 6 | Учесник во меѓународен научен проект: „Building capacity for Macedonian Policy Formulation and Economic Analysis Related to the Agricultural Sector" финансиран од СИДА (2004-2010). | 5 |
| 7 | Учесник во меѓународен научен проект: „DG-AGRI: Study on the state of the Agriculture in Five Applicant Countries" финансиран од Европска Комисија (2009-2010). | 5 |
| | Учесник во меѓународен научен проект: Пазарно управување со земјоделското стопанство. Билатерален научноистражувачки проект помеѓу Р. Македонија и Р. Бугарија, финансиран од МОН, бр. 03-1588/1-09. | 5 |
| 8 | Peshevski M., Georgiev N., Kocev K. 2007: Productivity and profitability of the carrot production in the Republic of Macedonia. Internacional Symposium: Trends in Development of European Agriculture, 53-56, Timişoara, Maj 24-25, 2007. | 4,8 |
| 9 | Георгиев, Н., Мартиновска-Стојческа, А., Маневска-Тасевска, Г. 2007. Пресметување на цената на чинење на грозје кај индивидуални земјоделски стопанства во Неготинско. Јубилеен годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна „60 години Факултет за земјоделски науки и храна", Година 52, 307-316. | 1,6 |
| 10 | Kocev K, Georgiev N. 2007. Korišćenje potencijala putem diferencijacija cena za kategorije svinja na stočnim pijacama u Republici Makedoniji. Zbornik radova, XII savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem. | 5,4 |
| 11 | Пешевски М., Димитриевски Д., Геогиев Н., Филиповски Б. 2008. Промените во економските показатели при производството на ароматичен тутун (2000-2008). Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна. Година 53, Скопје. | 1,2 |
| 12 | Крстевска Ана, Георгиев Н., Нилсон Ј., Чунгурски Д. 2008. Анализа на трошоците на трансакција кај млекопроизводителите. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна. Година 53, Скопје. | 1,2 |
| 13 | Doluschitz, R., Morath, C., Gjoševski, D., Georgiev, N. and Martinovska-Stojčeska, A. 2008. Information management. In: Institute of Agricultural Economics, Faculty of Agricultural Sciences and Food – Skopje, University Ss Cyril and Methodius (ed.), *Western Balkan agriculture and European integration (monography)* pp. 55-68. | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | Skopje: Faculty of Agricultural Sciences and Food. | |
| 14 | Martinovska-Stojčeska, A., Georgiev, N. and Erjavec, E. 2008. Farm income analysis of agricultural holdings in Macedonia using FADN methodology, *Acta agriculturae Slovenica*, 2008:92, no. 1, pp, 41-51. | 5,016 |
| 15 | Janeска Стаменковска Ивана, Георгиев Ненад. 2009. Анализа на профитните и маркетинг маржите во синџирот на домати во Република Македонија. Годишен зборник, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје. Година 54. | 1,8 |
| 16 | Kocev K., Georgiev N. 2009. Nekalkulativno određivanje cena kategorija ovaca na tržnicama žive stoke u Republici Makedoniji. XX Naučno-stručna konferencija poljoprivrede i prehrambene industrije. Neum BiH. | 5,4 |
| 17 | Georgiev N., Kocev K. 2009. Analiza maloprodajnih cena jabuka i pomarandži kao supstituta na zelenim tržnicama u Republici Makedoniji. XX Naučno-stručna konferencija poljoprivrede i prehrambene industrije. Neum BiH. | 5,4 |
| 18 | Martinovska-Stojcheska A., Dimitrievski D., Georgiev N. 2010. The Farm Accountancy Data Network in the Republic of Macedonia with emphasis on data quality. In: Agriculture in the process of adjustment to the common agricultural policy (monography), pg 137-150, Skopje: University Ss Cyril and Methodius (UKIM), Faculty of Agricultural Sciences and Food – Skopje. | 3,2 |
| 19 | Georgiev N., Martinovska-Stojcheska A. 2010. Analiza cena kravljeg sira и kackavalja u Republici Makedoniji. Proceedings of the 21st Sientific-Expert conference of agriculture and food industry, Neum 2010, pp 549-558. | 5,4 |
| 20 | Peshevski M., Nikolov D., Gjoshevski D., Georgiev N., Dimitrievski D., Radev T. (2010): Farm economic efficiency-comparative analysis between Bulgaria and Macedonia. Зборник радова: Први научни симпозијум агронома са међународним учешћем ***AGROSYM***, 235-243, Јахорина, хотел "Бистрица", 09-11. децембар 2010. | 3,6 |
| 21 | Dimitrievski D., Georgiev N., Simonovska A., Martinovska Stojceska A., Kotevska A. 2010. Review of agriculture and agricultural policy in FYR Macedonia. Chapter 6 in Agriculture in the Western Balkan Countries. IAMO. vol. 57. Halle, 2010. | 3,6 |
| 22 | Peševski M., Georgiev N, Simonovska A. 2011.Wheat balance of the markets in the Republic of Macedonia. 46th Croatiian and 6th Internatonal symposium on Agriculture. Opatia. Croatia. | 4,8 |
| 23 | Martinovska-Stojčeska A., Georgiev, N., Manevska-Tasevska, G. 2011. Analysis and comparison of prices of wine grapes and table wine in the Republic of Macedonia. 46th Croatiian and 6th Internatonal symposium on Agriculture. Opatia. Croatia. | 4,8 |
| 24 | Janeska Stamenkovska Ivana, Georgiev Nenad, Martinovska Stojceska Aleksandra. 2011. Tomato Marketing Chain in the Republic of Macedonia. Scientific Papers Management, Economic Engineering in Agriculture and Rural Development", Vol.11, Issue 2/11. | 4,8 |
| 25 | Учество на научно-стручен собир со реферат | 6 |
| | **Вкупно** | **102,6** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| ред.број | Назив на активностите | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ѓошевски Д., Георгиев Н., Димитриевски Д., А. Мартиновска Стојческа (2007): Прирачник за изработка на инвестициони програми за вработените во АПРЗ | 1,2 |
| 2 | Ѓошевски Д., Георгиев Н., Димитриевски Д., А. Мартиновска Стојческа (2007): Прирачник за извештај за проверка на инвестициони програми | 1,2 |
| 3 | Георгиев Н., ... и др. 2009. Анализа на малопродажните цени на земјоделските производи на пазарите во Република Македонија. Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје. | 1,2 |
| 4 | Мартиновска-Стојческа, А., ..., Георгиев Ненад, и др. 2009. Цена на чинење на земјоделските производи во 2008 година во Република Македонија. Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје. | 1,2 |
| 5 | Krstevska, A., Nacka, M., Janeska, I., Georgiev, N. 2009. An Assessment of the | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | competitiveness of the dairy food chain in the Republic of Macedonia. European Comission FP7, AgriPolicy project, Skopje. | |
| 6 | Учесник во меѓународен проект: „Support for decision making process in the Ministry of Agriculture, Forestry and Water Economy“, финансиран од СИДА. | 3 |
| 7 | Учесник во меѓународен проект: „Support Network for Improvement of the Strategic Planning SuNISP Tempus JEP 41143 | 3 |
| 8 | Обука за изработка на извештај за проверка на инвестициони програми за ИФАД 2 | 0,5 |
| 9 | Обука за изработка и оцена на инвестициони програми | 0,5 |
| | Обука за изработка и оцена на бизнис-план за АПРЗ | 0,5 |
| 10 | Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Раководител на Институтот за агроекономика | 3 |
| 2 | Факултетска Комисија за меѓународна соработка | 0,5 |
| 3 | Член во комисија за избор во звање (3) | 0,6 |
| 4 | Член во организационен или програмски одбор на меѓународен научен-стручен собир (3) | 3 |
| 5 | Студиски престој во странство до три месеци (3) | 1,5 |
| | **Вкупно** | **25,0** |

**ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| | |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 80,8 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 102,6 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | / |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 25,0 |
| **Вкупно** | **208,4** |

## Членови на Комисијата

1. Д-р Веција Усалески, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

2. Д-р Миле Пешевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

3. Д-р Драган Ѓошевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ - РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХЕМИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата XXXI седница одржана на 4.VII 2011 год., донесе одлука бр. 02-1383/2 за формирање на Рецензентска комисија во состав: д-р Олга Бауер, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија, д-р Лидија Шоптрајанова, редовен професор на ПМФ во Скопје, во пензија, и д-р Јосиф Митриќески, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со задача да изврши преглед и оцена на наставно-образовните, научноистражувачките и другите активности на кандидатката која се пријави за избор во звањето редовен професор во научната област хемија.

Врз основа на распишаниот конкурс во весникот „Дневник" од 28. VI 2011 год., од страна на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата ги разгледа поднесените документи и констатира дека за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област хемија се пријави само кандидатката д-р Биљана Петановска-Илиевска, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

По прегледот на доставената документација, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Биљана Петановска-Илиевска е родена на 25. X 1957 год. во Охрид. Основното и средното образование ги завршила во Скопје, а потоа се запишала на Хемискиот факултет во Скопје, на групата за применета хемија. Факултетот го завршила во 1985 год. Во 1987 год. е избрана за помлад асистент по предметот хемија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. На постдипломски студии се запишала во 1987 год., на насоката за аналитичка хемија на Институтот по хемија, при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Магистрирала во 1993 год., со трудот: "Идентификација и квантитативно определување на некои поважни хемиски состојки во карфиолот, произведен во различни реони во Македонија". Во периодот од 1992 до 2011 год. посетувала курсеви од областа на хроматографијата и нејзината практична примена како и други од областа на безбедноста на храната, од коишто како најзначајни ги издвојуваме следниве:

- „Radiotracer, Chromatographic and Immunochemical Techniques for the Analysis of Pesticides in Food Samples", под покровителство на IAEA/FAO of the United Nation, Sajbersdorf, Austria, 1996 (9, септември - 18 октомври);
- „*Screening and Confirmatory Metodologies for Veterinary Drug Residues Introductory Trening Course*" FAO/IAEA Agriculture and Biotehnology Laboratory, Seibersdorf, Austria, 2003 (16 – 27. VI);
- „*Advanced International Training Programme on World Trade and Conformity Assessment, Quality Infrastructure and Development*" (Sida/SWEDAC), Stockholm, Sweden, 2005 (13. II - 11 III);

- „Regional Training Course on Standardizing Methods for Antioxidants Analysis in Solanaceous Food Crops", FAO/IAEA Budapest, Hungary.2009 (16 – 27. XI);

- Семинар за EUREPGAP со сертификат за тренирање на јавен тренер согласно со EUREPGAP-регулативите за овошје и зеленчук, 2006 (30 до 31. I);

- Курс за обука „ISO 22000:2005 Food Safety Auditor/Lead Auditor Training", акредитиран курс со регистрациски број: A17189, Скопје , Македонија, 2006;

-Workshop on EU Regulation of Chemical Substances under the Biocides Product Directive and Import-Export of Dangerous Chemicals, W/IHCP/2011/01, Ispra, Italy, од 13 до 14. V и 2 дена во септември 2011.

Докторирала на 25. XII 2001 г., со трудот "Разработка на HPLC методи за квантитативно определување на активните компоненти пиримикарб и дазомет во пестицидни формулации".

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА И ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Д-р Биљана Петановска-Илиевска успешно ја изведува наставата по предметите хемија (на сите студиски програми, со исклучок на агроекономската и градинаро-цвеќарската од 2010/2011 год.), аналитичка хемија (на студиската програма преработка на земјоделски производи), неорганска хемија и органска хемија (на студиската програма квалитет и безбедност на храна), за студентите од прва и втора година. Од 2005 година учествува во изведувањето на наставата на дисперзираната насока по градинарство и цвеќарство во Струмица. Од 2008 година учествува во изведувањето на наставата на дисперзираната насока по сточарство, а од 2010 и на дисперзираната насока по преработка на земјоделски производи во Струмица. Од 2009 година вклучена е и во изведувањето на наставата на дисперзираната насока за производство и преработка на тутун во Прилеп.

Кандидатката од 2010 год. успешно учествува и во изведувањето на наставата на постдипломските студии на насоката квалитет и безбедност на храна, со предметите: физичко хемиски опасности на храна-напредни поглавја, стандарди за квалитет и безбедност на храна и системи за квалитет и безбедност на храна.

Кандидатката д-р Биљана Петановска-Илиевска била ментор на еден магистерски и на два докторски труда.

Наставата на додипломските и постдипломските студии ја изведува на високо професионално ниво, при што користи интерактивна настава и соодветни нагледни средства.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Д-р Биљана Петановска-Илиевска активно учествува во целокупната научна и стручна дејност на предметот хемија. Треба да се истакне нејзината ангажираност, сериозност и темелност со кои приоѓа во проучувањето на одделни научни проблеми и во реализацијата на разни задачи од научната, стручната и апликативната дејност на предметот. Покрај редовните наставни задолженија, кандидатката зема учество и на разни манифестации од научен, стручен и апликативен карактер.

Во периодот од изборот за вонреден професор до сега, учесник е во повеќе проекти финансирани од домашни и странски организации, и тоа во еден домашен и три меѓународни проекти. Во истиот период, кандидатката во

соработка со други автори има објавено 6 труда во домашни и меѓународни списанија од коишто еден е со фактор на влијание ($IF_{(2006)}$ = 1.109).

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Од изборот во звањето вонреден професор до сега, кандидатката во соработка со други автори има изработено еден стручен труд, како и повеќе обуки и предавања од областа на безбедноста на храната.

Исто така, д-р Биљана Петановска-Илиевска од изборот во звањето вонреден професор врши и дополнителни дејности од различен интерес. Имено, во периодот 2005 – 2008 год. била раководител на Катедрата за педологија, агрохемија и мелиорации. Во периодот од 2007 до 2008 год. е член во Комисијата за средствата за заштита на растенијата при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија. Во истата комисија е повторно член од 2010 год. и активно учествува во нејзината работа. Од 2010 година е активен член на факултетската Комисија за наука.

## 5. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Биљана Петановска-Илиевска, во текот на изминатиот период од изборот за вонреден професор, покажала забележителна активност како во однос на извршувањето на своите наставни обврски на додипломските и постдипломските студии, така и во однос на своето научно усовршување.

Д-р Биљана Петановска-Илиевска во целост ги исполнува условите согласно со Законот за високото образование на Република Македонија, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за избор во повисоко звање. Поради тоа, Рецензентска комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Биљана Петановска-Илиевска да ја избере во звањето редовен професор во научната област хемија.

Рецензентска комисија

1. Д-р Олга Бауер, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија с.р.

2. Д-р Лидија Шоптрајанова, редовен професор на ПМФ во Скопје, во пензија с.р.

3. Д-р Јосиф Митриќески, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Биљана Ристо Петановска-Илиевска**
**(име, татково име и презиме)**

**Институција: ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - Скопје**
**(назив на факултетот/институтот)**
**Научна област: хемија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Хемија (5+3), зимски 2006/2007 | 3 |
| 2. | Хемија (5+3), зимски 2007/2008 | 3 |
| 3. | Хемија (5+3), зимски 2008/2009 | 3 |
| 4. | Хемија (5+3), зимски 2009/2010 | 3 |
| 5. | Хемија (3+2), зимски 2010/2011 | 1,8 |
| 6. | Хемија- дисперзирана настава во Струмица (5+3), зимски 2006/2007 | 3 |
| 7. | Хемија- дисперзирани студии во Струмица (5+3), зимски 2007/2008, | 3 |
| 8. | Хемија- дисперзирани студии во Струмица (5+3), зимски 2008/2009, | 3 |
| 9. | Хемија дисперзирани студии во Прилеп (5+3), зимски 2009/10 | 3 |
| 10. | Хемија дисперзирани студии во Прилеп (5+3), зимски 2010/2011 | 3 |
| 11. | Аналитичка хемија (2+3), летен 2006/2007 | 1,2 |
| 12. | Аналитичка хемија (2+3), летен 2007/2008 | 1,2 |
| 13. | Аналитичка хемија (2+3), летен 2008/2009 | 1,2 |
| 14. | Аналитичка хемија (2+3), летен 2009/2010 | 1,2 |
| 15. | Аналитичка хемија (2+3), летен 2010/2011 | 1,2 |
| 16. | Аналитичка хемија дисперзирани студии во Прилеп (2+3), летен 2010/2011 | 1,2 |
| 17. | Аналитичка хемија дисперзирани студии во Струмица (2+3), летен 2011 | 1,2 |
| 18. | Изработка на семинарски труд (аналитичка хемија), 2006/2007 | 0,9 |
| 19. | Изработка на семинарски труд (аналитичка хемија), 2007/2008 | 0,9 |
| 20. | Изработка на семинарски труд (аналитичка хемија), 2008/2009 | 0,9 |
| 21. | Изработка на семинарски труд (аналитичка хемија), 2009/2010 | 0,9 |
| 22. | Изработка на семинарски труд (аналитичка хемија), 2010/2011 | 0,9 |
| 23. | Неорганска хемија (3+2), зимски 2010/2011 | 1,8 |
| 24. | Органска хемија (3+2), летен 2010/2011 | 1,8 |
| 25. | Консултации со студенти, зимски 2006/07/08/09/10, 150 x 0,002 0,3 x5 | 1,5 |
| 26. | Консултации со студенти, 2006/2007 (200 студенти) | 0,4 |
| 27. | Консултации со студенти, 2007/2008 (200 студенти) | 0,4 |
| 28. | Консултации со студенти, 2008/2009 (200 студенти) | 0,4 |
| 29. | Консултации со студенти, 2009/2010 (200 студенти) | 0,4 |
| 30. | Консултации со студенти, 2010/2011 (330 студенти) | 0,66 |
| 31. | Интерна скрипта за лабораториски вежби по хемија | 3 |
| 32. | Интерна скрипта за лабораториски вежби по аналитичка хемија | 3 |
| 33. | Рецензент на универзитетско учебно помагало: „Практикум по познавање и обработка на тутунската суровина“ | 1 |
| 34. | Физичко хемиски опасности во храна- напредни поглавја- постдипломски студии (90 часа) , зимски 2010/2011, група 1 | 4,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 35. | Физичко хемиски опасности во храна- напредни поглавја-постдипломски студии (90 часа), летен 2011, група 2 | 4,5 |
| 36. | Стандарди за квалитет и безбедност на храна-постдипломски студии (60 часа), зимски, 2010/2011 група 1 | 3 |
| 37. | Стандарди за квалитет и безбедност на храна-постдипломски студии (60 часа), летен 2011 група 2 | 3 |
| 38. | Системи за квалитет и безбедност на храна-постдипломски студии (60 часа), зимски 2010/2011, група 1 (50 %) | 1,5 |
| 39. | Системи за квалитет и безбедност на храна-постдипломски студии (60 часа), летен 2011, група 2 (50 %) | 1,5 |
| 40. | Консултации со студенти -постдипломски студии 2010/2011 (60 студенти) | 0,12 |
| 41. | Изработка на семинарски труд-постдипломски студии 2010/2011 и 2011, група 1 и 2 | 5,4 |
| 42. | Работилница за консултанти и инспектори за имплементација, одржување и модификација на HACCP-системот во индустријата, Скопје, 17-20. 9 2007, МААСП | 1 |
| 43. | Работилница за основните принципи на HACCP-системот и EurepGAP-стандардот, одржана на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, под покровителство на МААСП, 27-28. 9. 2007 | 1 |
| 44. | Работилница за имплементирање на HACCP-системот, во организација на Агро консалтинг Неда, Кавадарци, 13-15. 6. 2008 | 1 |
| 45. | Работилница за имплементирање на HACCP-системот наменет за претставници на компании од два од петте синџири на вредности поддржувани од АгБиз програмата на УСАИД за вино, Кавадарци, 18 -20. 6 2008 | 1 |
| 46. | Работилница за имплементирање на HACCP-системот во организација на Агро консалтинг Неда, Кавадарци, 21-23. 6. 2008 | 1 |
| 47. | Работилница за имплементирање на HACCP системот во организација на Агро консалтинг Неда, Кавадарци 27-29 06 2008 | 1 |
| 48. | Работилница за имплементирање на HACCP-системот наменет за вработени во угостителскиот сектор, Куманово, 26-28. 8. 2008 | 1 |
| 49. | Работилница за имплементирање на HACCP- системот наменет за вработени во големопродажба и малопродажба, Скопје, 16-18. 8. 2008 | 1 |
| 50. | Работилница за имплементирање на HACCP-системот наменет за вработени во сушење и преработка на зеленчук, Скопје, 21-23. 9. 2008 | 1 |
| 51. | Работилница за имплементирање на HACCP-системот наменет за претставници на компании од два од петте ланци на вредности поддржувани од АгБиз програмата на УСАИД за диворастечки растенија, органско производство и ладилници, Кавадарци, 24 -26. 9. 2008 | 1 |
| 52. | Работилница за имплементирање на HACCP-системот наменет за вработени во угостителскиот сектор, одржан во Куманово од 29. 9 и 1. 10. 2008 | 1 |
| 53. | Работилница за имплементирање, модифицирање и одржување на HACCP-системот наменет за вработените во кујните во детските градинки, поддржана од Министерството за труд и социјална политика на Р. Македонија, Скопје, 24-26. 8. 2009 | 1 |
| 54. | Работилница за имплементирање, модифицирање и одржување на HACCP-системот наменет за вработените во кујните во детските градинки, поддржана од Министерството за труд и социјална политика на Р. Македонија, Скопје, 1-3. 9. 2009 | 1 |
| 55. | Работилница за имплементирање, модифицирање и одржување | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | на HACCP-системот наменет за вработените во кујните во детските градинки, поддржана од Министерството за труд и социјална политика на Р. Македонија Скопје, 16-18. 9. 2009 | |
| 56. | Работилница за имплементирање, модифицирање и одржување на HACCP-системот наменет за вработените во кујните во детските градинки, поддржана од Министерството за труд и социјална политика на Р. Македонија, Кичево, 23-25. 9. 2009 | 1 |
| 57. | Работилница за имплементирање, модифицирање и одржување на HACCP-системот наменет за вработените во кујните во детските градинки, поддржана од Министерството за труд и социјална политика на Р. Македонија, Прилеп, 30. 9-1. 10. 2009 | 1 |
| 58. | Работилница за имплементирање, модифицирање и одржување на HACCP-системот наменет за вработените во кујните во детските градинки, поддржана од Министерството за труд и социјална политика на Р. Македонија, Скопје, 13-15. 10. 2009 | 1 |
| 59. | Работилница за имплементирање, модифицирање и одржување на HACCP-системот наменет за вработените во кујните во детските градинки, поддржана од Министерството за труд и социјална политика на Р. Македонија, Скопје, 20-22. 10. 2009 | 1 |
| 60. | Работилница за имплементирање, модифицирање и одржување на HACCP-системот наменет за вработените во кујните во детските градинки, поддржана од Министерството за труд и социјална политика на Р. Македонија, Струмица, 29-31. 10. 2009 | 1 |
| 61. | Работилница за имплементирање, модифицирање и одржување на HACCP-системот наменет за вработените во кујните во детските градинки, поддржана од Министерството за труд и социјална политика на Р. Македонија, Кочани, 5-7. 11. 2009 | 1 |
| 62. | Работилница за имплементирање, модифицирање и одржување на HACCP-системот наменет за вработените во кујните во детските градинки, поддржана од Министерството за труд и социјална политика на Р. Македонија, Штип, 11-13. 11. 2009 | 1 |
| | **Вкупно** | **100,58** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерска теза: „Разработка на HPLC методи за истовремено определување на активните компоненти фенмедифам, десмедифам и етофумесат во пестицидната формулација INTER OF" изработена од Ленче Велкоска –Марковска, пријавена на Природно-математичкиот факултет, Институт за хемија, во Скопје (одбранета) | 1 |
| 2. | Ментор на докторска теза: „Разработка на HPLC методи за квантитативно определување на β-цифлутрин во пестицидни формулации, изработена од Лила Водеб, пријавена на Природно-математичкиот факултет, Институт за хемија, во Скопје (одбранета) | 3 |
| 3. | А. Марковски, Л.Велкоска-Марковска, Б. Петановска-Илиевска, Л. Водеб. Хемиски состав на плодовите од типови и сорти кинеска урма (Zizyphus jujuba Mill.). Јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје. (26/27), 223-230 (2008/2009). | 1,2 |
| 4. | Б. Петановска-Илиевска, Л. Водеб, Л. Велкоска-Марковска. Квантитативно определување на активната компонента хлорпирифос во пестицидната формулација Pirel-D со помош на HPLC, Заштита на растенија, Скопје, XX(XX), 142-146 (2009). | 3,2 |
| 5. | Б. Петановска-Илиевска, Л. Водеб, Л. Велкоска-Марковска. Квантитативно определување на активната компонента пиримимикарб во пестисидната формулација Pirimor 25 WG со помош на HPLC, Заштита на растенија, Скопје, XX (XX), 147-151 (2009). | 3,2 |
| 6. | Л. Велкоска-Марковска, Б. Петановска-Илиевска, Л. Водеб. | 3,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Разработка на HPLC методи за симултано определување на фенмедифам, десмедифам и етофумесат во пестицидот Inter Of со помош на колоната од типот Lichrosorb CN, Заштита на растенија, Скопје, XX (XX), 137-141 (2009). | |
| 7. | Velkoska-Markovska Lence, Petanovska-Ilievska Biljana Vodeb Lila. Simultaneous Determination of Phenmedipham, Desmedipham, and Ethofumesate in Pesticide Formulation Bz Normal-Phase High-Performance Liljuid Chromatographz. Acta Chromatographica. 20(1), 87-96. $IF_{(2006)}$ = 1.109 | 5,909 |
| 8. | Какуринов В., Илиевска - Петановска Биљана, Петрова Билјана, Ѓошиќ - Михајловска Славица, Левков Весна, Дуброва - Матева Наташа. Моментална состојба со меѓународните технички системи/стандарди во Република Македонија. III симпозиум за сточарство со меѓународно учество, Охрид, Зборник на трудови, 399 – 407 (2007). | 1,8 |
| 9. | Учесник во меѓународниот научен проект RER5013 Evaluation of Natural and Mutant Resources for increased phytonutrient Levels in Vegetable Crops and Potatoes, 2009-2011. | 5 |
| 10. | Учесник во меѓународниот проект FP7 - REGPOT-2008 „SWOT - CHEMISTRY – FOOD", 2009 – 2010. | 5 |
| 11 | Биљана Петановска-Илиевска Пленарно предавање на научен/стручен собир: XXXIII средба „Факултет-стопанство", GLOBALGAP –Можности и потреби за производство на безбедни примарни земјоделски производи, 2008. | 2 |
| 12 | Учество на научен собир со реферат: Б. Петановска-Илиевска, Л. Водеб, Л. Велкоска-Марковска. Квантитативно определување на активната компонента хлорпирифос во пестицидната формулација Pirel-D со помош на HPLC, XXXIII традиционално советување за заштита на растенијата на Република Македонија, Охрид, 2008. | 1 |
| 13 | Учество на научен собир со реферат: Б. Петановска-Илиевска, Л. Водеб, Л. Велкоска-Марковска. Квантитативно определување на активната компонента хлорпирифос во пестицидната формулација Pirel-D со помош на HPLC, XXXIII традиционално советување за заштита на растенијата на Република Македонија, Охрид, 2008. | 1 |
| 14 | Учество на научен собир со реферат: Б. Петановска-Илиевска, Л. Водеб, Л. Велкоска-Марковска. Квантитативно определување на активната компонента пиримимикарб во пестицидната формулација Pirimor 25 WG со помош на HPLC, XXXIII традиционално советување за заштита на растенијата на Република Македонија, Охрид, 2008. | 1 |
| 15 | Учество на научен собир со реферат: Б. Петановска-Илиевска, Л. Вел коска-Марковска, Л. Водеб, Квантитативно определување на активните супстанции во пестицидната формулација Inter of со помош на високоефиксна течна хроматографија, XXXV традиционално советување за заштита на растенијата на Република Македонија, Охрид, 2010. | 1 |
| | **Вкупно** | 38,509 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Какуринов В., Биљана Петановска-Илиевска 2007. Прирачник и водич за воведување, одржување, надградба, инспекција и сертификација на АОККТ/HACCP системот, Скопје, Sida – МААСП. | 7 |
| 2. | Учесник во проектот: Quality and Regulatory Infrastructure Development for Food Safety & Quality in Macedonia, funded by Sida and implemented by Consortium consisting of SWEDAC and | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | the National Food Administration, од 2009 до 2011. | |
| 3. | Учесник во проектот: Improvement and Establishment of Biotechnology in Higher Education, Tempus IV, ETF-JP-00295-2008, 2009 – 2011. | 3 |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| 1. | Раководител на Катедрата за педологија агрохемија и мелиорации, 2005 – 2008. | 3 |
| 2. | Член на Комисијата за наука при Факултетот за земјоделски науки и храна | 0,5 |
| 3. | Член на комисија за избор во звање (3) | 0,6 |
| 4. | Член во комисијата за средствата за заштита на растенијата при Министерството за земјоделство, шумарство и вододстопанство на Република Македонија, 2007 – 2008. | 1 |
| 5. | Член во Комисијата за средствата за заштита на растенијата при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, 2010 - | 1 |
| 6. | Член на работната група финансирана од МЗШВ за изготвување на Кодекс за добра земјоделска практика, 2007. | 1 |
| 7. | Научно-образовен национален проект: „Хемиска лабораторија за контрола на квалитет и безбедност на примарните земјоделски производи",предлог-проект во МОН (носител), 2010. | 1 |
| 8. | Научно-образовен национален проект: „Разработка на HPLC методи за квантитативно определување на некои хербициди и органофосфорни инсектициди во различни матрици, предлог-проект во МОН (носител), 2010. | 1 |
| 9. | Научно образовен национален проект: „HPLC методи за определување на некои хербициди и органофосфорни инсектициди во препарати и нивни остатоци во вода и овошни сокови", предлог-проект во МОН (носител), 2011. | 1 |
| 10. | INcreased capacity building of FOOD Research Institute in Republic of Macedonia, идеен проект, FP7-REGPOT-2010-5 | 1 |
| 11. | Изготвување и пријавување на научен национален проект: „Анти-микробно дејство на нови хомеопатски препарати што може да се употребат во органското производство", МЗШВ на РМ (носител), 2009. | 1 |
| 12. | „Training for Information Multipliers"FP7 проект Belgrad, Serbia, 24 - 25 јануари 2008 | 0,5 |
| 13. | Regional Training Course on Standardizing Methods for Antioxidants Analysis во Solanaceous Food Crops, Budapest, Hungary, 16 до 27 11 2009. | 0,5 |
| 14. | Final program 4th official meeting Food Cluster Initiative Wageningen, Netherlands, од 7 до 9 10 2009 | 0,5 |
| 15. | Training Course High resolution mass spectrometry in quantitative analysis and screening of organic contaminants in food and environment, FP7 проект „CEFSER" Novi Sad, Serbia, Faculty of Technology од 16 до 17 9. 2010 | 0,5 |
| 16. | Training Workshop on EU Regulation of Chemical Substances under the Biocides Product Directive and Import-Export of Dangerous Chemicals, W/IHCP/2011/01, Ispra, Italy од 13 до 14 5. и 2 дена во 9. 2011 | 0,5 |
| | **Вкупно** | **27,6** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ ЗА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **100,58** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **38,509** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **-** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **27,6** |
| **Вкупно** | **166,689** |

**Рецензентска комисија**

4. **Д-р Олга Бауер, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија с.р.**

5. **Д-р Лидија Шоптрајанова, редовен професор на ПМФ во Скопје, во пензија с.р.**

6. **Д-р Јосиф Митриќески, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИСХРАНА И ДИЕТИКА НА ЖИВОТНИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје од XXI седница, и решение број 02-1383/2 од 4.VII.2011 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Никола Јорданоски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија, д-р Драган Гламочиќ, редовен професор на Земјоделскиот факултет во Нови Сад, Р. Србија и д-р Владимир Џабирски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со задача да изврши преглед и оцена на наставно-образовните, научно-стручните и други остварувања на кандидатот кој се пријави за избор во звањето редовен професор

Комисијата, откако ги разгледа поднесените документи во врска со конкурсот на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весникот „Дневник" на 28 јуни 2011 година, констатира дека за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област исхрана и диетика на животните се пријавил само кандидатот д-р Срeќко Ѓорѓиевски, вонреден професор во научната област исхрана и диететика на животните на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

По прегледот и оценатa на доставената документација, релевантни за избор на кандидатот, Комисијата го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Срeќко Ѓорѓиевски е роден 13 јуни 1965 година во Скопје. Основно образование и гимназија завршил во Скопје. Земјоделскиот факултет во Скопје го завршил во 1988 година.

По дипломирањето, во 1989 година се вработил на Земјоделскиот факултет во Скопје, кога е и избран за помлад асистент по предметот исхрана на домашните животни.

Постдипломските студии од областа исхрана на домашните животни кандидатот ги завршил на Земјоделскиот факултет во Нови Сад, во 1994 година со успешната одбрана на магистерскиот труд под наслов „Uticaj izvora energije u obroku na proizvodne rezultate rano odbijene jagnjadi". Во 2001 година кандидатот д-р Срeќко Ѓорѓиевски ја пријавил, ја изработил и ја одбранил на Земјоделскиот факултет во Скопје докторската теза под наслов "Влијанието на изворот на кабасноста во крмните смески врз производните резултати и кланичниот квалитет на месото кај гојни јуниња", по што е промовиран во доктор на земјоделски науки. Во 2002 година е избран за доцент. Во меѓувреме посетувал обуки за подготовка, пријавување и изведување на проекти (1998 год) и менаџмент на фарма (1999 год.) на Земјоделскиот факултет во Скопје, одржани од страна на Светската банка. Престојувал во странство, и тоа: студиски престој Трансфер на технологии (ГТЗ, Германија, март 2001), студиска посета на народни земјоделски универзитети, лаборатории и фабрики за производство на премикси, Данска, 2004. Во текот на 2004-2011 година посетил повеќе земјоделски саеми (Хернинг-Данска, Хановер-Германија). Активно се служи со англискиот јазик.

Во 2004 година кандидатот успешно ги завршил курсевите за имплементатори и внатрешни аудитори на системот за квалитет ISO 9001:2000, сертифициран од SGS-Бугарија, според побарувањата на ISO 9001:2000.

Во 2005 година кандидатот успешно го завршил курсот за имплементатори на HACCP foundations training course, сертифициран од SGS-Бугарија, според побарувањата на ISO 19011:2002.

Во 2006 година д-р Срећко Ѓорѓиевски е избран за вонреден професор по предметот исхрана на домашните животни.

Во периодот по изборот за вонреден професор, кандидатот д-р Срећко Ѓорѓиевски учествувал во повеќе проекти, било како раководител, било како учесник. Активно учествува на повеќе меѓународни советувања, симпозиуми, конференции и конгреси:

- конференција: Безбедност на храна: 2007, Биотехнички факултет, Битола;
- меѓународна конференција: Global dairy 500: 2008, Lexington, Kentucky, USA.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА И ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Во периодот по изборот во звањето вонреден професор кандидатот д-р Срећко Ѓорѓиевски ја подготвува и ја изведува теоретската и практичната настава на предметните програми на студиските програми сточарство и екоземјоделство. Раководител е на Катедрата за исхрана и технологија на добиточна храна. На вториот циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна, кандидатот е координатор на модулите исхрана на животни и нутриционизам, и тоа на студиските програми анимална биотехнологија и преработка на земјоделски производи од анимално потекло. Добар е и како педагог и перманентно се труди да го подобри квалитетот на теоретската и практичната настава. Д-р Срећко Ѓорѓиевски наставната дејност ја изведува теоретски и практично: во лабораторија и во производство, користејќи средства и опрема соодветна за оваа настава. Истовремено, кандидатот ги користи најновите сознанија од оваа проблематика, соодветно на времето и напредокот на овие дисциплини.

Предметните програми на кои кандидатот одржува настава на додипломските и постдипломските студии со неговата оптовареност детално се прикажани во делот за наставно-образовната дејност од Анексот 2 на рефератот.

Кандидатот бил ментор на повеќе дипломски работи и член на комисии за одбрана на повеќе дипломски работи.

Д-р Срећко Ѓорѓиевски бил член во комисија за одбрана на 1 магистерски труд и член на комисија за оцена и одбрана на две докторски тези.

Освен активностите кои произлегуваат од наставното ангажирање, д-р Срећко Ѓорѓиевски е член и на Универзитетската комисија за култура и спорт и факултетската Комисија за спорт и студентски активности, а активно учествува во повеќето студентски активности (универзијада-МСИ, агрономијада и друго).

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот учествува во изработка на елаборати. За време на извештајниот период, д-р Срећко Ѓорѓиевски работи и како локален консултант во домашните земјоделски компании и во невладините организации: *ИФАД 2 и СИДА-МААСП.*

Во периодот од изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот д-р Срећко Ѓорѓиевски во соработка со други автори има изготвено 9 научни труда. Дел од трудовите се публикувани во домашни и странски научни и стручни списанија, а дел се презентирани на домашни и странски конференции, советувања и симпозиуми. Во овој период, кандидатот бил учесник во еден меѓународен-билатерален проект, раководител на два

национални проекта од МЗШВ и учесник во три национални проекти од МЗШВ, како и учесник во еден меѓународен проект од Министерството за здравство.

Врз основа на приложената документација се забележува дека во научноистражувачката работа кандидатот се занимава со истражување од научната област исхрана и диетика на животните.

Својата научноистражувачка работа кандидатот ја презентирал во различни списанија во земјата и во странство, како и на различни конференции, советувања и симпозиуми, со цел да ја запознае домашната и меѓународната стручна јавност.

Во периодот по изборот во звањето вонреден професор, кандидатот Ѓорѓиевски продолжува да работи на сопственото усовршување. Во периодот од 2007 година па до денешен ден е член на Научниот одбор на меѓународното советување „Krmiva", кое се одржува секоја година во Опатија, Хрватска. Исто така, д-р Срећко Ѓорѓиевски е член и на Научниот одбор на меѓународното научно списание „Krmiva", кој го издава Хрватската трговска комора, односно Здружението на производители на добиточна храна.

4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Од изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот самостојно, или во соработка со други автори има изготвено 4 прирачници, како и елаборати и физибилити-студии.

Од извештајот за активностите на кандидатот проф. д-р Срећко Ѓорѓиевски, во периодот по изборот во звањето вонреден професор, се гледа неговото активно учество како раководител или учесник во реализација на повеќе научноистражувачки и апликативни проекти, домашни и меѓународни, учество во изработка на законски и подзаконски акти од областа на земјоделството. Во наставно-образовната дејност, д-р Срећко Ѓорѓиевски, покрај наставата на предметните програми на додипломските, изведува и настава и на постдипломските студии на групите по старата програма за втор циклус студии, и на новите студиски програми од вториот циклус. Д-р Срећко Ѓорѓиевски има близок и педагошки однос со студентите, иницијативен е, работлив и постојан во работата. За време на периодот од двата избора, член е на универзитетската Комисија за култура и спорт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", а член е и на факултетската Комисија за спорт и студентски прашања при Факултетот за земјоделски науки и храна. Во моментов е раководител на Катедрата за исхрана и технологија на добиточна храна на Институтот за анимална биотехнологија при ФЗНХ. Врз основа на сето гореизнесено можеме да го донесеме следниов

## ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Срећко Ѓорѓиевски во периодот по изборот за вонреден професор, продолжил со развивање на своите активности во наставната, научната, стручната и апликативната работа. Тој успешно ја изведува наставата на повеќе предмети на додипломските и постдипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна. Исто така, публикуваните и презентираните научни и стручни трудови, раководењето и учеството во меѓународните и домашните научноистражувачки проекти, како и учеството во оцената на докторските дисертации го претставуваат како солиден научен работник кооj со голема сигурност владее со методите на научноистражувачката работа во научната област исхрана и диетика на животните.

Врз основа на изнесеното во извештајот, посебно на оцените за наставно-образовната и педагошката дејност, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и активностите од поширок интерес, сметаме дека кандидатот ги исполнува сите нормативи за повисоко универзитетско звање. Во досегашното работење кандидатот покажал завидни

резултати, што дава основа за претпоставка дека и понатаму ќе биде плоден во полето на биотехничките науки. Сите горенаведени вештини на кандидатот укажуваат дека д-р Среќко Ѓорѓиевски, досегашен вонреден професор, поседува квалитети кои гарантираат дека успешно ќе се носи со сите задачи кои произлегуваат од работното место.

Поаѓајќи од гореизложеното и оцената на активностите од последниот избор, а според Законот за високото образование на Република Македонија и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, имаме чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Среќко Ѓорѓиевски, вонреден професор на истиот Факултет, да биде избран за наставник во научната област исхрана и диетика на животните, во звањето редовен професор.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Никола Јорданоски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија с.р.

2. Проф. д-р Драган Гламочиќ, редовен професор на Пољопривредни факултет во Нови сад, Р. Србија с.р.

3. Проф. д-р Владимир Џабирски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Срећко Љубомир Ѓорѓиевски
(име, татково име и презиме)

Институција: Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: исхрана и диетика на животните

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. Бр | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | **НАСТАВА НА ПРВ ЦИКЛУС (ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ)** | |
| 1. | **Исхрана на домашните животни I** (С) (3+2), зимски 2006/07/08/09/2010 1.8*5 | 9.0 |
| 2. | **Исхрана на домашните животни I** (С) (3+2), диспер.студии-Струмица, зимски 2010 1.8*1 | 1.8 |
| 3. | **Исхрана на домашните животни II** (С) (4+3), летен 2007/08/09/10/2011 2.4*5 | 12.0 |
| 4. | **Исхрана на домашните животни II** (С) (4+3), диспер.студии-Струмица, летен 2011 2.4*1 | 2.4 |
| 5. | **Крми, производство и технологија на добиточна храна** (С) (3+2), зимски 2006/07/08/09/2010 1.8*5 | 9.0 |
| 6. | **Крми и исхрана на домашните животни** (Е) (3+2) летен 2007/08/09/10/2011 1.8*5 | 9.0 |
| | **ВЕЖБИ НА ПРВ ЦИКЛУС (ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ)** | |
| 7. | **Исхрана на домашните животни I** (С) (3+2), зимски 2006/07/08/09/2010 вежби една група 0.9*5 | 4.5 |
| 8. | **Исхрана на домашните животни II** (С) (4+3), летен 2007/08/09/10/2011, вежби една група 1.35*5 | 6.75 |
| 9. | **Исхрана на домашните животни I** (С) (3+2), диспер.студии-Струмица, зимски 2010 вежби една група 0.9*x1 | 0.9 |
| 10. | **Исхрана на домашните животни II** (С) (4+3), диспер.студии-Струмица, летен 2011 вежби една група 1.35*1 | 1.35 |
| 11. | **Крми, производство и технологија на добиточна храна** (С) (3+2), зимски 2006/07/08/09/2010 вежби една група 0.9*5 | 4.5 |
| 12. | **Крми и исхрана на домашните животни** (Е) (3+2) летен 2007/08/09/10/2011 вежби една група 0.9*5 | 4.5 |
| | **ТЕРЕНСКА НАСТАВА** | |
| 13. | **Исхрана на домашните животни I** (С) (3+2), 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10; 2010/2011 5*2*15*0.04 | 6.0 |
| 14. | **Исхрана на домашните животни I** (С) (3+2), диспер.студии-Струмица, 2010/11 1*2*15*0.04 | 1.2 |
| 15. | **Исхрана на домашните животни II** (С) (4+3), 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10; 2010/2011 5*2*15*0.04 | 6.0 |
| 16. | **Исхрана на домашните животни II** (С) (4+3), диспер.студии-Струмица, 2010/11 1*2*15*0.04 | 1.2 |
| 17. | **Крми, производство и технологија на добиточна храна** (С) (3+2) 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10; 2010/2011 5*2*15*0.04 | 6.0 |
| 18. | **Крми и исхрана на домашните животни** (Е) (3+2) 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10; 2010/2011 5*2*15*0.04 | 6.0 |
| | **НАСТАВА НА ВТОР ЦИКЛУС (ПОСТДИПЛОМСКИ-МЕНТОРСКИ)** | |
| 19. | **Исхрана на говедата** 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10; 4*2*15*0.05 | 6.0 |
| 20. | **Исхрана на овците и козите** 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10; 4*2*15*0.05 | 6.0 |
| 21. | **Исхрана на живината** 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10; 4*2*15*0.05 | 6.0 |
| 22. | **Исхрана на рибите** 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10; 2010/11 5*2*15*0.05 | 7.5 |

| | | |
|---|---|---|
| 23. | **Исхрана на домашните животни** 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10; 2010/11 5*2*15*0.05 | 7.5 |
| 24. | **Применета исхрана на животните, одбрани поглавја,** (двегодишни студии -АБ), 20010/2011 1*8*15*0.05 | 6.0 |
| 25. | **Експериментални методи во исхрана на животните-модул** исхрана на животните 2010; 2011 2*4*15*0.05 | 6.0 |
| 26. | **Биотехнологија во исхраната на животните-модул** исхрана на животните 2010; 2011 2*4*15*0.05 | 6.0 |
| 27. | **Применета исхрана-одбрани поглавја-модул: говедарство** 2010; 2011 2*4*15*0.05 | 6.0 |
| 28. | **Применета исхрана-одбрани поглавја-модул: овчарство** 2010; 2011 2*4*15*0.05 | 6.0 |
| 29. | **Применета исхрана-одбрани поглавја-модул: козарство** 2010; 2011 2*4*15*0.05 | 6.0 |
| 30. | **Применета исхрана-одбрани поглавја-модул: свињарство** 2010; 2011 2*4*15*0.05 | 6.0 |
| 31. | **Применета исхрана-одбрани поглавја-модул: живинарство** 2010; 2011 2*4*15*0.05 | 6.0 |
| 32. | **Применета исхрана-одбрани поглавја-модул: рибарство** 2010; 2011 2*4*15*0.05 | 6.0 |
| 33. | **Применета диететика-модул: нутриционизам** 2010; 2011 2*4*15*0.05 | 6.0 |
| 34. | Консултации со студенти ), 2006/07; 2007/08; 2008/09; 2009/10; 2010/2011 5*40*0.002 | 0.4 |
| 35. | Изработка на семинарски труд 15*0.03 | 0.45 |
| 36. | Ментор на дипломски работи 20*0.2 | 4.0 |
| 37. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат 2*0.5 | 1.0 |
| 38. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура 1*0.3 | 0.3 |
| 39. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 3*0.1 | 0.3 |
| | Вкупно: | 191,55 |

НАУЧНОИСТРАЧУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | „Производство и користење на минерално-витаминските предсмеси, дополнителните протеински смеси и други додатоци за исхрана на животните со висок генетски потенцијал во услови на еколошко производство на храна" меѓународен истражувачки проект во соработка со Р.Србија (во периодот 2005-2007 - како соработник-истражувач од македонска страна). " | 5 |
| 2. | „Користење на алтернативни извори на протеини од домашно потекло во исхраната на домашните животни", раководител, 2007, МЗШВ. | 6 |
| 3. | „Облагородување на сламата како добиточна храна за млечни крави и ситни преживари (МЗШВ, учесник 2008/2009) | 3 |
| 4. | „Алтернативни начини за превенција на воспаленијата на млечната жлезда кај молзни крави", учесник 2008, МЗШВ. | 3 |
| 5. | „Интензификација на одгледувачко-нутритивниот менаџмент во овчарството", учесник, 2008, МЗШВ. | 3 |
| 6. | Заокружување на институционален капацитет на лабораторија за анализа на добиточна храна во Република Македонија (МЗШВ, раководител, 2008/2009) | 6 |
| 7. | Palasevski, B., Gjorgjievski, S., Cilev, G., Mateva-Dubrova, Natasa, Naletoski, Z. (2006). Ishrana-faktor eksponiranja proizvodnih sposobnosti kod Holstajn-friziskih visokomlecnih krava u uslovima R. Makedonije. SAVREMENA POLJOPRIVREDA, vol. 55, 1-2, (2006), str. 166-170 Novi Sad, R. Srbija. 60%. | 1.8 |
| 8. | Palasevski, B., Gjorgjievski, S., Cilev, G., Naletoski, Z., Mateva-Dubrova, Natasa (2007). Uticaj ishrane krava na kolicinu i kvalitet mleka. SAVREMENA POLJOPRIVREDA, vol. 56, 3-4, (2007), str. 37-46, Novi Sad, R. Srbija 60%. | 1.8 |
| 9. | Цилев Г., Палашевски Б., Ѓорѓиевски С. 2007. Испитување на квалитетот и хигиенската исправност на споредните производи добиени при преработка на доматот, пиперката и грозјето, Симпозиум по екологија, Охрид 80%. | 1.6 |
| 10. | Gjorgjievski, S., Palasevski, B., Cilev, G. 2007. Sawdust as a roughage source in the diets of beef steers-III carcass quality. Krmiva 2007, DZIV Medjunarodno savetovanje, | 2.4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Hrvatska gospodarska komora, lipanj 11-14, Opatija, Hrvatska. 80%. | |
| 11. | Gjorgjievski, S. Ana, Mijakova-Murdzeva, Violeta Bochvarova, Trajchev M. 2007. Vitfoss premiks u hranidbi odbijene prasadi. Krmiva 2007, DZIV Medjunarodno savetovanje, Hrvatska gospodarska komora, lipanj 11-14, Opatija, Hrvatska 60%. | 1.8 |
| 12. | Gjorgjievski, S. Ana, Mijakova-Murdzeva, Violeta Bochvarova, Trajchev M. 2007. Vitfoss premidz in diet of fattening pigs. III Szmposium of Livestock Production (njith international participation), September 12-14, Ohrid, Macedonia. 60%. | 1.2 |
| 14. | Трајчев М., Мациров Х., Коцевски Д., Ѓорѓиевски С., Наков Д. 2007. Влијание на топлотниот стрес и возраста на кокошките врз продукцијата и квалитетот на консумните јајца. Хемиски својства на јајцата. Јубилеен годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, 60 години, ФЗНХ, вол. 52. 60%. | 1.2 |
| 15. | Gjorgjievski, S. Ana, Mijakova-Murdzeva, Violeta Bochvarova, Sonja Efremova, Trajchev M. Cilev G. 2008. Uticaj vremena odbika na proizvodne karakteristike prasadi i tovljenika. Krmiva 2008, DZV Medjunarodno savetovanje, Hrvatska gospodarska komora, lipanj 2-5, Opatija, Hrvatska. 60%. | 1.8 |
| 16. | Gjorgjievski, S. R. Prodanov, Radmila Chrcheva-Nikolovska. 2008. The influence of nutrition onto induced diabetic experimental animals. Krmiva 2008, DZV Medjunarodno savetovanje, Hrvatska gospodarska komora, lipanj 2-5, Opatija, Hrvatska. 80%. | 2.4 |
| | Вкупно: | 42,0 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | „Техничко-технолошко решение за изградба на пазар за жив добиток за општина Битола" СИДА, идеен проект, 2007 | 1.0 |
| 2. | Физибилити-студија-АИК Еуроленд | 1.0 |
| 3. | Ѓорѓиевски С. 2008. Силажа-сочна конзервирана добиточна храна за цела година, Брошура, Програма за советодавна поддршка на македонското земјоделство-ОПТО ИНТЕРНАТИОНАЛ АБ | 2.0 |
| 4. | Буневски Ѓ., Ѓорѓиевски С., Трајчев М., наков Д. 2009. Правилни постапки за одгледување телиња за приплод. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Прирачник за фармери. | 1,0 |
| 5. | Буневски Ѓ., Ѓорѓиевски С., Трајчев М., Наков Д. 2009. Современи методи на гоење говеда. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Прирачник за фармери. | 1,0 |
| | ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | |
| 6. | Член на научен-уредувачки одбор на научно списание „KRMIVA" | 0.5 |
| 7. | Член на научен-уредувачки одбор на меѓународен научен собир „KRMIVA" | 1.0 |
| 8. | Студиски престој до 3 месеци: конгрес-Global 500 dairy, Lexington, Kentacky, USA, 2008 | 0.5 |
| | Изготвување и пријавување научен/образовен национален проект | |
| 9. | „ Одредување на сварливоста на крмите во Р. Македонија со in sacco и in vitro методи, МОН, 2010 година, носител | 1.0 |
| 10. | Квалитетот и безбедноста на пченкарната силажа кај индивидуални фармери и земјоделски компании во Република Македонија, МЗШВ, носител | 1.0 |
| 11. | Член на Комисијата за култура и спорт на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", 2009- | 1.0 |
| 12. | Член на Комисијата за спорт и студентски активности на Факултетот за земјоделски науки и храна, 2009- | 0.5 |
| 13. | Раководител на Катедрата за исхрана и технологија на добиточна храна на Факултетот за земјоделски науки и храна, 2009- | 3.0 |
| 14. | Член на комисија за избор во звање 5*0.2 | 1.0 |
| 15. | Подготовка на Законот за безбедност на добиточна храна | 2.0 |
| 16. | Подготовка на Законот за квалитет на земјоделски производи | 2.0 |

| ПРОФЕСИНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 191.55 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 42.0 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | - |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 19.5 |
| Вкупно | 253,05 |

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Никола Јорданоски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија с.р.

2. Проф. д-р Драган Гламочиќ, редовен професор на Пољопривредни факултет во Нови сад, Р. Србија, с.р.

3. Проф. д-р Владимир Џабирски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОВОШТАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на XXXI седница одржана на 4. 7. 2011 година, со решение бр.02-138/2, формира Рецензентска комисија во состав: д-р Борис Ристевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна, во пензија, д-р Владислав Огњанов, редовен професор на Земјоделскиот факултет во Нови Сад, Србија и д-р Зоран Кесеровиќ, редовен професор на Земјоделскиот факултет во Нови Сад, Србија, за преглед и оцена на научните и стручните трудови на проф. д-р Марјан Кипријановски, кој се пријави за избор во звањето редовен професор од научната област овоштарство. По прегледот на доставената пријава, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите звања од областа овоштарство, објавен во весникот "Дневник" од 28. 6. 2011 година, се пријави кандидатот д-р Марјан Кипријановски, досегашен вонреден професор по предметот општо овоштарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

### 1. Биографски податоци

Д-р Марјан Кипријановски е роден на 3. 7. 1965 година во с. Добрача, Куманово. Основно образование завршил во родниот крај, а средно образование завршил во гимназијата во Куманово во учебната 1983/84 година. Во учебната 1985/86 година се запишал на Земјоделскиот факултет во Скопје, лозаро-овоштарска насока, каде што дипломирал во 1989 година со среден успех 8,78. Во мај 1990 година е примен за стручен соработник на определено време по предметот производство на овошен посадочен материјал на Земјоделскиот факултет во Скопје. Во октомври 1993 година е избран за помлад асистент по предметот општо овоштарство. Во 1997 година е избран за асистент по истиот предмет, а во октомври 2000 година е реизбран за асистент по истиот предмет. Во април 2002 година е избран за доцент по предметот општо овоштарство, а во декември 2006 година е избран за вонреден професор по истиот предмет, каде што се наоѓа и сега.

Во учебната 1990/91 година се запишал на постдипломски студии на Земјоделскиот факултет во Скопје, на групата овоштарско производство. Постдипломските студии ги завршил во 1996 година со среден успех 9,33. Во јули 1996 година го одбранил магистерскиот труд под наслов "Влијание на височината на калемење и длабочината на садење врз вегетативната и

репродуктивната активност на јаболката". Во декември 2001 година ја одбранил докторската дисертација под наслов "Влијание на начинот на одгледување на јагодите врз вегетативниот прираст и приносот" со што се стекнал со звањето доктор на земјоделски науки. Од вработувањето до денес кандидатот проф. д-р Марјан Кипријановски учествувал на повеќе меѓународни конференции, симпозиуми и конгреси од областа на овоштарството одржани во земјата и во странство.

Проф. д-р Марјан Кипријановски се служи со англискиот и со рускиот јазик.

**2. Наставно-образовна дејност**

Кандидатот проф. д-р Марјан Кипријановски, по изборот за вонреден професор, ја одржува наставата по повеќе предметни програми од областа на овоштарството кои се предвидени во различни студиски програми од прв и втор циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. И покрај комплексноста и разнородноста на материјалот и различните студиски и предметни програми, проф. д-р Марјан Кипријановски успешно ги изведува наставата и вежбите, консултациите, колоквиумите и испитите и им дава друга помош на студентите. Спрема студентите има коректен и авторитативен однос. Проф. д-р Марјан Кипријановски бил член на Комисијата за последипломски студии на ФЗНХ, тој е координатор на студиската програма Овоштарство со лозарство и член на Комисијата за настава на ФЗНХ. Кандидатот проф. д-р Марјан Кипријановски во периодот по изборот за вонреден професор бил ментор на 5 дипломски работи, ментор на 1 магистерски труд, член на 2 комисии за оцена и одбрана на докторска дисертација и член на 3 комисии за одбрана на дипломска работа. Во извештајниот период, проф.д-р Марјан Кипријановски има објавено еден универзитетски учебник и две авторизирани скрипти од предавање.

**3. Научноистражувачка дејност**

Кандидатот проф. д-р Марјан Кипријановски, по изборот за вонреден професор, како раководител или член на проектен тим учествувал во реализација на повеќе научно истражувачки проекти во областа на овоштарството финансирани од домашни и странски владини и невладини институции. Како раководител учествувал во реализација на следниве проекти:

1. билатерален научен проект: „Компаративни проучувања на некои јагодести овошни култури во РМ и РХ", финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија и Министерството за наука на Р. Хрватска (2006-2008);
2. национален координатор на меѓународен научен проект: COST Action 863 „Euroberry Research: from Genomics to Sustainable Production, Quality & Health " (2005-2010);

3. раководител на национален научен проект: „Интродукција на високо жбунеста боровинка во производни региони во Македонија", финансиран од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија (2009).

Како член на проектен тим, проф. д-р Марјан Кипријановски учествувал во следниве проекти:

1. меѓународен научен проект „South-Eastern European Development Network on Plant Genetic Resources", финансиран од SIDA (2005-2010);
2. национален проект: „Training of farmers for implementation of IPM and ICM in apple production in according to the EUREP GAP standards" финансиран од UNDP (2008-2009);
3. проект: „Регионален економски развој и стабилност"-, финансиран од Care International (2007-2009);
4. национален проект: "Applying of pomotechnical measurements for quality plum production in Malesevia region" финансиран од MAASP (2006-2007).

Проф. д-р Марјан Кипријановски во извештајниот период бил ментор на 2 докторски дисертации со што активно учествувал во создавањето на млади научни кадри во областа на овоштарството. Со стручни и научни трудови кандидатот настапувал на повеќе конференции, симпозиуми и конгреси во земјата и во странство.

До изборот за вонреден профессор, кандидатот д-р Марјан Кипријановски има објавено 48 научни и стручни трудови, рецензирани во билтените на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" бр. 601, 674, 761, 796 и 908, а за овој избор приложил 16 трудови објавени во домашни и меѓународни научни публикации и списанија.

## 4. Стручно-апликативна дејност и дејности од поширок интерес

Кандидатот д-р Марјан Кипријановски по изборот во звањето вонреден професор бил активен и во стручно- апликативната дејност. Во овој период, во соработка со други автори, кандидатот публикувал 2 стручни книги и има одржано голем број обуки и предавања од областа на овоштарството. Активно учествува во изготвување и реализација на програми и студии за подигање и одгледување на овошни насади кај повеќе правни и индивидуални субјекти.

Д-р Марјан Кипријановски во периодот по изборот за вонреден професор бил активен и во дејностите од поширок интерес. Тој е член на Уредувачки одбор на 2 странски научни списанија и член на организационен одбор на едно советување. Во овој период има изготвено и пријавено пет научноистражувачки национални и билатерални проекти. Кандидатот учествувал во работата на различни комисии и тела на Универзитетот и Факултетот, како и во комисии на други институции во земјата, а во во два мандата е раководител на Катедрата за овоштарство.

**Заклучок и предлог**

Д-р Марјан Кипријановски, во периодот по изборот во наставно-научното звање вонреден професор, ги развивал активностите во наставно-образовната дејност, ја интензивирал научноистражувачката и стручно-апликативната работа. Како потврда за ова зборува фактот што кандидатот успешно ја изведува наставата на повеќе предметни програми на прв и втор циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна. Објавените научни и стручни трудови во домашни и меѓународни списанија, раководењето и учеството во домашни и меѓународни научноистражувачки проекти, менторствата на докторските дисертации како и учеството во комисиите за оцена на докторските дисертации го претставуваат како солиден научен работник. Остварената стручно-апликативна дејност зборува за фактот дека кандидатот има солидни познавања во областа на овоштарството.

Врз основа на изнесените активности на пријавениот кандидат, Комисијата заклучува дека д-р Марјан Кипријановски се карактеризира со одлични наставни, научни и апликативни способности. Според наведените квалитети и постигнати резултати, кандидатот ги исполнува потребните критериуми според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, да му предложи д-р Марјан Кипријановски, вонреден професор на истиот Факултет, да биде избран за наставник во научната област овоштарство, во звањето редовен професор.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Борис Ристевски, редовен профессор, во пензија
   Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

2. Проф. д-р Владислав Огњанов, редовен професор
   на Земјоделскиот факултет во Нови Сад с.р.

3. Проф. д-р Зоран Кесеровиќ, редовен професор
   на Земјоделскиот факултет во Нови Сад с.р.

АНЕКС 2

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Марјан Миливоја Кипријановски**
**Институција:** **Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје**
**Научна област:** **овоштарство**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Р.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Производство на овошен саден материјал (4+3), летен, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011-предавање | 12 |
| 2 | Подигнување и одгледување на овошни насади (4+2), летен, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011-предавање | 12 |
| 3 | Овоштарство (3+1), летен, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009 -предавање | 5,4 |
| 4 | Општо овоштарство (3+2), зимски, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011 -предавање | 9 |
| 5 | Еко-овоштарство (4+2), зимски, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011-предавање | 12 |
| 6 | Овоштарство(2+1), зимски, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009-предавање | 3,6 |
| 7 | Специјално овоштарство I (4+2), зимски, 2008/2009-предавање | 2,4 |
| 8 | Избрани технологии во лозарство и овоштарство (4+2), зимски, 2008/2009 - предавање | 1,2 |
| 9 | Овоштарство (4+2), зимски, 2008/2009 -предавање | 2,4 |
| 10 | Специјално овоштарство II, (3+2), летен, 2008/2009-предавање | 1,8 |
| 11 | Облагородување на овошните растенија (2+1), летен, 2008/2009-предавање | 1,2 |
| 12 | Производство на овошен саден материјал (4+3), летен, 2006/2007, 2007/2008-вежби | 2,7 |
| 13 | Подигнување и одгледување на овошни насади (4+2), летен, 2006/2007, 2007/2008- вежби | 1,8 |
| 14 | Овоштарство (3+1), летен, 2006/2007, 2007/2008 вежби | 0,9 |
| 15 | Општо овоштарство (3+2) зимски, 2006/2007, 2007/2008-вежби | 1,8 |
| 16 | Еко-овоштарство (4+2), зимски, 2006/2007, 2008/2009, 2009/2010, 2009/2010, 2010/2011-вежби | 4,5 |
| 17 | Овоштарство(2+1), зимски,2006/2007, 2007/2008 вежби | 0,9 |
| 18 | Специјално овоштарство I (4+2), зимски, 2008/2009, вежби | 0,9 |
| 19 | Избрани технологии во лозарство и овоштарство (4+2), зимски, 2008/2009, вежби | 0,45 |
| 20 | Овоштарство (4+2), зимски, 2008/2009, вежби | 0,9 |
| 21 | Специјално овоштарство II, (3+2), летен, 2008/2009, вежби | 0,9 |
| 22 | Облагородување на овошните растенија (2+1), летен, 2008/2009, вежби | 0,45 |
| 23 | Подигање и одгледување на овошни насади (3+0), постдипломски студии, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, зимски и летен семестар | 18 |
| 24 | Производство на овошен саден материјал (3+0), постдипломски студии 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, зимски семестар | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| 25 | Проектирање и подигнување на овошни насади, II циклус на студии, зимски семестар 2010/2011 | 2,25 |
| 26 | Интегрално и органско производство на овошје, II циклус на студии, зимски семестар 2010/2011 | 2,25 |
| 27 | Член на Комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација под наслов "Модифицирани начини на производство на саден материјал кај јагодата и органогенеза на репродуктивните органи" изработена од Ана Селамовска, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна, во Скопје | 0,5 |
| 28 | Член на Комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација под наслов "Производни и квалитетни својства на семенци од кинеска урма (Zyziphus jujuba Mill)", изработена од Александар Марковски, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна, во Скопје, во Скопје | 0,5 |
| 29 | Ментор на дипломска работа (5) | 1 |
| 30 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (3) | 0,3 |
| 31 | Позитивно рецензиран универзитетски учебник "Општо овоштарство" | 8 |
| 32 | Овоштарство, 2009, интерна скрипта од предавање | 4 |
| 33 | Еко-овоштарство, 2009, интерна скрипта од предавање | 4 |
| | **Вкупно** | **129** |

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Р.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на докторска дисертација под наслов „Интензивни системи за одгледување на јаболка" (одбранета), изработена од Тошо Арсов, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. | 3 |
| 2 | Ментор на докторска дисертација под наслов „Проучување на влијанието на различни слабо бујни подлоги врз порастот, приносот и квалитетот на јаболката", пријавена од Виктор Ѓамовски на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. | 3 |
| 3 | Ментор на магистерска работа под наслов „Избор на екотипови горчлив бадем (Amygdalus communis var. amara) како подлога за праска", изработена од Виктор Ѓамовски на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. | 1 |
| 4 | Раководител на меѓународен научен проект: „Компаративни проучувања на некои јагодести овошни култури во РМ И РХ", финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија и Министерството за наука на Р. Хрватска (2006-2008). | 9 |
| 5 | Национален координатор на меѓународен научен проект: COST Action 863 „Euroberry Research: from Genomics to Sustainable Production, Quality & Health", (2005-2010). | 6 |
| 6 | Раководител на национален научен проект „Интродукција на високо жбунеста боровинка во производни региони во Македонија", финансиран од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија, 2009. | 6 |
| 7 | Учесник во меѓународен научен проект: „South-Eastern European Development Network on Plant Genetic Resources, финансиран од SIDA (2005-2010). | 5 |
| 8 | Учесник во национален проект: „Training of farmers for implementation of IPM and ICM in apple production in according to the EUREP GAP standards", финансиран од | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | UNDP (2008-2009). | |
| 9 | Учесник во проектот „Регионален економски развој и стабилност"- во делот Техничка експертиза за производство на јагоди во Македонија и Косово, финансиран од Care International (2007-2009). | 3 |
| 10 | Учесник во национален проект: "Applying of pomotechnical measurements for quality plum production in Malesevia region" финансиран од MAASP (2006-2007). | 3 |
| 11 | Кипријановска Х., Кипријановски М., Дамовски К. 2005. Влијание на медоносната пчела (Apis mellifera L.) врз опрашувањето на јаболката. Год. зборник на ФЗНХ, Год. 50, 55-62. | 1,6 |
| 12 | Arsov T., Kolekevski P., Kiprijanovski M. 2006. Fatigue testing on soil for peach orchards. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, vol.9, 5, (830-841. | 3,2 |
| 13 | Кипријановски М., Ристевски Б., Поповски Х. 2006. Потреба и можности за ревитализација на производството на круши во Р. Македонија. Зборник на трудови „Факултет-стопанство 2006". Год. 14, 61-86. | 1,6 |
| 14 | Кипријановски М., Каракашова Љ., Поповски Ѓ. 2006. Аронија (Aronia melanocarpa Mich.).) -перспективна овошна култура за одгледување во Р. Македонија. Зборник на трудови „Факултет-стопанство 2006". Год. 14, 87-97. | 1,6 |
| 15 | Кипријановски М., Арсов Т., Ѓамовски В. 2006. Оценување на подлоги за праска во насад. Год. зборник на ФЗНХ, Год. 51, 29-40. | 1,6 |
| 16 | Кипријановски М., Ристевски Б., Арсов Т. 2006. Биолошки и квалитетни карактеристики на некои сорти јаболка отпорни на краставост. Јубилеен год. зборник на ФЗНХ, Год. 53, 73-84. | 1,6 |
| 17 | Kiprijanovski M., Ristevski B., Arsov T., Gjamovski V. 2009. Influence of planting distance to the vegetative growthand bearing of apple cultivar Jonagold on rootstock MM106. Acta Horticulturae 825, 453-458. | 3,6 |
| 18 | Kiprijanovski M., Cmelik Z., Duralija B., Arsov T. 2009. Possibilities of out of season strawberry production in R. Macedonia . Acta Horticulturae 825, 357-361. | 3,6 |
| 19 | Kiprijanovski M.,., Arsov T., Gjamovski V. 2009. Study of certain introduced apple cultivars in the Prespa region. Acta Horticulturae 825, 125-132. | 4,8 |
| 20 | Kiprijanovski M., Ristevski B. 2009. Biological and pomological characteristics of some pear varieties in Republic of Macedonia. Agriculturae Conspectus Scientificus, Vol. 74 No.2 (123-126). | 3,2 |
| 21 | Kiprijanovski M., Gjamovski V., Arsov. 2010. Comparative investigation of some peach rootstocks. Contemporary agriculture, 59 (1-2) 105-111. | 3,2 |
| 22 | Arsov T., Kiprijanovski M., Gjamovski V., Uzunov S. 2010. Research on high bush blueberry (Vaccinium corymbosum L) cultivated in Macedonia. Contemporary agriculture, 59 (1-2) 99-104. | 3,2 |
| 23 | Kiprijanovski M., Arsov T., Gjamovski V. 2009. Alba, Maya and Roxana-newly introduced strawberry varieties in Macedonia. Contemporary agriculture, 59 (1-2) 112-118. | 3,2 |
| 24 | Kajdžanoska M., Gjamovski V., M., Arsov T., Kiprijanovski M., Stefova M.,. 2010. Phenolic profiles of cultivated berries from Macedonia and correlation to antioxidant activity. XXV[th] International Conference on Polyphenols Communications Vol.1, 151-152. | 1,8 |
| 25 | XIII-ti Kongres voćara i vinogradara Srbije, Novi Sad, Srbija, 27-30 .10. 2008. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 26 | 1-st Balkan Symposium on fruit Growing, Plovdiv, Bulgaria, 15-17. 11. 2007 | 1 |
| 27 | 43-rd Croatian and 3-rd International Symposium on Agriculture, 18-21.02.2008 Opiatija, Croatia | 1 |
| 28 | 28th International Horticultural Congress, 22-27.2010, Lisbon, Portugal | 1 |
| 29 | Второ Советување на тема: "Чување на свеж зеленчук, овошје и грозје-важна компонента на извозниот потенцијал", 9-10.11.2009, Струмица | 1 |
| | **Вкупно** | **84,8** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Р.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Кипријановски М., Банџо С., Боглеска С. 2007. Водич за органско производство на јагоди. Прирачник, 1-53, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ. | 7 |
| 2 | Постоловски М., Чукалиев О., Муакетов Д., Кипријановски М., Лазаревска С., Ѓамовски В., Танасковиќ В. 2008. Примена на стандардите на добра земјоделска пракса (GAP) во јаболковото производство. Книга, 1-222. Програма за развој на обединетите нации-UNDP | 7 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Член на уредувачки одбор на научното списание "Овоштарство", Чачак, Србија | 0,5 |
| 2 | Член на уредувачки одбор на научно списание Pomologia Croatica, Загреб, Хрватска | 0,5 |
| 3 | Член на организационен одбор на советување на тема: "Чување на свеж зеленчук, овошје и грозје-важна компонента на извозниот потенцијал", 9-10.11.2009. Струмица | 0,5 |
| 4 | Носител на изготвен и пријавен научен национален проект: Усовршување на технологијата на производство и ревитализација на крушата во Република Македонија , Министерство за образование и наука на РМ, 2011 год. | 1 |
| 5 | Носител на изготвен и пријавен научен билатерален проект: Унапредување на производството на јаболка и праска во Р. Македонија и Р. Словенија, Министерство за наука на Р. Словенија и Министерство за образование и наука на РМ, 2009 год. | 2 |
| 6 | Носител на изготвен и пријавен научен билатерален проект: Characterisation of sweet cherry (Prunus avium L.) genofond in the West Balkan countries using molecular tools SEE-ERA.NET Plus Joint Call, 2010 год. | 2 |
| 7 | Носител на изготвен и пријавен научен национален проект: Интродукција на нови сорти јаболка во преспанскиот регион, МЗШВ на РМ, 2010 год. | 1 |
| 8 | Носител на изготвен и пријавен научен билатерален проект: Морфолошка и генетска карактеризација на генофонд од цреши (Prunus avium L.), МЗОШ на Р. Хрватска и МОН на Р. Македонија, 2011 год. | 2 |
| 9 | Раководител на Катедрата за овоштарство и преработка во мандатниот период 2005-2009 година | 3 |
| 10 | Раководител на Катедрата за овоштарство во мандатниот период 2009-2013 година | 3 |
| 11 | Член на Надзорен одбор на Друштво за производство, услуги и трговија во земјоделството Опитно поле ДООЕЛ, Скопје | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Член на факултетската управа на ФЗНХ, 2005-2009 година | 0,5 |
| 13 | Член на Комисијата за самоевалуација на ФЗНХ, 2006-2009 година | 0,5 |
| 14 | Член на Комисијата за јавни набавки на ФЗНХ, 2005-2009 година | 0,5 |
| 15 | Член на Комисијата за настава на ННС на ФЗНХ, 2011-2013 година | 0,5 |
| 16 | Член на Комисијата за избор на помлад асистент на група предмети од овоштарство на ФЗНХ (м-р Тошо Арсов), 2007 година | 0,2 |
| 17 | Член на Комисијата за избор на наставник на предметот овоштарство на ФЗНХ (Доц. д-р Тошо Арсов), 2009 година | 0,2 |
| 18 | Член на Комисија за избор на асистент во Земјоделскиот институт (м-р Виктор Ѓамовски), 2008 година | 0,2 |
| 19 | Координатор на студиската програма Овоштарство со лозарство, 2010-2013 година | 1 |
| 20 | Раководител на постдипломски студии на групата овоштарско производство, 2008-2009 година | 2 |
| 21 | Комисија за постдипломски студии на ФЗНХ, 2008-2009 година | 2 |
| 22 | Член на Комисијата за изработка на национална стратегија за земјоделството и рурален развој на РМ за 2007-2013 година | 2 |
| 23 | Член на Комисијата за утврдување на период на амортизација на долгогодишни насади, МЗШВ на РМ | 1 |
| | **Вкупно** | **41,1** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **129** |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **84,8** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **41,1** |
| **Вкупно** | **254,9** |

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Борис Ристевски, редовен професор, во пензија Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје с.р.

2. Проф. д-р Владислав Огњанов, редовен професор на Земјоделскиот факултет во Нови Сад с.р.

3. Проф. д-р Зоран Кесеровиќ, редовен професор на Земјоделскиот факултет во Нови Сад с.р.

# ПРЕГЛЕД

**на пријавени теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје на седницата одржана на 7.7.2011 година**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Александар Симовски | Анализа на критериумите кои влијаат врз успешно преговарање | Вон. проф. д-р Радмил Поленаковиќ |
| Мартина Јанковиќ | Поврзаноста на системите за мотивација и оценувањето на перформансите на човечките ресурси | Вон. проф. д-р Радмил Поленаковиќ |
| Сашко Ѓорчевски | Примена на CFD и CAX технологиите за пресметка на струјнотехничките процеси кај аспираторни цевководни транспортни системи | Вон. проф. д-р Валентино Стојковски |
| Оливер Сливоски | Оптимирање на работните режими и регулација на агрегатите во пумпна станица | Проф. д-р Предраг Поповски |
| Катица Белческа Аризанкоска | Биодизелот како дел од климатско - енергетскиот пакет "20/20/20" на Европската унија за промоција на алтернативни енергии и намалување на глобалните негативни ефекти | Проф. д-р Миле Димитровски |

Подготвил
Ј.Василевски

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр.________________
__________ 201__ год.
СКОПЈЕ



**Рецензија на докторска дисертација "Европското приватно друштво (SPE) и неговото влијание врз промените на формите на друштва со ограничена одговорност ", изработена од м-р Даница Миладинова, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, на седницата одржана на 23.6.2009 година, формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Даница Миладинова под наслов "Европското приватно друштво (SPE) и неговото влијание врз промените на формите на друштва со ограничена одговорност", во состав: д-р Милан Недков, редовен професор - член; д-р Тито Беличанец, редовен професор - ментор; д-р Елена Градишки-Лазаревска, редовен професор – член; д-р Димитар Гелев, редовен професор – член и д-р Александар Климовски, доцент-член.

Комисијата со внимание ја прочита и ја оцени докторската дисертација на кандидатката, и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I
### Содржина на трудот

Докторскиот труд "Европското приватно друштво (SPE) и неговото влијание врз промените на формите на друштва со ограничена одговорност" содржи вовед, пет дела и заклучни констатации разработени на 372 страници текст и 550 фусноти, при што се користени 45 библиографски извори.

**Воведот** ги содржи предметот и целите на истражувањето, методолошкиот пристап што е користен при неговата изработка, како и објаснување за општествената оправданост за изработка на трудот.

Предмет на истражување на докторската дисертација е европското приватно друштво кое е проектирано да биде супранационална (европска) форма на трговско друштво и неговото влијание врз промените на формите на друштва со ограничена одговорност. Покрај анализата на концепциската поставеност на европското приватно друштво како правна форма за водење на деловен потфат "во надоаѓање", посебно е проучена промената на традиционалниот концепт на друштвата со ограничена одговорност. Кандидатката со право констатира дека без разлика дали Предлог-регулативата за европското приватно друштво ќе резултира со скоро усвојување или не, веќе е извршено иреверзибилно влијание на коценптот на друштвото со ограничена одговорност во најзначајните земји-членки на Европската унија и промените се составен дел на соодветните национални законодавства.

Со истражувањето кое се врши во докторската дисертација се проучени основните прашања од значење за европското приватно друштво, при што се доведени во корелација со друштвото со ограничена одговорност. При тоа е извршен посебен осврт на промените во превладувачкиот традиционален концепт и

тоа низ призма на правната основа на актите и програмската платформа на документите на Европската унија. Кандидатката врши теоретско истражување на проблематиката на европското приватно друштво од едноставна причина што не се исполнети сите претпоставки за тоа да функционира во практиката, додека за моделите на формите на трговски друштва, организирани како друштва со ограничена одговорност кои со децении функционираат во државите-членки на Европската унија, извршила научна синтеза на позитивноправните, теоретските и емпириските аспекти.

Основната хипотеза од која тргнува кандидатката во проучувањето на проблематиката е ставот дека засега не постои ниту една добра причина зошто европското приватно друштво не би се придружило на другите супранационални форми за водење деловен потфат во Европската унија како што се европското економско интересно групирање, европското кооперативно друштво и европското друштво (Societas Europaea).

**Првиот дел** насловен како "Општи прашања за малите и средните претпријатија" е поделен во пет глави.

Во **првата глава** кандидатката најпрвин го објаснува терминот претпријатие, а поимното определување на малите и средните претпријатија го врши според принципот per genus procsimum et differentia specifica, нотирајќи дека општиот поим на претпријатието не може да ги изрази спецификите на малите и средните претпријатија. Кандидатката предочува дека во Европската унија под поимот претпријатие се подразбира кој било ентитет што врши економска активност, без разлика на неговата правна форма вклучувајќи ги и самовработените, семејните претпријатија вклучени во занаетчиски и други активности, ортаклуците и асоцијациите кои редовно се вклучени во економска активност. Кандидатката со право претпријатието го третира како објект на правото, така што ја афирмира современата концепција за него. При тоа претпријатието го објаснува како јадро, односно централна точка и смисла за постоење на секој субјект кој дејствува во економската сфера, а посебно на трговските друштва. Во овој контекст, кандидатката со право се залага за воедначена дефиниција на претпријатието во рамките на Европската заедница со што смета дека ќе се подобри конзистентноста и ефикасноста на политиките што обликуваат и водат за малите и средните претпријатија, при што ќе се намали и ризикот од нарушување на конкуретноста.

Во **втората глава** кандидатката ги образложува критериумите за поимното определување на малите и средните претпријатија, а пред сè начинот како е извршено нивното поимно определување. Појдовна основа за дефинирање на малите и средните претпријатија, но и за нивно класифицирање се: бројот на вработените, висината на годишниот приход и вредноста на вкупните средства. При тоа посебно внимание е посветено на микропретпријатијата кои имаат исклучително значење во економијата на Европската унија. Кандидатката со право констатира дека малите и средните претпријатија, а посебно микропретпријатијата имаат капацитет да бидат главни двигатели на европската економија. И не само тоа, туку да бидат и главен извор на работни места, во нив да се создава претприемачкиот дух и иновативноста на ниво. Затоа со право заклучува

кандидатката дека тие се од клучна важност за зголемување на конкурентноста и стапката на вработеност.

Во **третата глава** се расправа за причините за постоење на единствена дефиниција за малите и средните претпријатија на ниво на Европската унија. При тоа точно заклучува кандидатката дека за една мерка, која е посебно дизајнирана за потребите на малите и средните претпријатија, да биде применета треба кристално јасно да се определи кои се тие претпријатија.

Во **четвртата глава** се расправа за значењето на малите и средните претпријатија. Кандидатката со соодветна аргументација заклучува дека малите и средните претпријатија имаат огромно значење за европската економија, бидејќи дејствуваат во насока на остварување на лисабонските цели, обезбедуваат 2/3 од работните места и заземаат 99% во нефинансискиот сектор. Затоа со право кадидатката укажува дека тие ќе мораат да бидат во визијата на европските лидери сè со цел Европа да се претвори во опкружување за малите и средните претпријатија од светски ранг.

**Во петтата глава** се изложени ставовите за малите и средните претпријатија во Актот за мал бизнис на Европа..Кандидатката укажува дека во овој акт е афирмиран принципот "размислувај прво за малите", кој подразбира дека пред да се донесе некој акт прво треба да се види дали може да одговори на потребите на малите и средните претпријатија. Притоа со право заклучува дека само со консеквентна примена на овој принцип Европа може да се стане деловен простор пријателски настроен кон малите и средните претпријатијата.

Во **вториот дел** од трудот насловен "Општи прашања за европското приватно друштво", кандидатката врши анализа на причините и потребата од поимното определување и нормирање на европското приватно друштво. Во **првата глава** кандидатката соодветно потенцира дека европското приватно друштво е европска форма на трговско друштво "во надоаѓање", односно "во создавање", бидејќи се уште не се исполнети сите правни претпоставки за негово фукционирање во практика. Во овој дел од трудот кандидатката јасно укажува дека европското приватно друштво е европска форма на друштво со ограничена одговорност. Во продолжение, односно во **втората глава** предочува дека се работи за форма на трговско друштво која е посебно дизајнирана за да може да одговори на потребите на малите и средните претпријатија, не исклучувајќи ја можноста од неа корист да имаат и големите претпријатија кои се јавуваат како први корисници на европското (јавно) друштво. Најпрво, кандидатката логично и прецизно ги анализира причините за нормирање на европското приватно друштво така што ги лоцира кај малите и средни претпријатија заради олеснување на условите за нивно работење во заедничкиот интегриран пазард во граници на Европската унија. Второ, таа заклучува дека европското приватно друштво е потребно и заради европската етикета на трговското друштво. Трето, укажува на неопходната потреба на европското тло да постои форма на трговско друштво која е погодна за некотираните трговски друштва. Четврто, нагласува дека достапните супранационални (европски) правни форми за водење деловен потфат не можат да одговорат на специфичните потреби од флексибилно водење на бизнисот според правото на Европската унија без висок степен на примена на националното право на земјите-членки.

**Третиот дел** од трудот под наслов:"Обиди за институционализација на правната форма за водење деловен потфат специјализирана за малите и средни претпријатија" е централен и во него кандидатката извршила продлабочена правна анализа на решенијата содржани во првичната и компромисната Предлог-регулатива за европското приватно друштво. Најпрво, кандидатката го објаснува поширокиот контекст на Предлог-регулативата подвлекувајќи дека истата е дел од пакетот на мерки предвидени во актот за мал бизнис на Европа. Кандидатката со право го става настрана ставот дека европското приватно друштво ќе биде целосно управувано согласно со правото на Европската унија имајќи го предвид високиот степен на примена на националното право на земјите-членки. Во **првата глава** е направен пресек на материјата што е уредена со овој акт и кандидатката ги наведува прашањата кои се од значење за европското приватно друштво. Во **втората глава** е направен преглед на историскиот развој на идејата за европското приватно друштво. Кандидатката заклучува дека во генезата на идејата за европското приватно друштво лежи одговорот за низа прашања кои се од есенцијално значење за оваа форма на трговско друштво "во создавање". Во овој дел од трудот со право е изведен заклучок дека развојот на идејата за европското приватно друштво не може да се опсервира одвоено од идејата за останатите супранационални (европски) форми за водење деловен потфат, при што кандидатката укажува дека посебно интересно е што идејата за постоење на европски трговски друштва е на Советот на Европа, а не на Европската економска унија. **Третата глава** насловена: "Правна основа во договорот за европските заедници за донесување на регулативата за евопското приватно друштво" се однесува на втемеленоста и идната позиционираност на оваа Регулатива како секундарен извор на примарните извори на правото на Европската унија, поточно Договорот за основање на Европските заедници. **Четвртата глава** се однесува на карактеристиките на европското приватно друштво. Во неа кандидатката ги набројува карактеристиките на оваа форма на трговско друштво, а потоа пристапува кон нивна детална елаборација. Прва и основна карактеристика на европското приватно друштво е припадноста кон родот трговски друштва. Второ, се работи за европска форма на трговско друштво. Кандидатката со право заклучува дека токму европската етикета на оваа форма на друштво е differentia specifika наспроти другите форми на трговски друштва. Трето, европското приватно друштво по сите основи е друштво со ограничена одговорност, што подразбира дека основната главнина е поделена на удели, па оттаму е извлечена и четвртата карактеристика. Четврто, европското приватно друштво припаѓа на групата затворени (приватни) друштва. Петто, conditio sine qua non за егизистирањето на европското приватно друштво е постоење на прекугранична компонента во моментот на регистирацијата. Во **петтата глава** кандидатката се занимава со прашањето на применливите правни правила и со право констатира дека уште со првичната Предлог-регулатива е нарушена идејата европското приватно друштво да биде целосно уредено според правото на Европската унија. Кандидатката забележува дека не само што е проектирано низа прашања од значење за европското приватно друштво да бидат уредени со националното право на земјите-членки туку степенот на нивна примена е толку висок што ја доведува под знак прашање поставеноста на друштвото како оригинерна европска форма на

трговско друштво. Во **шестата глава** е елаборирано прашањето за субјектите кои можат да основаат европско приватно друштво. Кандидатката со право нотира дека најновите трендови подразбираат формите на трговски друштва да бидат подеднакво достапни како за физичките така и за правните лица кои се јавуваат во својство на инвеститори. Кандидатката користејќи ги одредбите од Предлог-регулативата за европското приватно друштво како аргумент констатира дека иако навидум се чини дека е применет мошне либерален пристап по прашањето на субјектите на европското приватно друштво, барањето да постои прекугранична компонента во моментот на основање го стеснува кругот на субјекти кои можат да се јават во улога на основачи. Во **седмата глава** од овој дел, фокусот на интересирање е ставен на методите на основање на оваа форма на трговско друштво. Кандидатката со право прави разграничување меѓу оригинерното и деривативното основање. Кандидатката јасно укажува дека оригинерно основање е основање ex nihilo, односно од ништо или прво основање, а деривативното основање е изведено и кај овој вид на основање на европското приватно друштво учествуваат други веќе основани друштва. Кандидатката прецизира дека под капата на деривативно основање се супсимирани: преобразбата и статусните промени (поделба, спојување и присоединување). Фирмата на европското приватно друштво, како еден од неговите најзначајни белези, е разработена во **осмата глава** од третиот дел на оваа докторска дисертација. Кандидатката и по прашањето на фирмата на европското приватно друштво реафирмира неколку заклучоци. Прво, формата не е фирма на трговското друштво. Второ, акронимот SPE може да му претходи, да го придружува или да е содржан во називот на трговското друштво, но не смее да биде негова единствена содружина. Трето, меѓу формата и фирмата на трговското друштво не може да се стави знак за еднаквост. Во **деветтата глава** кандидатката го објаснува седиштето на европското приватно друштво како втор основен белег на европското приватно друштво. Во овој дел од дисертацијата, кандидатката екпликациите ги врши преку споредбена анализа на искуствата по прашањето на регистираното седиште на европското (јавно) друштво. Кандидатка со полно право заклучува дека токму регистрираното седиште на европското (јавно) друштво и применливото право со кое тоа ќе се уредува беше "камен" на сопнување во процесот на договарање кај европското (јавно) друштво и од тие причини тој предизвик кај европското приватно друштво треба да биде надминат со уредување на ова прашање согласно со националното право на земјите-членки на Унијата. Во **десеттата глава** кандидатката го елаборира, во детали, актот за основање на европското приватно друштво, притоа укажувајќи дека иако се работи за генерички поопшт поим сепак е кристално јасно дека овој акт е пандан на договорот кај формите на друштва со ограничена одговорност. Во оваа глава, посебна преокупација на кандидатката е прашањето на задолжителната и факултативната содржина на актот за основање на европското приватно друштво. Сосема оправдано, **единаесеттата глава** е посветена на регистрацијата на европското приватно друштво. Имајќи предвид дека регистирањето на трговските друштва е пандан на раѓањето на физичките друштва, што само по себе говори во прилог на тезата дека се работи за исклучително значаен настан, оправдано е зошто толкаво внимание му е посветено токму на ова прашање во трудот. Кандидатката потенцира дека европското приватно друштво се регистрира во земјата-членка на

Европската унија во која се наоѓа неговото регистирано седиште. Во **дванаесеттата глава**, која е посветена на објавувањето (обелоденувањето) на податоци, кандидатката констатира дека, без разлика на формата, за секое трговско друштво се предвидува минимален квантум на информации кои мора да бидат објавени, па европското приватно друштво не претставува исклучок. Во продолжение е нотирано дека токму објавувањето (обелоденувањето) на информации дејствува благопријатно на транспарентноста на трговското друштво. **Тринаесеттата** глава кандидатката ја посветува на одговорноста за дејствијата преземени пред основањето на европското приватно друштво. Кандидатката е на мислење дека во Предлог-регулативата за европското приватно друштво доста комплицувано е пристапено на ова прашање, бидејќи е направена разлика во одговорноста пред основањето на друштвото во зависност од тоа дали дејствијата се преземени во име на друштвото или не, па одговорноста ќе биде лоцирана кај различни субјекти. Кандидатката цени дека на оваа проблематика во националните права на најголем број земји-членки на Унијата е поадекватно пристапено и од неразбирливи причини работите се компликуваат на супранационално право. Филијалите (подружниците) на европското приватно друштво се предмет кој во детали е разработен во **четиринаесеттата глава** на оваа докторска дисертација. Кандидатката сосема концизно и јасно поентира дека подружниците (филијалите) на европското приватно друштво е проектирано да бидат уредени согласно со националното право на земјите-членки на Европската унија, што говори во прилог на тезата дека постојат серија прашања од значење за оваа форма на трговско друштво кои се препуштени да бидат уредени согласно со националното право на земјите-членки, наместо да бидат уредени на супранационално (европско) ниво. Во **петнаесеттата глава** насловена: "Општо за уделите", кандидатката дава општ осврт на дефиниторниот елемент кој ја детерминира правната природа на европското приватно друштво. Кандидатката со полно право заклучува дека во компромисната Предлог-регулатива за европското приватно друштво со замената на терминот share со терминот unit се искристализирала припадноста на оваа форма на трговско друштво во групата на друштва со ограничена одговорност во потесна смисла на зборот. Кандидатката извршила и споредбена анализа на поимањето на уделите согласно со акти на Европската унија и македонската теорија и практика од сферата на правото на друштвата и дошла до констатација дека во рамките на европското приватно друштво може да стане збор за различни класи на уделите, додека ваква можност не постои кога е во прашање македонското друштво со ограничена одговорност. Кандидатката предочува дека до промена на правата во рамките на една класа на акции може да дојде доколку најпрвин се измени актот за основање на друштво, а за таква промена неопходно е 2/3 мнозинство од гласачките права издадени во таа класа на удели. **Шеснаесеттата глава** се однесува на списокот на содружниците и е во директна корелација со претходната глава и произлегува од концепциската поставеност на уделите. Кандидатката и во овој дел врши споредбена анализа на друштвото со ограничена одговорност на Република Македонија и доаѓа до констатација дека списокот на содружници претставува своевиден пандан на книгата на удели којашто мора да се води согласно со македонското законодавство. Кандидатката во детали објаснува во чија надлежност е водењето на списокот на содружници, кои податоци треба да ги

содржи, на кои начела се заснова нејзиното водење, како и основите за стекнување на уделите и начинот на кој се докажува поседувањето на удел во европското приватно друштво. Имајќи го предвид значењето на основите за стекнување, односно соодветно за пренос на уделите во европското приватно друштво кандидатката во седумнаесеттата глава врши нивна продлабочена екпликација. Кандидатката на крајот на оваа глава дошла до констатација дека, во принцип, основите за пренос на уделите се исти како и основите за пренос на акции во акционерското друштво. Тргнувајќи од претпоставката дека европското приватно друштво како трговското друштво претставува ентитет кој се основа доброволно постои можност за доброволно "излегување", односно истапување или присилно да се натера некој од содружниците да излезе од друштвото, односно да дојде до исклучување на содружникот. **Осумнаесеттата и деветнаесеттата глава** се посветени токму на истапувањето и исклучувањето на содружниците во европското приватно друштво. **Дваесеттата глава** од третиот дел на оваа докторска дисертација се однесува на основната главнина (капиталот) на европското приватно друштво. Ова прашање посебно го ангажира вниманието на кандидатката имајќи предвид дека токму идејата за нејзино позиционирање на 1 ЕВРО го смени традиционалното сфаќање на концептот на основна главнина. Во продолжение кандидатката ги отвора сите прашања поврзани со губењето на гаранционата функција на основната главнина, менувањето на нејзината смисла и значење. Кандидатката подвлекува дека тоа што е мошне полемизирано како решение од првичната верзија на Предлог-регулативата за европското приватно друштво, односно износот на основната главнина од 1 ЕВРО, се менува во компромисната Предлог-регулатива и се предвидува износот на основната главнина да биде најмалку 1 ЕВРО, но не повисок од 8 000 ЕВРА. Кандидатката апострофира дека им е препуштено на земјите-членки во овие рамки да го определат минималниот износ на основната главнина. Следната глава се однесува на вреднувањето на уделите. Во овој дел од трудот вниманието на кандидатката е насочено кон вреднувањето на непаричните влогови и нивното значење при основањето на европското приватно друштво. Следната глава во трудот е посветена на стекнувањето сопствени удели од страна на друштвото. Кандидатката во елаборацијата на ова прашање тргнува од претпоставката дека европското приватно друштво е посебно правно лице и не постои формална пречка тоа да стекнува удели иклузивно и сопствени удели. Кандидатката оваа претпоставка ја аргументира со фактот дека кај истапувањето и исклучувањето на содружник, уделите ги стекнува европското приватно друштво. Кандидатката во **дваесет и четвртата глава** се осврнува на намалувањето на основната главнина, прашање кое е проучувано кај секоја форма на трговско друштво. Во услови на намалување на основната главнина, заклучува кандидатката, се врши прераспределба на средствата од друштвото на содружниците. Кандидатката тргнувајќи од традиционалното сфаќање дека основната главнина има гаранциона функција извлечена е констатацијата дека одлуката за намалување на основната главнина подлежи на обелоденување. **Дваесет и петтата глава** од третиот дел кандидатката ја посветува на финансиските извештаи и задолжителната ревизија. Кандидатката со право укажува, користејќи ги како аргумент одредбите од двете верзии на предлог-регулативите, подготвувањето на финансиските извештаи и правењето на

задолжителната ревизија се прашања кои се препуштени да бидат уредени согласно со националното право на земјите-членки на Европската унија. Предмет на проучување во **дваесет и шесттата глава** е управувањето со европското приватно друштво. Кандидатката констатира дека токму управувањето го детерминира правниот живот на европското приватно друштво. Кандидатката со право забележува дека проектираните модели на управување со европското приватно друштво по неколку прашања потцетуваат на управувањето со националните форми на акционерски друштва на земјите-членки на Европската унија. Кандидатката сосема адекватно предочила дека скицираниот орган на управување на европското приватно друштво определен во првичната верзија на Предлог-регулативата во кој може да биде сосредоточена целата моќ на друштвото потцетува на органот на управување, односно на едностепениот систем на управување кај формите на акционерски друштва. Логично на ова тврдење, кандидатката дошла и до констатација дека европското приватно друштво може да биде управувано според "едностепен"систем. Европското приватно друштво може да биде управувано и според "двостепен"систем без разлика дали органите во оваа управувачка номенклатура се инокосни или колегијални. Кандидатка согласно со овие тврдења поентира дека без разлика дали европското приватно друштво е управувано според едностепениот или двостепениот систем во двете ситуации, содружничката демократија се остварува во рамките на собирот на содружници во кој членуваат сите содружници на друштвото. Во оваа глава, кандидатката кристално јасно забележала дека словото на двете верзии на Предлог-регулативата не говори за едностепен и двостепен систем на управување, туку дека од духот на одредбите содржани во двата документа дојдено е до таа констатација. Следно прашања кое во детали е апсолвирано во овој дел на докторскиот труд е позиционираноста на собирот на содружници во системот на поделба на моќта/власта во европското приватно друштво. Кандидатката со полно право заклучува дека собирот на содружници е орган преку кој содружниците ја практикуваат т.н. содружничка демократија. Кандидатката ги наведува ингеренциите на собирот на содружници, одлуките кои се донесуваат, мнозинството со кое тие се донесуваат, начинот на кој се објавуваат, правата кои им стојат на располагање на содружниците и сл. Во посебна глава од овој дел на докторскиот труд, кандидатката ги елаборира правата кои им стојат на располагање на содружниците и прави споредба со правата кои им стојат на содружниците во националните форми на друштва со ограничена одговорност во земјите-членки на Унијата, а посебно со правата кои им стојат на располагање на содружниците во македонското друштво со ограничена одговорност. Во овој дел од трудот кандидатката ги набројува и во детали ги објаснува правото на информирање, правото на содружниците да бараат донесување на одлуки и правото на содружниците да бараат назначување на независен експерт. Тргнувајќи од претпоставката колку е важен персоналниот состав на органите на управување во трговските друштва инклузивно и во европското приватно друштво, кандидатката во посебна глава се осврнува на директорите, односно членовите на органите на управување под кој ги супсумира управните органи во потесна смисла на зборот и надзорните органи. Кандидатката посебен осврт направила на правата, должностите и обврските на директорите, односно членовите на органите на

управување, конфликтот на интереси, лицата кои можат да бидат членови на органите на управување, квалификациите кои треба да ги поседуваат, зделките со заинтересирана страна, застапувањето на европското приватно друштво во односите со трети лица, учеството на вработените во управувањето со друштвото. Во продолжение, кандидатката посебно внимание посветила на учеството на вработените во управувањето во европското приватно друштво и истото прашање е објаснето наспроти начинот на кој е уредено учеството на вработените во управувањето кај европското (јавно) друштво. Кандидатката забележува дека многу долг период токму учеството на вработените во управувањето беше "камен" на сопнување во процесот на донесување на регулативата за европското (јавно) друштво и не можеше да се уредени на супранационално ниво и потоа беше препуштено да биде уредено на национално ниво. **Дваесет и осматата глава** од овој дел на трудот е посветена на преносот на регистираното седиште на европското приватно друштво. Кандидатката со право предочува дека преносот на регистрираното седиште на европското приватно друштво не резултира со ликвидација или престанок на друштвото и оваа констатација е од есенцијална важност, бидејќи го разграничува и по пат на негација најпривин утврдува што тој не претставува, а потоа и афирмативно се утврдува што тој претставува. Кандидатката со право заклучува дека постапката за пренос на регистираното седиште има карактер кој е про содружнички и про вработените, бидејќи одлуката за пренос треба да биде одобрена од содружниците и вработените. Имајќи предвид кои сè импликации произлегуваат од преносот на регистираното седиште, кандидатката со право забележува дека е адекватно што секоја земја-членка назначува тело кое врши надзор на самата постапка. **Дваесет и деветтата глава** од третиот дел е посветена на реструктурирањето, престанокот на европското приватно друштво. Кандидатката со право констратира дека гледано согласно со Предлог-регулативата под реструктурирање се подразбира трансформација (преобразба), спојување и поделба. Во продолжение со право е нотирано дека со ваква определба на реструктурирањето во РМ постои реструктурирање, но не stricti juris под овој термин. Кандидатката во оваа прилика во поширок контекст го објаснува и реструктурирањето и притоа заклучува дека најчесто тоа е поврзано со различни комбинаторики со купување и продавање на акции. Во **триесеттата глава** кандидатката се осврнува на основите за престанок на европското приватно друштво пришто подвлекува дека во двете верзии на Предлог-регулативата покрај таксативното наведување на основите за престанување се предвидува и примена на националното право на земјите-членки на Европската унија по прашањето на престанокот на европското приватно друштво. Анализирајќи ги поединечно сите основи за престанок на европското приватно друштво предвидени во двете верзии на Предлог-регулативата, кандидатката упатува дека основите за престанок на европското приватно друштво во принцип кореспондираат со основите за престанок на националните форми на друштва со ограничена одговорност предвидени во националните законодавства на земјите-членки на Европската унија, но in prima linea со основите за престанок на македонското друштво со ограничена одговорност. **Триесет и првата глава** од третиот дел на докторскиот труд кандидатката го посветува на ништовноста на европското приватно друштво. Кандидатката со право заклучува дека уредувањето на ова прашање е препуштено

на националното право на земјите-членки на Европската унија со кое се имплементираат дел од одредбите содржани во Првата директива. Кандидатката во соодветни глави ги третира и дополнителните и преодни одредби од двете верзии на Предлог-регулативата како и нивните завршни одредби. Кандидатката сосема соодветно ги разработила ефективната примена на одредбите од Предлог-регулативата, казните, влегувањето во сила на актот, како и објавувањето во службено гласило. Четвртиот дел од трудот е посветен на меѓусебното влијание на расправата на концептот на европското приватно друштво и развојот на националните форми на друштвата со ограничена одговорност. Во овој дел од докторската дисертација кандидатката се осврнува на законодавствата на Германија, Англија и Франција и нивните измени на линија на концепската поставеност на европското приватно друштво. Кандидатката сосема адекватно ги нотира измените во германското законодавство и констатира дека воведувањето на претприемачкото друштво, како мало друштво со ограничена одговорност чија основна главнина е позиционирана на 1 ЕВРО, е голем чекор напред. Во продолжение е јасно дадено до знаење дека друштвото со ограничена одговорност беше германска национална гордост и неговата измена има колосално значење. Претприемачкото друштво кандидатката го опишува како "инкубатор" за деловниот потфат додека не се исполнат условите, пред сè условите од финансиска природа, за да функционира и биде воден во форма на друштво со ограничена одговорност по сите перформанси. Кандидатката е на мислење дека британската приватна компанија била користена како урнек при проектирањето на европското приватно друштво. Кандидатката забележува дека токму оваа форма влијаела во голема мера на "кроки" моделот на европското приватно друштво. Кандидатката смета дека поради позиционираност на основната главнина на британската приватна компанија на 1 £ Велика Британија долго беше како своевиден Delaware во Европа. Кандидатката со право предвидува дека со етаблирањето на европското приватно друштво може да се надмине карванскиот капитализам кој постои на стариот континент. Анализирајќи го францускoто искуство со формите на трговски друштва кандидатката забележува дека токму минималниот износ на основната главнина влијае на изборот на формата во која ќе се води деловниот потфат. Во продолжение кандидатката предочува дека Франција пристапила кон намалување на минималниот износ на основната главнина на 1 ЕВРО, а претходно била позиционирана на 7 500 ЕВРА. **Петтиот дел** од трудот е посветен на промените на друштвото со ограничена одговорност во Република Македонија. Кандидатката со право констатира дека пандан на европското приватно друштво во нашата земја е друштвото со ограничена одговорност согласно со постоењето на негови пандани во националните законодавства во земјите-членки на Европската унија. Кандидатката користејќи го пристапот per genus procsimum et differentia specifica направила споредба на сличностите и разликите меѓу овие две форми на трговски друштва, едната етаблирана и реална, а другата се уште не е етаблирана, но нејзиното постоење е проектирано. Во **шесттиот дел** од трудот кандидатката ги сумира заклучните констатации од целокупниот труд. Кандидатката заклучува дека не постои ниту еден логичен аргумент зошто европското приватно друштво не би се придружило на останатите супранационални (европски) правни форми за водење на деловен потфат. Понатаму, е прецизирано дека Европа е под знакот на

претприемништвото и знаењето, а тие во голема мера се обезбедени од малите и средни претпријатија. Од тие причини, со право констататира кандидатката, неопходно е да постои правна форма за водење деловен потфат, односно трговско друштво кое е посебно дизајнирано за потребите на малите и средните претпријатија. Во продолжение е нотирано дека следејќи го рациото на економскиот супстрат, односно претпријатието дека "една големина не одговора на сите", истото го претвораме во принцип на правниот супстрат, односно трговското друштво дека "една форма не одговара на сите деловни потреби". Кандидатката со право предочува дека е неблагодарно да се прогнозира кога Предлог-регулативата за европското приватно друштво ќе биде усвоена, бидејќи политичките предизвици се далеку пред правните предизвици, а процесот на финализирање на големите паневропски проекти е долг и компликуван. Кандидатката заклучува дека европското приватно друштво е потребно и заради европската правна етикета. Европската правна етикета им е потребна на европските претприемачи од едноставна причина што само со европскиот заеднички именител тие можат да им конкурираат на БРИКекономиите. Кандидатката заклучува дека концептуалната поставеност на европското приватно друштво како наднационална (европска) форма на трговско друштво е тоа да биде "корпоративно возило" што ќе го претвори единствениот европски пазар од флоскула во реалност. Смислата на единствениот европски пазар е деловниот потфат да се води на едноставен начин на сите напоредници и меридијани во внатрешните граници на Европската унија независно дали регистираното седиште на европското приватно друштво е во Париз, Виена, Берлин или Прага. Во продолжение е прецизирано дека со сите настанати промени можеме да извлечеме заклучок дека ја живееме ерата на менување на копцепциската поставеност на основната главнина на друштвата со ограничена одговорност и губењето на нејзината гаранциона функција. Кандидатката нотира дека не може до крај да се утврди каде завршува влијанието на европското приватно друштво конципирано како супранационална форма на трговско друштво кое и како друштво "на хартија" изврши влијание на концеписката и традиционалната поставеност на националните форми на друштва со ограничена одговорност, а каде започнува реверзибилното влијание на националните форми на друштва со ограничена одговорност врз концептот на европското приватно друштво кои беа како катализатори за одвивање на процесот на етаблирањето на нова европска форма на трговско друштво. Во продолжение е предвидено дека е евидентна можност за идна синергија меѓу националните форми на друштва со ограничена одговорност и европското приватно друштво. Нивната коегзистенција на европско тло ќе го зголеми квалитетот како на правото на друштвата на Европската унија.

## II
## Оценка и предлог

Во докторската дисератација "Европското приватно друштво (SPE) и неговото влијание врз формите на друштва со ограничена одговорност", кандидатката обработува една извонредно современа и актуелна тема и покрај

тоа што се уште не се исполнети формално правните претпоставки европското приватно друштво да стане реалност на европското тло. Кандидатката се зафатила со разработката на тема што е многу малку интегрално проучувана.

Во трудот е ставен акцент на правната анализа на решенијата содржани во двете верзии на Предлог-регулативата за европското приватно друштво. При тоа кандидатката прави длабински споредби со решенијата содржани во националните законодавства на земјите-членки на Унијата и посебно со законодавството на Република Македонија. Не помалку значајно е што еден дел од трудот е посветен на меѓусебното влијание на развојот на идејата за европското приватно друштво и промената на националните форми на друштва со ограничена одговорност во земјите-членки на Европската унија.

При изработката на трудот, кандидатката најшироко ја користела достапната литература и извршила темелен и сеопфатен увид во релевантните акти на Европската унија, на земјите-членки на Унијата и на Република Македонија.

Кандидатката успешно одговорила на поставените истражувачки задачи. Докторската дисертација методолошки, јазички и терминолошки ги задоволува критериумите на научноистражувачка докторска теза. Материјата во трудот е презентирана избалансирано, според еден логичен редослед, тргнувајќи од општото, преку посебното, до поединечното. Материјата и ставовите на кандидатката се презентирани на едноставен и јасен начин.

Кандидатката темата на докторската дисератција ја обработува преку бројни научни продлабочени анализи, при што изнесува видувања за иднината на европското приватно друштво и предизвиците на кои се очекува да биде изложено, како и начинот на кој треба да се одговори на нив.

Од сето изнесено, Комисијата со задоволството оценува дека докторската дисертација е резултат на самостојна научна работа и исклучително солидно изработен самостоен научен труд кој претставува придонес за развојот на компаниското право на Европската унија како дел од научната област право на друштвата. Оттаму, Комисијата, со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Скопје да го усвои овој Извештај и позитивната оцена на трудот и да и овозможи на кандидатката м-р Даница Миладинова јавно да ја одбрани докторската дисертација под наслов "Европското приватно друштво (SPE) и неговото влијание врз формите на друштва со ограничена одговорност".

Комисија во состав:

Д-р Милан Недков, редовен професор – член, с.р.

Д-р Тито Беличанец, редовен професор – ментор, с.р.

Д-р Елена Градишки-Лазаревска редовен професор - член, с.р.

Д-р Димитар Гелев, редовен професор – член, с.р.

Д-р Александар Климовски, доцент-член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРОНИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на својата седница одржана на 22.VI 2011 година, со одлуката број 02-2030/3 од 22.VI 2011, нè одреди за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во наставно-научната област електроника. По прегледот и врз основа на приложената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот „Дневник" од 15.VI 2011 година се пријави кандидатот д-р Зоран Ивановски, доцент на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје по предметите од областа електроника.

## 1. Биографски податоци и образование

Д-р Зоран Ивановски е роден на 23.VII 1966 година во Битола, Р. Македонија. Основното и средното образование ги завршил во Битола со континуиран одличен успех. На Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје се запишал во 1985 година, на насоката информатика и автоматика, каде што и дипломирал во 1990 година. Магистерските студии на насоката електроника ги завршил на истиот Факултет во 2000 година и магистрирал со темата „Компензација на глобално движење во видеокодирање". Со звањето доктор на технички науки се здобил во 2006 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со докторската теза со наслов „Суперрезолуциски методи за компримирано видео", која ја одбранил на Факултетот за електротехника и информациски технологии.

На Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје се вработил како стручен соработник во 1991 година, во звањето асистент бил избран во 2001 година, а во 2006 година бил избран за наставник во звањето доцент. Во периодот 2003-2004 година престојувал на Arizona State University во Темпи, Аризона, како истражувач.

Како доцент, на Факултетот бил ангажиран во оформувањето и држењето предавања по повеќе предмети за додипломски и постдипломски студии. Учествувал и во редица истражувачки и апликативни проекти со повеќе странски и домашни универзитети и компании.

Неговото поле на научен интерес е во областа на дигиталното процесирање на сигнали, посебно во областите: дигитална обработка на слика и видео, кодирање на слика и видео, анализа на слика и компјутерски вид.

Кандидатот активно го владее англискиот јазик.

## 2. Наставно-образовна дејност

По изборот во звањето доцент, во периодот од учебната 2006/2007 година до 2008/2009 година, д-р Зоран Ивановски целосно успешно ја изведува наставата по предметите структурирано програмирање и објектно ориентирано програмирање во првата година на додипломските студии, работејќи со неколку паралелки, секоја со максимално дозволениот број на студенти. Благодарение на неговиот ентузијазам и на неговите способности, ваквото големо наставно оптоварување не го спречува во учебната 2007/2008 година да оформи два нови предмета на студиите од прв циклус, микропроцесорска електроника и видеокомпресија, за кои ги држи предавањата и вежбите сè до денес. За овие два предмета тој има подготвено материјали за предавања, како и за и аудиториски и лабораториски вежби.

Од учебната 2009/2010 година до денес ја изведува и континуирано содржински и методолошки ја унапредува наставата (предавањата и вежбите) по предметот дигитално процесирање на слика на студиите од прв циклус, а за потребите на наставата на Машинскиот факултет при УКИМ држи предавања по предметот електротехника и електроника, за кои го подготвил делот од областа електроника.

Паралелно со ангажманот на студиите од прв циклус, д-р Зоран Ивановски е многу активно вклучен и во профилирањето и изведувањето на неколку курсеви на магистерските студии од втор циклус. Имено, во 2008 година, на програмата Вградливи микрокомпјутерски системи, кандидатот го има оформено курсот Програмирање на вградливи системи во јазикот „C“, на програмата Дигитално процесирање на сигнали, курсевите Мултимедиски технологии и Компресија на слика и видео, а на програмата Компјутерско системско инженерство и автоматика, курсот Роботска визија. За наведените курсеви тој има подготвено интерни материјали за учење.

На програмата Вградливи микрокомпјутерски системи, д-р Зоран Ивановски е ментор на тројца кандидати, додека во рамките на програмата Дигитално процесирање на сигнали, кај д-р Зоран Ивановски, како ментор, веќе магистрирале двајца кандидати, а петмина кандидати се во тек на изработка на магистерските трудови.

Во склоп на докторските студии, д-р Зоран Ивановски ги предложил и ги подготвил материјалите за два предмета: напредни техники за анализа на видеосеквенции и 3D-компјутерска визија.

## 3. Научноистражувачка дејност

До изборот во звањето доцент, д-р Зоран Ивановски пројавил широка научноистражувачка активност, објавувајќи како автор или коавтор, 25 труда, рецензирани во следните броеви на Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“: бр. 624 од 01.X 1994 г, бр. 702 од 27. II 1998 г., бр. 775 од 15.III 2001 г, бр. 871 од 15.IV 2005 г. и бр. 905 од 16.X 2006 год. По изборот во звањето доцент, д-р Зоран Ивановски дополнително го проширил полето на својот научен интерес и ја интензивирал својата научноистражувачката работа. Резултат на неговата научноистражувачка работа во овој период се 36 нови труда.

Според научноистражувачкиот интерес на д-р Зоран Ивановски, научните трудови по неговиот избор во звањето доцент спаѓаат во неколку области: суперрезолуција од дигитални слики и видео, процесирање на дигитални слики и видео на мобилни платформи (подобрување на перцептуалниот квалитет, зголемување на динамичкиот опсег на дигитални фотографии и препознавање на контекст и класификација на содржина во дигитално видео) и дигитално процесирање на аудиосигнали.

Треба да се истакне дека истражувањата во областа процесирање на дигитални слики и видео на мобилни платформи, д-р Зоран Ивановски ги врши со тим од млади истражувачи (DIP Team), студенти на магистерски студии, во рамките на научно-истражувачкиот проект „Video processing on mobile platforms", финансиран од NXP Software B.V., Ајндховен, Холандија, чиј раководител е од 2007 година, и на тој начин на многу ефикасен начин придонесува кон развојот на нови истражувачки кадри.

Триесет и шесте труда објавени по изборот на кандидатот во звањето доцент се наведени во Анексот 2 на овој извештај, а подолу даваме кус осврт на содржината и резултатите на овие трудови, наведувајќи ги според областите во кои спаѓаат:

Трудовите [26] [33] и [47] се резултат на истражувачката работа на д-р Зоран Ивановски во областа на суперрезолуцијата од дигитални слики и видео.

Во трудовите [26] и [47] се предложени постапките за намалување на пресметковната комплексност на суперрезолуциските алгоритми со цел нивно приближување до примена во реално време. Предложената постапка се базира на искористување на карактеристиките на човековиот систем за вид, односно на неговите ограничувања, во смисла на отфрлање на дел од пресметките во деловите од сликата каде што нивниот визуелен ефект би бил занемарлив. Во трудот [33] пак, е опишан наполно нов приод кон разрешување на проблемите на осетливоста на суперрезолуциските алгоритми на грешки во регистрацијата. Предложеното решение користи методи базирани на машинско учење за препознавање на деградациите предизвикани од грешките во регистрацијата и нивно потиснување.

Во трудовите [29] [38] [42] [48] [49] [50] и [53] се презентирани резултатите од истражувањата направени во областа на перцептуалниот квалитет на дигиталните слики и видео. Трудовите [29] и [53] ги опфаќаат резултатите на полето на моделирање на човековото чувство за визуелен квалитет со користење на методите на машинско учење. Во трудовите [38] [42] [48] [49] и [50] вниманието е насочено кон подобрување на перцептуалниот квалитет на дигиталните видеосеквенции преку потиснување на компресиските артефакти. Посебно внимание е посветено на оптимизација на алгоритмите за нивно извршување на мобилна платформа во реално време.

Зголемувањето на динамичкиот опсег на дигиталните слики е во фокусот на вниманието во трудовите [27] [32] [41] [51] и [58]. Во нив се предложени постапки за зголемување на динамичкиот опсег, оптимизирани за примена на мобилни платформи. Интенцијата е дизајнирање на постапка која може да се извршува во реално време на современите мобилни телефони со цел подобрување на квалитетот на дигиталните фотографии снимени со овие телефони.

Во трудовите [28] [35] [36] [44] [45] [54] [56] и [57] се презентирани истражувачките резултати од поширокaта област анализа на слика и видео. Трудовите [44] [45] и [56] ги презентираат резултатите од истражувањата во препознавање на контекстот во дигитално видео. Во трудот [44] е предложен алгоритам за класификација на содржината на видеорамките во семантичките класи природно и вештачко, а во [45] алгоритам за класификација на видеосеквенциите според тоа дали се снимени во затворен или отворен простор. Трудот [56] ги содржи резултатите од тестирањата и анализата на употребливоста на SIFT-дескрипторите за опис на контекст во дигитално видео. Во трудот [57] е дадена квалитативна евалуација на дескрипторите за естимација на длабочина од една слика.

Истражувањата во трудот [28] се фокусирани на детекција на ориентацијата на дигиталната слика според содржината. Во трудот [35] е предложен алгоритам за детекција на присуство на луѓе во корисничко видео, наменет за употреба во реално време на мобилна платформа. Резултатите од истражувањата во областа сегментација на слика се презентирани во трудовите [36] и [54].

Како што може да се забележи од погоре кажаното, значителен дел од истражувањата се во насока на употреба на новопредложените методи и постапки на мобилни платформи во реално време. Ваквата ориентација наложува наменски дизајн и висока оптимизација на алгоритмите од аспект на неопходните хардверски ресурси. Во таа насока е и трудот [60] кој презентира оптимална имплементација на алгоритам за детекција на рабови на мобилна платформа.

Еден друг дел од истражувачката работа на д-р Зоран Ивановски е насочен во областа дигиталното процесирање на аудиосигнали. Со оваа област тој започнува да се занимава во 2009 година и до денес има објавено 12 труда. Неговото внимание е насочено кон синтезата на македонски говор од текст. Во таа насока, дел од трудовите, [34] [37] [46] [55] и [61] се посветени на анализа и моделирање на каратеристиките на македонскиот говорен јазик од аспект на неговата интонација, динамика и гласовна структура. Трудовите [30] [31] [39] [43] и [52] пак, директно се занимаваат со синтезата на македонскиот говор и ги презентираат алгоритмите дизајнирани за оваа намена, а кои се дел од целосен систем за синтеза на говор од текст на македонски јазик. Дополнително, во трудот [59] е презентирана и алатка развиена за автоматска сегментација на говорниот сигнал.

Во поширокиот дел од полето на дигиталното процесирање на аудиосигналите, а како продолжение на анализите на интонацијата на македонскиот јазик, во трудот [40] дизајнирана е и алатка за автоматската екстракција на мелодиски линии, со посебен акцент на инструменти од македонската традиционална музика.

## 4. Учество во научноистражувачки проекти

Кандидатот д-р Зоран Ивановски во изминатиот период бил раководител на веќе споменатиот научноистражувачки проект "Video processing on mobile platforms", финансиран од NXP Software B.V., Ајндховен, Холандија. Во рамките на овој проект, тој раководел тим од млади истражувачи, студенти на магистерски студии, со кои се реализирани истражувања во областа процесирање на дигитални слики и видео на мобилни платформи. Дел од резултатите од овие истражувања се високо оценети од компанијата и вградени во новите генерации производи на компанијата NXP Software.

Кандидатот бил учесник и во европскиот проект "Master studies in DSP based on Blended Learning Approach", финансиран од Европската тренинг-фондација TEMPUS JEP CD_JEP-41048-2006 DSPBLEND, со партнери од Словенија и Полска, 2007-2009 година.

## 5. Стручна и стручно-апликативна дејност

Стручната и стручно-апликативната дејност на д-р Зоран Ивановски по изборот во звањето доцент се одвивала на неколку полиња. Во рамките на активностите на Факултетот за електротехника и информациски технологии, член е на повеќе факултетски комисии, како и на работната група за изработка на проект за основање на Центар за развој на наука и иновации во 2010 гидина. Координатор за ЕКТС на Институтот за електроника бил во 2007 година, а членувал и во комисии за избор во звања и нострификации. Како експерт бил ангажиран во организирање и изведба на обука за оптимизација на С-код за вградливи системи за компанијата Seavus, Скопје, во 2009 година, и во ревизија на Основниот проект за специјални системи во фабриката за производство на дигитална опрема - "Johnson Controls". Во 2006 година бил главен проектант во дизајнирањето и имплементацијата на системот за електронски поддржана наплата на патарина, финансиран од Агенцијата за државни патишта на Р.Македонија според договор меѓу Агенцијата и Факултетот.

Во изминатите пет години кандидатот учествувал во подготвувањето на еден меѓународен проект во рамките на програмата ТЕМПУС и во четири национални проекти, од кои во три како носител на проект. Остварил два куси студиски престоја до 1 месец на универзитетите во Марибор, Словенија, и Познањ, Полска.

Д-р Зоран Ивановски бил член на програмскиот одбор на пет меѓународни и две национални конференции, член на организациските одбори на две национални конференции и претседател на организацискиот одбор на една национална и една меѓународна конференција (сите наведени во Анексот 2). Бил и рецензент на трудови за повеќе меѓународни списанија и конференции.

Д-р Зоран Ивановски е член на меѓународните здруженија IEEE и IFAC и на националното здружение ЕТАИ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од анализата на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот по неговиот избор за доцент, може да се заклучи дека во сите три дејности тој постигнал значајни резултати.

На планот на наставно-образовната дејност кандидатот се покажал како извонредно квалитетен и мотивиран наставник. Покрај успешното и професионално извршување на сите обврски во однос на предавањата, вежбите и консултациите со студентите, во изминатиот петгодишен период тој успеал да оформи неколку нови курсеви на студиите од прв и втор циклус и да ги опреми со учебни материјали и помагала, како и да даде директен придонес во наобразбата на млади истражувачки кадри, магистри.

Во поглед на научноистражувачката работа, кандидатот се потврдил како успешен и активен самостоен научен истражувач, објавувајќи во периодот по изборот во звањето доцент 36 труда, од кои еден во референтно научно списание и 24 во зборници на трудови на реномирани меѓународни конференции. Д-р Зоран Ивановски бил раководител на еден и учесник на уште еден меѓународен научен проект.

Во апликативната дејност на Факултетот, кандидатот дал придонес како организатор на стручен курс, како главен проектант и како ревидент на основен проект.

Врз основа на претходно изнесеното, како и врз основа на податоците дадени во Анекс 2 кон овој извештај, Рецензентската комисија констатира дека д-р Зоран Ивановски, со неговата вкупна дејност во периодот по изборот за доцент, во целост ги исполнува условите за избор во звањето во кое конкурира, пропишани со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје. Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го избере д-р Зоран Ивановски во наставно-научното звање вонреден професор по предметите од областа електроника.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Љупчо Пановски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Софија Богданова, член, с.р.
3. Проф. д-р Јосиф Ќосев, член, с.р.

Верно
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Факултет за електротехника и информациски технологии Скопје

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Зоран Александар Ивановски**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **електроника**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава (прв циклус студии)** | **30** |
| | - Структурирано програмирање (4 ч.), зимски 2006/07 | 2,4 |
| | - Објектно ориентирано програмирање (4 ч.), летен 2006/07 | 2,4 |
| | - Структурирано програмирање (4 ч.), зимски 2007/08 | 2,4 |
| | - Микропроцесорска електроника (3 ч.), зимски 2007/08 | 1,8 |
| | - Видеокомпресија (3 ч.), зимски 2007/08 | 1,8 |
| | - Објектно ориентирано програмирање (4 ч.), летен 2007/08 | 2,4 |
| | - Структурирано програмирање (4 ч.), зимски 2008/09 | 2,4 |
| | - Микропроцесорска електроника (3 ч.), зимски 2008/09 | 1,8 |
| | - Видеокомпресија (3 ч.), зимски 2008/09 | 1,8 |
| | - Објектно ориентирано програмирање (4 ч.), летен 2008/09 | 2,4 |
| | - Микропроцесорска електроника (3 ч.), зимски 2009/10 | 1,8 |
| | - Дигитално процесирање на слика (3 ч.), летен 2009/10 | 1,8 |
| | - Микропроцесорска електроника (3 ч.), зимски 2010/11 | 1,8 |
| | - Електротехника и електроника (2 ч.), зимски 2010/11 | 1,2 |
| | - Дигитално процесирање на слика (3 ч.), летен 2010/11 | 1,8 |
| 2 | **Одржување на вежби (прв циклус студии)** | **7,2** |
| | - Основи на телевизија (1+1+2 ч.), зимски 2006/07 | 1,8 |
| | - Микропроцесорска електроника (1+1 ч.), зимски 2007/08 | 0,9 |
| | - Видеокомпресија (1+1 ч.), зимски 2007/08 | 0,9 |
| | - Микропроцесорска електроника (1+1 ч.), зимски 2008/09 | 0,9 |
| | - Видеокомпресија (1+1 ч.), зимски 2008/09 | 0,9 |
| | - Електротехника и електроника (2 ч.), зимски 2010/11 | 0,9 |
| | - Дигитално процесирање на слика (1+1 ч.), летен 2010/11 | 0,9 |
| 3 | **Одржување на консултации (прв циклус студии)** | **3,048** |
| | - зимски 2006/07 (210 студенти) и летен 2006/07 (190 студенти) | 0,8 |
| | - зимски 2007/08 (268 студенти) и летен 2007/08 (222 студенти) | 0,98 |
| | - зимски 2008/09 (273 студенти) и летен 2008/09 (210 студенти) | 0,966 |
| | - зимски 2009/10 (29 студенти) и летен 2009/10 (16 студенти) | 0,09 |
| | - зимски 2010/11 (100 студенти) и летен 2010/11 (6 студенти) | 0,212 |
| 4 | **Одржување на настава (втор циклус студии)** | **21,75** |
| | - Програмирање на вградливи системи во „C“ (2 ч.), зимски 2008/09 | 1,5 |
| | - Мултимедиски технологии (2 ч.), зимски 2008/09 | 1,5 |
| | - Компресија на слика и видео (2 ч.), летен 2008/09 | 1,5 |
| | - Софтвер за вградливи системи и RTLinux (1 ч.), летен 2008/09 | 0,75 |
| | - Програмирање на вградливи системи во „C“ (2 ч.), зимски 2009/10 | 1,5 |
| | - Мултимедиски технологии (2 ч.), зимски 2009/10 | 1,5 |
| | - Компресија на слика и видео (2 ч.), летен 2009/10 | 1,5 |
| | - Софтвер за вградливи системи и RTLinux (1 ч.), летен 2009/10 | 0,75 |
| | - Роботска визија (2 ч.), летен 2009/10 | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Форензичка слика и видео (ПМФ) (2 ч.), летен 2009/10<br>- Програмирање на вградливи системи во „C“ (2 ч.), зимски 2010/11<br>- Мултимедиски технологии (2 ч.), зимски 2010/11<br>- Компресија на слика и видео (2 ч.), летен 2010/11<br>- Софтвер за вградливи системи и RTLinux (1 ч.), летен 2010/11<br>- Роботска визија (2 ч.), летен 2010/11<br>- Форензичка слика и видео (ПМФ) (2 ч.), летен 2010/11 | 1,5<br>1,5<br>1,5<br>1,5<br>0,75<br>1,5<br>1,5 |
| 5 | **Одржување на консултации (втор циклус студии)** | **0,148** |
| | - зимски 2008/09 (18 студенти) и летен 2008/09 (2 студента)<br>- зимски 2009/10 (10 студенти) и летен 2009/10 (16 студенти)<br>- зимски 2010/11 (7 студенти) и летен 2010/11 (21 студент) | 0,04<br>0,052<br>0,056 |
| 6 | **Ментор на дипломска работа (9)** | **1,8** |
| 7 | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (20)** | **2** |
| 8 | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (1)** | **0,3** |
| 9 | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (2)** | **1** |
| 10 | **Пакет материјали за одреден предмет** | **9** |
| | - Микропроцесорска електроника (прв циклус студии)<br>- Видеокомпресија (прв циклус студии)<br>- Дигитални видеосистеми (прв циклус студии)<br>- Програмирање на вградливи системи во „C“ (втор циклус студии)<br>- Мултимедиски технологии (втор циклус студии)<br>- Компресија на слика и видео (втор циклус студии)<br>- Роботска визија (втор циклус студии)<br>- Напредни техники за анализа на видеосеквенции (трет циклус студии)<br>- 3D Компјутерска визија (трет циклус студии) | 1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1 |
| 11 | **Настава во летни школи и работилници** | **2** |
| | - Z. Ivanovski, "Robot vision", RoboMAC 2009<br>- Z. Ivanovski and D. Kostadinov-"3D Structure estimation from single image", RoboMAC 2010 | 1<br>1 |
| | **ВКУПНО** | ***78,25*** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Ментор на магистерска работа (2)** | **2** |
| 2 | **Раководител на меѓународен научен проект** | **9** |
| | - "Video processing on mobile platforms", финансиран од NXP Software B.V., Eindhoven, Netherlands, 2007-2010. | 9 |
| 3 | **Учесник во меѓународен научен проект** | **5** |
| | - "Master studies in DSP based on Blended Learning Approach", европски проект финансиран од Европската тренинг фондација TEMPUS JEP CD_JEP-41048-2006 DSPBLEND со партнери од Словенија и Полска, 2007-2009. (раководител: проф. д-р Софија Богданова) | 5 |
| 4 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | **5,309** |
| | [26] Karam, L.J.; Sadaka, N.G.; Ferzli, R.; **Ivanovski, Z.A.**; "An Efficient, Selective, Perceptual-Based Super-Resolution Estimator", IEEE Transactions on Image Processing, Issue: 99, 2011. (2009 Impact Factor: 2.848) | 5,3088 |
| 5 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | **57,0** |
| | [27] Tomislav Kartalov, **Zoran Ivanovski**, Ljupcho Panovski, "Fully Automated Exposure Fusion Algorithm for Mobile Platforms", accepted for presentation at IEEE Int. Conf. on Image Processing ICIP '11, Brussels Meeting Centre, Belgium September 11-14, 2011. | 2,4 |

[28] Ivana Cingovska, **Zoran Ivanovski**, François Martin, "Automatic Image Orientation Detection with Prior Hierarchical Content-Based Classification", accepted for presentation at IEEE Int. Conf. on Image Processing ICIP '11, Brussels Meeting Centre, Belgium, September 11-14, 2011. 2,4

[29] Martin D. Dimitrievski, **Zoran A. Ivanovski**, and Tomislav P. Kartalov, "No-reference image visual quality assessment using nonlinear regression", accepted for presentation at The Third International Workshop on Quality of Multimedia Experience (QoMEX2011), Mechelen, Belgium, September 7-9, 2011. 2,4

[30] Gerazov B., **Z. Ivanovski**, "Generation of Pitch Curves for Macedonian Text-to-Speech Synthesis", accepted for presentation ат 6th Forum Acusticum, Aalborg, Denmark, Jun 26 – Jul 01, 2011. 2,7

[31] Gerazov B., **Z. Ivanovski**, "Prosody Generation Module for Macedonian Text-to-Speech Synthesis", AES 130th Convention, London, UK, 13 – 16 May, 2011 2,7

[32] Tomislav Kartalov, **Zoran Ivanovski**, Ljupcho Panovski, „A Real Time Global Motion Compensation For Multi-Exposure Imaging Algorithms", EUROCON 2011, IST Congress Center, Lisbon - PORTUGAL, April 27-29, 2011. 2,4

[33] Aleksandar Milchevski, **Zoran Ivanovski** and Blerim Mustafa, "Machine Learning Based Super-resolution Algorithm Robust to Registration Errors", IEEE 14th DSP Workshop & 6th SPE Workshop, Sedona, January 4-7 2011. 2,4

[34] Gerazov B., **Z. Ivanovski**, "Analysis of Intonation Dynamics in Macedonian for the Purpose of Text to Speech Synthesis", 18th Telecommunications forum TELFOR 2010, Belgrade, Serbia, 23 – 25 Nov, 2010 2,7

[35] Dimitrievski, Martin and **Ivanovski, Zoran**, "Real-time human detection using multi-resolution HOGs.": 18th Telecommunications forum TELFOR 2010, Belgrade, Serbia, 23 – 25 Nov, 2010, pp. 966-969. 2,7

[36] Sopovska, Ivana and **Ivanovski, Zoran**, "Fast image segmentation and classification.", 18th Telecommunications Forum TELFOR 2010, Belgrade, Serbia, 23 – 25 Nov, 2010, pp. 970-973. 2,7

[37] Gerazov B., **Z. Ivanovski**, "Analysis of Intonation in the Macedonian Language for the Purpose of Text-to-Speech Synthesis", EAA EUROREGIO 2010, Ljubljana, Slovenia, 15 – 18 Sep, 2010. 2,7

[38] Mitko Veta, Tomislav Kartalov, **Zoran Ivanovski**, and Aleksandar Petrov, "Artifacts Reduction In Low Bitrate Video On A Mobile Platform", Proc. 2nd Int. Conf. on Signal Processing Systems (ICSPS 2010), Dalian, China, pp. 315 – 319, July 05 – 07, 2010. 1,8

[39] Gerazov B., T. Janevski, **Z. Ivanovski**, "Web-based Application of the Text-to-Speech Synthesis System "Speak Macedonian"", ICEST 2010, Ohrid, Macedonia, June 23 – 26, 2010 2,4

[40] Gerazov B., **Z. Ivanovski**, "Building a Basis for Automatic Melody Extraction from Macedonian Rural Folk Music", ETRAN 2010, Donji Milanovac, Serbia, June 7 – 11, 2010 2,7

[41] Tomislav Kartalov , Aleksandar Petrov , **Zoran Ivanovski**, and Ljupcho Panovski "A Real Time Algorithm for Exposure Fusion of Digital Image", Proc. 15th IEEE Mediterranean Electrotechnical Conf., Valletta, Malta, April 25 – 28, 2010. 1,8

[42] A. Petrov, T. Kartalov, **Z. Ivanovski**, "Blocking Effect Reduction in Low Bitrate Video on a Mobile Platform", Proc. 2009 IEEE Int. Conf. on Image Processing (ICIP '09), Cairo, Egypt, pp. 3937 – 3940, November 07 – 10, 2009. 2,4

[43] Gerazov B., S. Bogdanova, **Z. Ivanovski**, "Linear predictive based voice transformation module for Macedonian TTS", TELFOR 2009, Belgrade, Serbia, November 24 – 26, 2009 2,4

[44] Hristina Pavlovska, Tomislav Kartalov, and **Zoran Ivanovski**, "Content-Based Annotation of User Generated Videos on a Mobile Platform", Proc. 11th Int. Conf. on Advanced Concepts for Intelligent Vision Systems (ACIVS '09), Bordeaux, France, pp. 230 – 241, September 28 – October 02, 2009. 2,4

[45] Mitko Veta, Tomislav Kartalov, and **Zoran Ivanovski**, "Content-based Indoor/Outdoor Video Classification System for a Mobile Platform", Proc. of World Academy of Science, Engineering and Technology, (WCSET '09), Amsterdam, The Nederlands, Volume 57, September 23 - 25, 2009. 2,4

[46] Gerazov B., **Z. Ivanovski**, "Diphone Analysis of the Macedonian Language for the Purpose of Text-to-Speech Synthesis", ICEST 2009, Veliko Tarnovo, Bulgaria, June 25 – 27, 2009 2,7

| | | |
|---|---|---|
| | [47] Ferzli, R.; **Ivanovski, Z.A.**; Karam, L.J.; "An efficient, Selective, Perceptual-based super-resolution estimator", Proc. 2008 IEEE Int. Conf. on Image Processing (ICIP '08), San Diego, CA, pp. 1260 – 1263, October 12-15, 2008. | 2,4 |
| | [48] Blagoj Kocovski, Tomislav Kartalov, **Zoran Ivanovski** and Ljupcho Panovski "An Adaptive Deblocking Algorithm for Low Bit-Rate Video", The 3rd Int. Symp. on Communications, Control and Signal Processing (ISCCSP 2008), March 12–14, 2008, St. Julians, Malta. | 1,8 |
| | [49] Tomislav Kartalov, **Zoran A. Ivanovski**, Ljupcho Panovski and Lina J. Karam, "Compression Artifacts Removal Using an Adaptive POCS Algorithm and Explicit Region Modeling", 4th Int. Conf.: SETIT 2007, March 25-29 2007, Tunisia. | 1,8 |
| | [50] Tomislav Kartalov, **Zoran A. Ivanovski**, Ljupcho Panovski, and Lina J. Karam, "An adaptive POCS algorithm for compression artifacts removal", 9th Int. Simp. ISSPA07, February 12-15 2007, Sharjah, UAE. | 1,8 |
| 6 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** | **18,8** |
| | [51] Tomislav Kartalov, **Zoran Ivanovski**, Ljupcho Panovski, "Optimization of the Pyramid Height in the Pyramid-Based Exposure Fusion Algorithms", International Scientific – Professional Symposium INFOTEH, Jahorina, Bosnia and Herzegovina, March 16 – 18, 2011 | 1,6 |
| | [52] Gerazov B., **Z. Ivanovski**, "The Construction of a Mixed Unit Inventory for Macedonian Text-to-Speech Synthesis", International Scientific – Professional Symposium INFOTEH, Jahorina, Bosnia and Herzegovina, March 16 – 18, 2011 | 1,8 |
| | [53] Dimitrievski, Martin and **Ivanovski, Zoran**, "Improving full-reference image quality assesment using machine learning." Bitola, Macedonia : Institute of Informatics, 2011. The 8th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2011). | 1,8 |
| | [54] Shopovska, Ivana and **Ivanovski, Zoran**, "Image segmentation using bilateral filter." Bitola, Macedonia : Institute of Informatics, 2011. The 8th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2011). | 1,8 |
| | [55] Gerazov B., **Z. Ivanovski**, R. Bilibajkić, "Modeling Macedonian Intonation for Text-to-Speech Synthesis", DOGS 2010, Iriski Venac, Serbia, 16 – 18 Dec, 2010 | 1,6 |
| | [56] Hristina Pavlovska, **Zoran Ivanovski**, "Evaluation of Sift Descripotors for Content-Based Analyses of User Generated Videos", The 7th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2010), Bitola, Macedonia, february 2010. | 1,8 |
| | [57] Dimce Kostadinov, **Zoran Ivanovski**, "Qualitative Evaluation or Usefulness of the Monocular Cue Based Feature Descriptor", The 7th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2010), Bitola, Macedonia, february 2010. | 1,8 |
| | [58] Tomislav Kartalov, **Zoran Ivanovski**, Ljupcho Panovski, "Optimal Exposure Value Shift in Acquisition of HDR Images", The 7th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2010), Bitola, Macedonia, february 2010. | 1,6 |
| | [59] Бранислав Геразов, Момчило Богданов, **Зоран Ивановски**, "Сегментација на говор врз база на недецимирана вејвлет трансформација", IX национална конференција ЕТАИ 2009, Охрид, Македонија, септември 2009. | 1,6 |
| | [60] Marjan Drndarevski, Josif Kjosev, **Zoran Ivanovski**, "Optimized Implementation of Adapted Canny Edge Detection Algorithm on Embedded Platform", IX национална конференција ЕТАИ 2009, Охрид, Македонија, септември 2009. | 1,6 |
| | [61] Геразов Б., **З. Ивановски**, „ Статистичка анализа на гласовната структура на македонскиот јазик ", XLII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, Македонија, 10 – 27 август, 2009 | 1,8 |
| | **ВКУПНО** | *97,11* |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија** | 1 |
| | - Организирана и изведена обука за оптимизација на С-код за вградливи системи за Seavus, Скопје, 2009. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | **Ревизија (соработник)** | **0,5** |
| | - Ревизија на Основниот проект за специјални системи во ф-ка за производство на дигитална опрема - "Johnson Controls" | 0,5 |
| 3 | **Главен (основен) проект (одговорен проектант)** | 4 |
| | - Дизајн и имплементација на систем за електронски поддржана наплата на патарина, финансиран од Агенцијата за државни патишта на Р.Македонија, 2006. | 4 |

**Дејности од поширок интерес**

| | **Назив на активноста** | Поени |
|---|---|---|
| 4 | **Претседател на организациски или програмски одбор на научен/стручен собир** | **1** |
| | - Претседател на организациски одбор на ЕТАИ 2009 | 1 |
| 5 | **Член на организациски или програмски одбор на научен/стручен собир** | **1,5** |
| | - Член на програмски одбор на International Conference on Informatics and Information Technology: CIIT 2011, March 16-18, 2011, Molika, Bitola, Macedonia<br>- Член на програмски одбор на International Conference on Informatics and Information Technology: CIIT 2010, Feb.24-27, 2010, Molika, Bitola, Macedonia<br>- Член на организациски одбор на ЕТАИ 2007 | 0,5<br>0,5<br>0,5 |
| 6 | **Претседател на организациски или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | **2** |
| | Претседател на организациски одбор на ЕТАИ 2011 | 2 |
| 7 | **Член на организациски или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | **5** |
| | - IADIS Multi Conference on Computer Science and Information Systems 2011, Rome, Italy, 20 – 26 July 2011.<br>- IADIS Multi Conference on Computer Science and Information Systems 2010, Freiburg, Germany, 27 - 29 July 2010.<br>- The 2010 International Congress on Computer Applications and Computational Science (CACS 2010)<br>- IADIS Multi Conference on Computer Science and Information Systems 2009, Algarve, Portugal, 17 - 23 June 2009.<br>- The International Conference on Information & Communication Technologies: from Theory to Applications - ICTTA'08, April 7 - 11, 2008, Umayyad Palace, Damascus, Syria | 1<br>1<br>1<br>1<br>1 |
| 8 | **Студиски престој во странство (до три месеци)** | **1** |
| | - февруари 2009, Марибор, Словенија, University of Maribor, FERI<br>- септември 2008, Познан, Полска, University of Poznan, Faculty of electronics and telecommunication | 0,5<br>0,5 |
| 9 | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | **3,5** |
| | - Научноистражувачки проект при МОН на РМ: „Методи за естимација на визуелен квалитет на дигитални слики и видео", април 2011, (носител)<br>- Научноистражувачки проект при МОН на РМ: „Напредни суперрезолуциски методи за компримирани видеосеквенции", февруари 2010, (носител)<br>- Научноистражувачки и апликативна лабораторија при МОН на РМ: „Лабораторија за дигитални видеосистеми", февруари 2010, (носител)<br>- Научноистражувачки проект при МОН на РМ: „Дигитално водено означување на оригинално и компримирано видео", октомври 2007, (соработник) | 1<br>1<br>1<br>0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | 1 |
| | - "Master studies in DSP based on Blended Learning Approach", европски проект финансиран од Европската тренинг фондација TEMPUS JEP CD_JEP-41048-2006 DSPBLEND, 2006. (раководител: проф. д-р Софија Богданова) | 1 |
| 11 | **Член на факултетска комисија** | **3,5** |
| | - Комисија за иновирање на студиските програми во 2010 гидина | 0,5 |
| | - Работна група за изработка на проект за основање на Центар за развој на наука и иновации во 2010 гидина | 0,5 |
| | - Координатор за ЕКТС на Институтот за електроника во 2007 година | 0,5 |
| | - Конкурсна комисија за упис на студенти во 2007 година | 0,5 |
| | - Комисија за самоевалуација во 2006 година | 0,5 |
| | - Стручна комисија (2) | 1 |
| 12 | **Член на комисија за избор во звање (1)** | **0,2** |
| | **ВКУПНО** | ***24,2*** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | *78,25* |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | *97,11* |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | *24,2* |
| | **199,56** |

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Љупчо Пановски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Софија Богданова, член, с.р
3. Проф. д-р Јосиф Ќосев, член, с.р

Верно

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ "ПРЕТПОСТАВКИ И МОЖНОСТИ ЗА ВЛЕЗ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА МОНЕТАРНА УНИЈА" ОД М-Р ФАДИЛ БАЈРАМИ, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 45 од Правилникот за заедничките основи, општите услови и постапката за организирање постдипломски студии и стекнување докторат на науки, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатот м-р Фадил Бајрами под наслов ПРЕТПОСТАВКИ И МОЖНОСТИ ЗА ВЛЕЗ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА МОНЕТАРНА УНИЈА, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 53-тата седница одржана на 7.4.2011 година, со одлука бр. 02-689/1 од 12.04.2011, не именува за членови на Комисијата за оцена и одбрана на дисертацијата.

По проучувањето на поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата на членовите, Комисијата, до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1.Општи напомени

Докторската дисертација од кандидатот м-р Фадил Бајрами, ПРЕТПОСТАВКИ И МОЖНОСТИ ЗА ВЛЕЗ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА МОНЕТАРНА УНИЈА, обработува современа и актуелна проблематика од монетарните финансии и економија на ЕУ.

Основна цел на дисертацијата е преку анализирање на досегашниот развој на Европската унија и Европската монетарна унија, предностите од функционирањето на оваа интеграција, како и неопходните предуслови кои треба да се исполнат за влез во Унијата на нови земји-членки, да се согледаат можностите и преспективите на македонската економија за исполнување на неопходните критериуми за евроинтеграција.

Докторската дисертација ги разработува критериумите на Мастрихт за влез во ЕМУ, како и можностите, ограничувањата и искуствата на новите земји-членки на ЕУ за користење на евровалутата, со цел потоа да ја сведе анализата на можностите на РМ за влез во ЕМУ. Анализата спроведена во трудот покажува дека, генерално, Република Македонија исполнува значаен дел од мастришките критериуми за воведување на еврото, а пред се оние што се однесуваат на јавните финансии и стабилноста на девизниот курс. Исполнувањето на критериумот за стабилноста на цените во најголем дел од изминатиот период е остварено, но сепак заради движењето на инфлацијата и нејзината чувствителност на екстерни шокови исполнувањето на овој критериум може да биде предизвик во иднина. Кон ова може да придонесе и процесот на реална конвергенција кој преку т.н. Баласа-Самуелсон ефект може да креира повисоки стапки на инфлација што може да го отежне остварувањето на мастришкиот критериум за ценовна стабилност. Во однос на критеримум за каматни стапки, Република Македонија се уште не ги задоволува потребните услови со оглед на ниското ниво на развој на пазарот на државни хартии од вредност.

Сепак, во трудот се потенцира дека поголем предизвик ќе биде исполнувањето на копенхашките критериуми за членство во Европската унија кое претходи на исполнувањето на мастришките критериуми за влез во Европската монетарна унија. Во оваа сфера, потребни се структурни реформи кои ќе го засилат економскиот раст, ќе ја намалат стапката на невработеност, ќе го подобрат правниот систем и инфраструктурата во економијата и ќе го намалат учеството на неформалниот сектор во создавањето на бруто домашниот производ.

Во текот на изработката на дисертацијата користена е современа домашна и странска литература, како и интернет-страници поврзани со соодветните аспекти на предметното истражување. При изработката на трудот, користена е соодветна методологија заснована на повеќе научни методи, согласно со природата на истражувањето и понудени се релевантни аргументи за докажување на поставената хипотеза и исполнување на поставените цели на истражувањето.

## 2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација под наслов ПРЕТПОСТАВКИ И МОЖНОСТИ ЗА ВЛЕЗ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА МОНЕТАРНА УНИЈА, поднесена од кандидатот м-р Фадил Бајрами, има 323 страници. Основниот текст на дисертацијата се состои од вовед, шест глави и заклучни согледувања, а користената литература содржи 17 страници со 179 библиографски единици.

Во првото поглавје под наслов „Историјат на Европската унија и Европската монетарна унија", кандидатот ја елаборира суштината, значењето и начинот на фукционирање на европската интеграција. Во овие рамки во поглавјето се опфатени развојните фази на интеграцијата, почнувајќи од Европската економска заедница до Европската унија, како и елаборирање на досегашниот процес на проширување на Европската унија. Посебно внимание во ова поглавје е посветено на развојот на Европската монетарна унија, која претставува последна фаза во интегрирањето на земјите од ЕУ. Исто така, кандидатот се фокусира и на воведувањето на еврото како единствена европска валута, мотивите за неговото воведување, како и досегашните ефекти и движењето на девизниот курс на еврото во однос на другите светски валути. Кандидатот потенцира дека формирањето на Европската монетарна унија и воведувањето на единствена парична единица претставува финализација на процесот на развивање и јакнење на економските, политичките и монетарните врски помеѓу земјите од Европската унија.

Второто поглавје од докторската дисертација под наслов „Критериумите од Мастрихт за влез во ЕМУ" е посветено на анализа на критериумите за влез во ЕУ и ЕМУ кои земјите-аспиранти е потребно да ги исполнат, со цел хармонизација на правилата и стандардите и реална конвергенција до економиите од ЕУ. Имено, приклучувањето на балканските земји, како и на Република Македонија, подразбира претходно исполнување на критериумите за влез во Европската унија и Европската монетарна унија. Во однос на

политичките критериуми, нагласува кандидатот, државата треба да гарантира демократија, владеење на правото, човекови права и заштита на малцинствата, како и да располага со стабилни институции. Во однос на економските критериуми, во трудот се потенцира дека земјата-кандидат мора да докаже постоење на функционална пазарна економија и да има способност за соочување со конкурентскиот притисок од Унијата (внатрешен пазар), како и подготвеност за имплементација на европските правила и прописи во интерес на економската, монетарната и политичката унија.

Посебно внимание во трудот е посветено на значењето и начинот на следење на критериумите од Мастрихт за влез во ЕМУ како што се: стапката на инфлација, нивото на јавниот долг, нивото на буџетски дефицит и на висината на каматните стапки. Економските критериуми од Мастрихт се општи, макроекономски критериуми, кои можат да се интерпретират како показатели на минатите, сегашните и идните веродостојни држави членки, а во смисла на нивните ориентации за стабилност. Првиот критериум се однесува на постигнување високо ниво на стабилност на цените кое е дефинирано преку ниска стапка на инфлација, односно просечна стапка на инфлација на три држави-членки на ЕУ со најниска стапка на инфлација, зголемена за 1,5 процентни поени. Исполнувањето на критериумот за јавните државни финансии претпоставува земјата-членка на Европската унија најмалку една година пред изборот за членство во Европската монетарна унија да одржува буџетски дефицит кој не надминува 3 % од бруто домашниот производ, а јавниот долг (долгот на државата) да не надминува 60 % од бруто домашниот производ. Критериумот за стабилен курс бара од државите-членки учество во механизмот на девизен курс (енгл. Exchange Rate Mechanism II, ERM II) најмалку две години непрекинато, без сериозни потреси на девизниот пазар и девалвација во однос на еврото. Последниот критериум се однесува на воедначеност на долгорочните каматни стапки на државите-членки. Притоа, земјата-кандидат треба да постигне просечна номинална долгорочна каматна стапка која не ги надминува за 2 процентни поена каматните стапки во три држави-членки со најдобро исполнети критериуми за стабилност на цените во разгледуваниот период.

Во рамките на овој дел од дисертацијата кандидатот го анализира и режимот на девизниот курс и конкретно карактеристиките на механизмот на девизни курсеви на ЕУ. Исто така, кандидатот се фокусира и на економските критериуми од Копенхаген за хармонизирање на монетарните аспекти во ЕУ.

Во третото поглавје од докторската дисертација „Анализа на можностите, ограничувањата и искуствата на новите земји-членки на ЕУ за користење на евровалутата" се анализираат економските предизвици со кои се соочуваат новите земји членки во доменот на политиките на девизниот курс, стапката на инфлација, висината на јавниот долг, приспособувањето на фискалната политика во функција на намалување на буџетскиот дефицит под 3%, како и конвергенцијата на каматните стапки на десетте земји-членки кон каматните стапки на ЕМУ-зоната. Посебно внимание во овој дел од трудот претставува анализата на примерот на Словенија, која најбрзо ги исполни сите критериуми и стана дел од еврозоната.

Кандидатот заклучува дека новите земји-членки постигнаа значајна макроекономска стабилизација во последната декада. Многу од овие земји преминаа од централно планирана економија во пазарна економија, и тоа предизвика силни рецесии, висока инфлација и финансиска нестабилност. По влезот во Европската унија, инфлацијата

е сведена под 10%, со што и номиналната каматна стапка е намалена. Реалниот бруто домашен производ во новите земји -ленки на Европската унија, во најголем дел забележува раст, и тоа во некои земји стабилен раст, додека кај други се забележува зголемен интензитет на растот. Зголемениот економски раст, посочува кандидатот, се должи во значаен дел на растот на инвестициите по влезот во Унијата, што произлегува од перспективите кои ги нуди заедничкиот пазар на Унијата. Во однос на политиките на девизен курс, може да се забележи голема разноликост, од фиксни девизни курсеви (Литванија, Латвија, Естонија) преку раководено флуктуирачки курсеви во одредени граници (Унгарија и Словенија), до релативно флексибилни курсеви (Полска, Чешка и Словачка). Јавниот долг е стабилизиран, истакнува кандидатот, иако високите дефицити и потребата за понатамошни фискални поместувања останаа критични проблеми во неколку случаи, што особено дојде до израз како резултат на преносните негативни ефекти од светската финансиска и економска криза.

Генерално, заклучува кандидатот, во однос на новите земји-членки, влезот во Европската унија подразбираше големи напори за економско преструктурирање и интегрирање со заедничкиот пазар. Одредени земји, како Словенија, Кипар, Малта, Словачка и Естонија успешно го завршија својот пат кон крајната цел за воведување на еврото. Останатите земји настојуваат што побрзо да ги исполнат мастришките критериуми со цел приклучување во еврозоната. Светската економска и финансиска криза, забележува кандидатот, го забави овој процес, но истовремено ги поттикнува овие земји да вложат поголеми напори за што побрзо усвојување на заедничката валута.

Четвртото поглавје под наслов „ економски односи на Република Македонија со ЕУ“ ги анализира досегашните економските односи на Република Македонија со ЕУ, а во фокусот на ова поглавје е ставена Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со ЕУ, како и правата и обврските произлезени од оваа платформа. Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со ЕУ ги дефинира основните цели на спогодбата од аспект на правото, демократијата, економијата, внатрешните работи и апроксимацијата на законодавството со тоа во Европската унија. Основните цели на Спогодбата, посочува кандидатот, се насочени кон обезбедување соодветна рамка за политички дијалог и овозможување развој на блиски политички односи помеѓу Република Македонија и Европската унија, поддржување на напорите на Република Македонија за развој на економската и меѓународната соработка и за усогласување на нејзиното законодавство со законодавството на Заедницата, промовирање на урамнотежени економски односи и постапно развивање на слободна трговска зона помеѓу Заедницата и Република Македонија и негување на регионална соработка на сите полиња опфатени со Спогодбата.

Во продолжение на поглавјето се обработени и надворешно трговските односи на Република Македонија со Европската унија, како и нивото на развој на финансиските пазари и нивното приближување кон пазарите во Европската унија. Имено, Спогодбата ги интензивираше економските односи помеѓу Република Македонија и Европската унија и придонесе за зацврстување на позицијата на Европската унија како најзначаен трговски партнер на Република Македонија која, посочува кандидатот, на страната на извозот учествува со 56% во вкупниот извоз, додека на страната на увозот учествува со 52% во вкупниот увоз во 2009 година.

Петтото поглавје под наслов „Монетарната политика и политиката на девизниот курс во Република Македонија" претставува анализа на тековните состојби во македонската економија, пред сé на монетарната политика и политиката на девизниот курс на Народна банка на Република Македонија. Основната цел на монетарната политика на Народна банка на Република Македонија, потенцира кандидатот, е одржување на ценовна стабилност која креира предвидливо опкружување како долгорочно најповолен амбиент за динамизирање на економскиот развој. Во периодот од монетарното осамостојување до денес, Народна банка на Република Македонија применува две различни монетарни стратегии насочени кон постигнување и одржување на ценовна стабилност. Имено, од монетарното осамостојување до септември 1995 година, Народна банка на Република Македонија применува стратегија на таргетирање на монетарниот раст, каде што како интермедијарен таргет на монетарната политика е избран порастот на монетарниот агрегат М1. Меѓутоа, недоволната стабилност на побарувачката за пари во услови на спроведување на крупни економски реформи и постоење на висок степен на валутна супституција, потенцира кандидатот, придонесоа за напуштање на стратегијата на таргетирање на монетарен раст и преминување кон монетарна стратегија на таргетирање на девизниот курс на денарот во однос на германската марка (подоцна евро). Ова, елаборира кандидатот, значеше еволуирање на девизниот курс од индикатор во експлицитна интермедијарна цел на монетарната политика. Прифаќањето на оваа монетарна стратегија придонесе за ендогенизирање на паричната маса и нејзино подредување на одржување на стабилен курс на денарот кој како интермедијарен таргет треба да придонесе за одржување на ценовна стабилост.

Во овој дел од дисертацијата посебно се обработени монетарните инструменти и е направена анализа на монетарните движења. Наспроти еднократната промена кај економските варијабли инволвирани на стратешко ниво на монетарната политика, оперативната рамка на Народна банка на Република Македонија во делот на монетарните инструменти претрпе значајни измени и приспособување со цел поуспешна имплементација на монетарната политика. По монетарното осамостојување беа преземени голем број на активности во насока на трасирање на пат кој води кон целосно користење на индиректни монетарни инструменти.

Со цел да ги поткрепи сознанијата до кои е дојдено во рамките на ова поглавје во врска со спроведената монетарна политика во РМ, кандидатот прави анализа на банкарскиот систем и степенот на евроизација во Република Македонија. Според кандидатот, значаен напредок е постигнат и на полето на стабилноста на банкарскиот систем, особено со влезот на странскиот капитал во банкарскиот сектор. Показателите за степенот на финансиско посредување на банкарскиот систем во Република Македонија покажуваат значителен пораст на улогата на банкарскиот систем во финансиското посредување во Република Македонија во изминатиот период. Спроведените стрес-тест симулации од Народната банка за отпорноста на банкарскиот систем и на одделните банки во Република Македонија на евентуалните надворешни шокови покажуваат дека банкарскиот систем и поодделните банки и понатаму се релативно отпорни на влијанието на овие шокови.

Во последното поглавје под наслов „Исполнување на критериумите за влез на Република Македонија во ЕМУ", кандидатот започнува со образложение на степенот на

исполнување на економските критериуми за влез во ЕУ, како и степенот на исполнување на мастришките критериуми за влез во ЕМУ.

Во однос на исполнувањето на мастришкиот критериум за ценовна стабилност, Република Македонија забележа релативно ниска стапка на инфлација во изминатиот период. Во услови на изразити осцилации на стапката на инфлација како резултат на ценовните шокови кај храната и енергенсите, како и резултат на последиците од светската економска криза, исполнувањето на овој критериум, предупредува кандидатот, нема да претставува едноставна задача во иднина.

Во однос на исполнувањето на мастришкиот критериум кој се однесува на јавните финансии, кандидатот истакнува дека во текот на анализираниот период 1998-2009 година вообичаено не се надминуваат горните граници. Имајќи предвид дека Република Македонија водеше релативно прудента политика во изминатиот период, дури и во услови на светска економска криза, кандидатот предвидува дека доколку се продолжи со сличен приод кон управувањето со јавните финансии, исполнувањето на овој критериум не се очекува да покажува значајно отстапување со оглед на тоа што нивото на задолженост.

Во однос на третиот критериум кој се однесува на каматните стапки, кандидатот посочува дека е тешко да се извлечат цврсти заклучоци за Република Македонија, заради тоа што пазарот на државни хартии од вредност е во почетна фаза на развој, а не постојат државни обврзници во денари со рочност од 10 години кои би биле адекватен инструмент за споредба. Исполнувањето на овој критериум, предвидува кандидатот, може да претставува предизвик во иднина, со оглед на плиткиот пазар на државни хартии од вредност во Република Македонија.

Во однос на последниот критериум кој се однесува на стабилноста на девизниот курс, Република Македонија спроведува политика на врзан девизен курс за еврото. Единствената корекција на нивото на курсот е направена во средината на 2007 година кога заради отстранување на високите дебаланси во билансот на плаќања со странство беше направена девалвација на денарот во висина од 16,1%. Сепак, во периодот што следеше, нагласува кандидатот, централната банка успеа да ја сочува стабилноста на цените.

Во заклучните согледувања, се сумирани главните сознанија од истражувањето на докторската дисертација, со нагласка на анализа на кандидатот за исполнувањето на критериумите за влез на Република Македонија во ЕМУ.

## ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата внимателно ја прочитаа и ја проучија докторската дисертација на кандидатот м-р Фадил Бајрами со наслов ПРЕТПОСТАВКИ И МОЖНОСТИ ЗА ВЛЕЗ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА МОНЕТАРНА УНИЈА и сметаат дека таа претставува комплексен и содржаен труд во областа на монетарните финансии и економија на ЕУ.

Членовите на Комисијата ценат дека докторската дисертацијата претставува концепциски заокружен и систематски приказ на можностите и неопходните предуслови за влез на Република Македонија во Европската монетарна унија. Во истражувањето авторот користи понова стручна литература што придонесе да се идентификува неопходната рамка за влез на РМ во ЕМУ. Тоа продонесе истражувањето во докторската дисертација да се одликува со современ и актуелен пристап, со што претставува придонес во третирањето на

проблематиката на монетарните финансии и економија на ЕУ. Притоа, за одбележување се размислувањата и предлозите што се дадени во дисертацијата од страна на кандидатот во врска со исполнувањето на критериумите за влез во ЕМУ од страна на РМ.

Членовите на Комисијата се едногласни во оцената дека кандидатот м-р Фадил Бајрами во докторската дисертација ПРЕТПОСТАВКИ И МОЖНОСТИ ЗА ВЛЕЗ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА МОНЕТАРНА УНИЈА, успеа успешно да одговори на целите и на прашањата што беа поставени при дефинирањето на предметот на истражување. Поставените тези во дисертацијата успешно и аргументирано се обработени од што произлегоа повеќе предлози и решенија во врска со потребните чекори за исполнување на критериумите за влез во ЕМУ.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати овој извештај со позитивна оцена на докторската дисертација, и

2. на кандидатот м-р Фадил Бајрами да му се дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 4 јули 2011 година,.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА:

1.________________________с.р.
/Д-р Биљана Ангелова/

2.________________________с.р.
/Д-р Димитар Ефтимоски/

3. ________________________с.р.
/Д-р Снежана Костадиноска Милошеска/

4.________________________с.р.
Д-р Климентина Попоска/

5. ______________________.______с.р.
/Д-р Евица Делова-Јолевска/

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 08.07.2011 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Маријана Стојковска | Интернетот и говорот на омраза | Д-р Љубомир Фрчкоски |
| Никола Костоски | Посебна меѓународна надлежност | Д-р Поликсена Гавроска |
| Ален Деребан | Заемен однос помеѓу институтите признавање на држави и воспоставување дипломатски односи | Д-р Татјана Петрушевска |
| Игор Јовановски | ЕВРОПОЛ | Д-р Никола Тупанчески |
| Илчо Гавровски | Компаративните аспекти на квалификацираните убиства | Д-р Никола Тупанчески |
| Тања Лазеска | Изборни инкриминации | Д-р Никола Тупанчески |
| Марија Златановиќ | Примена на мерката притвор на подрачјето на Основниот суд во Штип во текот на 2010 година | Д-р Гордан Калајџиев |
| М-р Драги Рашковски | Мрежно крадење на лични податоци (Phishing) | Д-р Никола Тупанчески |
| Ненад Савески | „(Де)криминализација на кривичните дела навреда и клевета | Д-р Никола Тупанчески |
| Емилија Атанасоска | Депривациите кај осудените лица на казна затвор во КПУ Битола | Д-р Љупчо Арнаудовски |
| Сандра Рилкова | Деликвентното поведение на децата од дисфункционални семејства | Д-р Љупчо Арнаудовски |
| Анета Антовска | Улогата на Центрите за социјална работа во извршувањето на воспитните мерки | Д-р Методија Каневчев |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Правен факултет „Јустинијан Први"
210
Бр.______
СКОПЈЕ

# ПРЕГЛЕД
## на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Стане Исакоски | Правен режим на јавниот заем во Република Македонија | доц. д-р Александра Максимовска Велјановски |
| Јасмина Поповчевска | Улогата на меѓународните финансиски организации во справувањето со светските економски кризи | доц. д-р Александар Стојков. |
| Андреј Гуцов | Развој на пазарот на капитал во Република Македонија | доц. д-р Александар Стојков |
| Кирил Кочоски | Положбата и улогата на државниот правобранител како застапник во парничната постапка | проф.д-р. Арсен Јаневски |
| Кристина Милосова | Начело на барање на вистината во парничната постапка | проф.д-р. Арсен Јаневски |
| Ана Дејановска | Арбитражно решавање на инвестициски спорови, со посебен осврт на споровите во кои странка е Република Македонија | доц.д-р. Татјана Зороска – Камиловска. |
| Љупка Караџовска | Институтот долготраен закуп на градежно земјиште во Република Македонија | проф. д-р. Родна Живковска |
| Александра Атанасова | Правна основа за запишување во катастарот на недвижности | проф. д-р. Родна Живковска |
| Беса Садику | Стварните службености во стварно – правниот систем на Република Македонија | проф. д-р. Родна Живковска |
| Душица Душановска | Правна регулација на етичките прашања во медицината | проф. д-р Димитар Гелев |
| Елена Ристова | Дејноста на адвокатите во Република Македонија | проф. д-р Димитар Гелев |
| Александар Кузмановиќ | Правна регулација на носителите кои вршат урбанистичка дејност | проф. д-р Димитар Гелев |

ДЕКАН
---------------------------
Проф.д-р Борче Давитковски

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Комисја |
|---|---|---|
| м-р Кристина Мишева | Супервизија и контрола на инвестиционални инвеститори | проф.д-рТитоБеличанец<br>проф.дрВеснаПендовска<br>проф.д-р Димитар Гелев |
| м-р Зендели Нагип | Туристичките договори во Република Македонија и во Европска унија, со посебен осврт-пакет аранжмани„ | проф.д-рАрсен Јаневски<br>проф.дрРоднаЖивковска<br>проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска |
| м-р Сања Пандеска | Институционалната регулација на здравството во Европската унија и во Република Македонија (споредбено правни аспекти) | проф.д-рТитоБеличанец<br>проф.дрБорчеДавитковски<br>проф.д-р Димитар Гелев |

ДЕКАН

---

проф.д-р Борче Давитковски

# П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 08.07.2011 година

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| М-р Џемали Саити | Алтернативните мерки наспроти новите облици на криминалитет | Акад.д-р Владо Камбовски<br>Д-р Никола Тупанчески<br>Д-р Гордана Бужаровска |
| М-р Анета Мострова | Правни аспекти на примената на основните принципи во системот на јавните набавки и нивното значење за ефикасноста на системот | Д-р Борче Давитковски<br>Д-р Димитар Гелев<br>Д-р Александар Климовски |
| | | |
| | | |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ШТО ЈА ПОКРИВА ИНСТИТУТОТ ЗА ХИДРАУЛИЧНО ИНЖЕНЕРСТВО И АВТОМАТИКА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 28.4.2011 година, донесе одлука бр.02-1154/1 со која сме определени за членови на Рецензентската комисија за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во наставно-научната област што ја покрива Институтот за хидраулично инженерство и автоматика.

На распишаниот конкурс за избор во наставно-научни и соработнички звања на Машинскиот факултет во Скопје, објавен во дневните весници " Утрински весник" и "Коха" на 6.4.2011 година, за избор на асистент од наведената наставно-научна област се пријави кандидатот м-р Виктор Илиев, дипл.маш.инж., вработен како помлад асистент на Институтот за хидраулично инженерство и автоматика при Машинскиот факултет во Скопје.

Врз основа на прегледот на доставената документација, личното познавање и следење на развојот на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ, ОБРАЗОВАНИЕ И ВРАБОТУВАЊЕ

Виктор Илиев е роден на 2.4.1979 год. во Штип. Основното образование го завршил во основното училиште "Никола Карев" во Пробиштип со одличен успех. Средното образование го продолжил и завршил во средното машинско училиште "Наум Наумовски Борче" во Пробиштип, исто така со одличен успех. Дипломирал на Машинскиот факултет во Скопје, на насоката хидротехника, пневматика и автоматика, изборен модул: автоматика, со средна оценка на студирање 8,74. Дипломската работа под наслов „Примена на програмибилни логички контролери (PLC) за автоматизација на процеси", под менторство на проф. д-р Атанаско Тунески, ја одбранил на 29.10.2002 година, со оценка 10 (десет).

За време на студиите во периодот од 2000 до 2002 година бил вклучен во образовниот процес како демонстратор за давање помош при реализација на вежбите по предметите:

статика и јакост 1 што ги покрива Институтот за механика. За постигнатиот одличен успех во прва, втора и трета година од студиите му биле доделени пофалници од страна на Машинскиот факултет. Во втора, трета, четврта и петта година од студиите бил корисник на стипендија за талентирани студенти доделена од Министерството за образование и наука на Р.Македонија.

По дипломирањето, во јануари 2003 година се запишал на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје при Институтот за хидротехника, пневматика и автоматика на истражувачкото подрачје автоматика со наслов на тема: ***Анализа и проектирање на SCADA системи*** под менторство на проф. д-р Атанаско Тунески (одлука на Наставно-научен совет бр.02-220/1 од 30.1.2003 година).

Во април 2003 година се вработил како инженер-проектант во фирмата ТЕРМО КИНГ ДОО-Скопје, генерален застапник на германската компанија WEISHAUPT-NEUBERGER за производство на горилници, системи за греење и управувачки DDC (DirectDigitalControl) системи. За време на вработувањето престојувал на повеќе еднонеделни стручни семинари и школувања во центрите за обука на Weishaupt-Neuberger во Р.Германија и Р.Словенија. Исто така, за време на вработувањето учествувал како стручен соработник при изработка на повеќе машински проекти од областа на термотехниката и термоенергетиката и повеќе пати бил одговорен инженер за монтажа и пуштање во работа на опрема во инвестициски објекти.

Во мај 2008 година се вработил како стручен соработник во фирмата ГЕИНГ-Krebs und Kiefer International GmbH&Co Скопје. За време на вработувањето учествувал во изработка на тендерска документација и идејни машински проекти за изградба на хидроенергетски објекти.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, бр. 02-1042/2 од 25.9.2008, избран е во ***соработничко звање помлад асистент*** во научна област што ја покрива Институтот за хидраулично инженерство и автоматика (тогаш Институт за хидротехника, пневматика и автоматика). Во периодот до вработувањето на Машинскиот факултет положил шест од вкупно седум испити од постдипломските студии, а по вработувањето ги положи сите предвидени испити според листата на предмети. Испитите ги положил со средна оценка на студирање 9,8.

Магистерскиот труд со наслов ***Анализа на влијанието на нестационарните појави во доводните органи и агрегатите на хидроенергетските објекти при преодните режими,*** изработена под менторство на проф. д-р Предраг Поповски, го одбранил на ден 18.3.2011 на Машинскиот факултет во Скопје.

Во периодот од изборот во соработничко звање помлад асистент до денес активно учествувал во образовниот процес (во првиот циклус на студии) на Машинскиот факултет преку реализација на вежбите по поголем број предмети на повеќе насоки на академските и професионалните студии. Од неговото прво вработување до денес, претходните 7 години, активно учествувал во повеќе научноистражувачки и апликативни активности.

Има одлични познавања од областа на примената на компјутерските програми: MS Office (Word, Excel, Power Point, Access), AutoCAD, MATLAB, Photoshop, MicroWIN Step 7, SIMSEN, WHAMO, AFTImpulse, CFDesign 9.0, Siemens SCADA WinCC. Активно се служи со англискиот јазик, а пасивно го користи германскиот јазик.

Од мај 2010 година ја извршува функцијата секретар на Институтот за хидраулично инженерство и автоматика. Исто така, како член има учествувано и во факултетската

комисија за спроведување на попис во 2008 и 2009 година, во работна група за упис на нови студенти при Машинскиот факултет во Скопје во 2008, 2009 и 2010 година и во работна група за промотивна активност на Факултетот/Институтот.

Во моментот е ментор на студенти на насоката ХА, запишани во учебната 2010/2011 година.

Во понатамошниот текст претставен е преглед на учество на кандидатот во образовниот процес на Машинскиот факултет во Скопје, преглед на постигнатиот успех во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

## II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот м-р Виктор Илиев во досегашниот период на работа на Машинскиот факултет во Скопје активно учествуваше во спроведување на наставните активности на Факултетот. Во текот на тој период успешно ги спроведуваше вежбите по следниве наставни предмети:

- транспорт на флуиди
- механика на флуиди
- основи на механика на флуиди
- хидраулика и хидраулични машини
- гасификациски системи и заштита на животната средина
- постројки за водоснабдување и наводнување
- хидрауличен и пневматски транспорт
- проектирање на системи за хидрауличен и пневматски транспорт
- хидраулични машини
- струјнотехнички мерења и инструменти
- мерења во хидраулика и автоматика
- хидраулични турбомашини
- основи на турбомашини
- струјнотехнички експерименти и симулации
- експлоатација на хидренергетски објекти
- основи на енергетика
- хидроцентрали.

Кандидатот континуирано бил ангажиран со голем број на часови за вежби во секој семестар, а исто така бил вклучен во спроведувањето на испитите по наставните предмети. При одржувањето на вежбите покажува особена способност своето знеање јасно да им го пренесе на студентите.

## III. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

[16]. Тендерска документација-машинство за изградба МХЕ Бистрица 1,2,3 и Јанина 1, Босна и Херцеговина, ГЕИНГ Krebs und Kiefer International GmbH&Co Скопје, мај-јуни 2008 – соработник.

[17]. Идеен проект-машинство за изградба на МХЕ Бистрица 2, Босна и Херцеговина, ГЕИНГ Krebs und Kiefer International GmbH&Co Скопје, јуни-јули 2008 – соработник.

[18]. Идеен проект-машинство за изградба на МХЕ Бистрица 1, Босна и Херцеговина, ГЕИНГ Krebs und Kiefer International GmbH&Co Скопје, јули-август 2008 – соработник.

[19]. Идеен проект-машинство за изградба на МХЕ Јанина 1, Босна и Херцеговина, ГЕИНГ Krebs und Kiefer International GmbH&Co Скопје, август-септември 2008 – соработник.

[20]. Идеен проект-машинство за изградба на МХЕ Бистрица 3, Босна и Херцеговина, ГЕИНГ Krebs und Kiefer International GmbH&Co Скопје, септември 2008 – соработник.

[21] Изведбен проект-машински и електротехнички дел за изградба на МХЕ Стара филтерница, Машински факултет – Скопје, 2010 – соработник.

[22] Изведбен проект-градежен дел за изградба на МХЕ Стара филтерница, Машински факултет – Скопје, 2010 – соработник.

[23]. **Виктор Илиев**, Боро Поповски, Предраг Поповски: Симулација на преодни режими на хидроелектрана со Францис турбини, ЗЕМАК, Охрид, 7-9 октомври 2010, 615-624 pp.

[24] **Виктор Илиев:** Анализа на влијанието на нестационарните појави во доводните органи и агрегатите на хидроенергетските објекти при преодните режими, магистерски труд, Машински факултет-Скопје, март 2011.

Научноистражувачките и стручно-апликативните активности со реден број [1]-[15] се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.947, стр.11-13 од 1.9.2008 година, при изборот во соработничко звање помлад асистент.

Трудовите под реден број 23 и 24 претставуваат оригинална истражувачка работа на кандидатот, во областа на анализа на преодните појави кај хидроенергетските објекти. Резултатите се придонес кон научно-стручните сознанија во оваа област.

Воедно, учеството на кандидатот во повеќе апликативни проекти од областа на хидроенергетиката го докажува неговото високо стручно познавање на оваа област.

## IV. ПОСЕТА НА СТРУЧНИ ОБУКИ, ШКОЛУВАЊА И СЕМИНАРИ

Посетите на стручните обуки, школувања и семинари (со реден број [1]-[5]) се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.947, стр.11-13 од 1.9.2008 година, при изборот во соработничко звање помлад асистент.

## V. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изложеното во овој извештај, може да се заклучи дека м-р Виктор Илиев, во досегашниот период што го помина на Машинскиот факултет во Скопје, беше ангажиран со многу часови од повеќе предмети што ги покрива Институтот за хидраулично инженерство и автоматика. Кон извршувањето на работните обврски пристапува сериозно и совесно, ги извршува навремено, стручно и одговорно. Напоредно со тоа, кандидатот успешно работел на сопствено научно и стручно усовршување и учествувал како соработник во повеќе апликативни проекти.

Согледувајќи го претходно изнесеното, а во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитето „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, кандидатот м-р Виктор Илиев, дипл.маш.инж., да биде избран во звањето асистент при Институтот за хидраулично инженерство и автоматика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Предраг Поповски
Машински факултет-Скопје, с.р.

Проф. д-р Методија Мирчевски
Машински факултет-Скопје, с.р.

Проф. д-р Александар Ношпал
Машински факултет-Скопје, с.р.